Унивезитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет-Скопје

Вера Гошева

# ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

докторска дисертација

ментор: проф. д-р Иван Катарџиев

Скопје, 2000

## ВОВЕД

Илинденското востание по својата масовност и постигнатите морално-политички резултати е посебно значаен настан во развојот на македонското национално-ослободително движење. Како ретко кое национално востание на овие балкански простори, тоа успеало масовно да ги мобилизира широките народни маси. Трагите кои востанието ги оставило врз натамошниот развиток на македонската ослободителна борба биле посебно големи. Неговата улога за натамошното доизградување на свеста за посебноста на македонските интереси, како и во процесот на кристализација на македонската национална свест исто така била огромна. Без традициите и револуционерниот капитал кој зад себе ги оставило Илинденското востание неможат да се замислат натамошните револуционерни движења во Македонија. Повеќе кратното значење на овој настан од македонската историја придонел Илинден набргу по своето завршување да стане симбол на свесна борба за посебна држава, симбол на вечниот копнеж за слобода и победа. Затоа тој бил извор на инспирација за нови револуционерни потфати на многу генерации македонски борци за слобода.

Значењето кое илинденската традиција ја имало кај македонскиот народ бил добро оценето од страна на соседните балкански држави, и посебно од Бугарија. Како држава во која се нашол најголемиот дел од директните учесници во Илинденското востание и воопшто во револуционерните борби за ослободување на Македонија, таа покажала посебен интерес отпочетокот да ја неутрализира, а подоцна и да ја

искористи за свои големодржавни интереси оваа македонска револуционерна традиција.

Илинденската Организација како организација составена од културно-просветни и добротворни друштва, во кои членувале некогашни македонски револуционери посебна активност пројавила во негувањето на револуционерните традиции. Со своето ангажирање при организирањето на годишнините од Илинденското востание, но и на други настани и личности од ослободителните борби на македонскиот народ, Илинденската Организација имала голем придонес македонската емиграција во Бугарија да го зачува споменот за големиот подвиг од македонската историја.

Во рамките на расположливите извори и литература овој труд е замислен како монографија за Илинденската Организација. Опфаќајќи го начинот на кој таа била формирана, посебно се задржуваме на нејзината активност во периодот меѓу двете светски војни. Во рамките на можното се изложени повеќе аспекти од работата на Илинденската Организација, а истовремено се прави и споредба на нејзината активност пред и после крвавите септемвриски настани од 1924 година. Посебно внимание посветивме на начинот на кој била извршена манипулацијата и злоупотребата на целите и пораките на Илинден.

При самото конципирање и обликување на трудот е применет тематско-хронолошки принцип на обработка и презентирање на севкупните податоци и заклучоци. При обработката на овој труд покрај користењето на објавената литература, беа извршени истражувања во Централниот државен историски архив во Софија, Архивот на Република Македонија, Архивот при МАНУ, Архивското одделение при Институтот за национална историја, Универзитетската и народна библиотека во Скопје и др.

# ГЛАВА ПРВА

## ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ БЕГАЛСКИ И ЕМИГРАНТСКИ МАСИ ВО БУГАРИЈА ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Париската мировна конференција ја санкционирала поделбата на Македонија извршена на Букурешкиот мировен договор од 1913 година. Нејзиниот јужен приморски дел со градот Солун со територија од 35. 169 км $^2$ припаднал на Грција, додека северниот и централниот дел со вкупен простор од 25. 774 км $^2$ бил додаден на новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците. Источниот дел од Македонија со површина од 6. 798 км $^2$ бил припоен кон Бугарија.

Овие вештачки поставени граници ја разбиле економската и национална целина на македонскиот народ. Неговиот натамошен нормален демографски, економски и национален развиток веќе бил невозможен. Воените операции кои во периодот од 1912 год. до 1918 год. се воделе на територијата на Македонија, посебно негативно се одразиле врз демографската структура на населението. По завршувањето на двете балкански војни и на Првата светска војна бројот на населението во Македонија бил намален за околу 271. 000 луѓе.[1] Дел од населението загинало на воените боишта или настрадале од болести и епидемии, од кои посебно распространет бил т. н. "шпански грип." Најголемиот дел од населението сепак станал жртва на смислената политика на претендентите на Македонија, кои со сите можни начини настојувале да го променат нејзиниот етнички карактер. Посебно големо влијание за

---

[1] **Иван Катарџиев, *Борба до победа*, II, Скопје, 1983, 14.**

отпочнување на процесот на иселување од Македонија одиграла Втората балканска војна. Силно пројавениот антимакедонски карактер[2] на војната, кој се манифестирал со невидени злосторства[3] вршени од страна на грчката армија во областите кои таа ги освојувала, одиграл посебно голема улога македонскиот народ во речиси паничен страв да ги напушта своите домови. Како средства за притисок биле користени затворања и прогонувања на населението, но и уништување на македонските градови. Етничкото чистење спроведувано од страна на грчката армија со цел да се изврши елинизирање на ново завземените области, резултирало со горење на голем број населени места,[4] повеќето на просторот источно од реката Вардар. Разурнувањето и опожарувањето на градот Кукуш и околу 40 македонски села бил најтрагичниот пример за начинот на кој се реализирала политиката на присилно прогонување на македонскиот народ од родното огниште. Карнегиевата комисија регистрирала податок дека околу 16. 000 куќи[5] биле изгорени само на територијата на Македонија која потпаднала под грчка власт. Положбата на населението дополнително била влошена со отпочнувањето на Првата светска војна. Македонските градови Дојран, Кукуш, Гевгелија, Воден, Лерин, Ениџе Вардар, Гуменџе, Костур, Битола и др. наоѓајќи се на простор на кој се воделе воени операции често пати биле бомбардирани. [6] Повеќе села

---

[2] Стојан Киселиновски, *Грчкаӣа колонизација во Еīејска Македонија (1913-1940)*, Скопје, 1981, 44.

[3] види: Л. Милетичъ, *Гръцкитѣ жестокости въ Македония прѣзъ гръцко-българската война*, София, 1913.; *Долкадъ на Карнегиевата комисия по войнитѣ прѣзъ 1912 и 1913 година*, Авторизиранъ прѣводъ отъ френското издание, София, 1914.

[4] *Докладъ на Карнегиевата комисия по войнитѣ прѣзъ 1912 и 1913 година*, 25.

[5] Исто, 32.

[6] Иван Катарџиев, *Борба до йобеда*, 16.

помеѓу Битола и Лерин кои настрадале за време на бомбардирањата во Првата светска војна повеќе никогаш не биле обновени.[7]

Од овие населени места потекла огромна маса бегалци, кои барајќи спас се распрснале по цела Бугарија. Со доаѓањето во Бугарија меѓутоа нивната положба не била подобрена. Во споредба со бегалците настанети во оваа земја пред започнувањето на воените операции новите бегалци се нашле во многу потешка положба. Оставајќи ги во родните места речиси целосно своите имоти, тие повеќе немале право да располагаат со нив и немале можност лично или преку ополномоштени лица да ги продаваат.[8] На тој начин бегалците од Македонија биле лишени од можноста да дојдат до парични средства неопходно потребни да закупат земја, куќи и други имоти во новата средина. Помош од државните органи на Бугарија не можеле да очекуваат бидејќи државата не била спремна да пречека толкав број бегалци. Таа со отпочнувањето на воените операции речиси престанала да се интересира за бегалското прашање.[9] Отпочнувањето на Втората Балканска војна меѓу другото го означило почетокот на втората етапа[10] од доаѓањето на бегалците во оваа земја, која што се карактеризирала со масовно и неконтролирано доаѓање на бегалско население, и со отсуство на неопходно потребна материјална помош од страна на државата. Времето кога издашно биле делени средства за

---

[7] Исто, 16.

[8] Георги В. Димитров, *Настаняване и оземляване на българските бежанци (1919-1939)*, Благоевград, 1985, 14.

[9] Георги В. Димитров, *Настаняване и оземляване на българските бежанци (1919-1939)*, 18-19. Оваа тенденција продолжила и по завршувањето на Првата светска војна. (Исто, 24.)

[10] Втората етапа траела до влегувањето на Бугарија во Првата светска војна. (*Бѣэанскиятъ въпросъ въ България*, София, 1925, 15.; *Бѣэанцитѣ и условията на труда въ България*, София, (с.а.), 6.)

настанување на бегалците и се посредувало при нивно вработување, неретко на служби во државната администрација,[11] веќе било поминато.

Имено крајот на Првата светска војна Бугарија го дочекала во длабока политичка, економска и финансиска криза. Запоставувањето на економското подготвување на државата за војна на сметка на военото, политичко, дипломатско и идеолошко подготвување, резултирало Бугарија трите војни да ги започне економски неподготвена.[12] Она што останало по завршувањето на војните било наполно растроена, економски исцрпена држава, потресувана од силна политичка криза, со реална можност да дојде до избувнување на револуција. Тешкото наследство од војните се рефлектирало во селското стопанство, индустријата, трговијата, паричниот обрт и државните финансии. Државното стопанство, базирано главно на ситно селско стопанство и лесна индустрија, по војната било разорено. Недостатокот на суровини, машини и резервни делови влијаел да дојде до намалување или прекинување на производството во многу индустриски претпријатија. Во периодот од 1917 год. до 1919 год. околу 80% од фабричките претпријатија престанале или го намалиле во голема мерка своето производство.[13] Стопанското консолидирање на државата се одвивало многу бавно. Нивото на индустриското производство од 1912 год. било достигнато дури во 1921 год.[14] Војната сепак најтешко се одразила врз селското стопанство.

---

[11] Спасина Хисарлъшка-Танова, Стоян Н. Танов, *Изселвания и бежанци от Пиринския край след Кресненско-Разложкото въстание*, Исторически Преглед (ИП), 1980, 4, 77.

[12] *Икономикатата на България до социалистическата революция*, София, 1969, 423, 476.

[13] Надежда Цветковска, *Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година*, Скопје, 1990, 19.

[14] Димитрина Петрова, *Самостоятелното управление на БЗНС 1920-1923 година.* София, 1988, 100.

Масовната мобилизација со која било опфатено речиси целото работоспособно машко население се покажала како преголем товар за државата. Намалувањето на обработливата земја, придружено со намалување на сточниот фонд, придонело за појава на драстично опаѓање на селскостопанската продукција. Приносите од селското стопанство, во периодот од 1917 год. до 1919 год., се намалиле за околу една третина до една половина од предвоениот период, [15] а нивното довоено ниво било достигнато дури во 1925-1926 год.[16] Опасноста од појава на глад[17] станала реалност по завршувањето на воените операции. Острата снабдувачка криза искрсната во 1918-1919 год. влијаела цените на најнеопходните продукти вртоглаво да растат. Шпекулацијата која во овие поволни услови се појавила уште повеќе ја зголемила анархијата и општата несигурност која владеела во државата.

Економската положба на Бугарија била усложнета и од нејзината голема финансиска задолженост. Според одредбите на Нејскиот мировен договор таа била обврзана да плаќа тешки репарации. На име репарации била должна 2, 25 милијарди франци,[18] сума која претставувала "половина од вкупното национално богатство на државата пред Балканската војна (Првата балканска војна-б.м.)."[19] Напоредно со тоа, државата требало да плаќа оштета за нанесените штети и загуби на поданици на сојузничките држави. Кога на тоа ќе се придодадел и делот од турскиот државен долг

---

[15] Н. Цветковска, *Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година*, 19.

[16] В. Хаџиниколов и др., *Нова и най-нова стопанска история,* София, 1966, 32.; *История на България*, том трети, София, 1964, 190.

[17] Скупоћа у Бугарској, *Српски гласник*, Солун, III, 22 децембар 1918, 813, 1.; Опасностьта отъ гладъ, *Народность*, София, 31 Януари 1919, 16, 1.

[18] *История на България*, том III, 51.

[19] Христо Христов, *България и Парижката конференция за мир през 1919 година,* Военноисторически сборник (ВИС), 1980, 1, 66.

(заради превземањето територии од Турција во 1913 год.) и задолжувањата по војната, неисплатените реквизиции, старите предвоени државни долгови, вкупниот долг на Бугарија на 31 март 1920 год. изнесувал околу 22 милијарди лева.[20]

Во една таква тешка ситуација во која се наоѓала државата кредитите кои таа ги давала за бегалците биле минимални, со големи камати заради што тие не можеле да ги задоволат нивните најосновни потреби. Слободни земји во големи количини во Бугарија повеќе немало, и тој недостатокот неможел да биде пополнет со напуштените имоти кои зад себе ги оставиле избеганите Турци по 1912 год.[21] Неискористените слободни земји какви што биле државните напуштени имоти, неискористените градски и селски ледини, манастирските, вакафски и чифлички земји и имоти, сеуште не биле предвидени за раздавање. За нивно распределување на бегалците било потребно да се чека донесувањето на *Законот за населување на бегалци и обезбедување на нивното издржување* во 1920 год., откако пред тоа бил усвоен *Законот за зголемување на големината на државните земји* (јуни, 1920 год.). [22]

Отсуството на единствен центар кој би ги насочувал бегалците кон реони во кои имало погодни услови за живот придонел нивното настанување да не биде секогаш од траен карактер. Голем дел од македонските бегалци привлечени од олеснувањата кои ги давала државата за населување во "новите земји" (Благоевградски округ и Западна Тракија), изразени во вид на заеми од 2. 000 или 1. 000 лева за рок

---

[20] Д. Петрова, *Самостоятелното управление на БЗНС 1920-1923 година*, 100-101. Со време оваа задолженост уште повеќе се зголемила така што во 1927 год. изне- сувала околу 40 .000 милјарди лева. (Иван Катарџиев, *Македонија против Втората светска војна*, Скопје, 1999, 137.)

[21] И. Катарџиев, *Македонија против Втората светска војна*, Скопје, 1999, 131.

[22] *История на България*, 72.

од 1 година со 8% камата [23] и доделување на користење на куќите останати од иселените Грци, се населиле во Западна Тракија, во т.н. Ѓумурџински округ. "Во тој беломорски крај, судбината исфрлила изгнаници речиси од цела Македонија."[24] Бидејќи со одредбите на Нејскиот мировен договор оваа област била одземена од Бугарија овие бегалци повторно биле приморани да се преселуваат. Во дописката која ја испратиле до органот на Привременото Претставништво на обединетата бивша ВМРО огорчено изјавувале дека без постоење на една автономна управа тие не планирале да останат "ниту во стара Бугарија, ниту во Србија или Грција", туку да се иселат надвор од Балканот.[25]

За време на Првата светска војна извесна активност пројавувале единствено одделни околиски колонизациони комисии.[26] Нивната задача се состоела во изнаоѓање засолниште и осигурување на издршка на бегалците. Заради отсуство на поголема материјална помош од државата обидите на овие комисии да ја подобрат нивната положба биле повеќе од скромни. Така во објавениот извештај за работата на формираната во октомври 1918 год. *Комисија за бегалци*[27] за период од речиси четири месеци ( од нејзиното формирање до јануари 1919 год.) се гледа дека таа раздала лични карти, уверувања за бесплатно патување на бегалци и парична помош. Најмногу се ангажирала, заедно со италјанските воени власти, во префрлувањето на голем број (повеќе од 3. 000) македонски бегалци преку граница во Македонија.[28] Поголема активност за

---

[23] Георги В. Димитров, *Настаняване*.., 20.

[24] *Бюлетинъ*, 10 Май 1919, 2, 11.

[25] Исто, 27 Августъ 1919, 10, 15.

[26] Георги В. Димитров, *Настаняване*.., 20.

[27] Кратъкъ отчетъ за дейностьта на комисията за бѣжанцитѣ, *Народность*, 26 Януари 1919, 14, 2.

[28] Исто.

задоволување на основните потреби на бегалците не пројавила ниту формираната во јули 1919 год. *Комисија за бегалци.*[29] Работата на оваа комисија, на чие чело стоел Г. Палашев, главно се состоела во поднесување извештаи до Министерството за надворешни работи за положбата во Македонија ( извршените насилства, грабежи). Податоци дека комисијата се грижела за подобрување на положбата на бегалците не најдовме. Во извештаите најголемо внимание се посветувало на состојбата на духот на "борецот народ" кој останал во границите на Грција, констатирајќи со жал дека "Боречкиот дух толку е исфрлен од неговата душа, како да никакви сили не се во состојба да му го вратат повторно."[30] Положбата на бегалците останувала неуредена и тешка и по завршувањето на Првата светска војна, па голем дел бегалци дојдени во 1913 год. останале ненастанети и по нејзиното завршување.

Патот за нов голем проток македонски бегалци во Бугарија бил отворен со потпишување на *Конвенцијата за доброволно иселување на населението меѓу Грција и Бугарија.* Со нејзиното потпишување во ноември 1919 год. се озаконувала дотогаш непозната постапка во меѓународното право за размена на население. Предмет на Конвенцијата, која била во спротивност со "елементарните норми за хуманост и праведност",[31] бил македонскиот народ останат во границите на Грција. Без да му се даде можност да биде консултиран или да биде почитувана неговата волја,[32] тој во рок од две години требало да се исели од своите

---

[29] Христо А. Христов, *България, Балканите и мирът 1919*, София, 1984, 210.

[30] Исто, 211.

[31] Георги В. Димитров, *Бежанският проблем при управлението на БЗНС (1920-1923г.)* ИП, 1979, 1, 52.

[32] Од Докладот на мешовитата комисија од 7 септември 1921 год. кој бил соопштен на Општеството на Народите на 11 ноември 1921 год. се истакнувало дека кај населението "желбата да се иселат изгледа е малку распространета. (...) Барањето, кое тие редовно ги

домови и да се настани во Бугарија. Апелите кои населението ги упатувало барајќи поддршка во настојувањето да остане на своите родни огништа не наишле на одзив. "Ние, Македонците, не ја признаваме таа конвенција и не сакаме да ликвидираме со своите имоти и да се оттуѓиме од својата татковина Македонија..."[33] Протестите дека " не било запрашано, ниту дало согласност две држави да се договараат на негова сметка" бидејќи "ниту бугарската влада, ниту грчката не биле ополномоштени да уредуваат помеѓу себе еден проблем кој го засега само македонското население и никој друг"[34] исто не вродиле со резултат. Од тие причини во првите две години од потпишувањето на Конвенцијата, заради релативно доследното применување на принципот за доброволност во иселувањето, бројот на иселените Македонци бил незначителен.[35] Промена на ситуацијата настапила по поразот на грчката армија во Мала Азија во 1922 год. Од тој момент проектираното "доброволно" иселување на населението, било применувано како насилно, барем што се однесува до Македонците.

Иако од потпишувањето на Конвенцијата до почетокот на доаѓањето на бегалците во Бугарија поминале неколку години,

---

искажуваа, не беше ликвидација на нивните имоти, оставени во Грција, како што е определено со конвенцијата за иселување, туку напротив слободно враќање во нивните родни огништа." (Ив. А. Георговъ, *Днешното положение въ Македония подъ сръбска и гръцка властъ и Обществото на народитѣ,* София, 1925, 39-40.)

[33] Дел од циркуларот на Управата на Македонската Федеративна Организација до Македонските Федеративни Емигрантски Друштва во Бугарија. (цитирано според Владимир Картов, *Неколку документи за отпорот на Македонците против политиката на "доброволно" иселување на населението помеѓу Грција и Бугарија во 1920-1922 год.*, Историја, XXI, Скопје, 1985, 1, 208.)

[34] *Бюлетин*, Пловдив, 12 февруари 1922, 3, 4.

[35] Крсте Битоски, *За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година)*, ГИНИ, VI, Скопје, 1962, 1-2, 101.

бугарските државни органи неспремни го дочекале нивното пристигнување. Работата на службата задолжена за прифаќање на македонските бегалци во најважниот граничен пункт - градот Свиленград, тешко се забележувала. Откако биле сместувани во несоодветни услови за живеење[36] (импровизирани бараки, од кои повеќето биле без врати и прозорци), бегалците останувале по десетина и повеќе дена да ја чекаат наредбата од Министерството за внатрешни работи за нивно настанување во внатрешноста на Бугарија.[37] Материјалната положба на овие бегалци, кои во Бугарија започнале да пристигнуваат од 1924 год. била очајна. Напуштајќи ги своите домови и имоти, во голем број случаи принудно, тие декларациите за ликвидација на имотите, кои согласно Конвенцијата морало да ги потпишат, ги испраќале од Бугарија. За разлика од нив, грчките преселници кои ја напуштале територијата на Бугарија, мешовитата грчко-бугарска комисија, формирана со цел да ги спроведува одредбите на Конвенцијата, ја дочекувале во Бугарија и присуствувале кога таа ја прегледувала и проверувала вредноста на нивните имоти. Неприсуството на Македонците во моментот кога се оценувала вредноста на нивните имоти, оставало можност тие да не ја добијат вистинската вредност. Осипувањето на вредноста на нивните имоти со тоа не завршувала, тоа бил само почеток на едно безобзирно ограбување. Иако било планирано средствата од ликвидираните имоти да се исплаќаат веднаш, иселениците добивале само 10% од вкупно признатата сума, а за останатите 90% добивале облигации. Рокот од 6 г. за исплаќање на

---

[36] *Отчетъ за дѣйностьта на Националния Комитетъ прѣдъ годишния редовенъ конгресъ на Македонскитѣ Благотворителни Братства, свиканъ въ София на 31. I, 1 и 2. II. 1926 год., (s.a.)* , 12.

[37] Крсте Битоски, *За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година),* 105.

облигациите, подоцна бил продолжен на 12 год.[38] На тој начин сумата која требало да ја добијат била многу мала и не одговарала на вистинската вредност. Не помали проблеми ги очекувале и по пристигнувањето во Бугарија. Бугарската Народна Банка, која била задолжена да им ги достави парите, облигациите не ги земала како залог, заради што нивната вредност во некои случаи паѓала под 50% од номиналната вредност.[39] По селата и паланките, каде биле населени македонските бегалци често пати се среќавале разни трговски агенти, кои ги закупувале од нив тие облигации по 35-38%.[40] На тој начин проценката на имотите на прогонетите Македонци се движела најмалку 50-80 % под реалната цена на имотот.[41]

Точниот број на бегалци кои по војните се нашол во Бугарија бил утврден дури во 1924 година. Со одржувањето на првиот повоен попис на населението во државата спроведен во декември 1920 год.,[42] била испуштена можноста да се определи нивниот број, бидејќи во листата непостоела посебна категорија бегалец.[43] Пребројувањето на бегалците било извршено во септември 1924 год. од Министерството за надворешни работи.[44] Со тој попис на територијата на Бугарија биле регистрирани 202.

---

[38] Иван Катарџиев, *ВМРО и македонското ослободително движење од крајот на Првата светска војна до распаѓањето на монизмот (1919-1990)*, Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, Скопје, 1994, 50.

[39] Veritas, *Македония под иго 1919-1929. Документи и свидетелства*, София, 1931, CLXV.

[40] Veritas. *Македония под 1919-1929. Документи и свидетелства*, CLXV.

[41] Иван Катарџиев, *ВМРО и македонското ослободително движење од крајот на Првата светска војна до распаѓањето на монизмот (1919-1990)*, 50.

[42] Во периодот од 1910 год. до 1920 год. не бил спроведен попис на населението во Бугарија. (*Сборникъ на българската академия на наукитѣ*, книга XXIV, клонъ историско-филологиченъ и философско-общественъ, София, 1931, 155.)

[43] Георги В. Димитров, *Настаняване..*, 30.

[44] *Сборникъ на българската академия на наукитѣ*, 235.

621 бегалци.[45] Главната дирекција за настанување на бегалците во крајот на 1926 год. вкупно регистрирала 252. 370 бегалци. Од овој број за 79. 369 од нив било евидентирано дека дошле од Егејска Македонија, а од Вардарска Македонија 20. 323.[46] Вкупниот број на македонски семејства кои биле регистрирани во Бугарија, според извршената статистика од пребројувањето на населението во 1926 год., изнесувал 22. 239.[47] Од нив 17. 404 биле дојдени од Егејска Македонија, а 4. 835 од Вардарска Македонија. Според податоците на Главната дирекција за настанување на бегалците 12. 382 македонски семејства (11. 276 од Егејска Македонија и 1. 106 од Вардарска Македонија) барале земја и помош за настанување.[48] За приближно толкав број на македонски бегалци во Бугарија зборува и Тодор Симовски[49].

Најголемиот дел од бегалското население, кое изнесувало 3, 4 % [50] од вкупното население на Бугарија, било населено во Петрички и Бургаски округ. Заради релативно поретката населеност на Бургаскиот округ бројот на населените бегалци во него бил најголем, [51] а на второ

---

[45] Исто.

[46] *Селско-стопанско настаняване на бѣжанцитѣ 1927-1932.* София, 1932, 58.

[47] *Сборникъ на ...*, 335.

[48] *Селско-стопанско настаняване на бѣжанцитѣ1927-1932*, 65.

[49] Според Тодор Симовски по завршувањето на балканските војни 50. 000 Македонци се населиле во Бугарија (од кои 30. 000 од Егејска Македонија), а за време на Првата светска војна бројот на пребеганите бил околу 41. 000. Колку од нив се вратиле по своите домови по нормализирањето на ситуацијата не може да се определи. ( Тодор Христов Симовски, *Атлас на населените места во Егејска Македонија*, Скопје, 1997, VIII., X-XI.)

[50] *Селско-стопанско настаняване...*, 63.

[51] Тодор Косатев, *Аграрната политика на българските правителства по бежанския въпрос в периода 1919-1932 г.*, Изследвания по българска история, т. В, 255. Според податоците од Бирото за бегалци при Министерството за Надворешни работи и

место по населени бегалци бил Петрички округ. [52] Ако се спореди бројот на бегалците со останатото население на прво место доаѓал Петрички округ.[53] Во овој округ бројот на бегалците претставувал 16,7% [54] од вкупниот број население, додека во Бургаски округ тој процент изнесувал 15,2%[55]. Големата концентрација на бегалци во Петрички округ доаѓала оттаму што во него биле населени најмногу македонски бегалци од Егејска Македонија, кои "претпочитаа да останат во него со надеж, дека скоро ќе се вратат во своите родни места."[56] Недостатокот на земја кој се чувствувал во овој округ, во кој дури 80% бил ридска област,[57] придонел во процесот на настанување на бегалците да се наидува на голем број пречки.

Прв поцелосен обид за уредување на бегалското прашање кое им задавало многу тешкотии на сите воени и повоени бугарски влади бил превземен од земјоделската влада на Александар Стамболиски. За краток временски период биле донесени повеќе законски уредби со кои се настојувало да се реши проблемот со бегалците. Како прв чекор во постапката за населување на бегалците, иако конкретно не биле засегнати нивните права, Владата го најавила *Законот за зголемување на големината на државните земји.*[58] Со овој закон, кој бил изгласан во летото 1920 год., за државни земји се објавиле сите необработливи земји:

---

вероисповед бројот изнесувал 48. 332 (*Бѣжанцитѣ и условията на труда въ България*, 18.)

[52] 34. 900 бегалци. (*Бѣжанцитѣ и условията....*, 18)

[53] *Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение*. Май, 1923, 26.

[54] *Селско-стопанско настаняване..*, 63.

[55] Исто.

[56] Георги В. Димитров, *Бежанският проблем при управлението на БЗНС..*, 63.

[57] Иван Катарџиев, *Борба до победа, II*, Скопје, 1983, 122.

[58] *История на България*, 72.

ниви и ливади над 300 декари, гори и пасишта над 500 декари; спорна земја која се наоѓала меѓу две или повеќе општини. Иако неговото спроведување одело тешко, Владата продолжила во настојувањето да ја исполни својата законодавна програма. Прв поцелосен обид на државата да помогне во населување на бегалците бил направен со усвојувањето на *Законот за населување на бегалците и обезбедување на нивните услови зл живеење*[59] (ноември, 1920 год.). Со овој закон била предвидена можноста секој бегалец-земјоделец, во зависност од својата материјална и семејна положба, да добие: ниви, ливади, лозја и градини до 50 декара во полските места, до 80 декари во полупланинските и до 120 декари во планинските места. Бегалците неземјоделци, кои биле заинтересирани да изградат куќи и згради за живеење според одредбите на овој закон имале можност да земаат кредит од Бугарската Земјоделска Банка во износ до 20. 000 лева со лихва 1% поголема од вообичаената. Условите под кои биле давани овие кредити биле тешки, заради што бегалците биле поставени во положба на тешки финансиски задолжувања. Наредниот закон кој ги засегнал интересите на бегалците и кој предизвикал посебно бранување меѓу нив бил главниот закон врз кој се темелела аграрната реформа *Законот за работно-аграрна сопственост.*[60] Неговите одредби дошле во контрадикција со претходниот закон, дури и го поништувале,[61] бидејќи со него бегалците биле поставени во последната категорија луѓе кои требало да бидат опфатени со оземјување по општините. Неговата

---

[59] Исто, 73.

[60] Исто, 73-74. Овој закон имал најрадикален карактер заради што за да биде внесен како законски проект во Народното собрание било потребно значително да биде изменет. Со него било дозволено секој земјоделец сопственик да поседува максимум 300 декара обработлива површина. Делот од присвоените имоти над тие 300 декара се одземале наспроти исплаќање во корист на основаниот аграрен фонд.

[61] Тодор Косатев, *Аграрната политика на българските правителства...,* 249.

примена во сила, како впрочем и на другите изгласани закони тешко се одвивала. Во 1924 год. *Законот за населување на бегалците и обезбедување на условите на нивното живеење* бил дополнет со одредбата бегалците да се населуваат во окрузи, околии и села кои ќе бидат одредени од министерот за внатрешни работи, во согласност со министерот на земјоделство и државни имоти.

Спроведувањето на овие закони во дело било задача поставена на повеќе органи. Со влегувањето во сила на *Законот за настанување на бегалците и обезбедување на нивните услови за живеење* бил создаден, под надлежност на Министерството за Внатрешни работи и Народно Здравје, *Биро за настанување на бегалците.* Започнувајќи ја својата работа во почетокот на 1921 год. Бирото кое раководело со образуваните околиски и општински комисии го започнал процесот на настанување и обезбедување на бегалците со стамбен простор. Од август 1924 год. работата за распределување и настанување на бегалците-земјоделци поминала во надлежност на *Главната дирекција на трудовите земјоделски стопанства* (ГДТЗС) при Министерството за Земјоделство. Во периодот додека бегалците се наоѓале под ресорот на ГДТЗС (лето1924 год. - крај на 1926 год.) не се почувствувала никаква разлика во нивната положба.[62] Постоењето на законите, исто како и постоењето на органите за нивно наложување не секогаш значело и подобрување на положбата на бегалците. Во стварноста наложувањето на она што било прецизирано со закон одело многу тешко.

Главни центри во кои била концентрирана повеќе илјадната македонска емиграција биле поголемите бугарски градови-Софија, Пловдив, Варна и др. За разлика од бегалците дојдени од Добруџа и Западна Тракија, кои биле настанети во близина на границата од која

---

[62] Тодор Косатев, *Настаняване на бежанците...*, 63.

доаѓале, бегалците од Македонија, и покрај групирањето во Петричкиот округ, биле распрснати по сите бугарски градови.[63] Положбата во која тие се наоѓале била многу тешка. " Во скромни куќички по краиштата на сите градови живеат илјада новодојдени Македонци. Секој ден низ улиците на многу бугарски градови одат уморни луѓе, со мали колички да продават зеленчук или овошје. Други илјади работат трескаво во мали мизерни работилници. Трети копаат и ѕидат. Целата држава е полна со стотина илјади несреќни работни луѓе, кои живеат во мали влажни соби, вршат непријатна работа, се изложуваат на секаква беда и умираат од болести, истоштеност, немаштија и маки. Тие луѓе се Македонци."[64] На тие несреќници во новата средина "се гледало како на гости и тоа како на немногу сакани гости, кои подобро и да не доаѓале тука."[65]

Приемот на македонските бегалци во новата средина бил многу студен. Во период кога Бугарија се наоѓала во голема економска криза бегалците тешко наоѓале работа.[66] Честопати со години останувале ненаселени. Во голем број случаи многумина од нив со недели, изложени на студ и живеејќи на отворено, останувале на станиците на разни бугарски градови.[67] Не биле ретки случаите кога македонските бегалци биле упатувани на места во кои немало земја за раздавање[68] или во градови во кои општинските совети се спротиставувале на бројот на бегалците определен од Комисијата за настанување на бегалците да се

---

[63] *Бѣжанскиятъ въпросъ въ България*, София, 1925, 19.

[64] Veritas, *Македония под иго...*, 505.

[65] *Бежанския въпросъ въ Народното Събрание*. РеЭь отъ народния представителъ Д. х. Димовъ произнесена на 3 юли 1924 г. София. (s.a ), 4.

[66] За бѣжанцитѣ въ Бургазъ, *Македония*, I, 19 май 1920, 45, 1.

[67] Н. Яковъ, *Бѣжанския въпросъ въ България*. София, 1926, 15-20.

[68] Исто, 18.

настанат на нивна територија,[69] заради што биле принудени со месеци да лутаат по државата во потрага по места во кои ќе можат да се населат. Честопати се случувало тие да бидат сместувани во простории во кои отсуствувале елементарни услови за живот.[70] Незадоволството од работата на државните органи задолжени да го организираат нивното настанување било присутно кај голем дел од бегалците. Во јавноста често пати биле изнесувани случаи на недостатоци и недоследности во работата на околиските комисии.[71] Планираната земја која требало да биде разделена на бегалците не ретко била давана на месни луѓе, заради што бегалците останувале да чекаат и понатаму. Тешката положба во која се наоѓале бегалците во Бугарија, респективно на тоа и македонските бегалци, окарактеризирана од претседателот на II Социјалистичка Интернационала Емил Вандревелд како "европски скандал"[72] била повеќе пати регистрирана и од странски лица и претставници на разни

---

[69] Така Карнобатскиот општински совет околу прашањето за давање дворни места на бегалците и градење на пристојни за живеење станови со државни средства решил дека "Властта неможе да се меша во работите на градот. Ние претставниците на градот, се раководиме од идните интереси на граѓаните(...) Штитејќи ги идните интереси на градот предлагам (...) Да се протестира зошто се праќаат толку бегалци во градот." (Георги Попов, *Към въпроса за бежанците в Бургаски окръг през 1920-1923 г.*, Известия на дърэавните архиви, София, 1971, 21, 141.)

[70] Положението на бѣжанцитѣ, *Македония*, I, 24 априлъ 1920, 39, 2; Бѣжанцитѣ. *Македония*, I, 26 юний 1920, 56, 1; Жестока изгнанническа сѫдба, *Освобождение*, II, 20 юни 1921, 5, 3; Изгонване бежанците из училищата, *Освобождение*, II, 29 октомври 1921, 24, 2.

[71] Настаняването на бѣжанцитѣ, *Македония*, I, 30 Юний 1920, 57, 1; Настаняването на бѣжанцитѣ, *Македония*, I, 18 августъ 1920, 71, 2; Положението на бѣжанцитѣ, Македония, I, 1 септември 1920, 74, 1; Какво става въ Неврокопъ, *Освобождение*, I, София, 15 ноември 1920, 14, 4.; Теглото и неволята на бежанцитѣ, *Освобождение*, II, 1 октомври 1921, 20, 3.

[72] Veritas, *Македония..*, CLXVIII.

хуманитарни организации, кои во се поголем број започнале да ја посетуваат државата по насилното соборување на владата на Александар Стамболиски.

Заради извршената поделба на Македонија во прогонство и емиграција се нашле и припадниците на македонското револуционерно ослободително движење. Најголемиот број револуционери, како и политички експонираниот дел од интелигенцијата по завршувањето на Првата светска војна се нашле во Бугарија. И покрај сите тешкотии кои произлегувале од специфичните услови да дејствуваат надвор од својата економска и народносна средина[73] македонските политички сили и во емиграција настојувале да останат верни на револуционерните традиции. Повеќе програмски документи кои се појавиле непосредно по завршувањето на Првата светска војна зборуваат дека македонските револуционери пројавиле засилена дејност за отпочнување на борба против поделбата на Македонија. *Декларацијата за решавање на македонското прашање*[74] издадена од раководителите на бившиот Серски револуционерен округ (Димо Хаџи Димов, Таската Спасов-Серски, Георги Скрижовски, Александар Бујнов, Стоју Хаџиев Чудомир Кантарџиев и др.) укажувала дека тие иднината на својата татковина ја гледале во конституирање на автономна (независна) Македонија, во нејзините географски и економски граници со внатрешно уредување по примерот на Швајцарија. Најголемите непријатели на самостојноста на македонското револуционерно ослободително движење, според нивно мислење биле балканските влади и династии, кои биле посочени како главни виновници за распарчувањето на Македонија. Прифаќајќи ги начелата и барањата изнесени во Декларацијата на Серската група членовите на Привремено

---

[73] И. Катарџиев, *Борба до победа*, 19.

[74] *Идејните основи на ВМРО Обеднета*-1927, 55-56.

Претставништво на обединетата бивша ВМРО во март 1919 год. упатиле *Апел до македонското население и македонската емиграција во Бугарија.*[75] Потписниците на овој апел - Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Туше Деливанов, Христо Јанков, Михаил Герџиков, Чудомир Кантарџиев и др., откако истакнале дека Привременото Претставништво ќе ја насочи својата борба за создавање на независна Македонија го повикале македонскиот народ да се обедини во борба против неговите поробувачи, а крајната цел која била посочена била независна Македонија како "самостојна политичка единица на Балканот во нејзините природни граници"[76] и нејзино приклучување кон идната Балканска федерација. Овие програмски определби наполно соодветствувале со стремежите на целокупната македонска емиграција и на македонскиот народ кој останал во својата татковина.

За разлика од нив, Исполнителниот комитет на македонските братства присвојувајќи го правото да се претставува како врховно тело на македонската емиграција во Бугарија пред меѓународната јавност започнал да истапува со барање Македонија неподелена да биде припоена кон Бугарија. Со испраќањето на повеќе мемоари до Париската мировна конференција и до владите на големите сили комитетот настојувал да го запознае јавното мислење за македонското прашање во рамките на големо бугарските гледишта. Под притисок на делегатите на VIII собир на македонските братства, но и за да ја придобие македонската емигарција во Бугарија во летото 1919 год. Исполнителниот Комитет ја отфрлил идејата за присоединување на Македонија кон Бугарија. Иако формално ја прифатил автономната идеја Исполнителниот Комитет на

---

[75] *Апелъ къмъ македонсото населенние и къмъ емиграцията в България,* прилог кон брошурата "Назадъ къмъ автономията", 1919.

[76] Исто .

македонските братства и натаму останал целосно потчинет на бугарската државна политика.

# ГЛАВА ВТОРА

# ФОРМИРАЊЕ И РАЗВИТОК НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

## II. 1. АКТИВНОСТ НА ПРИВРЕМЕНАТА КОМИСИЈА ПО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА БИВШИТЕ МАКЕДОНСКО-ОДРИНСКИ РЕВОЛУЦИОНЕРИ ВО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"

Идејата за организирање на некогашните учесници во Илинденското востание и во македонското ослободително револуционерно движење во посебно илинденско друштво наишла на добар прием од голем број некогаш активни македонски револуционери. Мотивирани од желбата здружено и заеднички да ги надминат првенствено тешките економски услови во кои со години живееле во Бугарија македонските ветерани за кратко време ја реализирале оваа своја замисла. Луѓето кои ја превзеле иницијативата да го спроведат организирањето на бившите македонски револуционери и кои биле лица посебно активни во поилинденскиот период, на 26 јануари 1921 год. во Софија формирале *Привремена Комисија по организирање на бившите македонско-одрински револуционери во друштво "Илинден"* .[77] На првото заседание кое таа го одржала било конституирано и претседателство во состав: Стојан Мишев, претседател, Александар

---

[77] Конференцията на Илинденската организация, *Илинденъ*, II, 16 Августъ 1922, 32, 2.; Васил Ат. Василев, *Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения*, София, 1991, 72.

Панов, секретар, Славчо Пирчев, благајник, Крум Зографов, Григор Костов и Милан Ѓурлуков -советници.[78]

Примарната задача на Привремената Комисија била да ги организира некогаш активните учесници во македонското ослободително движење во друштва "Илинден", и да ја насочува нивната натамошна работа. Делокругот на нејзините задолженија бил зголемен со формирањето на првото илинденско друштво-софиското. Од тогаш Привремената Комисија започнала да спроведува задачи кои подоцна биле дадени во надлежност на Управата на друштвото "Илинден". Меѓу правата и задолженијата на Привремената Комисија на тој начин станала и обврската да ги свикува членовите на друштвото на собранија, да го одредува времето на нивното одржување и нивниот дневен ред.

Прашањата кои Комисијата ги разгледувала на своите заседанија имале организационен карактер. Поставувајќи ги основите на друштвото "Илинден" со "ништожни и поправилно кажано, со никакви средства,"[79] а имајќи го пред вид едно од основните задолженија кое друштвото требало да го остварува - пружање материјална и морална помош на своите најзагрозени членови, било логично што прашањето за начинот на обезбедување материјални средства потребни за работа на друштвата се разгледувало на едно од првите заседанија на Комисијата.[80] По исцрпните дискусии по тоа прашање водени меѓу членовите на Комисијата бил донесен заклучокот - најважниот извор за добивање на парични средства во иднина да бидат доброволните средства давани од поединци. Останати начини за обезбедување материјална поткрепа на друштвата "Илинден"

---

[78] Архив на Македонија (АМ), ф. 1075, оп. 1, ае 2.; Васил Ат. Василев, *Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения*, 72-73.

[79] Сжюзен живот, *Илинден*, I, 30 Юли 1921, 1, 4.

[80] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

биле со организирање на македонски т. е. илинденски вечери и утра, и со членарина кој секој член во износ од 5 лева месечно бил должен да го доставува до раководството на друштвото. Овие заклучоци биле канализирани и во набргу потоа усвоениот устав на друштвото "Илинден".[81]

Прв поконкретен чекор за популаризирање на идејата за здружување и организирање на некогашните македонски револуционери кој Привремената Комисија го презела бил изработување на *Позив кон другариѿе -революционери.* Овој позив, изготвен од членот на комисијата Григор Костов,[82] а придружен со *Окружно ӣисмо,*[83] во кое бившите активни учесници во револуционерното движење се повикувале да се организираат во друштва и да воспостават врска со Привремената Комисија, бил испратен во 500 примероци во внатрешноста на државата.[84] Неговото распространување во поголемите градови ширум Бугарија, како и засилената агитација која била спроведена во София, требало да придонесе идејата за организирање на македонските ветерани да допре до најодалечените места на Царството.

Првото друштво "Илинден" било формирано на 3 март 1921 год. во София. На првото собрание[85] кое друштвото го одржало, а кое било раководено од претседателот на Комисијата - Стојан Мишев биле

---

[81] АМ. ф. 151, оп. 1, ае 340. Уставъ на "Дружество Илинденъ," с. 2. Според уставот изворите на материјални средства биле обезбедувани со: а) собирање чланарина; б) собирање пристапнина на помошни и почесни членови, како и камати на друштвени капитали; в) примање подароци и доброволни прилози; г) приредување вечеринки, екскурзии, претстави , научни беседи, јавни предавања и собранија; г) издава весници, списанија и книги."

[82] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.

[83] Исто.

[84] Исто.

[85] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 1.

објаснети целите и задачите на здружувањето во илинденски друштва. Краток извештај за дејноста на Комисијата и причините заради кои таа била формирана бил поднесен од Ал. Панов.[86] По усвојувањето на извештајот,[87] се пристапило кон собирање членарина и доброволни прилози и запишување нови членови.[88] Посебни мерки биле спроведени да се засили процесот на проширување на друштвото со нови членови. Во формираната за таа цел *Комисија за запишување членови*[89] имало претставник за секој поранешен револуционерен округ. За битолскиот округ биле избрани Марко Иванов, Ат. Мурџев и Хр. Наумов, за скопски - Никола п Михајлов и Ал. Напата, солунски-Михаил Думбалаков и Тодор Бакалов, серски-Екатерина Арнаудова, одрински: Н. Ѓумушов и за Софија Н. Бошков и Иванов.[90] Настојувањето да се засили работата на софиското друштво "Илинден" била пресудна тоа во организационен однос да биде разделено на 11 секции, на чие чело стоеле по еден началник (Н. Тахчиев, Д. Стоилов, М. Чаков, П. Крцаров, Илија Христов, Мих. Странџата, Иван Битраков, Д. Кантарџиев, Дим. Мартинов, Хр. Наумов и Јордан Русев).[91]

Основите на организационо растење и оформување на Илинденската Организација биле поставени со усвојувањето на Уставот на друштвото "Илинден".[92] Секретарот на Привремената Комисија Ал. Панов и советникот на истата Гр. Костов уште на нејзиното третото

---

[86] Исто.

[87] Исто.

[88] Исто.

[89] Исто.

[90] Исто.

[91] Градските секции на "Илинден", *Илинден*, II, 10 февруари 1922, 6-7, 4.

[92] АМ. ф. 151, оп. 1, ае 340, Уставъ на "Дружество "Илинденъ".

заседание биле определени да изработат проект-устав[93] на друштвото. Процедурата околу прифаќањето на изработениот од Ал Панов проект-устав[94] била одложена се до формирањето на софиското друштво, кога била формирана специјална *Комисија за изработка на проект-устав*[95] во состав Михаил Чаков, Георги Поп Христов, Иван Попов, ѓакон Евстатиј, Странџата, Љубо Весов, Славчо Абазов и Атанас Јанчев.

Главен услов кој требало да биде задоволен за да се стане член на друштвото "Илинден" било учество во револуционерните борби за ослободување на Македонија и Одринско. Според член 5 од Уставот секој бивш македонско-одрински револуционер "доколку ги споделува целите и средствата на друштвото и се задолжи да се потчинува на решенијата и уставните наредби на последното "можел да стане *редовен* член на друштвата "Илинден".[96] Некогашните легални работници исто можеле да станат редовни членови. Оваа категорија членство заради тоа што имале право на глас и право на избор во разните управни тела ја сочинувале базата на друштвата. Нивното присуство на општите собранија било задолжително. За разлика од нив *помошните* и *почесните* членови, иако можеле да присуствуваат на друштвените собранија, немале право да избираат, ниту да бидат избирани. Оваа поделеност на членството доаѓала оттаму што за помошен член можел да стане секој граѓанин кој ќе обезбедел подршка од општо собрание на друштвото, а за почесен член бил избиран само оној кој имал некаква заслуга кон друштвото или имал внесено најмалку 5. 000 лева. На заслужните граѓани за овие заслуги

---

[93] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[94] Исто.

[95] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 1.

[96] АМ. ф. 151, оп. 1, ае 340.

напоредно со изборот за почесни членови на друштвата им биле давани и посебни дипломи.

Секој потенцијален член на друштвото морал да пополни декларација.[97] Првите декларации биле отпечатени и раздадени за пополнување од управата на софиското друштво во септември 1921 год.,[98] а нејзиниот пример требало да го следат и друштвата во провинцијата.[99] Во декларациите членовите давале податоци за себе (кога се родени, какво образование имат завршено, семејна состојба). Посебно внимание во нив се посветувало на искажувањата кои биле давани за револуционерната активност на кандидатот. Секој член морал да одговори на прашањата: -кога и од кој бил посветен во делото? -какви задолженија вршел (дали бил обичен работник, курир, терорист - атентатор, градски или селски раководител, околиски, окружен или централен раководител, задграничен претставник или четник). На истите прашања требало да одговораат и некогашните војводи. Задолжителен бил и одговорот на прашањето за нивната активност за време на Балканските и Првата светска војна. На крај секој член требало да биде препорачан од тројца луѓе, кои воедно потврдувале дека дадените информации одговараат на вистината. За да се воведе поголема контрола во процесот на примање членови била избрана *Посебна комисија за проверка на декларациите по окрузи.*[100] За членови на оваа комисија биле избрани луѓе активни учестници во револуционерните борби кои биле компетентни по тоа прашање.

---

[97] АМ. ф. 264, оп. 1, ае 34. Одлуката за приготвување декларации била донесена од Управата на друштвото "Илинден" во мај 1921 г. ( АМ. ф. 1075, оп. 1, ае. 2.)

[98] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.; АМ. ф. 1075, оп.1, ае 1.

[99] Декларации, *Илинден*, I, 24 Октомврий 1921, 5, 1.

[100] Общо сѫбрание на Друштво "Илинден", *Илинден*, I, София, 5 декември 1921, 8, 2.

Раководството на месните друштва "Илинден" било дадено на пет (5) члена управа, избирана за рок од една година од страна на општо собрание на друштвото по пат на тајно гласање. Исклучок претставувало само софиското друштво "Илинден", управувано од седум (7) члено управно тело, кое воедно претставувало и управно тело на Илинденската Организација. Управното тело како и управите на месните друштва биле само управни и исполнителни органи кои ги исполнувале решенијата на собранијата и посредувале и соработувале со други органи на друштвото. Едно од нивните задожнија било да свикува секој месец општи заседанија на друштвото. Претседателот на управите имал задача да претседателствува со собранијата, да го претставува друштвото пред државни и општински установи и приватни лица, додека секратарот имал должност да ги води протоколите на собранијата, да ја води административната кореспонденција на друштвото. Задачата да ја контролира работата на управните тела била дадена на Контролна Комисија, составена од три члена.

## II. 2. ПРОШИРУВАЊЕ НА ДРУШТВАТА "ИЛИНДЕН" ВО ВНАТРЕШНОСТА НА БУГАРИЈА

Идејата за организационо живеење на илинденците можела да се реализира само доколку илинденските друштва успеале да ги опфатат сите македонски ветерани кои живееле во границите на Бугарија. И покрај испраќањето на *Повикоӣ до бившиӣе македонски револуционери,* (на 16 февруари 1921 год.), во почетниот период не биле постигнати позначителни резултати. Овој обид бил неуспешен бидејќи според мислење на членовите на комисијата одзивот бил слаб.[101] И навистина до

[101] Вместо окръжно. *Илинден*, I, 30 Юли 1921, 1, 1.

летото 1921 год. процесот на формирање месни друштва во внатрешноста на Бугарија не бил започнат, за што причина се барало во недоволната запознаеност на македонските револуционери со идејата за здружување. "...далеку од нас, вие немавте можност да проникнете во искреноста на нашите намери и да се уверите лично во брзиот устрем и смислата на нашето дело. Вие, можеби, уште не верувате во реализацијата на нашата благородна и корисна цел, заради што продоложувате да се однесувате со страв и воздржаност."[102]

Активирањето на сите македонски ветерани станало главно задолжение на конституираната на 19 мај 1921 год. Управа на друштвото "Илинден" во состав: претседател Крум Зографов, секретар Георги поп Христов, благајник Сл. Пирчев и член-советник Георги Занков.[103] Една од првите мерки кои таа ги превзела било започнување со издавање на весникот "Илинден". Со отпечатувањето на членот 3 во првиот број на весникот[104] бил постигнат значителен успех во раширување на идејата за организирање на бившите македонски револуционери. За истата цел и за отпочнување на процесот на формирање месни друштва била формирана *Привремена комисија за организирање на провинцијата*,[105] во чиј состав влегле поактивни членови на друштвото: Гр. Костов, Ал. Панов, Иван Попов, Стојан Мишев, Милан Ѓурлуков. Задолженијата кои биле поставени пред членовите на комисијата се состоеле во посета на градови и населени места во внатрешноста на Бугарија и агитирање меѓу населението со цел популаризација на идејата за организирање на македонските револуционери.

---

[102] Исто.

[103] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.

[104] Нашата програма, *Илинден*, I, 30 Јули 1921, 1, 1.

[105] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.

Првата одлука за испраќање специјални пратеници во внатрешноста на државата била усвоена од Управата на друштвото во мај 1921 год.[106] Крум Зографов како нејзин претседател заедно со членовите Иван Попов и Ал. Панов, на заседанието од 5 јуни 1921 год., ја добиле подршката за акција и од софиското друштво "Илинден". [107] Делегатите според одлуката на членовите на Управата требало да дејствуваат во поголемите градски центри во Северна Бугарија.[108] Акцијата на делегатите испратени во провинцијата била успешна, бидејќи илинденски друштва биле формирани во Варна и Русе, [109] а големиот број групи кои биле основани во градовите каде престојувале делегатите ( Црвен Брег, Плевен, Шумен и Провадија) укажувале дека бројот на друштвата во догледно време ќе биде зголемен. Крум Зографов заедно со Иван Попов[110] бил ангажиран и во наредната мисија, како резултат на што во Видин било формирано друштво.[111]

Процесот на конституирање месни друштва посебно добил во интензитет во летото 1922 год. Зголемената активност која во овој временски период ја остварил новиот Управен Одбор[112] и за која силно

---

[106] Исто.

[107] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 1.

[108] Вместо окръжно, *Илинден*, I, 30 Юли 1921, 1, 1.

[109] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.; Обиколката на нашите пратеници. *Илинден*, I, 30 Юли 1921, 1, 4; Костадин Палешутски, *Илинденската организация (1921-1924 г.)*, Известия на института по история на БКП, София, 1988, 84; Зоран Тодоровски, *Дејноста на Илинденската организација за зачувување на самостојноста на македонското национално ослободително движење*, Прилози за Илинден, VII, Крушево, 1993, 147.

[110] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.

[111] Обиколката на нашите пратеници. *Илинден*, И, 30 Юли 1921, 1, 4; Костадин Палешутски, цит. дело, 84; Зоран Тодоровски, цит. дело, 147.

[112] На 9. XII 1921 г. бил избран Управен Одбор во состав: Георги Занков (претседател), Александар Ефтимов (потпретседател), Георги поп Христов (секретар), Славчо Абазов,

влијание имала закажаната за 2 август 1922 год. конференција на илинденците, најсилно се одразила во зголемувањето на бројот на новоформирани илинденски друштва. Акцијата на засилена агитација отпочнала во јуни 1922 год. со упатување на *Позив*[113] до сите македонско-одрински револуционери во Бугарија, во кој тие биле повикани да се запишат во друштвата "Илинден". Во истиот месец кога позивот бил објавен во печат, била усвоена посебна одлука[114] за испраќање делегати во внатрешноста на Бугарија. И покрај пројавената желба да бидат испратени делегати во неколку пункта во државата,[115] недостатокот на материјални средства бил главна причина делегатите на друштвото да посетат само два пункта.[116] Одобрените средства за таа цел биле мали бидејќи со 500 лева Г. Занков бил испратен во Петрич, Горна Џумаја, Неврокоп, Пловдив, Ќустендил, Дупница и Перник, додека Георги Поп Христов го посетил пунктот: Варна, Бургас, Анхиало (Поморие) и Василико (Мичурин).[117]

Посетата на овие делегати во горе наведените пунктови придонела во многу бугарски градови да се формираат илинденски друштва. Организационата мрежа почнала постепено да се проширува низ државата. На 25 јуни 1922 год. претседателот на Управниот Одбор Г. Занков заедно со стариот македонски револуционер, прилепскиот околиски војвода Петар Ацев го конституирале друштвото "Илинден" во

---

Стојан Мишев (благајници) и Марко Иванов и Милан Ѓурлуков (советници). (АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.)

[113] Позивъ , *Илинденъ*, II, 18 Юни 1922, 24, 1.

[114] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[115] Пунктовите кои требало да се посетат биле: - Софија, Варна, Плевен, Русе; - Пловдив, Стара Загора, Бургас; - Крџали; - Перник, Ќустендил, Дупница (Станке Димитров); - Петрич, Џумаја (Благоевград), Неврокоп (Гоце Делчев).

[116] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.

[117] Исто.

Пловдив.[118] Со формирањето на друштво во Петрич[119] биле поставени темелите на организационо дејствување во Пиринска Македонија. Во овој дел од Македонија посебно голем успех бил забележан во горноџумајско каде друштвената мрежа била распространета и во околината на градот.[120] Месни друштва биле формирани во Фердинанд (Михајловград).[121] Во август 1922 год. била одржана конференција на илинденците. Без претензии да има законодавен карактер, туку само советодавен, организаторски,[122] конференцијата успела да ги зацврсти редовите на Илинденската Организација. Замислена како можност за "запознавање и размена на мисли по принципиелни прашања на друштвото,"[123] конференцијата дала можност за прв пат да биде поставена на оцена дотогашната работа на Управниот одбор. Било дискутирано и за идните насоки на неговата работа. Присутните делегати пројавиле "еднодушие"[124] по многу прашања, што било сфатено како доказ за успешноста на оваа прва средба на делегатите од провинциските друштва и Управниот одбор. Со одржувањето на основачкиот конгрес (19-21 јануари 1923 год.) на кои биле усвоени Уставот на Илинденската Организација и Правилникот на посмртната касабиле насочени патиштата на натамошната активност на Илинденската Организација.

---

[118] Исто.; Дружественъ животъ, *Илинденъ*, II, 2 Юли 1922, 26, 2; К. Палешутски, цит. дело, 84; З. Тодоровски, цит. дело, 147.

[119] Дружествен живот, *Илинден*, II, 25 февруари 1922, 8, 4.

[120] Во с. Србиново, по говорот кој на 23 јули 1922 г. го одржал пратеникот на Горно Џумајското друштво Кирил Мончев, било формирано друштво, со запишани 44 члена, додека во с. Симитли во новоформираното друштво биле запишани 24 члена. (Дружественъ животъ, *Илинденъ*, II, 18 Августъ 1922, 32, 2.)

[121] Исто, II, 18 Юни 1922, 34, 2.

[122] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.

[123] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 1.

[124] Исто.

За да оформиме приближна слика за Илинденската Организација потребно е да се одреди бројот на илинденските друштва. Прв и долго време единствен извор на информација за нивниот број била конференцијата на илинденците (август, 1922 год.). За жал ни тогаш не може со сигурност да се утврди точниот број. Според бројот на присутните делегати на конфренцијата - 40 делегати од 11 друштва (Софија, Горна Џумаја, Русе, Татар Пазарџик, Петрич, Пловдив, Станимака (Асеновград), Св. Врач (Сандански), Симитли, Фердинанд (Коларовград), Шумен ) и од 3 групи ( с. Вакарел, с. Белица и Мехомија(Разлог)),[125] може да се извлече заклучокот дека толкав број друштва всушност пројавувале позасилена активност. Според в. "Ден" постоеле 12 илинденски друштва во провинцијата.[126]

Во извештајот за работата на Управниот Одбор кој бил поднесен на основачкиот конгрес на Илинденската Организација бил изнесен податокот дека биле организирани 30 друштва,[127] без притоа да се сметаат групите. Сите овие податоци покажувале дека идејата за здружување на остарените македонски револуционери наишла на добар прием. Најдобар пример за таа констатација бил регистрираниот број на членови, кој според извештајот изнесувал 4. 340.[128] Трендот на организационо растење и проширување на бројот на друштвата и покрај тоа што "не е бројот, тоа што не радува, туку квалитетот",[129] кој добил во интензитет во наредните

---

[125] Конференцията на Илинденската организация, *Илиндень*, II, 16 Августъ 1922, 32, 2.; Според некои податоци 48 делегати имале редовни полномоштија (Илинденският учредителен конгрес, *Ден*, XI, София, 21 януари 1923, 565 (3386), 1).

[126] Конференцията на илинденци, *Денъ*, IX, София, 5 август 1922, 428 (3249), 2.

[127] Учредителниятъ конгресъ на Илинденската Организация, *Илиндень*, III, 28 Януарий 1923, 4, 2.; Илинденският учредителен конгрес, *Ден*, XI, София, 21 Януари 1923, 565 (3386), 1.

[128] Исто.

[129] Илинденската организация въ провинцията, *Илиндень*, II, С, 2 Юли 1922, 26, 1.

две години придонел Илинденската Организација да стане најмасовна легална македонска организација.[130]

## II. 3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Целите и задачите кои стоеле пред друштвата "Илинден" произлегувале од карактерот на Илинденската Организација. Замислена како организација на добротворни и културно-просветни друштва во кои членуваат бивши легални и нелегални дејци на македонско-одринското ослободително движење, Илинденската Организација не се разликувала многу[131] од слични организации кои во тој временски период или порано постоеле во Бугарија.[132] Главното тежиште на дејствување на илинденските друштва било ставено на подобрување на материјалната положба на остарените македонски дејци. Тешката положба во која тие со години се наоѓале имала пресудно значење оваа задача да добие приоритет во споредба со останатите обврски на друштвото. Од вкупно 7-

[130] *Златна книга 100 години ВМРО*, Скопје, 1993, 139.

[131] Архивско Одделение при Институт за национална историја (АО. ИНИ), Никола Киров Мајски, *В строя за Македония*, София, 1957, 124. Георги поп Христов нејзината појава ја поврзува со Шипченската организација во Бугарија и со Гарибалдиската организација во Италија.(Исто, 124.)

[132] Слични, ако не и исти, цели проследувало и Пловдивското поборничко-ополченско друштво (создадено 1880 год.): да собира средства од иницијативи, остварени од членови, од добротворни прилози на одделни граѓани, да се подржуват сиромашните и болни ополченци, да се издигне споменик за загинатите за време на Руско-турската војна 1877-1878 г. (Мария Шалаверова, *Обществено-политическа дейност на поборническо-опълченските дружества в България*, ВИС, 1981, 5, 61.)

те члена на усвоениот во април 1921 г. устав на друштвото[133] три третирале материјални прашања. Друштвата имале обврска да развиваат зближување и солидарност меѓу своите членови и да ги заштитуваат нивните права и интереси; да ги помагат членовите, на тој начин што ќе се грижат и ќе се застапуваат за нивно поставување на соодветна работа, како и за сместување на нивните деца во училишта, пансиони и др.; и да отпуштат неповратна парична помош на своите материјално најзагрозени членови, да се грижат за сместување на болните во здравствени установи. Значајна задача која илинденските друштва требало да ја остваруваат било обезбедување на пристоен и поофицијален погреб на своите починати членови и овековечување и негување на споменот на херојски загинатите и починати членови. Не бил запоставен ниту духовниот живот на македонските ветерани.[134]

Дел од целите и задачите кои стоеле пред друштвата дополнително биле изјаснети[135] на конференцијата на илинденците од август 1922 год. Со нејзиното одржување, и покрај тоа што таа немала законодавен карактер,[136] било постигнато извесно прецизирање[137] на целите на илинденските друштва. Кругот на евентуални побарувачи на морална и материјална помош бил проширен на вдовици и сираци на учесниците во борбите за ослободување на Македонија.[138] Во делокругот на задолженија повеќе не било само да се овековечува и почитува споменот на починатите членови на друштвата, туку и на сите загинати борци за

---

[133] АМ. ф. 151, оп.1, ае 340, Уставъ на "Дружество Илинденъ".

[134] ж) да се грижи за духовно-културниот развој на своите членови.

[135] Конференцията на Илинденската организация, *Илиндень*, II, 6 августъ 1922, 31, 3.

[136] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[137] Думата на илинденци, *Илиндень*, II, 20 Августъ 1922, 33, 2.

[138] точка 4. Ефикасно да се помагаат вдовиците и сираците на бившите македоно-одрински револуционери, останати без средства и засолниште. (Исто.)

ослободување на Македонија, како и ангажирање за градење на историја на македоно-одринското револуционерно движење. [139] Задолжението на Илинденската Организација да ги организира сите македоно-одрински револуционери за взаемно помагање и негување на револуционерните традиции било уште еднаш потврдено на основачкиот конгрес на организацијата (јануари, 1923 год.) Времето кога овој конгрес се одржал, и кој не случајно се совпаднал со свикувањето на Обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија, влијаел новите задачи кои биле поставени пред организацијата на илинденците да бидат поврзани со тогаш посебно актуелни прашања меѓу емиграцијата. Имено Илинденската Организација во посебно усвоената резолуција[140] на конгресот најавувајќи борба за одделување на македонската емиграција од политичкиот живот на Бугарија ("за да се прекине да се трошат силите надвор од интересите на татковината") одбивала секаква можност било кој политички фактор да се меша во нејзината работа. Јавно било декларирано дека организацијата нема да се меша во политичките расправии на македонската емиграција (кои таа ги сметала за природна појава), и дека ги осудува сите кои сакаат "да ги впрегнат македонските идеали во услуга на туѓи интереси." Отворено подржувајќи го започнатото "ново ослободително движење во Македонија" на конгресот Илинденската Организација се изјаснила дека во иднина секое мешање во тоа дело на македонската емиграција и секаков обид да се внесе немир во него преку создавање разни револуционерни комитети надвор од Македонија ќе го смета за штетно. Нова задача на членовите на организацијата била активноста за усмерување на македонската

[139] Думата на илинденци, *Илинднен*, II, 20 Августъ 1922, 33, 2.

[140] Думата на Илинденския конгресъ, *Илиндень*, III, 28 Януарий 1923, 4, 1.

литература на тој начин што ќе започне да излегува едиција на трудови под наслов "Илинденска библиотека."

Тргнувајќи од горе посочените задачи управата на друштвото "Илинден", наскоро по своето конституирање, започнала да остварува дел од поставените обврски. Првата неповратна помош, во износ од 500 лева, била отпуштена на членот на софиското друштво Даме Мартинов во мај 1921 год.[141] Почнувајќи од м. јули истата година друштвото речиси постојано давало парична помош на своите најзагрозени членови. Причините заради кои била барана материјалната поткрепа, која во просек изнесувала околу 400 лева, биле различни (помош за враќање во родните места, запишување на децата на членови од друштвото во училишта, но и за прехранување на семејствата). Друг вид олеснување која илинденците согласно со одредбите на Уставот ја примале била можноста при смртен случај нивното семејство да добие износ од 6. 000 лева. [142] Условот кој требал да биде исполнет за да се користи оваа посмртна помош бил членот на друштвото за секој починат член да давал најмалку по 5 лева. При таков случај Управниот совет на друштвото веднаш од касата на советот исплаќал 1/3 од претпоставуваната сума на неговите наследници, додека останатиот дел бил предаван откако сумата ќе била собрана. Иако посмртениот фонд бил уреден дури на основачкиот конгрес на организацијата, помош при смртни случаи понекогаш бил даван и пред тоа. [143] Со извесни тешкотии оваа помош се применувала за секој починат член.

---

[141] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[142] АМ. ф. 151, оп.1, ае 340.

[143] По повод смртта на членот на друштвото Иван Попов било решено сите членови да дадат по 5 лева (АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.), а помош била дадена и семејството на починатиот Христо Аргиров-Чаушот. (Дружествен живот, *Илинден*, II, 4 март 1922, 9, 2.)

Егзистенционалните проблеми со кои се соочувале најголемиот дел од членството на друштвата, и кои честопати биле поврзани со нерешеното стамбено прашање, придонеле Управата да се активира за нивно разрешување. Формираната за таа цел *Комисија по општинските места* имала задолжение да дејствува пред надлежните инстанци (градоначалникот на Софија, разни министерства) да отпуштаат места за населување на илинденците. Проблемите со кои таа Комисија се соочувала биле големи. И покрај тоа што нејзините членови неколку пати превзеле чекори пред градоначалникот, [144] до септември 1922 год. софиската општина сеуште немала усвоено конечно решение за определување на места за членовите на друштвото. [145] Со цел да се отпочне процесот на населување на илинденците била испратена и резолуција до премиерот, министерот за одбрана, министерот за Внатрешни работи и градоначалникот на Софија.[146] Управниот одбор презел иницијатива за сместување на членовите на друштвото по парцели.[147] Со негово посредство биле отпуштени места за околу 100 лица,[148] но и оваа акција се покажала како недоволна заради што во

---

[144] АМ. М-4267.

[145] АМ. М-4267. Заради неуспехот да се постигне некаков резултат во септември 1922 г. во комисијата биле избрани лицата: Ал. Механџиски, Ср. п. Петров, Борис Стрезов, Лазар Киселинчев. (АМ. М-4267.).; Според протоколите на Управниот Одбор на друштвото "Илинден" во комисијата за општински места влегле Борис Стрезов, Костадин Алексиев и Милан Ѓурлуков, а во избраната комисија, која со писма до разни трговски фирми ќе собира помош за друштвото влегле: Александар Механџиски и Славчо Абазов ( АМ. М-4267.)

[146] АМ. М-4267.

[147] Дружественъ животъ, *Илинденъ*, II, 4 Ноемврий 1922, 44, 2.

[148] За да конкурираат за тие места заинтересираните требало пред службениците на општината ги доставаат следните документи:"1. свидетелство на општината, дека нема место и за семејната положба, 2. свидетелство од општината дека е софиски жител по избирачките списоци, 3. декларација дека нема недвижни имоти тука и на друго место во

средината на 1923 год. од членовите на Комисијата било констатирано дека не можело да се очекува општо задоволување по отпуштање на места.[149]

Активноста на друштвото "Илинден" во зачувување на спомените и традицијата на македонските револуционерни борби имала посебно големо значење. Друштвото било прва македонска асоцијација која си поставила за проследување таква задача. Неговите членови започнале редовно да учествуваат во одбележување на годишнини од убиства на македонските револуционери.[150] Тргнувајќи од поставеното задолжение да ги чува револуционерните традиции на македонското ослободително движење, друштвото посебно внимание посветило на акцијата за пронаоѓање и зачувување на архивите и знамињата на некои revолоlуционерни реони и востанички чети во Македонија, кои се наоѓале во Бугарија.[151] Неговите членови успеале да го пронајдат илинденското воено знаме од с. Загоричани-Костурско.[152] Посебно големи усилби Управата презела во пронаоѓањето на најзначајното од сите револоlуционерни знамиња - знамето на Главниот штаб на Илинденското востание на Битолскиот револуционерен округ. Настојувањето тоа да

Царство Бугарија, 4. изјава од адресните билети на градоначалството и 5. потврда од друштвото "Илинден."(Исто.)

[149] АМ. М-4267.

[150] Гр. Костов од име на друштвото зборувал на одржаната по иницијатива на Прилепското братство панахида за Пере Тошев (Една бѣлѣжита панахида, *Автономна Македония*, I, 16 Май 1921, 23, 1), додека Ил. Личев учествувал на набргу потоа одржаната панахида за Гоце Делчев, приредена по иницијатива на Младинското емигрантско читалиште "Гоце Делчев."(Панахида за Гоце Дѣлчевъ, *Автономна Македония*, I, 23 Май 1921, 24, 1.)

[151] Общо събрание на дружество "Илинден", *Илинденъ*, II, 28 Май 1922, 21, 2.

[152] Ѓорѓе Миљковиќ, *Илинденските револуционерни знамиња*, ГИНИ, Скопје, 1993, 37, 1-2, 32.

биде пронајдено било уште поголемо, бидејќи било планирано тоа да стане знаме на друштвото.[153] Заради посебната историја која ова знаме ја имало, откако Борис Сарафов без согласност од останатите членови на Главниот востанички штаб го понел со себе во Софија, тоа било барано од неговиот брат. [154] Обидите да се земе знамето од Петко Сарафов, кои биле направени во јуни 1922 год. од страна на определените од Управниот Одбор Г. Занков и Анастас Љапчев, [155] како и ангажирањето за истата цел на Ар. Јовков и Сл. Ковачев во јули 1922 год.,[156] се покажале како неуспешни.[157]

Едно од главните задолженија на илинденското друштво било организирање на прослави по повод годишнините на Илинденското востание. До неговата појава повеќе македонски асоцијации по сопствена иницијатива организирале посебни илинденски прослави. Во првата повоена година во знак на сеќавање на загинатите во Илинденското востание биле отслужени две панахиди. Членовите на Исполнителниот Комитет, Врховиот Комитет "Одринска Тракија" и на Добруџанската организација панихидата ја одржале во црквата "Св. Недела",[158] додека емигрантите од Крушево тоа го сториле во црквата "Св. Спас."[159] Паралелно одбележување на Илинден со отслужување на панахиди во

---

[153] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 1.

[154] Исто.

[155] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.

[156]Исто. Интересно е што Ар. Јовков во 1902 г. како ученик во битолската гимназија заедно со својот соученик Драган Зографов по препорака на Анастас Лозанчев го нацртал штабното знаме на Битолскиот револуционерен округ. (Архив на МАНУ (понатаму АМАНУ), ф. Арсени Јовков, ае 10.)

[157] Знамето не било пронајдено ниту во акцијата спроведена во 1935 г. од в. *Македонски весѿи.* (Ѓорѓе Миљковиќ, *Илинденскиѿе револуционерни знамиња*, 45)

[158] Илинденската годишнина, *Народность*, 3 августь 1919, 92, 3.

[159]Исто., 31 Юли 1919, 91, 3.; Исто., 3 августь 1919, 92, 3.

различни цркви, продолжило и во наредната 1920 год. Крушевското братство, кое повторно било иницијатор за организирано одбележување на својот патронен празник "Св. Пророк Илија", откако во црквата "Св. Спас" дало панахида за загинатите во востанието,[160] заедно со Костурското братство,[161] приредило веселба со музика и лотарија.[162] Исполнителниот Комитет го одбележал Илинден во црката "Св. Недела".[163] Во празнувањето на Илинден во таа година се придружил и новоформираниот Емигрантски Комунистички Сојуз.[164]

Од 1921 год. прославите на Илинден започнале да се одбележуваат се поорганизирано. Голема улога за популаризирањето на овој празник му припаѓала на друштвото "Илинден", кое почнувајќи од таа година станало иницијатор[165] на овие прослави. Организираните по негова иницијатива илинденски прослави постепено масовно биле прифатени од македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија. Програмата на сите овие прослави секоја година била иста - отслужување на панахиди за починатите револуционери во црква, по што следел говор во кој се зборувало за значењето на Илинденското востание. Не ретко во истапувањата на одредени лица кои говореле на прославите на Илинден станувало збор и за тешката положба во која се наоѓала Македонија по нејзината поделба, посветувајќи притоа посебно внимание на положбата во Вардарска и Егејска Македонија. По повод Илинден биле

---

[160] *Македония*, I, 28 юлий 1920, 65, 2.

[161] Исто., I, 31 юлий 1920, 66, 4.

[162] Исто., I, 28 юлий 1920, 65, 2.

[163] Исто., I, 4 августь 1920, 67, 1-2.

[164] *Димо Хаджи Димов, публицистика, писма и документи*, 368-369.-говорот бил објавен во "*Работнически вестник*", 23, 4 август 1920.

[165] Сѫюзен живот, *Илинден*, I, 30 Юли 1921, 1, 3-4.; Покана, *Автономна Македония*, I, 1 Август 1921, 34, 2.; Ник. К. Празнуването на Илинден в София, *Освобождение*, II, 6 август 1921, 12, 2.

организирани и утра и народни веселби. Во 1921 год. по отслужувањето на панихида[166] за душите на сите паднати македонски револуционери, биле организирани: утро[167] (со литературно-музички дел) и народна веселба[168] (која се состоела од литературно-танцувачка вечер на која се носеле македонски носии и се зборувало на македонски дијалект[169]). Обидите 19 годишнината на Илинденското востание да биде масовно одбележано и оваа прослава да не биде само "ден на траур за македонската емиграција, туку и ден за манифестација на еден неизгаслив идеал"[170] била забележана во бугарското општество. Припремите започнале уште во средината на јуни 1922 год. кога Управниот Одбор на друштвото поканил[171] претставници на повеќе македонски организации во Бугарија на заедничко собрание за да се изработи програма на прославата на Илинден. На состанокот[172] кој бил воден од потпретседателот на друштвото Георги поп Христов било решено да биде издаден заеднички *Позив*,[173] а изработениот по тој повод *Манифест до целата емиграција*[174] било одлучено да се испрати до најодалечените места на

---

[166] Сѫюзен живот, *Илинден*, I, 30 юли 1921, 1, 4.

[167] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.

[168] Исто.

[169] В. Ковачев, Отпразнуването на Илинден, *Автоновна Македония*, I, 8 Август 1921, 35, 2.

[170] Политическото положение, *Епоха*, I, 31, 1 августъ 1922, 2.

[171] Хроника, *Илиндень*, II, 25 Юни 1922, 25, 2.

[172] АМ. М-4267.

[173] Позивот кој бил изработен од 3 члена комисија: Андр. Кожухарив (ИК), Арс. Јовков (друштво "Илинден") и Размов (Федеративен комитет) (АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.), бил подржан од следниве организации: Друштво "Илинден", ИК, Федеративен комитет, Македонско студентско друштво "Вардар", Македонски младешки сговор, Македонска студентска група, Македонско женско добротворно друштво и од читалиштето "Гоце Делчев."( *Илиндень*, II, 16 Юли 1922, 28, 1.)

[174] Исто, II, 31 Юли 1922, 30, 1.

државата. Позивот до сите македонски друштва, братства, младински организации и женски добротворни друштва во Бугарија во кој македонската емиграција била повикана да ја одбележи годишнината на "најсветлата страница од историјата на нашата татковина" бил отпечатен во македонскиот печат.[175] По отслужувањето на панахидата во црквата "Св. Недела", било осветено знамето на илинденското друштво.[176] Во говорот кој потоа го одржал редакторот на в."Илинден " Арсени Јовков се задржал на значењето на Илинденското востание, при што го повикал насобраниот народ да се сврти кон минатото и да ги издигне "заветите од Илинденските височини."[177] Претставникот на Исполнителниот Комитет Сребрен поп Петров во говорот одржан пред Народното собрание зборувал за последиците од поделбата на Македонија и однесувањето на српските и грчки власти во Вардарска и Егејска Македонија. Истовремено тој го искажал својот револт од однесувањето на европските држави кои непревземале никакви мерки да се реши македонското прашање.[178] Политички барања биле искажани и во Манифестот кој бил објавен во печатот. Во него било барано создавање на Независна Федеративна Македонија со рамноправно учество на сите народности кои ја населувале. Применувањето на клаузулите на малцинствата требало да го обезбедува еден меѓународен институт создаден во Македонија. Истиот институт требало да го гарантира слободното враќање на македонските бегалци на своите родни огништа. Енергично било побарано да се отстранат конвенциите за "доброволно" иселување на населението меѓу

---

[175] Позив, *Автономна Македонпя*, II, 23 Юлий 1922, 76, 4.

[176] Илинденската годишнина, *Денъ*, XI, София, 4 августъ 1922, 427 (3248), 2.; Отпразнуването на 2 августъ въ София, *Илиндень*, II, 6 Августъ 1922, 31, 3.

[177] Говорот бил отпечатен во весникот "Илинден". (Исто.)

[178] Манифестацията на македонцитѣ, *Епоха*, I, 3 августъ 1922, 33, 2; Илинденскитѣ празденства, *Илиндень*, II, 16 Августъ 1922, 32, 1.

Бугарија и Грција и да се зачуваат имотите на изгонетите од таму Македонци.[179] Во 1922 год. прв пат била одржана и македонска манифестација.[180] Насобраниот народ движејќи се по улиците носел пароли на кои пишувало: "*Сакаме мир и братство на Балканот*", "*Сакаме амнестија на сите осудени на смрт*", "*Сакаме враќање на заграбените имоти на Македонците*"[181], "*Сакаме уништување на конвенциите за "доброволното" иселување на Македонците*", "*Сакаме независна Македонија со рамноправно учество на народностите.*"[182]

Настан кој дал посебен белег на илинденската прослава во 1923 год. било пренесувањето на посмртните останки на легендарниот Гоце Делчев во црквата "Св. Недела." Најголемата заслуга за зачувување на посмртните останки му припаѓала на членот на друштвото Михаил Чаков.[183] Како учесник во битката кај с. Баница и добро запознаен со местото каде бил погребан Г. Делчев, М. Чаков во 1906 год. (заедно со Таската Спасов) откопувајќи го неговиот гроб, коските на Гоце ги предал на чување на Никола Мутавчиев од с. Баница. Во разгорот на Првата светска војна, кога овој дел на Македонија дошол под бугарска власт, М. Чаков ги понел коските со себе. Од 1917 год. до 1923 год. посмртните останки ги чувал во својот дом, се додека Раководното Тело на Илинденската Организација не побарало тие да бидат пренесени на чување во канцеларијата на друштвото "Илинден" во Софија.

---

[179] Исто. , II, 31 Юли 1922, 30, 1.)

[180] Манифестацията на македонцитѣ, *Епоха*, I, 3 августъ 1922, 33, 2; Илинденскитѣ празденства, *Илиндень*, II, 16 Августъ 1922, 32, 1.

[181] За свободата на Македония, *Мпръ*, XXVIII, 7 августъ 1922, 6650, 2; Илинденскитѣ празденства, *Илиндень*, II, 16 Августъ 1922, 32, 1.

[182] Исто.

[183] Панихиди и тържества въ София, *Независима Македония*, I, 9 Августъ 1923, 18, 1.; *Национално-револуционерните борби на македонскиот народ 1876-1912*, Публикација со текст, фотографии и документи, Скопје, 1968, 56-57.

Пренесувањето на посмртните останки на Гоце Делчев од домот на М. Чаков во црквата било извршено на 2 август 1923 год. На тој ден од канцеларијата на друштвото "Илинден" тргнала поворка на чие чело биле Раководното Тело на Илинденската Организација, Националниот Комитет на Сојузот на Младинските организации, претставници и членови на братствата кои се упатиле кон домот на Мих. Чаков.[184] Посмртните останки положени во специјален саркофаг на кој бил напишан заветот "*Ги заколнуваме поколенијата, овие коски да бидат погребани во претсолнината на Независна Македонија,*"[185] биле пренесени во црквата каде останале од 2 до 5 август.[186] Голем број Македонци за овие неколку дена му одале почит најпознатиот раководител на македонското револуционерно ослободително движење. По отслужувањето на панахидата за прв пат биле посетени гробовите на Трајко Китанчев, Борис Сарафов, Иван Гарванов, Ѓорче Петров, Пеју Јаворов, Христо Матов, Павел Христов, Михаил Радев-Странџата. Карактеристично за одбележувањето на годишнината на Илинденското востание во 1924 год. било што секоја од македонските организации (Илинденската Организација, Сојузот на македонските братства, Македонскиот Младешки Сговор, Македонското студентско друштво "Вардар") самостојно издала позиви.[187] Програмата на илинденската прослава и оваа година не се разликувала од претходните години. По давањето на панахидата и говорите,[188] присутните ги посетиле гробовите

---

[184] Панихида и тържеста въ София, *Независима Македония*, I, 9 Августъ 1923, 18, 1.; Тържествена прослава на 20-годишнината отъ Илинденското възстание, *Илиндень*, III, 12 Августъ 1923, 21, 1.

[185] Исто.

[186] Исто., III, 1 Августъ 1923, 19, 1.

[187] АО. ИНИ. ф. Кралско Посланство во Лондон. к. XXXVII/17, ред. бр. 244.

[188] Илиндень въ София, *Независима Македония*, II, 9 августъ 1924, 70, 1.

на Б. Сарафов, Ив. Гарванов, Тр. Китанчев, Хр. Матов, Ѓорче Петров, Ефрем Чучков, Странџата и тн.

Бројот на лицата кои учествувале на овие прослави на Илинден бил голем. Заради помасовно учество на прославите голем број Македонци во главниот бугарски град ги затварале своите дуќани, фурни и работилници, [189] следејќи го на тој начин примерот на Костурчани.[190] Македонската манифестација организирана на Илинден во 1922 год. од повеќе средини била оценета како најмасовна дотогаш организирана македонска манифестација. [191] Бројот на присутните кои учествувале на манифестацијата не може прецизно да се определи. Додека според определени извори тој изнесувал до 10 . 000 луѓе,[192] според органот на Народната партија "Мир" бил повеќе од 20. 000 луѓе,[193] а според редакторите на в. "Илинден" изнесувал од 18 - 20. 000 манифестанти.[194] Најмалку учесници на илинденската манифестација во 1922 год. имало според мислењето на Иван Михајлов -не помалку од 8. 000 лица.[195] Масовната посетеност на годишнината на Илинденското востание била забележана и од БКП.[196] Во 1924 год. бројот на присутните на илинденската манифестација бил исто така многу голем- над 30. 000

---

[189] Отпразнуването на 2 августъ въ София, *Илиндень*, II, 6 Августъ 1922, 31, 3.

[190] Илинденската панахида, *Автономна Македония*. II, 6 Август 1922, 78, 2.

[191] Илинденскитѣ празденства, *Илиндень*, II, 16 Августъ 1922, 32, 1.; Грандиозната Македонска манифестация на 6 Август, *Автономна Македония*, II, 13 Август 1922, 79, 1.

[192] Исто.

[193] За свободата на Македония, *Миръ*, XXVIII, София, 7 августъ 1922, 6650, 2.

[194] Илинденскитѣ празденства, *Илиндень*. II, 16 Августъ 1922, 32, 1.

[195] АМ. ф. 1932, кут. 4.

[196] Македонската манифестация, *Работнически вестник*, 9 август 1923, 56, 2.

луѓе,[197] а според известувањето на Министерството на Надворешни работи на Кралството СХС бројот бил околу 35. 000 луѓе.[198]

Одбележувањето на Илинден се спроведувало и во внатершноста на Бугарија. Во поголемиот број случаи како организатори фигурирале илинденските друштва. Во 1921 год. прославата на Илинден во Русе, според податоци од претседателот на друштвото В. Димитров, прераснала во вистинска манифестација.[199] Во наредните години годишнината од Илинденското востание масовно започнала да се одбележува во внатрешноста на Бугарија. [200].

---

[197] Илиндень въ София, *Независима Македония*, II, 9 августъ 1924, 70, 1.

[198] АО. ИНИ. ф. Кралско Посланство во Лондон. к. XXXVII/17, ред. бр. 244.

[199] Отпразднуване патрония ни праздник "Илинден" в Русе, *Илинден*, И, 10 Септември 1921, 2, 4.

[200] Како организатори на прославите илинденските друштва фигурирале во градовите Горна Џумаја ( *Илиндень*, II, 16 Августъ 1922, 32, 1.; Исто., II, 20 Августъ 1922, 33, 2.); Русе (Исто., II, 16 Августъ 1922, 32, 1.); Ќустендил (Исто.); Фердинанд (Исто) каде следејќи го примерот во Софија биле одржани панахиди. Посебно свечано била организирана прославата во Варна, каде по отслужувањето на панахидата и молебенот многубријниот народ започнал да се движи низ улиците по градот, носејќи со себе натписи: "*Да живее Слободна и независна Македонија*", "*Слобода или смрт!- Илинден1903 год.*", "*Да живее Слободна Федеративна Македонија*", "*Ропска Македонија е срам за Европа*". (Д. п. Евтимов, Илинден в в Варна, *Автономна Македония*, II, 14 Септември 1922, 81, 2.; *Илиндень*, II, 16 Августъ 1922, 32, 1.) Во 1923 год. Илинден бил одбележан во Јамбол, Борисовград, Ќустендил, Враца (Изъ живота на братствата, *Независима Македония*, I, 16 Августъ 1923, 19, 4.) Заради забрана на сите општествени собранија во Видин прославата на Илинден морале да ја организираат на 19 август (заедно со прославата на Преображеснското востание), но и покрај тоа била организирана манифестација на чие чело бил портретот на Г. Делчев и знамето на друштвото "Илинден" (Изљ живота на братствата, *Независима Македония*, I, 31 Августъ 1923, 21, 4.) Во Варна пред црквата, по одржаната панахида и молебен Димитар Влахов одржал говор. (АМ. ф. 1932, кут. 1). Во 1924 год. илинденски прослви биле организирани во: Ортакој, Ќустендил, Перник, Пловдив, Трново, Цариград. (Илинденската прослава другадѣ, *Илиндень*, IV, 16 Августъ 1924, 3, 1-2.)

Учеството во организирањето на илининденските прослави било само дел од активноста на Илинденската Организација за одбележување на тој важен настан од македонската револуционерна историја. На страниците на весниците "Илинден", "Пирин", "20 Јули" биле објавувани биографии на македонски војводи и револуционери, документи од времето на Илинденското востание.[201] Промената на редакцијата на в. "Илинден" која се случила во јануари 1922 год. посебно се одразила врз натамошната уредувачка политика на весникот. Во јануари 1922 год. редакционот комитет на органот на друштвото во состав: Ал. Панов, Г. Занков и Ил. Личев,[202] (со Ал. Панов како редактор), бил заменет со нова редакција. За нов редактор бил поставен Ар. Јовков, а за нови членови на редакциониот комитет биле избрани: Г. Занков, Ал. Ефтимов, Ст. Мишев и П. Чаулев.[203] Со желба да го издигнат в. "Илинден" во еден моќен печатен орган, но и да докажат дека како поранешни "борци со оган и меч, можат на културно и пропагандно поле подеднакво чесно да се борат со збор и перо"[204] новата редакција, и посебно новиот редактор Ар. Јовков дале можност во уредувањето на весникот да учествуваат голем број соработници.[205] Меѓу оние кои активно се вклучиле во уредувањето на органот на илинденците биле:, Крсте Петков Мисирков, Димо Хаџи Димов, Иван Серафимов Аговски, Војдан Чернодрински и др. Користејќи го печатното гласило на Илинденската Организација како трибина за изнесување на своите ставови по разни прашања овие соработници

---

[201] Меѓу другите било објавено окружното за објавување на востание од Главниот Штаб на II Македонски-одрински револуционерен округ. (*Илиндень*, II, 6 Августъ 1922, 31, 1.)

[202] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 2.

[203] Исто.

[204] Думата на Илинденския конгресъ, *Илинден*, III, 28 Януари 1923, 4, 1.

[205] Алексо Мартулков, *Моето учество во револуционерните борби на Македонија*, Скопје, 1954, 360.

најмногу придонеле што в. "Илинден" се здобил со голема популарност меѓу македонската емиграција во Бугарија, и во останатите европски држави. Во набројувањето на резултатите кои биле забележани по едногодишното постоење на в. "Илинден" било истакнато дека тој успеал да се распространи во сите држави во светот каде живееле македонски емигранти. Весникот имено се испраќал во Романија, Австрија, Италија, Швајцарија, Германија, Чешка, САД, Канада, Аргентина, Бразил, Египет, и Цариград.[206] Бројот на претплатници на овој весник бил многу голем - 8. 000,[207] додека неговиот тираж за краток временски период ја достигнал цифрата од 12 до 15 илјади примероци.[208] Толку голем тираж бил недостижен за многу не само македонски туку и бугарски весници. За споредба в. "Македонија" имал три пати помал тираж.[209]

Најголемо влијание за толку масовно прифаќање на в. "Илинден" од македонската емиграција како што рековме одиграла уредувачката политика на редакциониот комитет на весникот. На страниците на органот на Илинденската Организација можеле да се прочитат ставови околу начинот на решавање на македонското прашање и идното устројство на независна Македонија. Иднината на слободна и обединета Македонија била гледана во рамките на една Балканска Федерација, при што Македонија би претставувала нејзин рамноправен член,[210] Швајцарија била посочувана како пример по кој требало да се уреди идната слободна и независна Македонија. Идејата за создавање на независна Македонија била поврзувана и со нејзиното економско ослободување, кое според мислењето на социјалистот Иван Серафимов Аговски претставувало

---

[206] Годишнината на весникъ "Илинденъ", *Илинденъ*, II, 4 Ноемврий 1922, 44, 2.

[207] З. Тодоровски, *Дејносѿа на Илинденскаѿа орїанизација во..*, 148.

[208] Исто.

[209] Исто.

[210] Югославянска или Балкан. федерация?, *Илиндень*, III, 26 августъ 1923, 23, 1.

најголема гаранција за непречен натамошен самостоен развиток.[211] Реализирањето на вековниот сон за сопствена држава било можно единствено со ангажирање на поробеното население во Македонија, имајќи ја притоа поткрепата "од надворешни политички фактори кои доаѓаат по нови патишта."[212] Спротиставеноста на идеалот за независна Македонија и бугарскиот државен идеал, кои се наоѓале во "непомирлива противречност",[213] често пати била истакнувана во в. "Илинден." Од таму и произлегувала потребата од постоење на македонски печат, како една неопходност на "македонската политичка мисла."[214] Бугарскиот печат на страниците на в. "Илинден" од страна на редакторот Ар. Јовков бил обвинет за големобугарското влијание врз еден дел од македонската емиграција во Бугарија. Според негово мислење бугарскиот печат придонел многу за идејното подлизнување на голем дел од македонската емиграција.[215]

Посебно внимание заслужуваат истапувањата на најистакнатиот македонски славист-филолог, етнограф и фолклорист Крсте Петков Мисирков во кој детално ги обработувал прашањата за македонската национална култура и историја. Постоењето на македонското прашње Крсте Мисирков го поврзал со постоењето на "Македонци и македонски интереси како самостоен, политички и културен фактор" во Македонија, со што отворено се спротиставил на тврдењето кое доаѓало "посебно од бугарската интелигенција и софиските професори" дека македонското прашање е само прашање за идното политичко устројство на

---

[211] *Илинденъ*, IV, 6 априлъ 1924, 5, 1.

[212] *Пирин*, I, 18 Ноемврий 1923, 6, 1.

[213] Исто., 6 Януарий 1924, 13, 2.

[214] Ар. Јовковъ, Македонскиятъ печатъ, *Илинденъ*, IV, 13 септемврий 1924, 6, 1.

[215] Исто.

Македонија.[216] Македонската култура и "националната свест на Македонците воопшто" не можела да биде ликвидирана, ниту од премиерите на Југославија и Бугарија, ниту од софиските и белградските универзитети, бидејќи според негово мислење никој неможел да го замени со никакви свои "светци" и јунаци Кирил и Методиј, Климент и Наум, цар Самуил, Добромир Стрез, Крал Волкашин, Крали Марко. Од страниците на в. "Пирин" тој порачувал дека "Македонска самобитна култура имало и има и таа била најсилното оружје Македонците да си го зачуваат денешниот културен облик и да ги преживеат сите превратности во историјата на нивната татковина. Ниту Византија, ниту Бугарија, ниту Србија, ниту пак Турција можеле да внесат некакви промени во карактерот на Македонците од таква природа што да ја убијат во нив индивидуалноста, и да ги оддалечат од нивните словенски прадедовци. Истата македонска култура, самобитност, е главната пречка за претопувањето на Македонците од нејзините сегашни поробители." Поделбата на Македонија меѓу трите балкански држави, кои со посредство на својата дипломатија и печат ги имале сите можности "да ја заблудуваат европската јавност за потребите и вистинската положба на нашата татковина", според Крсте Мисирков Македонците не требало да ја прифатат како конечно решение.[217] Давајќи го примерот со Полска, чија територија исто така била поделена од нејзините соседи Русија, Прусија и Австрија, но која сепак извојувала слобода, К. Мисирков ги повикал читателите на в. "Илинден" да не ја губат надежта за ослободување на Македонија. Својот оптимизам тој го темелел и од податокот што Македонците како народ имале своја интелгенција, свои славни традиции, своја усна и писмена литература и култура. Дури и во

---

[216] Македонската култура, *Пирин*, 21 октомврий 1923, 2.

[217] Песимизъм и оптимизъ, Илиндень, 3 мартъ 1923, 9, 2.

статиите кои биле посветени на српските насилства и на асимилатроските мерки спроведувани во Вардарска Македонија,[218] К. Мисирков зборувал за самостојната македонска култура. Од таму не зачудува впечатокот кој се појавил во странство дека Илинденската Организација "се стреми да го зачува народното сознание на Македонците."[219] В. "Илинден" со право се вбројува во редот на оние македонски весници и списанија кои ја поставиле основата на современиот македонски дневен и периодичен печат. Блаже Ристевски овој весник го изедначува со "Македонија" на К. Шахов, "Лоза" на П. п. Арсов, "Балкански гласник" и "Балкан" на Ст. Ј. Дедов, списанието "Вардар" на К. Мисирков, "Македонски голос" на Д. Чупоски, "Билтен" на Привременото Претставништво, "Македонско дело" на Д. Влахов, "Македонско знаме" и "Македонски вести."[220]

Напоредно со печатење на прилози во кои биле разгледувани прашања за македонската национална култура и историја на страниците на в. "Илинден" биле објавувани и статии од кои во целост може да е утврди односот на Илинденската Организација кон власта во Бугарија.

---

[218] Исто., 25 мартъ 1923, 12, 2.

[219] *Чехословашки извори за българската история*, I, София, 1985, 176.

[220] Блаже Ристовски, *Процеси од македонската литературна и национална историја*, III, Скопје, 1990, 416-417.

## ГЛАВА ТРЕТА

# АКТИВНОСТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПЕРИОД ОД 1921 ДО 1924 ГОДИНА

## III. 1. ОДНОСОТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА КОН ВЛАДАТА НА АЛЕКСАНДАР СТАМБОЛИСКИ

По завршувањето на Првата светска војна Бугарија се наоѓала во потполна меѓународна излоација. Претставата за оваа држава во меѓународната јавност била многу неповолна. Размислаувањата на англискиот дипломат Харолд Николсон-секретар на англиската делегација на Париската мировна конференција околу нејзиното учество во војните во голема мера ги одразувала размислите и ставовите на (немал) дел западни државници за Бугарија или барем на оние кои имале решавачко влијание на Париската мировна конференција. "Нивната традиција, нивната историја, нивната фактичка обврска морало нив да ги поврза со делото на Русија и Антантата. Тие постапија предавнички во 1913 година и вероломно го повториле своето предавство во големата војна (Првата светска војна-б.м.). Водени во најголема мера од материјални побуди тие се присоединиле кон Германија и со тоа ја продолжиле војната за две години."[221] Со цел да ја поврати довербата на државите на Антантата Бугарија во периодот по завршувањето на Првата светска војна постојано прилагала докази дека има расчистено со своето минато. Така сите влади кои во перидот од потпишувањето на примирјето во Солун (29 септември 1918 год.) до потпишувањето на Нејскиот мировен

[221] Гаролъд Николъсон, *Как делался мир в 1919 г.*, Москва, 1945, 47.

договор (27 ноември 1919 год.) поминале на бугарската политичка сцена,[222] по состав коалициони, биле составени од партии кои не биле дискредитирани во Првата светска војна. Коалиционата влада на Александар Малинов била составена од партии кои го потпишале примирјето (Демократска и Радикално демократска), од партии кои ќе ја започнале Првата светска војна (Прогресивно либералната и Народната) и од партии кои отворено се спротиставиле на идејата државата да војува-БЗНС и БРСДП (обединета). Истиот однос на силите меѓу партиите, со исклучок на претставниците на најмоќната буржоаска партија-Демократската партија, се задржала и во двете влади на Теодор Теодров. Во коалциионата влада на Александар Стамболиски, повторно според горе наведениот принцип, влегле членови на Народната и на Прогресивно либералната партија.

Во оваа тешка ситуација во која се наоѓала државата, кога наполно дискредитираните во очите на народот партии го плаќале данокот на "својата катастрофална политика за време на Првата светска војна",[223] или ја сноселе "својата одговорност за минатите престапи и за поткрепата, која ја дадоа за време на Првата светска војна на Фердинанд и на владата на д-р В. Радославов",[224] профитирала партијата на чие чело стоел Александар Стамболиски-Бугарскиот Земјоделски Народен Сојуз (БЗНС). Преседанот кој челниците на оваа партија го направиле со одлуката ниеден член да влезе во владата на Александар Малинов (по

---

[222] влада на Александар Малинов (17 октомври-28 ноември 1918 год.); влада на Теодор Теодоров (28 ноември 1918 год.- 7 мај 1919 год.); втора влада на Теодор Теодоров (7 мај-6 октомври 1919); влада на Александар Стамболиски (6 октомври 1919 год.-21 мај 1920 год.)

[223] Ярослав Йоцов, *Управлението на земеделският съюз 1919-1923 година*, Исторически преглед (ИП), 1950, 3, 251.

[224] Ярослав Йоцов, *Управлението на земеделският съюз 1919-1923 г.*, 251.

долги дискусии и спротиставени мислења) и покрај донесеното во 1913 год. решение со кое не била дозволена таква постапка,[225] не значел напуштање на програмските определеби на Земјоделскиот сојуз-партијата да управува само кога ќе освои парламентарно мнозинство. Оваа постапка, мотивирана најмногу од потребата и надежта дека членотъ на БЗНС "ќе може да влијае за надминувањето на окупацијата, воената положба и цензурата и за прекинувањето на прогоните против востаниците од Владаја",[226] ја највила се позначајната улога на БЗНС во бугарската повоена историја.

Масовизирањето на земјоделското движење меѓу населението кое било забележано на изборите од 1913 год., станало евидентно по одржаните избори во август 1919 год. и март 1920 год. На изборите од 1919 год. од вкупниот број гласови БЗНС добила 27, 5%,[227] а во наредната година тој процент се зголемил на 39%.[228] Ако резултатите од првите повоени избори (1919 год.) за БЗНС биле доволни да формира коалициона влада, резултатите од предвремените избори во 1920 год. му го донеле мандатот за формирање самостојна влада. На тој начин водачот на "селската сталешка организација" Ал. Стамболиски добил можност да ги оствари и да ги воведе во живот идеите кои со сиот свој жар дотогаш ги проповедал меѓу населението.

Управувањето на БЗНС било "интересна појава во повоена Европа."[229] За прв пат на власт во една држава дошла партија на средноимотни селани. Иако своето самостојно управување земјоделската влада го започнала во исклучително тежок момент за државата, кога

---

[225] Дим. Петрова, цит. дело, 14-15.

[226] Александъ р Стамболийски, *Избрани произведения*, София, 1980, 448-450.

[227] Д. Петрова, цит. дело, 33.

[228] Исто., 85.

[229] *Кратка история на България*, 321.

последиците од војните во голема мера не биле отстранети, а положбата во државата сеуште не била смирена по Транспортниот штрајк,[230] таа сепак, благодарејќи најмногу на енергичниот дух и силната волја кои ги поседувал премиерот, успеала да остави свој печат во бугарските повоени години. Доследно на програмските определби на Земјоделскиот Сојуз "почетокот на самостојното земјоделско управување се карактеризирало со вистински законодавно - реформаторски бум."[231] За краток временски период биле изгласани повеќе закони со чија примена се воведувале реформи во државата.[232] Со реформната активност се настојувало да се ограничи крупниот капитал и да се поттикне ситната сопственост. Во спроведувањето на реформите Владата постојано наидувала на бројни пречки, заради што некои закони не биле целосно наложени.

Општо земено положбата во која се наоѓала самостојната влада на БЗНС за целиот период додека управувала со државата била исклучително тешка. Според мислење на премиерот тоа воопшто не било "управување, туку една војна, една вистинска внатрешна и надворешна војна: војна со железничари, војна со разбојници по шумите, со разбојници во градовите, војна со учители, војна со партии, војна со воена лига, војна со омраза и недоверба надвор од нас, војна дури со високопочитуваниот Св. Синод."[233]

Причините за толку масовно распространетото непријателско расположение кон земјоделската влада, кое со време се посилно се

---

[230] Штрајкот на транспортните работници започнува со демонстрациите на 24 и 25 декември 1919 г., а завршил на 19 февруари 1920 г.

[231] Д. Петрова, цит. дело, 134.

[232] *История на България*, III, 72-75.

[233] Д-р П. Киранов, *Българското земеделско движение. (Идеи, развитие и дело)*, София, 1927, 60.

изразувало, биле разновидни и многубројни. Цврстата решеност да се реализираат декларираните идејно-политички определби која челниците на БЗНС, а посебно нивниот водач, ја пројавиле уште додека нивната партија немала формирано самостојна влада, со уште поголем интензитет се манифестирала по целосното преземање на власта. Спроведените енергични акции за казнување на виновниците за бугарското влегување во Првата светска војна, какви што биле затворањето на целокупната влада на Васил Радославов (без тој самиот) и задушувањето на Транспортниот штрајк, биле доказ дека земјоделската влада ќе остане доследна при нивното целосно реализирање. Пројавената владина решителност во налагањето на по многумина радикалните[234] реформски зафати придонела бројот на незадоволните од власта, па дури и непријателски расположените сили кон неа, со време се повеќе да се зголемува. Друг предуслов за појава на силно антивладино расположение кај опозиционите политички партии било раширувањето на сфаќањето дека во државата се крши Уставот. Постапката на распуштање на Народното собрание, спроведена само шест месеци по неговото конституирање и покрај тоа што била извршена со царски указ, од одредени политички кругови била примена како нарушување на законитоста.[235] Фактот што воената положба и цензурата во државата не биле укинати по ратификувањето на мировниот договор (август 1920 год.) бил примен како уште една потврда што оди во прилог на таа констатација. Првите напади против власта опозиционите партии

[234] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот. Дваесетти век,* том II , Скопје, 1999, 195.

[235] Христо Стефанов, *Българската радикална партия 1906-1949,* София, 1984, 182.; Д. Петрова, цит. дело, 77-78. Од сите пол. партии, кои тогаш биле во опозиција, единствено Народнолибералната партија (генадиевистите) не протестирала по повод оваа постапка.

започнале да ги упатуваат преку печатот,[236] а набргу потоа оваа борба Демократската партија, како "лидер на буржоаската опозиција,"[237] ја префрлила во Собранието.[238] Во борбата со опозицијата, започната при крајот на 1920 год.,[239] БЗНС останал сам. Подршката од коалиционите партнери - Народната и Прогресивнолибералната партија која што ја имал при реализирањето на своите програмски определби исчезнала со формирањето на самостојната земјоделска влада. Стравот на водачите на овие две политички партии од евентуална казна заради нивниот придонес Бугарија да ги започне Првата и Втората балканска војна имал пресудна улога за нивното се поголемо одалечување од довчерашниот коалиционен партнер. Непријателското расположение кон властта било засилено од одредени постапки преземени од Владата. Во настојување да ги наложи своите замисли и да ги избегне пречките кои редовно и биле поставувани од опозицијата, силно подржувана од Меѓусојузничката комисија,[240] чие влијание во државата било многу големо,[241] земјоделската влада се

---

[236] Неделко Атанасов, *Стопанското и политическото положение на Блгария*, Београд, (s.a.), 32.

[237] Д. Петрова, цит. дело, 167.

[238] Со цел да се компромитира антивоената дејност на БЗНС за време на Првата светска војна припадник на Демократската партија во Собранието прочитал писмо на една група земјоделски пратеници упатено до генерал Жеков од 1917 г. со кое се компромитирал БЗНС. (Стамболијски и Фердинанд-Једно сензационо откриће, *Политика*, XVI, 4580, 23 јануара 1921, 1.; Дволичност Стамболијскога, *Политика*, XVI, 4586, 29 јануара 1921, 1.)

[239] Васил Коларов, *Спомени*, София, 1968, 474.

[240] Меѓусојузничката комисија, чие формирање било поврзано со чл. 130 од мировниот договор, во Бугарија пристигнала при крајот на февруари 1921 г. Составена од претставници на Велика Британија, Франција и Италија, и комесар од Бугарија "кој ќе учествува во заседанијата на комисијата, кога ќе биде повикан, и без право на глас" комисијата требало да дејствува се додека Бугарија не го исплати она што го должела согласно со договорот. (Д. Петрова, цит. дело, 194.)

[241] Ярослав Йоцов, *Управлението на Земеделския съюз 1919-1923 г.*, ИП, 1950, 3, 256.; Под влијание на Меѓусојузничката комисија бил изменет усвоениот од Народното

служела со постапки кои не секогаш биле дозволени со закон. Така Народното собрание било наполно игнорирано од премиерот, бидејќи за работата на кабинетот тој не одговарал пред највисокиот законодавен дом, туку пред конгресите на партијата.[242] "Пред нив владата ја доставуваше својата оставка и од нив добиваше мандат за натамошно управување со државата."[243] Еден од најблиските соработници на Ал. Стамболиски, Коста Тодоров, бугарски амбасадор во Белград во тој период, подоцна јавно го обелоденил податокот дека постигнатото мнозинство на БЗНС на изборите од март 1920 год. (потребно за да се формира земјоделска влада) било обезбедено со нарушување на законот,[244] на тој начин што биле поништени мандатите на избрани пратеници од опозиционите партии.[245] Промената на изборниот закон извршена пред одржувањето на изборите во пролетта 1923 год. со кој изборни единици станувале околиите, а не како пред тоа окрузите, и повторното предвремено распуштање на Народното собрание, спроведено во март 1923 год., предизвикале посебно негодување во редовите на опозицијата. Ова незадоволство се зголемило уште повеќе откако се дознале резултатите од парламентарните избори, на кои БЗНС

---

Собрание буџет на државата за 1921-1922 г., бил изменет чл. 4 од законот за судење на виновниците за националната катастрофа, била повлечена одлуката за постоење Консорциум. (Хр. Несторов, *Ньойският договор за мир и грабителската и контрареволюционна политика на западните империалисти в България (1919-1923)*, София, 1957, 219-221.)

[242] Во периодот кога со земјата раководела земјоделската влада биле одржани XVI (12-15 февруари 1921) и XVII конгрес ( 28-30 мај 1922) на БЗНС.

[243] *История на България*, т. III, 71.

[244] Коста Тодоров, *Политичка историја савремене Бугарске*, Београд, (s.a.), 316.

[245] Под изговор дека биле направени извесни нарушувања за време на изборите во Врачански и Пловдивски округ биле поништени мандатите на 13 пратеници од три опозициони парламенатарни партии (БКП, Демократска и Прогресивно либерална партија).

откако обезбедил фантастични 52, 7% од вкупниот број гласови[246] забележал голема изборна победа.

Спроведуваната владина внатрешна политика, како што може да се забележи, била главна причина за незадоволството на опозиционите политички партии. За разлика од нив, организациите на македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија пројавиле посебен интерес за постапките на Владата на надворешен политички план, и околу појавената можност од постигнување бугарско-југословенско зближување. Друштвото "Илинден" како културно-просветно и добротворно здружение во кои членувале некогашни македонски револуционери во почетокот на своето постоење бил исклучок од таа појава. Првиот преземен чекор да се наруши постоечката бариера меѓу Бугарија и Кралството СХС направен со посетата на бугарскиот министер на внатрешни работи Александар Димитров на Белград, остварена при крајот на мај 1921 год., кој бил забележан на страниците на гласилата на повеќе македонски организации,[247] не го привлекол вниманието на членовите на друштвото. Остварената средба на претставник на званична Бугарија со владата на Кралството СХС, прва[248] по влегувањето на Бугарија во Првата светска војна, како и спроведените постапки по нејзиното одржување,[249] не биле поставени на разгледување од страна на членовите на друштвото, бидејќи тогаш се поставувале неговите основи.

---

[246] *История на България*, т. III, 90.; Я. Йоцов, *Управлението на Демократическия сговор*, ИП, 1948-1949, 1, 21.

[247] Македонската емиграция и Сърбитѣ, *Македония*, II, София, 5 юний 1921, 147, 1; Исто., II, 148, 1.; Сръбското пресбиро за четитѣ, *Автономна Македония*, I, 6 Юни 1921, 26, 1.; Исто., I, 20 Юни 1921, 28, 1.

[248] Посета г. Димитрова, *Политика*, Београд, 4707, XVI. 1 Јуна 1921, 1.

[249] По посетата на Димитров биле формирани две контрачети кои требало да го ликвидираат Тодор Александров и бил усвоен специјален закон против четите. (Васил

Во историската литература распространето е тврдењето дека причина за заострување на односите меѓу друштвото "Илинден" и владата на Ал. Стамболиски билројавениот конфликт меѓу ВМРО и БЗНС.[250] Затоа разбирлива е потребата од прецизирање на времето кога дошло до конфронтација меѓу ВМРО и БЗНС. Тоа меѓутоа тешко може да се утврди,[251] зошто постапките кои водачот на ВМРО Т. Александров ги преземал несекогаш можат да дадат јасна слика на тие односи.[252] Заемно добрите односи меѓу ВМРО и БЗНС околу чие воспоставување нема никакви непознаници,[253] биле нарушени со посетата на министерот А.

---

Василев, *Още за Нишката спогодба от 1923 г. и нейните последици*, Векове, 3, 1990, 19.)

[250] Костадин Палешутски, *Илинденската организация(1921-1924 г.)*, Известия на института по история на БКП, София, 1988, 61, 91; Истиот, *Македонското освободително движение след Първата световна война(1918-1924)*, София, 1993, 153.

[251] Д. Добринов, *Последният цар на планините (Биографичен очерк за Тодор Александров 1881-1924)*, София, 1992, 88.

[252] Речиси истовремено кога Т. Александров го испратил првото предупредување до министерот А. Димитров (види: *Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение*, Май 1923, 109-111; Иван Михайлов, *Спомени II*, 199-201) кое завршувало со отворена закана по неговиот живот (септември 1920 г.), истиот само месец подоцна (октомври) преговарал со началникот на полицијата во Ќустендил Милев, директно потчинет на претходно посочениот министер, околу можноста тој да се врати во Бугарија. (АМ. ф. 1933, оп.2, ае 50.). По враќањето на Бугарија Т. Александров во преписка со премиерот Ал. Стамболиски предлагал ВМРО и владата да назначат полкомошници преку кои ќе се одржуваат меѓусебните контакти. (Д. Добринов, *Последният цар на..*, 87.) Во есента 1922 г. исто така бил направен иницијатива да отпочнат преговори на владата и ЦК на ВМРО. (Васил Ат. Василев, *Последният опит за споразумение между БЗНС и ВМРО,* МП, XIV, 1991, 3, 39.)

[253] Со сигурност се знае дека датираат од 1919 г, за во време на коалиционата влада на Ал. Стамболиски да бидат одржувани со посредство на најблискиот човек на премиерот министерот за внатрешни работи Ал. Димитров. ( Д. Добринов, *Последният цар на планините(Биографичен очерк за Тодор Александров 1881-1924*, 86.) При крајот на октомври 1919 г. министерот Ал. Димитров го замолил Т. Александров да му даде совети

Димитров на Белград.[254] Односите дополнително биле влошени со формирањето на МЕФО (декември 1921 год.).

Првото обраќање на друштвото "Илинден" до премиерот Ал. Стамболиски, во кое била критикувана работата на Владата, се случил во летото 1922 год. Оваа постапка на членовите на друштвото воедно го најавило активирањето на здружението на илинденците во политичкиот живот на македонската емиграција. Времето кога се случило тоа коинцидирало со периодот кога ВМРО ја зацврстил својата организациона мрежа во пиринскиот дел на Македонија. Со привлекувањето на војводата Алеко Василев во редовите на ВМРО Т. Александров успеал да воспостави контрола врз значителен дел од припадниците на македонското ослободилено движење, што било од посебно значење во отпочнатата комитска активност во Вардарска Македонија. За одбележување е што друштвото "Илинден" се среќавало во меѓусебната државна комуникација меѓу владите на Бугарија и Кралството СХС. Во дипломатската акција која во летото 1922 год. ја презела владата на Кралството СХС со цел да се отстрани опасноста од четнички навлегувања на нејзина територија, свое место имало и друштвото "Илинден." Во нотата[255] на југословенската влада испратена до Друштвото на Народите, било наведено дека "членовите на друштвото "Илинден" се познати комитски војводи од време на војната и посебно дека весникот на тоа друштво води антијугословенска кампања."[256] На

---

и содејство за да се воведе ред во Струмичкиот округ. (*Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение*, 9.)

[254] Д. Добринов, цит. дело, 89.

[255] Desanka Todorović, *Jugoslavija i Balkanske države 1918-1923*, Beograd, 1979, 167.

[256] D. Todorović, *Jugoslavija i Balkanske države 1918-1923*, 167.

барањето да се забрани работата на добротворните братства и друштва[257] (при што се мислело и на друштвото "Илинден") бугарската влада одговорила негативно со образложение дека согласно со одредбите на Нејскиот мировен договор таа неможела да ги распушта добротворните друштва и братства.[258] Од октомври 1922 год. бил забранет влезот и растурањето на весникот "Илинден" во границата на Кралството СХС. [259]

Се поставува прашањето дали друштвото "Илинден" со своето однесување дало повод за да го третираат како закана за меѓудржавните односи меѓу Бугарија и Кралството СХС. Од почетокот на новата 1922 год. друштвото навистина почнало да пројавува поголем интерес за се што се случувало од другата страна на западната бугарска граница. Започнувајќи од јануари 1922 год. во рубриката "Отзиви" во органот на друштвото се почесто се среќавале коментари и извадоци од српскиот печат и податоци за најзначајните настани од политичкиот живот на Кралството СХС. Оваа тенденција продолжила и била засилена со објавување на полемички статии во пролетта 1922 год. [260] Со следниот чекор кој бил преземен од друштвото бил направен уште еден чекор напред во неговото политичко активирање. На страниците на в. "Илинден" бил отпечатен протестот[261] на Историско-филолошката секција на БАН. Со оваа постапка илинденското друштво индиректно се вмешало во искрснатиот проблем околу воведувањето на новиот бугарски

---

[257] Живко Аврамовски, *Некои асиекiии на македонскоiио ирашање во односиiие на Југославија со Грција и Бугарија од 1918 година до 1925 година,* ГИНИ, XVI, Скопје, 1972, 1, 77.

[258] Бугарски одговор, *Полиiика*, Београд, 5134, XVIII, 10 Августа 1922, 2.

[259] АМ, ф. Министарство Унутрашних Дела Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца (понатаму МУД КСХС) , кутија 3.

[260] Сръбската преса и македонската емиграция, *Илинден*, II, 11 Март 1922, 10, 1.; Исто, II, 12, 1.

[261] Исто., II, 22 Април 1922, 16, 1-2.

фонетски правопис.[262] И покрај тоа што редакторот[263] на в. "Илинден" отворено не застанал зад аргументите кои биле изнесени во протестот, бидејќи своето мислење по овој настан не искажал, со отпечатувањето на протестот станало јасно дека друштвото ги подржува изнесените аргументи и не се согласува со владините реформи на тоа поле. За поконкретно и појасно истапување на друштвото во врска со прашањето на правописот не требало многу да се чека. Веќе по еден месец, од 28 мај 1922 год., органот на друштвото започнал да се печати со стариот правопис.[264] Искористувајќи го вакуумот кој настанал по укинувањето на цензурата на печатот,[265] извршена на 5 март 1922 год., и покрај заплашувањата со казни[266] весникот започнал да се печати со етимолошки правопис и со старата руско-словенска азбука.

---

[262] На 1 јули 1922 г. во Бугарија бил воведен нов фонетски правопис (Д. Петрова, цит. дело, 225-226) Заради големиот отпор кој го предизвикал овој закон со одлука на Народното собрание од 22 март 1922 г. било решено новиот правопис да не биде задолжителен, туку факултативен, заради што за примена на стариот правопис повеќе не биле предвидени казни. (Послѣдната редакция на закона за правописа, *Ден,* 23 мартъ 1922, 321 (3142), 2.)

[263] Претпоставуваме дека автор на статијата бил Ар. Јовков зошто никој не е потпишан. Како потврда на оваа констатација може да послужи и податокот што Јовков во списанието "Мироглед", кн.V, 1922 ја имал објавено статијата "Бугарски правопис" во која истотака се третирало прашањето на правописната реформа во Бугарија. (в.: Боро Мокров, *Арсени Јовков, журналистика*, Ск., 1988, 12-13.)

[264] *Иинндень*, II, 28 май 1922, 21.

[265] Око бугарског правописа, *Политика*, 4987, 12 Марта 1922, 5.

[266] Казните за употреба на стариот правопис биле во износ од 10. 000 лева, а доколку се продолжело со печатење било предвидено забрана на нивното излегување и затворање на штампариите. (Исто.) Други казни кои биле предвидени се однесувале на прекин на печатењето за период од 1 до 3 месеци, затворање од 1 до 3 месеци и парична казна од 5-20.000 лева за управниците на штампариите или издавачките куќи, со конфискување на штампарските работи, и казнување на штампаријата со забрана на работа од 1 до 2 месеци. (Исто., 4999, 24 Марта 1922, 2.)

Официјален повод за првата реакција на друштвото кон власта[267] бил говорот што Ал. Стамболиски го изнел пред делегатите на XVII Земјоделски конгрес (мај, 1922 год.). Тешките обвинувачки зборови упатени на сметка на т. н. "македонствујушчи" искажани од Ал. Стамболиски на конгресот со кои последните биле посочени како непријатели на Владата, бил поводот за првото отворено истапување против власта. Преземајќи ја улогата на заштитник на т.н. "македонствујушчи" и тоа во време кога се водела вистинска војна меѓу бугарската влада и ВМРО,[268] редакторот на в. "Илинден" Ар. Јовков во обраќањето до премиерот изјавувал дека македонската емиграција во Бугарија откако ги согледала грешките кои во текот на последните 40 год. ги направила по прашањето на својот однос со Бугарија (кои произлегувале од премногутесните врски) започнала "да бара нови насоки на македонското ослободително дело." Незаинтересираноста на Македонците за политичките борби во Бугарија била објаснета со податокот дека "ние сме повеќе Македонци отколку партизани, повеќе Македонци отколку Бугари на бугарската држава." Во обраќањето било посочено дека Македонците не се се мешат во бугарските работи, заради што не се ни опасни за владата, туку напротив бугарските влади, вклучувајќи ја и владата на А. Стамболиски, се мешаат во македонските работи. Затоа од бугарскиот премиер било побарано "*оставете не спокојно да си ги гледаме нашите емигрантски болки и рани (...) не не мешајте во вашите борби, зошто тие нас не не интересираат (...) не се*

---

[267] Ар. Јовковъ, Нашиятъ отговоръ на г. Стамболийски и на политическитѣ партии, *Илиндень*, II, 3 Юни 1922, 22, 1.

[268] Во 1921 г. по наредба на Т. Александров биле убиени Ѓорче Петров и министерот за одбрана Ал. Димитров.

*мешајте во нашите заеднички емигрантски недоразбирања.*"[269] На бугарските опозициони партии им било порачано да престанат да размислуваат дека сеуште можат да манипулираат со македонската емиграција за своите партиски интереси.[270] Појавата на статијата предизвикала "различни чувства и коментари во владиниот и опозициониот печат. Секоја страна ја коментираше пристрасно и сообразно со нејзините интереси. Некои ја осудуваа, а други ја фалеа."[271]

Времето покажало дека оваа постапка на друштвото "Илинден" не била инцидентна појава. Обраќањето до најважните политички фактори во државата го најавил новиот курс на дејствување на друштвото. Во ноември 1922 год. во "Државен весник" бил објавен декрет со кој новиот бугарскиот правопис станал задолжителен, а за негово непочитување биле предвидени строги казни.[272] По тој повод делегација составена од

---

[269] Ар. Јовковъ, Нашиятъ отговоръ на г. Стамболийски и на политическитѣ партии, *Илиндень*, II, 3 Юни 1922, 22, 1.; Г. Занков, Моята дума, *Македонско Дело*, 2, 25 февруари 1927, 36, 9.; Боро Мокров, *Арсени Јовков, журналистика*, Скопје, 1988, 86-87.

[270] Во сличен тон било и барањето кое првиот редактор на в. "Илинден" Ал. Панов го искажал во еден од првите броеви на органот на друштвото "Илинден": "Нека конечно се убедат политичките партии и нивните лидери, дека во иднина тие не можат да сметаат на нас во своите партиски борби, дека со нас веќе нема да прават избори, да качуваат или соборуваат влади."(А. Панов, Отношенията на дружеството към политическите партии, *Илинден*, I, 21 Ноемврий 1921, 7, 1.) Бугарските политички партии биле обвинети заради својот став по македонското прашање и од Привременото Претставништво. Во неговото обраќање до членовите на бугарската влада и до централните бироа на политичките. партии во Бугарија ( од 30 мај 1919 г.) било истакнато дека во секоја изборна кампања ораторите на политичките партии "се враќаат повторно кон старите методи на искористување на наивноста на избирачите, като специјално кон македонските бегалци и емигранти го издигнуваат примамливиот лозунг за автономијата на Македонија, за таа автономија, за која пол. органи не кажаа ниту збор до сега во нејзина заштита."(АО. ИНИ. Никола Киров Майски, цит. дело, 7).

[271] *Македонско Дело*, 2, 25 февруари 1927, 36, 9.

[272] *Политика*, 5234, 18 Новембра 1922, 2.

членови на друштвото "Илинден" и на редакциониот комитет на 24 ноември му врачила излагање[273] на министерот на Народна Просвета Стојан Омарчевски. Прифаќајќи го новиот фонетски правопис во бугарскиот литературен јазик како дело на српски притисок,[274] извршено во духот на едно српско-бугарско зближување, Раководното тело на друштвото во обраќањето протестирало против оваа владина одлука, а од ресорниот министер била побарана дозвола в. "Илинден" да продолжи да се печати по стариот правопис. "Без да го толкуваме прашањето дали воведениот нов бугарски правопис, санкциониран од Народното Собрание е задолжителен и за други освен за државните установи и училишта, ние наоѓаме извесна нејасност во Вашата уредба што доведува до недоразбирање кај македонската емиграција, која смета, дека треба да ги публикува своите изданија на досегашниот правопис."[275] Причините кои биле наведени за појава на таа нејаснотија заслужуваат посебно внимание. Откако било истакнато дека насилната примена на правописот "би било мешање во нашите работи", минситерот бил предупреден "дека македонското население, кое денес го одбива со огин и меч наметнуваниот српски правопис, кое во своите писма до нас и во одговор на некои наши (...) писма, постојано демонстрира со својот македонски ъ, бидете сигурни, Ви велиме, дека тоа нема да се потчини на Вашата уредба." Во натамошното набројување на причините заради кои македонските емигрантски и бегалски маси нема да го прифатат фонетскиот правопис и ќе продолжат да го користат стариот правопис и старата руско-словенска азбука Раководното Тело објаснувало дека македонското малцинство кое се наоѓа во Бугарија треба да има

---

[273] Македонскиятъ правописъ, *Илиндень*, II, 25 Ноемврий 1922, 47, 1.

[274] Блаже Ристовски, *Историја на македонската нација*, Скопје, 1999, 532.

[275] Македонскиятъ правописъ, *Илиндень*, II, 25 Ноемврий 1922, 47, 1.

културно просветни права кои се дозволени на сите останати малцинства. Со тоа било зачнато едно прашање дотогаш непознато во Бугарија. За прв пат било кажано дека во границите на Бугарија постои македонско малцинство. Напомнувајќи дека македонската емиграција и македонското население во границите на Бугарија е едно малцинство "кое треба да ги има сите културно-просветни права по задолжителните клаузи за малцинствата," од министерот било побарано да покаже доблест за "да ни го признаете веќе правото на туѓо население, кое емигрирало од туѓа земја, Македонија." Во изложението Македонците биле изедначени со другите балкански народи кои тогаш имале своите малцинства во Бугарија, односно било направено разграничување меѓу македонскиот и бугарскиот народ. "Така Турците во Бугарија имаат право да ги издаваат своите весници и списанија на турски јазик, Ерменците-на ермениски, Русите-на руски без разлика дали се од области присоединети кон Бугарија или се емигранти. Зошто тогаш да не ни се дозволи и нам, на Македонците, да пишуваме на својот сопствен правопис?" Главна причина заради која Македонците одбивале да го прифатат новиот правопис било постоењето на "македонски правопис", под кој авторите на изложението ги подразбирале остатоците на старословенскиот јазик. "А ние таков имаме, Г-не министре. Тој ни е даден од нашите татковци Кирил, Методи и Климент и Вие (Бугарите - б. м.), Русите, Србите, кои го зедовте од нас, може да го менувате како што сакате, но ние неможе да го менуваме додека по тоа прашање не се произнесе идното Македонско Основачко Народно Собрание." Паѓа во очи нејасноста и мешањето на одредени термини кои биле искажни во обраќањето. Илинденците поимот "правопис" го изедначиле со поимот "јазик" што е изненадувачко доколку се знае образованоста на еден Ар. Јовков.[276] Инаку самото обраќање до

[276] Ар. Јовков веќе имал преведено извесен дел од делата на Бајрон.( *20 Юлй*, I, 20

бугарскиот министер не била необична појава во тој временски период. Илинската Организација не била ниту единствената, ниту првата македонска организација која протестирала до бугарскиот министер на просвета заради правописната реформа. Испонителниот Комитет уште во август 1921 год. протестирал до Ст. Омарчевски против примената на новиот бугарски правопис.[277] Она по што се разликувал протестот на Илинденската Организација со оној на Исполнителниот Комитет меѓутоа не било времето на настанување, туку содржината, бидејќи биле искажани различни мотиви заради кои не се одобрува таа реформа.

Наредниот повод за искажување на мислењето на друштвото кон владата на БЗНС бил даден со посетата на бугарскиот премиер на Белград. Стремежот и желбата да се нормализираат односите на Бугарија со соседите, и посебно со Кралството СХС, која оддамна постоеле кај Ал. Стамболиски отворено биле искажани веднаш по неговото наименување за бугарски премиер.[278] Било потребно да поминат три години за да се направи почетниот чекор за нормализирање на меѓусебните односи. Пресудна улога да се стави крај на десет годишното одбивање на Белград да прими званични посети од Софија[279] одиграл заедничкиот интерес на Бугарија и Кралството СХС да обезбедат подршка на Лозанската

---

Априлъ 1924, 2-3.)

[277] Протстят по правописната реформа, *Македония*, II, 7 август 1921, 160, 2.

[278] Ал. Стамболиски набргу по враќањето од Париз во 1919 г. испратил писмо до претседателот на Кралството на СХС, во кое ја искажал својата спремност да преговара за надминување на меѓусебните проблеми. (види: *Документи и материали за историята на българския народ*, София, 1969, 426-427.; *Македония, Сборник от документи и материяли*, София,1978, 639-640.; Милен Куманов, *Александър Стамболийски и българо-югославските отношенияя в началото на 20-те години на XX в.*, България в света от древността до наши дни, том втори, София, 1979, 190.; Александър Стамболийски, *Избрани произведения*, София, 1980, 464-466.)

[279] Стамболијски у Београду, *Политика*, XVIII, 9 Новембра 1922, 2.

конференција.[280] Остварените средби со премиерот Никола Пашиќ, кралот Александар Караѓорѓевиќ зборуваат за неочекувано добриот прием[281] на бугарскиот премиер во Белград. На средбата со највисоките српски државници Стамболиски "Јавно изјавил дека Бугарија нема претензии кон Македонија и прифатил создавање на една мешовита комисија, која би ги проучила мерките за заедничко обезбедување на границата."[282] Настојувајќи да ги разубеди сите скептици Стамболиски пред присутните новинари на свиканата прес конференција во Белград објаснил дека повеќе непостојат никакви спорни прашања меѓу двете соседни земји. Со цел да го потврди горе искажаниот став, според српски извори бугарскиот премиер рекол "дека не само што нема да работи за Македонија, туку дека не сака за неа повеќе ни да размислува, дека ни ја алали Македонија, дека не само што не ги подржува комитите туку и ги гони." [283] Што се однесува до прашањето кое најмногу го привлекувало вниманието на новинарите-постоењето на комитските чети, Ал. Стамболиски бил уште по рециден:"Ако сакате можам да ги ставам во вагон и да ви ги испратам сите."[284] Според извештајот на органот на БЗНС в. "Земјоделско Знаме"(пренесен во "Рабонички весник") настапот на премиерот во српската престолнина бил поумерен: "Ние не мислиме за Македонија (...) Точно е, дека ние Бугарите не говориме за Македонија, туку има други кои говорат и мислат за неа-тоа се самите Македонци (...)

---

[280] Zivko Avramovski, *O stavu jugoslovenske vlade prema devetojunskom prevratu u Bugarskoj 1923 godine*, Istorija XX veka, Zbornik radova, t. IX, Beograd, 1968, 138-139.

[281] Zivko Avramovski, *O stavu jugoslovenske vlade prema devetojunskom revratu u Bugarskoj 1923 godine,* 140.

[282] Desanka Todorovic, *Jugoslavija i Balkanske drzave 1918-1923*, Beograd, 1979, 185.

[283] *Политика*, 5226, XVIII, 10 Новембра 1922, 1.

[284] Исто.

Ние не ја сакаме Македонија, ние нема да се тепаме со вас за неа, не само зошто сме разоружани, туку и да можеме пак нема да се тепаме."[285]

Зборовите на Ал. Стамболиски искажани во Белград биле пречекани со негодување во Бугарија. Како реакција на изјавите на бугарскиот премиер на страниците на в. "Илинден" повторно било истакнато дека "Македонија не е причина за бугарските катастрофи, туку бугарските влади се причина за македонската катастрофа."[286] Острите зборови кои по тој повод биле искажани на адреса на Ал. Стамболсики ја искажувале сета огореност на членовите на друштвото, која по нивно мислење не била резултат од тоа што бугарскиот премиер "се откажува од Македонија и од нас", туку од неговото неоткажување да се "меша во нашите работи, да се откаже од она опартизанување на нашите редови, кое не е ништо друго освен тапкање по старите и грешни македонски патишта."[287] Причината заради која илинденците не биле разочарани од откажувањето на премиерот од Македонија била во тоа што тие знаеле дека Македонија ќе се ослободи само со сопствени сили, а не преку Бугарија. [288] Напоредно со обвинувањето дека Владата само на збор се откажува од мешањето во македонските работи, се почесто во в.

---

[285] Македонският въпрос пак на сцената, *Работнически Вестник*, XXVI, 22 декември 1922, 155, 1. Според она што било објавено во белградскиот в. "Правда"(10 декември 1922 г.) Стамболиски рекол дека:"Од 1918 г. наваму никој и не говори за Македонија, ние не сакаме војна со вас...Не говориме и не мислиме за Македонија. Македонците сами мислат за Македонија. Тие се и против нас и против вас. Кога ја зимате Македонија земете ги и Македонците. Македонците се словенски Ирци. Мене кога би ми ја понудиле Македонија не би ја примил. Направете Македонците да бидат ваши лојални и поштени граѓани." (Z. Avramovski, *O stavu jugoslovenske vlade prema Devetojunskom prevratu i Bugarskoj 1923 godine*, 140.)

[286] Г-нъ Стамболийски и ние, *Илиндень*, II, 19 Ноемврий 1922, 46, 1.

[287] Исто.

[288] Исто.

"Илинден" можело да се прочита дека односот на бугарските државни власти кон македонската емиграција не бил променет по завршувањето на војните.[289] БЗНС како владеачка партија била обвинета како главен виновник за воскреснувањето на некогашниот врховизам (сега во друга форма) во македонското движење, заради тоа што "се впушти да ги дели бившите македонски револуционери." [290] Општо земено бугарската влада станала објект на детално анализирање од страна на илинденците, а повеќе сегменти од нејзината работа биле поставени на критика.

Во време кога се разгорела борбата меѓу четите на ВМРО и на федералистите, од кои последните ја имале целосната подршка на Владата, на страниците на в. "Илинден" се почесто започнало да се објавуваат информации за злоупотребувања вршени од високи владини административни работници во пиринскиот дел на Македонија, т. е. во делот кој "е само дел од идната целокупна и независна Македонија." [291] Завземањето на неврокопското село Корница од милицијата на 9 август 1922 год. било искористено да се изнесе ставот на друштвото "Илинден" кон административната власт во Бугарија.[292] Правејќи споредба со состојбите во Вардарска и Пиринска Македонија членовите на илинденското друштво ја изедначиле бугарсакта админстративна власт со српската власт. Илинденската Организација речиси отворено ја подржувала ВМРО во започнатата борба за преземање на власта во Пиринска Македонија. Според членовите на организацијата владата на Ал. Стамболиски покажувала јасни знаци на "македономразство",[293] со

---

[289] А. Јовковъ, Какво става въ Българска Македония, *Илиндень*, II, 2 Септемврий 1922, 35, 1.

[290] Исто.

[291] Исто.

[292] Отзиви, *Илинденъ*, II, 27 Августъ 1922, 34, 1.

[293] Исто., II, 19 Ноемврий 1922, 46, 1.

што индиректно се најавувало дека Илинденската Организација би подражала паралелна управа, независна од државната, во овој дел од Македонија. Затоа и акциите за завземање на градовите Неврокоп и Ќустендил, спроведени од страна на четите на ВМРО во октомври и декември 1922 год., раководителите на оваа организација ги прифатиле како неопходност. "Тој акт може да е револуционерен, но тој е морален, можеби е не пожелен, но беше предизвикан, може преку него да се создава штетен шум, но повреден е шумот на чети, создавани во Бугарија со цел да превземат реони и организации во Србија, може да штетат на престижот на Бугарија, но поголема штета е да се создава нов врховизам, за да се прикачува македонското дело кон скршената бугарска кочија."[294] По преземањето на градот Ќустендил на страниците на органот на ИО дури бил објавен и говорот на војводата Панчо Михајлов,[295] кој ја раководел целата акција.

По ова толку отвореното определување на друштвото "Илинден" на страната на ВМРО во декември 1922 год. редакторот на в. "Илинден" Ар. Јовков бил повикан со столичното градоначалство [296] на средба со началникот на полициско-административното одделение во Министерството за Внатрешни работи. Поводот за оваа постапка бил отпечатувањето на статијата "Да се чуе".[297] Во неа владата на Ал. Стамболиски била обвинета дека "сама тргна во еден горолемен пат на мешање во македонските работи." Владата била посочена дека "прва започна со убиства на Македонци од Македонци."[298] Со цел да го потврдат обвинувањето во статијата биле наброени повеќе убиства

---

[294] Исто., II, 9 Декемврий 1922, 49, 1.

[295] Исто., III, 7 Януарий 1923, 1,1 .

[296] Исто., II, С, 17 Декемврий 1922, 50, 2.

[297] Исто., II, С, 9 Декемврий 1922, 49, 1.

[298] Исто.

извршени во тој временски период во Бугарија. Владата била обвинета како инспиратор на убиствата на кочанскиот војвода Симеон Георгиев, на Михаил Странџата, (Ѓургинчев, Алајков). Обвинувањата изнесени во статијата нормално не останале незабележани во странство. Тешките компромитирачки зборови упатени на адреса на земјоделската влада од другата страна на границата, во Кралството СХС, биле разбрани како доказ дека Владата и покрај одрекувањето длабоко е вмешана во екипирањето на комитските чети,[299] и дека "постои и работи една револуционерна вооружена организација, која има свои центри во Бугарија, а оттаму упаѓа во нашата земја."[300]

Повикувањето на редакторот во полиција не влијаело в. "Илинден" да престане со нападите на Владата. По даденото објаснување дека друштвото "Илинден" не сакало да го поврзуваат со "некакви политички замисли и конспирации",[301] следело ново обвинување на државната власт за поврзаност со веќе посочените убиства.[302] Неангажираноста на полицијата во пронаоѓањето и казнувањето на извршителите на убиствата на Ѓурѓинчев, Михаил Радев Странџата и Алајков предизвикало реакција кај членовите на друштвото "Илинден". Незадоволството што не биле уапсени членовите на "Ќустендиската банда", кои се настаниле во Софија со план да ги убијат претседателот на друштвото "Илинден" (Г. Занков) и редакторите на в. "Илинден"(Ар. Јовков), на "Македонија" (Кирил Прличев), "Слово" (проф. Никола Милев) било упатено на полицијата.[303] Во одбрана на владината политика истапил органот на владеачкиот БЗНС в. "Земјоделско Знаме". Од редакторите на в. "Илинден" било побарано

[299] Стамболијски и "македонствујушчи", *Полиѿика*, XVIII. 5258, 12 Децембра 1922, 5.

[300] Исто.

[301] Да се чуе и това.., *Илиндень*, II. 17 Декемврий 1922, 50, 1.

[302] Исто., II, 23 Декември 1922, 51, 1.

[303] Исто., II, 17 Декемврий 1922, 50, 1.

да ги посочат имињата на убијците и разбојниците кои не биле затворени од полициските органи. Одговорот на илинденците бил уште по предизвикувачки од претходно упатеното обвинување "ние во истата имено статија ги даваме имињата на тие лица. И не само ако знаеа да читат, туку ако можеа да гледат, тие ќе ги видеа во Софија. И само тогаш, драги колеги од "Земјоделско Знаме" можат да имат вредност вашите клетви, дека не завземате страна во македонската кавга (...) имињата на убијците се дадени и се даваат на властите не еднаш и два пати, но за да не се фрла прав, ние ги дадовме тие имиња и јавно."[304]

Како резултат на толку отворената кампања против Владата, во истиот месец (декември, 1922 год.) било забрането свикување на македонски собранија,[305] со што директно било засегнато и друштвото "Илинден." До друшвото бил испратен протокол кој требало да биде потпишан.[306] Заради тоа што забраната за собирање не била укината со отпочнувањето на новата 1923 год., одржувањето на основачкиот конгрес на Илинденската Организација било забрането.[307] При крајот на декември 1922 год. на собрание на Управниот Одбор била избрана 3 члена комисија која истапила со барања пред министерот на Внатрешни работи и Народно здравје за "решавање на заеднички собранија и конгресот."[308] Неколку дена подоцна било одлучено да се побара од министерот за финансии ослободување од акцизи на театарските билети, а од министерот на железниците, телеграфите и поштите намалување со 50% на делегатите кои ќе присуствуваат на конгресот на Илинденската

---

[304] Исто., II, 31 Декемврий 1922, 52, 2.

[305] Исто., II, 23 Декемврий 1922, 51, 2.

[306] Исто.

[307] Конгреса на илинденци, *Епоха*, I, 20 јануари 1923, 172, 2.

[308] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

Организација.[309] Дозволата за одржување на основачкиот конгрес не значело дека бил сменет односот кон илиндеците. Во јануари 1923 год. јавниот обвинител ја поканил редакцијата на в. "Илинден" да депозира докази по статијата "Да се чуе."[310]

Меѓусебниот однос на Владата со Илинденската Организација повторно се влошил по неуспешниот атентат врз Ал. Стамболиски.[311] Поврзувањата на Организацијата на илинденците со атентаторот,[312] ги принудиле нејзините раководители да демантираат било каква поврзаност [313] со извршителот на атентатот. Сенка на тврдењето дека "атентаторот е непозната личност во нашата организација, со која тој не можел да има било какви врски, дури со некои од нејзините членови" била ставена откако се дознало дека тој -Асен Даскалов бил отседнат во домот на претседателот Г. Занков,[314] и покрај тоа што последниот негирал дека бил запознаен со намерите на атентаторот. Со пласирањето на информацијата дека атентаторот кој сеуште не бил фатен, не бил ниту Македонец, ниту автономист, туку како близок човек на Рајко Даскалов "пред 4-5 месеца

---

[309] Исто.

[310] В-къ "Илинденъ" подъ сѫдъ, *Илинденъ*, III, 19 Януарий 1923, 3, 2.

[311] Шпекулациите поврзани со овој атентат кои се појавиле надвор од земјата со поставувањето на прашањето дали тој бил "озбилен атентат или невешто инсценирана комедија на свечената прослава на Бугарската Драма во Софија"( Атентат на Стамболијског, *Политика*, XIX, 5312, 6 Фебруара 1923, 3.) не биле засновани на реални основи.

[312] Атентаторот Асен Даскалов кој веднаш бил уапсен, за кратко време бил ослободен од полициската станица под изговор дека го носат на распит. За извршителите на оваа акција подоцна се дознало дека се Македонци. (Йоно Митев, *Фашисткият преврат на девети юни 1923 година и юнското антифашистко въстание*, София, 1973, 124-125.)

[313] Илинденската организ. и атентата, *Илиндень*, III, 11 Февруарий 1923, 6, 1.

[314] *Македонско Дело*, 2, 25 март 1927, 38, 11.; Ангел Динев, *Политичките убиства во Бугарија*, Скопје, 1951, 91.

влегуваше и излегуваше во неговиот кабинет"[315] (за што според нив тие имале докази), управата на Илинденската Организација се обидела да протури една смела идеја дека атенататот може да биде дело на власта бидејќи таа бомба "која ги направи г. Стамболиски и неговите другари од неговото крило маченици, која ја зацврсти неговата положба и го ослободи од омразени нему колеги во кабинетот."

Склучувањето на Нишкиот договор[316] помеѓу владите на Бугарија и Кралството СХС (март, 1923 год.), со кој биле оневозможени преминувањата на четите на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија бил непријателски пречекан од Илинденската Организација.[317] Крајно заострените односи на релација Влада-Илинденска Организација предизвикале страв и несигурност кај членовите на организацијата. Во пролетта 1923 год. може да се датира средбата на премиерот Ал. Стамболиски со Ар. Јовков, [318] остварена по барање на премиерот. Искрснатите недоразбирања меѓу Владата и илинденците премиерот настојувал да ги надмине со нудење на местото ополномоштен пратеник во Тирана на редакторот на в. "Илинден."[319] Овој обид да се неутрализира Ар. Јовков бил неуспешен, бидејќи понудата била одбиена. [320] Изострената положба во која се наоѓале членовите на Илинденската

---

[315] Думи и дѣла, *Илиндень*. III, 18 Февруарий 1923, 7, 1.

[316] види кај: М. Куманов, *Нишката спогодба 1923 г.*, Векове,1973, 5.; М. Петров, Ст. Стефанов, *Александър Стамболийски и българо-югославското сближение (октомври 1919-юни 1923 г.)*, ВИС, 1981, 5.; В. Георгиев, *Протоколи от заседанията на смесената българо-сърбо-хърватско-словенска комисия в Ниш 1-17 март 1923 г.* Известия на държавните архиви, София, 1994, 67.

[317] Отзиви, *Илиндень*, III, 25 Мартъ 1923, 12, 1.

[318] АМАНУ, ф. Арсени Јовков, ае 10.

[319] Исто.

[320] Исто.

Организација влијаел Ар. Јовков неколку месеци да се сокрива,[321] и покрај тоа што премиерот на остварената средба гарантирал за неговата лична сигурност.

Неочекувано со владината уредба од 7 мај 1923 год., потпишана од министерот за Внатрешни работи и Народно Здравје Хр. Стојанов, била распуштена Илинденската Организација. Со одлуката број 44 биле опфатени сите лица кои нелегално дејствувале на бугарска територија: автономисти и федералисти, нивните помошни организации во Петричкиот и Ќустендилски округ; нивните јатаци и идејни потикнувачи од тие окрузи и Софија.[322] Со втората точка од одлуката била засегната Илинденската Организација. До управните тела на илинденските друштва бил даден пет дневен рок за да ги предадат сите архиви во респективната околиска установа и писмено да декларираат за растурање на организацијата. Казните кои биле планирани за непридржување на таа одлука биле строги. "Оние управни тела кои ова нема да го направат во горниот рок или ако го направат, а организацијата и натаму постои во тајност тогаш тие заедно со сите членови на таа организација ќе бидат објавени за нелегални лица кои работат против постојниот ред и државната сигурност, ќе бидат уапсени и предадени на судот кој ќе ги суди по законот кој ќе се донесе."[323] Со наредната точка бил засегнат и печатниот орган на Илинденската Организација. Имено со чл. 3 било

---

[321] Исто.

[322] АО. ИНИ. ф. Кралско Посланство во Лондон, к. XXXVII/15, ред. бр. 62.; Министерския съвет и автономистите, *Работнически Вестникъ*, XXVI, 9 май 1923, 266, 2.

[323] АО. ИНИ.ф. Кралско Посл...,к. XXXVII/15, ред. бр. 62.; Васил Ат. Василев, *Правителството на БЗНС*, ..., 283-284; Министерския съвет и автономистите, *Работнически Вестникъ*, XXVI, 9 май 1923, 266, 2.; Г. Стамболијски хапси комите и растура њихове организације, *Време*, III, 500, 12 маја 1923, 3.

одлучено "Да се сопре издавањето на оние весници, кои раздухват страстите и подготвуват почва за престапни дејствија и анархија по повод станатите инциденти во Петричкиот округ."[324] Оваа владина одлука била оправдана од потребата за заштитата на интересите на бугарскиот народ и постоење на единствена и силна државна власт во Петрички и Ќустендилски округ.[325] Затоа и посебно било нагласено при спроведувањето на одлуката да се дејствува енергично, а доколку полициските органи се покажале недоволни било дозволено да се побара помош од жандармериски и војни единици.

Во ноќта помеѓу 7 и 8 мај биле спроведени апсења на Македонци. За таа цел од порано бил направен список на кој фигурирале околу 140 имиња, од кои биле уапсени 47.[326] Меѓу уапсените речиси и немало нелегални членови на движењето, зошто уапсените веќе оддамна не учествувале во нелегалните борби. Без да се даде време Илинденската Организација да постапи по владината одлука, и покрај пет дневниот рок кој со неа бил даден, истата ноќ биле уапсени и значителен број илинденци. Меѓу нив бил главниот и одговорен уредник на в. "Илинден" А. Јовков, Славчо Абазов, Петар Ацев, Ср. поп Петров, Марко Иванов. Сите тие биле испратени во затворите во Сливен и Русе. Меѓу пристигнатите во Сливенскиот затвор Македонци, чиј број изнесувал 25

---

324 АО. ИНИ...; Васил Василев, *Правителството на* ..., 284.; Министерския съвет и автономисите, *Работнически Вестникъ*, XXVI, 9 май 1923, 266, 2.; Г. Стамболијски хапси комите и растура њихове организације, *Време*, III, 500, 12 маја 1923, 3.

325 АО. ИНИ. ф. Кралско Посланство во Лондон, к. XXXVII/15, ред. бр. 62.

326 В. Василев, *Правителството на* ..., 285. Овој број се поклопува со оној што бил даден во српскиот печат-околу 50 луѓе, ( Хапшења Македонствујушчих, *Политика*, XIX, 5406, 13 Маја, 1923, 3.) иако можат да се сретнат и податоци за поголем број уапсени околу 100 лица. ( Г. Стамболијски хапси комите и растура њихове организације, *Време*, III. 500, 12 маја 1923, 3.), повеќе од 60 Македонци (Министерския съвет и автономистите, *Работнически Вестникъ*, XXVI, 9 май 1923, 266, 2.)

лица,[327] биле и следните членови на организацијата: П. Ацев,[328] М. Иванов,[329] Ср. п. Петров.[330] Претседателот Г. Занков успеал да го избегне затварањето побегнувајќи во Горна Ѓумаја.[331] Од членовите кои не биле уапсени заради тоа што не биле пронајдени биле и П. Мрмев, М. Ѓурлуков. Архивите и книгите на Илинденската Организација биле земени, додека печатниот орган в. "Илинден" бил укинат. Оваа акција која го привлекла вниманието во странство (Кралството СХС) влијаела да се дојде до заклучокот дека бугарската влада започнала војна со "македонствујушчите."[332] Ваквото размислување набргу било заменето со силен скептицизам во намерите на Владата, за во почетокот на јуни 1923 год. да се воочи дека борбата против Македонците потполно го загубила својот интензитет.[333]

И покрај тоа што оваа акција била преземена со цел да се докаже дека во државата "постои власт и закони кои треба да ги почитуваат сите кои во неа живеат," законот по кој требало да бидат судени уапсените сеуште не бил донесен.[334] Заради тоа што членовите на Илинденската Организација биле убедени дека немале направено никаков престап пред законите на државата произлегувал и револтот и незадоволството[335] од оваа владина постапка. Посебно остар во критиката на оваа владина

---

[327] П. Пешевъ, *Историческитѣ събития и дѣятели. Отъ навечерието на освобождението ни до днесъ. (Съ бележки за живота ми)*, София, 1929, 736.

[328] Поправка, *Независима Македония*, I, 6 юний 1923, 14, 3.

[329] Исто.

[330] Исто., I, 23 юний 1923, 12, 4.

[331] ЦДА, ф. 1909, оп. 2, ае 239.

[332] Стамболијски је објавио рат Македонствујушчим, *Политика*, XIX, 5405, 12 Маја 1923, 1.

[333] Z. Avramovski, *O stavu jugoslovenske vlade* .., 154.

[334] Арестуването на автономистите, *Работнически Вестникъ*, XXVI, 9 май 1923, 266, 1.

[335] Протеста на Илинденската организация, *Илиндень*, III, 1 августь 1923, 19, 1.

постапка бил Ар. Јовков, кој останал еден месец во окружниот затвор во Русе,[336] од каде испратил писмо до премиерот,[337] во кое протестирал против растурањето на организацијата и затварањето на нејзините членови.[338] Илинденската Организација во знак на протест наскоро по спроведените апсења презела мерки пред премиерот Ал. Стамболиски. Било одлучено да се предаде едно излагање до премиерот во кое откако би се истакнало дека Илинденската Организација е една легална организација би се побарало нејзино изземање.[339] На истото собрание на Управниот одбор придржувајќи се до одлуката било решено министерот за Внатрешни работи да биде запознаен со веста дека од 14 мај 1923 год. организацијата е растурена, истовремено да му се предаде архивата, а министерската одлука да се соопшти на провинциските друштва и тие да се растурат.[340] Заклучокст веднаш потоа бил спроведен во дело.[341]

Драматичите настани кои се случиле во јуни 1923 год. со извршувањето на државниот удар наполно ја смениле политичката ситуација во државата.

## III. 2. 1. ПРЕВРАТОТ ОД 9 ЈУНИ 1923 ГОДИНА И ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Својата спремност во име на идејните и програмски концепции на БЗНС да го даде сопствениот живот Ал. Стамболиски ја најавил уште во време кога функцијата бугарски премиер била далеку од него. Зборовите кои ги кажал пред делегатите на XV Земјоделски конгрес (јуни, 1919

[336] АМАНУ, ф. Ар. Јовков, ае 10.

[337] АМ. М-4265.

[338] Дневни новини, *Работнически Вестникъ*, XXVI, 4 юни 1923, 285, 4.

[339] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[340] Исто.

[341] Дневни новини, *Работнически Вестникъ*, XXVI, 21 май 1923, 275, 4.

год.) на свој начин како да ја определиле неговата натамошна судбина: "секој кој се занимава со политика и служи на идеи, треба да биде готов по цена на својот живот да ги заштити тие свои идеи. Сето друго е трговија во борбата и политиката."[342] Првите вербални навестувања дека политичката борба во државата може да има крвав епилог се јавиле наскоро по доаѓањето на власт на БЗНС. Потврда дека заканите за убиства упатувани до високи владини функционери не биле само заплашување било атентатот врз министерот Александар Димитров. Начинот на кој премиерот Ал. Стамболиски се однесувал по убиството на својот министер, извршено при крајот на октомври 1921 год., потврдил дека тој навистина не припаѓал на онаа категорија политичари кои сметале дека законитоста во државата може да се одржува единствено "доколку власта се служи со брутални средства."[343] Мирот и редот во државата, според негово мислење, можел најдобро да се зачува "доколку се дејствува брзо и решително по пат на реформите и по пат на задоволување на најважните општествени потреби."[344] Настаните кои следеле по атентатот врз министерот Ал. Димитров, од друга страна покажале дека биле исправни проценките на оние лица[345] кои сметале дека поголема корист би добиле со убиството на министерот за одбрана отколку на премиерот. Останувајќи без својот најенергичен приврзаник, без својата "десна челична и вечно творечка рака,"[346] премиерот се

---

[342] Александър Стамболийски, *Избрани произведения*, София, 1980, 332.

[343] А. Стамболийски, *Избрани произведения*, 330.

[344] Исто.

[345] Андреј Љапчев на пример бил против идејата да биде убиен Ал. Стамболиски, бидејќи сметал дека штом е жив Ал. Димитров ќе се расправи беспоштедно со сите сомнителни."А човечниот Стамболиски нема да се одмаздува дури ни за убиството на својот министер"(Д. Петрова, *Самостоятелното..*, 237).

[346] А. Стамболийски, *Избрани ...*, 382.

нашол неспремен, според мислење на одредени кругови дури и уплашен во новонастанатата ситуација. "...по се изгледа заплашувањето на Стамболиски наполно успеа (...) фактички до денешен ден ( јануари 1922 год. - б. м.) за убиството на Димитров не е уапсен никој."[347] Тоа не значело дека не биле преземени мерки за затварање на извршителите на убиството, туку само дека тие (воведувањето на вонредна положба во Ќустендилски и Петрички округ[348] ) не биле доволно силни и енергични за нивно пронаоѓање.

Самиот чин на убиство на министерот за одбрана, од многумина сметан за "втор човек по Стамболиски во управувачката партија и во кабинетот,"[349] било предупредување[350] до премиерот. Бидејќи убиениот министер бил посебно ангажиран во настојувањето да се подобрат односите со Кралството СХС, упатената порака гласела да се прекине спроведуваната надворешна политика од Владата. Ова предупредување, како впрочем и сите останати предупредувања[351] до членовите на Владата за подготвуваниот преврат, не биле примани сериозно. Терористичките акции и атентати против земјоделците, меѓу кои бил и извршениот на 4 февруари 1923 год. неуспешен атентат врз Ал. Стамболиски во Народниот Театар, биле сфатени само како обид "да се изврши

---

[347] *Чешки документи за ..*, 141.

[348] Desanka Todorovic. *Jugoslavija i Balkanske drzave 1918-1923,* Beograd. 1979. 119.

[349] Ив. Михайловъ, *Спомени II*, 25.

[350] Ярослав Йоцов, *Управлението на Земеделския..*, 263.; Надежда Цветковска, *Политичката активност на македонската емиграција* ..., 108.

[351] Йоно Митев, *Фашисткият преврат на девети юни 1923 година и юнското антифашистко въстание*, София, 1973, 76

свртување во десно."[352] Неколку .месеци подоцна, во летото 1923 год., станало јасно дека атентатот бил предговор кон превратот.[353]

Бугарскиот премиер и неговиот кабинет не спровеле некоја посериозна акција за прочистување на армијата и не презеле решителни мерки против Воениот Сојуз,[354] и покрај "многубројните сигнали за подготвуваниот преврат."[355] Подеднакво несфатливо било однесувањето на Владата која откако ја воочила можноста од неуспех во спроведувањето на акцијата на реформски зафати,[356] не ги мобилизирала сите расположливи сили за да ја избегне оваа опасност. Овие слабости појавени во функционирањето на земјоделската влада биле поврзани со нејзиниот клучен проблем, кој се состоел во неуспехот таа да ја согледа реално својата сила и позиција во општеството. Силно преценувајќи ги сопствените сили и воедно потценувајќи ги сите останати политички субјекти во државата, Владата забележала пропусти при определувањето на изворите од каде доаѓала најголемата опасност по нејзината работа. Погрешниот заклучок на земјоделскиот водач дека "сите непријателски гнезда се поразени,"[357] кој бил прифатен од страна на делегатите на XVI конгрес на БЗНС (февруари, 1921 год.) до крајот на владеењето на

---

[352] Д. Петрова,*Самостоятелното...*, 345.

[353] Исто.

[354] Акцијата на разместување на офицерите членови на Воениот Сојуз во внатрешноста на Бугарија, спроведена во почетокот на 1923 г., не дала позабележителни резултати. Зачудува што при оваа акција не бил засегнат водачот на ВС Иван Влков кој бил оставен во Софија. (Й. Митев, *Фашисткият преврат на девети юни 1923 година и юнското антифашистко въстание*, 79-80.)

[355] Ангел Цураков, *Правителствата на България 1913-1944*, София, 1996, 70.

[356] "Јас (А. Стамболиски - б. м.) не знам, дали ние ќе успееме во таа војна. Многу е веројатно и да паднеме, но сепак нашата храброст уште не е убиена." ( А. Стамболийски, *Избрани ...*, 352.)

[357] Исто., 124, 172.

Владата не претрпел некои позначајни измени. Однесувањето на ВМРО со нејзиното отворено спротиставување на владините постапки и честите предупредувања кои биле испраќани до премиерот и министрите уште повеќе придонела во средината на земјоделците да се оформи убедувањето дека главна и единствена опасност за Владата доаѓа од ВМРО.[358] Сите овие наведени слабости придонеле обрачот околу земјоделската влада се повеќе да се затвара. Настан кој го забрзал[359] нејзиниот пад бил склучувањето на Нишкиот договор. Сериозноста на ситуацијата која делумно била увидена непосредно пред извршувањето на државниот удар, иако влијаела да се преземат одредени акции,[360] со цел да се избегне насилното соборување на власта, се покажале како недоволни за да го спречат извршувањето на превратот.

Првите размислувања дека владата на БЗНС може да биде соборена по насилен пат се јавиле наскоро по воспостанувањето на самостојната земјоделска власт.[361] Уште во март 1921 год. вршителот на должност во чехословачката амбасада во Софија Кунц Јизерски "како непристрасен свидетел на настаните" дошол до заклучок "дека

---

[358] Според Д. Добринов во пол. кругови во Буг. "се говореше и се очекуваше акција од страна на ВМРО."(Д. Добринов, *ВМРО и събитията в България от 1923 година,* МП, XIV, 1991, 3, 62.)

[359] Десанка Тодоровиќ, *Југославија и Балканске државе 1918-1923,* 205.; Васил Василев, *Още за Нишката спогодба от 1923 г. и нейните последици*, Векове, 1990, 3, 17.

[360] Со неколку окружна БЗНС упатила предупредување до сите групи и секции на БЗНС тие да бидат воено подготвени (Й. Митев, *Фашисткият преврат на девети юни 1923 година...,* 145-147), а пак министерот на внатрешни работи Христо Стојанов издал наредба за префрлување во Софија на пет илјади оранжевогвардијци кои ќе се спротистават на секој обид на опозицијата насилно да дојде на власт. (А. Цураков, *Правителствата на България 1913-1944*, 70-71.)

[361] Ал. Радоловъ, *Преврата на 9-и юни и престъпното нехайство*, София, 1931, 171.; Дино Г. Кьосев, *История на македонското национално революционно движение*, София, 1954, 516.

денешната опозиција нема да може да ја отстрани земјоделската влада по *легален пат* (курзив во оргиналот-б.м.)."[362] Било потребно време за оваа констатација да биде воочена и од разединетите опозициони политички партии, кои тешко ги консолидирале своите редови по доживеаниот пораз на првите повоени парламентарни избори. Идејата за меѓусебно обединување и здружен заеднички настап пред владата на БЗНС, како прв чекор кон отпочнување на еден посериозен отпор кон власта, прв пат кај политичките партии се појавила во предвечерието на парламентарните избори во 1919 год. [363] Оваа замисла меѓутоа не се реализирала на изборите во 1919 год. и 1920 год. [364] Како етапа во остварување на оваа цел во есента 1920 год. дошло до окрупнување на неколку политички партии и формирање нови. Тогаш на бугарската политичка сцена се појавиле две нови партии: Националнолибералната и Обединетата народно-прогресивна партија. Трендот на групирање на политичките сили продолжил и во пролетта 1922 год. со образувањето на Народниот сговор, кој веднаш воспоставил блиски односи со создадениот во 1919 год. Воен Сојуз. Сепак најзначаен настан кој означил дека опозицијата започнала да се консолидира било формирањето на Уставниот блок (јули, 1922 год.), во кој биле вклучени Демократската, Народно-прогресивната и Радикалната партија. Првото јавно истапување на Уставниот блок (со подршка од Народниот сговор) кое било планирано со одржување на митинг во Трново на 17 септември 1922 год.,

---

[362] *Чехословачки. извори* .. I, 108.

[363] Величко Георгиев, *Буржоазният политически фронт в България след Първата световна војна-част от международния буржоазен политически фронт (1918-1923)*, България в света от древността до наши дни, том втори, София, 1979, 83.

[364] Исто.

завршило неславно[365] и малку недостасувало да се претвори во вистинско крвопролевање. Закажниот митинг не само што не бил одржан, туку водачите на Уставниот блок: Михаил Маџаров, Теодор Теодоров, Стојан Данев, Андреј Љапчев, Александар Малинов и др., сите лица кои некогаш заземале важни државни функции се нашле во затвор. Обидот на Владата оваа ситуација да ја искористи за ослабување на блокот бил остварен со спроведување на референдум за казнување на виновниците за "националните катастрофи" ( ноември, 1922 год.) со кој водачите на блокот биле осудени на доживотен затвор.[366] Резултатите од референдумот, кои биле голем удар на штотуку формираниот Уставен блок, од друга страна придонеле во редовите на Воениот Сојуз, Народниот сговор и опозиционите политички партии оваа владина постапка да биде сфатена како потврда дека во државата не може да се води легална борба. Од таму произлегол и заклучокот дека единствен начин на кој може да се дојде на власт е со примена на сила. Воениот Сојуз, кај кого идејата за извршување преврат била прифатена уште во почетокот на 1922 год.,[367] од втората половина на истата година започнала да се подготвува за превратот.[368] Ако се додаде дека по Трновските настани воената опција за соборување на власта се јавила и

---

365 види кај: Йоно Митев, *Фашисткият преврат на 9 юни 1923 г. и юнското антифашистко въстание,*ВИС, 156.; П. Пешевъ, *Историческитѣ събития и дѣятели*, 771.

366 Исто., 707-708.

367 Стефан Радулов, *Народният сговор и генезисът на българския фашизъм*, ИИИБКП, 1975, 33, 394.

368 Й. Митев, *Фашисткият преврат на девети юни 1923 година и юнското антифашистко въстание*, 130.

во други средини,[369] било нормално што дошло до здружување за остварување на истата цел. Самоуверените изјави на Ал. Стамболиски дека земјоделската влада ќе управува со државата уште многу години[370] дополнително влијаеле мобилизирачки врз опозицијата. Настан кој влијаел идејата за насилно соборување на Владата да биде прифатена од сите опозициони политички партии во државата[371] бил одржувањето на парламентарните избори во пролетта 1923 год.

Државниот преврат бил извршен во раните утрински часови на 9 јуни 1923 год. од страна на Воениот Сојуз и Народниот Сговор,[372] со што буржоазијата успеала да ги "поврати загубените по војната политички позиции."[373] Легално избраната влада била соборена по насилен пат, откога одреди на воениот гарнизон ги зазеле државните установи во Софија. За да се зачува барем донекаде уставната формалност на акцијата уште истиот ден (9 јуни) во "Додаток на Државен весник" биле објавени два указа,[374] со кои царот: 1.) ја прифаќал оставката на Ал. Стамболиски, и 2.) ја назначувал владата на Ал. Цанков. Општ бил впечатокот дека "Побрзо и полесно отколку било кој да се надевал, дошол крајот на режимот на г. Стамболиски и на неговата т. н. "Нова Бугарија"."[375]

---

[369] Во септември 1922 г. кругови блиски до Дворецот биле спремни да преземат една акција за соборување на владата на Стамболиски. (Григоръ Чешмеджиевъ, *Снопъ лъчи въ тъмнинитѣ на заговора*, София, 1925, 13.)

[370] А. Стамболийски, *Избрани ...*, 414.

[371] В. Георгиев, *Буржоазният политически фронт в България.*, 86.

[372] Исто.; Според извештајот Министерството на надворешни работи на Кралството на СХС од 26 декември 1923 г. испратено до Кралското посланство во Лондон државниот преврат го извршиле главно офицери. (АО. ИНИ. ф. Кралско Посл..., кут. XXXVII/15, ред. бр. 77)

[373] Величко Георгиев, *Развитие на политическата система на България (1918-1944 г.)*, България 1300. Институции и държавна традиция, София, 1981, 302.

[374] Й. Митев, *Фашисткият преврат на 9 юни 1923 г.*, ВИС, 1955, 2, 51.

[375] Револуција у Бугарској, *Политика*, XIX, 5432, 10 Јуна 1923, 3.

Пружениот отпор се покажал како недоволен за спасување на бугарскиот премиер. Посебно вознемирувачки бил начинот на кој бил тој бил убиен Ал. Стамболиски.

Оддамна рашireното мислење дека главната опасност за животот на премиерот доаѓа од Македонците,[376] влијаело гласините за неучеството на ВМРО во државниот удар, кои доаѓале од новата влада[377] и од странските дипломатски претставници во Софија,[378] да не бидат сфатени сериозно. Сомневањето дека таа организација останала пасивна во акцијата било присутно во повеќе средини,[379] уште повеќе што војводата Величко Скопски бил еден од егзекуторите на премиерот Ал. Стамболиски. Спремноста членови на ВМРО, односно на македонските комити од Ќустендилско и Петричко доколку има потреба да се вмешаат во извршувањето на државниот преврат била воочена и од некои странски претставници во Софија. Италјанскиот мајор Сканагата, кој во периодот од јули до октомври 1923 год. стоел на чело на ликвидациониот

---

[376] Ова сфаќање било распространето меѓу странските дипломатски претставници во Софија. Во телеграмата на Андрованти до Министерството за надворени работи во која зборува за убиството на Ѓорче Петров го пренесува размислувањето дека "Македонците истата судбина му ја подготвуваат на Стамболиски."( АМ, ф. "*Министерство за надворешни работи на Италија-Рим,*" *политички работи-Бугарија 1919-1931 г.*, буста 909 (1921 г. ); Убиството на А. Димитров влијаело повторно да се појават истите размислувања. (*Чехословашки извори за..*, т. I. 190.)

[377] Исто., 196.; 201.

[378] Според информациите на францускиот амбасадор Жорж Пико "...иако била спремна да се вмеша во случај на потреба во настаните на девети јуни, Македонската организација не зела учество во извршувањето на превратот, бидејќи офицерите ја исполниле својата задача "блескаво."(С. Дамянов, *Документи за...*, 173-174.) Истото го тврдел и италјанскиот мајор Сканагата. (Иван Узунов, *Някои противоречия в Междусъюзническата военноконтролна комисия и Деветоюнският преврат през 1923 г.*, ИП, 1965, 2, 62.)

[379] *Чехословашки. извори за...*, 198.

орган на Меѓусојузничката военоконтролна комисија, го изнесува податокот дека околу 4. 000 македонски четници се наоѓале во планинската зона јужно од Софија (Витоша) спремни на акција доколку средставата со кои располагал акциониот комитет се покажале како недоволни. [380] Според проценката на Т. Ал-в во извршувањето на државниот удар ВМРО помогнала само со 1/10 од своите сили.[381]

Одговорноста на ИО за психолошка подготовка[382] на превратот била позната на сите во државата. За разлика од тоа на прашањето дали некои нејзини членови зеле учество при превратот тешко може да се добие точен одговор. На второто општо собрание кое организацијата го одржала по превратот претседателот Г. Занков објаснил дека ИО не зела учество во настаните од 9 јуни 1923 год.[383] Истиот тој по неколку години објаснил дека уште во март 1923 год. бил против[384] извршувањето на државен преврат. Неговото неодобрување (но воедно и запознаеност) со она што се подготвувало може да се заклучи и од советите кои ги дал на водачот на ВМРО Т. Александров, тој да влезе во преговори со земјоделската влада и со комунистичката партија.[385] Тоа свое убедување Г. Занков не го променил[386] ниту по мај 1923 год. и покрај тоа што Илинденската Организација била распуштена. Сето тоа меѓутоа незначело дека за време на превратот немало индивидуални случаи на

---

[380] Иван Узунов, *Някои противречия в Междусъюзническата военноконтролна комисия и Деветоюнският преврат през 1923 г.*, ИП, 1965, 2, 62.

[381] Поповски, Жила, *Македонското..*, 112.

[382] Ар. Јовковъ, Заблуди и истини, *20 Юли*, I, 11 Май 1924, 5, 1.

[383] ф. 1075, оп.1, ае 1.

[384] *Македонско Дело*, 2, 25 април 1927, 40, 10.

[385] Исто.; При крајот на јануари 1923 г. Г. Занков посредувал за средба помеѓу Ал. Стамболиски и Т. Александров, на која водачот на ВМРО ветил дека Македонците нема да се мешат во внатрешните борби во Бугарија.(*Чехословашки извори за ...*, 189.)

[386] *Македонско Дело*, 2, 25 април 1927, 40, 11.

активирање на илинденци.[387] Г. Занков неучествувал во превратот,[388] а неколку дена пред неговото извршување се криел во домот на сестрата на Борис Сарафов, Злата Сарафова.[389] Дознавајќи ја веста за превратот од Ив. Михајлов,[390] претседателот на Илинденската Организација уште истиот ден одржал јавно собрание[391] во кварталот Коњовица. Промената на власта во Бугарија голем број илинденци го прифатиле со воодушевување. "Јас тогаш се радував на слободата по едно мачно криење,"[392] ќе каже за тоа време Г. Занков. Во петата полициска станица меѓу ослободените Македонци кои таму се нашле во моментот на превратот, бил и претседателот на друштвото "Илинден" во Дупница, Петар Бабамов.[393]

## III. 2. 2. ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВЛАДАТА НА АЛЕКСАНДАР ЦАНКОВ

На чело на новата влада застанал водачот на Народниот сговор[394] Александар Цанков. Неговата влада била составена од претставници на

---

[387] Со сигурност се знае дека М. Ѓурлуков во ноќта на 9 јуни 1923 г. со чета се наоѓал о околината на Софија. (В. Василев, *Правителството на БЗНС, ВМРО...*, 309.)

[388] *Македонско Дело*, 2, 10 февруари 1927, 35, 9.

[389] Ив. Михайловъ, *Спомени II*, 264.

[390] Исто.

[391] Исто. Според Г. Занков тој не одржал никакво јавно собрание против земјоделската влада, туку на ул. "Пиротска" на една група љубопитни граѓани им објаснил што се случило. ( *Македонско Дело*, 2, 10 мај 1927, 41, 11.)

[392] Исто., 2, 10 февруари 1927, 35, 9.

[393] Ив. Михайловъ, *Спомени II*, 264.

[394] Оваа организација успеала да стане најактивен фактор (Стефан Радулов, *Народният сговор и генезисът на българския фашизъм*, ИИИБКП, 1975, 33, 397.) во превратот, откако одиграла голема улога во обединувањето на Демократската, Обединетата народнопрогресивна и Радикалнодемократска партија. (Исто., 388.)

Уставниот блок, Воениот Сојуз, Либералната и Социјалдемократската партија. Заради "првостепена улога во превратот"[395] Воениот Сојуз ги зазел клучните места во Владата ( министерствата за внатрешни работи, надворешни работи и одбрана). Преземајќи ја власта НС за кратко време успеал да го заврши обединувањето на буржоаските политички сили во државата. [396] Тоа било завршено со создавањето на Демократскиот Сговор, во кој влегле партиите кои порано учествувале во уставниот блок и во Народниот Сговор. Со посебен Манифест[397] јавноста била запозната дека првата задача на новата власт ќе биде да го осигура редот, спокојството и социјалниот напредок на државата.

Надежите кои членовите на Илинденската Организација ги полагале во новата бугарска влада биле големи, бидејќи "сметавме дека почнува ера и за слободите на емиграцијата."[398] Порелаксираната атмосфера која се надевале дека ќе биде воспоставена во Бугарија била очекувана како поволна можност Илинденската Организација повторно да го продолжи својот организационен живот, кој иако забранет не бил прекинат во периодот мај - септември 1923 год. [399] Со очигледен ентузијазам раководното тело на организацијата наскоро по смената на власта направило план како да се реагира во новата ситуација. "Ниту еден редовен член не треба да биде надвор од нејзините редови. Зголемете ги исто и нејзините помошни членови, така што ќе го почитувате, меѓутоа, доброто име на организацијата: не давајте место во неа на лица кои немаат добра репутација, или пак се виновни пред законите или

---

[395] Й. Митев, *Фашисткият преврат на 9 юни 1923 г. и юнското антифашистко въстание,* ВИС, 1983, 4, 158.

[396] Ст. Радулов, *Народният сговор и ..*, 407.

[397] *История на България*, III, 97.

[398] Прѣдъ нова фаза, *Пирин,* II, 30 март 1924, 25, 1.; Б. Мокров, *Арсени Јовков..*, 136.

[399] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

општеството."[400] Меѓу илинденците, како што подоцна ќе каже Г. Занков, "во првите 2-3 дена по правратот, никој нормален разум не помислуваше дека професори и други интелектуалци ќе плукаат на човечкото во човекот."[401]

Првите потези на новата Влада ветувале слобода во дејствувањето. По јунскиот преврат Илинденската Организација започнала да води поинтензивен организационен живот,[402] а нејзините членови заедно со останатите затворени во Сливенскиот затвор Македонци биле пуштени на слобода.[403] И покрај овие постапки владата на Ал. Цанков не покажала доволна спремност и волја да ги задоволи барањата од Раководното Тело на организацијата. Барањето да им биде вратена одземената архива и печатот, [404] останало без позитивен одговор.[405] За да се реализираат инструкциите на раководството кои по извршувањето на превратот биле упатени до претседателите на друштвата и групите "Илинден" [406] било потребно да помине долго време. Архивата била предадена на Раководното Тело три месеци по извршувањето на превратот,[407] (откако пред тоа бил испратен писмен протест до Владата), а барањето за воведување телефон во канцеларијата на организацијата не било реализирано .[408]

---

[400] АМ. ф. 151, оп.1, ае 343.

[401] *Македонско Дело*, 2, 10 февруари 1927, 35, 9.

[402] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[403] П. Пешевъ, *Исторически...*, 737.; Иванъ Михайловъ, *Спомени II*, 297.

[404] АМ. ф. 151, оп.1, ае 343.

[405] *Македонско Дело*, 2, 10 май 1927, 41, 11.

[406] Советите гласеле "Откако ќе ги добиете, проверете дали се е на лице. За книгите или предметите кои недостасуваат составете протокол во два примероци."(АМ. ф. 151, оп.1, ае 343.)

[407] *Македонско Дело*, 2, 10 май 1927 41, 11.

[408] Исто.

Во споредба со органот на македонската емиграција в. "Независна Македонија", кој започнал повторно да излегува на 23 јуни 1923 год.,[409] в. "Илинден" започнал да излегува на 1 август 1923 год., а неговата појава била непријателски пречекана од Демократскиот Сговор.[410] Без да се има законски основи[411] Демократскиот Сговор настојувал да се прекине со неговото печатење. Само неколку дена по излегувањето на првиот број на в. "Илинден" Ар. Јовков и Г. Занков биле предупредени од членот на ЦК на ВМРО Т. Александров дека постои опасност за негово запирање.[412] Настојувајќи да ја отстрани оваа закана Т. Александров побарал илинденците со своите постапки да не ги предизвикуваат Србите, барем додека не завршеле заседанијата на Општеството на Народите. [413] По негово залагање било дозволено да се отпечати уште еден број од весникот, во кој било објавено соопштение дека весникот нема да излегува извесно време од технички и др. причини.[414] Овој совет Раководното Тело на Илинденската Организација не го прифатил, заради што в. "Илинден" продолжил и понатаму да излегува.

Причината за таквиот однос кон Илинденската Организација лежела во настојувањето на Владата да негира било каква поврзаност со македонските асоцијации во Бугарија. Односот на Владата кон македонските организации имено бил посебно интересен за Кралството СХС. Тоа бил еден од главните индикатори според кои била оценувана работата на новата бугарска влада. Одбележувањето на годишнината на Илинденското востание во 1923 год. било прва можност да се одреди тој

---

409 *Независима Македония*, I, 23 юний 1923, 12.

410 К. Палешутски, *Илинденската организация...*, 97.

411 Исто., 97-98..

412 *Македонско Дело*, 41, 10 май 1927, 12.

413 Исто.

414 Исто.

однос. Најавата во печатот дека по тој повод ќе се одржат манифестации во Бугарија ја алармирало Владата во Белград. Српскиот амбасадор во Софија Ракиќ ја известил бугарската влада дека "...претстојните Илинденски манифестации на Македонците ќе ги сметаме за предизвик и спротивни на Нишкиот Договор."[415] Тој истовремено го искажал незадоволството што во земјата повторно била дозволена јавната работа и што започнале да излегуваат весниците на илегалните организации. Недвосмислено било истакнато дека секоја голема јавна манифестација ќе биде сфатена како акција вперена против Кралството СХС и против неговата безбедност.[416] Кампањата да се спречи масовното празнување на Илинден била проширена и во странство. Посебен мемоар од Министерството за Надворешни работи на Кралството СХС на 6 август 1923 год. бил испратен до Англиската влада,[417] со кој таа била запознаена дека сите "македонски револуционерни организации и братства" кои биле растурени од Ал. Стамболиски повторно ја започнале својата работа, а нивните печатни гласила "гласила на омраза, раздор и освета" продолжиле да излегуваат. Преземените мерки не ја спречиле прославата на Илинден. Напротив странските дипломатски претставници во Бугарија забележале дека илинденската прослава во 1923 год., посебно во Варна, била поголема од прославите што биле организирани претходните години.[418] Оваа бурна српска реакција впрочем била причината за

---

[415] АО. ИНИ. ф. Кралско Посл..., к. XXXVII/15, ред. бр. 61.

[416] АО. ИНИ. ф. Кралско Посл..., к. XXXVII/15, ред. бр. 61.

[417] Исто., ред. бр. 62.

[418] Како доказ на тоа тврдење се наведува податокот дека на вратата на градската градина стоел натписот:"Да живее независна Македонија", додека во паркот била поставена огромна карта на Македонија" ограничена како држава."(*Чехословашки извори за..*, 213.)

непријателскиот однос на владата на Ал. Цанков кон Илинденската Организација, кој со време се повеќе се изострувал.

Во своите усилби да демантира било каква поврзаност со македонските емигрантски и бегалски маси владата на Ал. Цанков спровела ригорозни мерки. Во септември 1923 год. по усна наредба на министерот на Внатрешни работи Ив. Русев бил конфискуван и забранет за неопределно време в. "Илинден."[419] Во одбрана на Илинденската Организација се искажал в."Независна Македонија". Оваа постапка, според она што било објавено во органот на македонската емиграција, била "жестока и со ништо неоправдана", заради тоа што Илинденската Организација била легална организација, а нејзиниот орган "постоел врз основа на слободата на печатот, кој го гарантира уставот, заради што никој нема ниту правно, ниту морално право да го сопира. "[420] Со оваа владина постапка станало јасно дека предизвиците кои стоеле пред новото Раководно Тело, конституирано во почетокот на септември 1923 год. во состав Г. Занков (претседател), М. Иванов (потпретседател), Ан. Љапчев (секретар), Сл. Абазов (благајник), Вл. Георгиев, Ал. Ефтимов и М. Москов (членови-советници),[421] биле големи. Протестирајќи до премиерот Ал. Цанков раководството истакнало дека постапката на Владата македонската емиграција ја примила како последица на тоа што органот на организацијата "се држи за самостојна македонска мисла."[422] Одбивајќи да ја прифати одлуката на посебно собрание на Управниот одбор било решено да се продолжи со печатење на весникот.[423] Посебна

---

[419] Конфискуването и спирането на в."Илиндень", *Независима Македония*, I. 20 септември 1923, 24, 3. Владата дозволила да излезат само 9 броја од в. "Илинден."

[420] Исто.

[421] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[422] *Македонско Дело*, 44, 25 юни1927, 8; К. Палешутски, *Илинденската* .., 98.

[423] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

резолуција, изгласана на општо собрание на друштвото, во која се барало обновување на в. "Илинден" требало да се поднесе на претседателот на Народното Собрание, народните пратеници, премиерот и сите министри. [424]

Во октомври 1923 год. редакторите на "Илинден" и "Независна Македонија" Ар. Јовков и П. Мрмев биле дадени на суд.[425] Со обвинителен акт на 12 октомври 1923 год.[426] Обвинителскиот Надзор ги предал на судење Ар. Јовков и П. Мрмев. Поводот за оваа постапка бил настапот на двајцата редактори на протестната манифестација одржана уште за време на владата на Ал. Стамболиски во април 1923 год. Навредливите зборови кои Ар. Јовков и П. Мрмев во своите говори ги упатиле на адреса на српскиот крал Александар Караѓорѓевиќ, при што го изедначиле со Абдул Хамид, биле причината за таа постапка. Ар. Јовков дополнително бил даден на суд[427] бидејќи говорите ги објавил во в. "Илинден."[428] Судскиот процес се покренувал шест месеци откако обвинетите настапиле на манифестацијата, за што претходната Влада не покренала никаков спор. И покрај оваа постапка од средината на октомври 1923 год. започнал да излегува новиот в. "Пирин". Од овој весник излегле само 26 броја, бидејќи во април 1924 год. било забрането и неговото излегување. Редакцијата на в. "Пирин" одбегнувала да ги напаѓа постапките на Владата. Само повремено можело да се случи со некои натписи за биде засегната власта. Таков еден пример бил кога таа била обвинета за се

---

[424] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 1.

[425] Балканска хроника, *Пиринъ*, I, 15 Октомври 1923, 1, 3. ; Македонскитѣ редактори подъ сѫдъ, *Независима Македония*, I, 18 октомври 1923, 28, 4.; Балканска хроника, *Пиринъ*, I, 18 Ноември 1923, 6, 3.

[426] АМАНУ, ф. Ар. Јовков, ф. 10.

[427] Исто.

[428] *Илинденъ*, 22 април 1923, 16, 1-2.

позачестеното поврзување на македонското име со секоја непријатна случка што ќе се случела во Бугарија.[429] Бугарската влада истовремено била прекорена заради премногу сервилниот однос што го имала кон Србија и што со своите постапки создавала едно "македономразство во бугарските народни маси, како никогаш до сега." [430]

Во почетокот на март 1924 год. повторно биле спроведени апсења на Македонци. Бројот на затворените бил неколку стотини.[431] Меѓу уапсените најголемиот дел биле членови на Илинденската Организација и на македонските братства, кои во придружба на полицијата биле интернирани во касарните и затворите во Сливен и Шумен. За да го избегне повторното затварање Ар. Јовков се криел во Софија.[432] Акцијата на владата на Ал. Цанков од страна на министерот за надворешни работи М. Нинчиќ била оквалификувана како "привидни" мерки кои немале за цел растројство на Македонскиот Комитет.[433] Овој заклучок М. Нинчиќ не го променил ниту по одржаната средба со бугарскиот минситер за надворешни работи,[434] и покрај убедувањата на последниот дека со оваа постапка членовите на Владата ги жртвувале своите животи.[435] Недовербата кон владината постапка била толку голема што дури била распространета и идејата дека таа мерка била извршена во договор со Т. Александров,[436] а сомневањето дека "апсењата, Владините декларации и

---

[429] Македонцитѣ и послѣднитѣ събития, *Пирин*, I, 28 октомври 1923, 3, 1.

[430] Исто.

[431] АМ. ф. 151, оп. 1, ае 353.; К. Палешутски, *Илинденската...*, 103. Според Посланството на Чехословачката република во Софија бројот на уапсените бил над 300 лица. (*Чехословашки извори за...*, 262.)

[432] АМАНУ, ф. Ар. Јовков, ае 97.

[433] АО. ИНИ. ф. Кралско Посл..., к. XXXVII/16, ред. бр. 79.

[434] Исто., ред. бр. 80.

[435] Исто.

[436] Исто., ред. бр. 108.;

интерпелациите во Собранието се само надворешни манифестации на тој договор"[437] останале долго време по спроведувањата на апсењата. Ваквиот став го подржувале и српските весници. Според нив оваа постапка била извршена по интервенција на романскиот посланик Ланта Рашкан и италјанскиот Сабино Ринела.[438] На средбата меѓу бугарскиот министер за надворешни работи Калфов и известувачот на "Политика" од Софија Д. Кузмиќ на упатените забелешки дека се уапсени луѓе кои немат или имат многу малку врска со комитетските акции, а не бил затворен ниту еден војвода, ни еден поистакнат член на Македонскиот Комитет, следел неуверливиот одговор дека "од нив се регрутирале четите, и војводите со тоа останувале сами."[439] Известувачот останал незадоволен заради тоа што не му бил даден ни списокот на затворените лица. Наскоро се јавило разочараност и мислење дека се гонеле "не приврзаниците на ВМРО, туку нејзините македонски противници."[440]

Соочено по втор пат за многу краток временски период со затварање на свои членови Раководното Тело на Илинденската Организација со упатена наредба до претседателите на друштвата "Илинден" препорачувало друштвата да не го прекинуваат својот организационен живот и да продолжат да одржуваат контакти со останатите македонски организации.[441] Од членовите на илинденските друштва било побарано да избегнуваат секави инциденти со претставници од власта.[442] "Нешто повеќе, при настанатите околности, тој треба да се

---

[437] Исто., ред. бр. 80.

[438] Бугарска комедија, *Политика*, XX. 5 Марта 1924, 5699, 4.

[439] Д. Кузмић, Како г. Цанков хапси, *Политика*, XX, 9 Марта 1924, 5703, 4.

[440] Стефан Троебст, *Фашистичка Италија и ВМРО (1922-1925 г.)*, Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, Скопје, 1994, 402.

[441] АМ. ф. 151, оп.1, ае 352.

[442] Исто..

пројави со голема енергија и сознание. Тоа е природен закон за самоодржување. Затоа да ја удвоиме енергијата и својата дејност, со што ќе докажеме, дека сме совесни членови на една културно-просветна и добротворена организација."[443] Илинденските друштва биле повикани веднаш да ги испратат на Раководното Тело сите парични задолжувања, печатот, формуларите и другите хартии; да ги предадат своите годишни извештаи, и да ги исплатат сумите од продадените календари.[444] И покрај овие преземени мерки затворањата сепак се одразиле врз работата на организацијата, "бидејќи од апсењата наваму организациониот и друштвениот живот се сопрел малку."[445]

Постапката на затворање членови на Илинденската Организација предизвикала бурни реакции. Нејзиното Раководно Тело во протестот испратен до премиерот Ал. Цанков[446] ја искажало својата огорченост заради преземената мерка која според нивно мислење била спротивна на Уставот. Напомнувајќи дека според законот членовите на организацијата не требало да бидат затварани бил побарано одоговор на прашањето "Има ли некаде, во некој меѓународен закон, има ли наложено некое задолжение, да не работиме за својата татковина, по легални патишта, па не апсите, ни сопирате весници, филмови, ни забранувате дури и собранија, вечеринки и др.?" До премиерот биле испратени протестни телеграми од друштвата "Илинден" од Ќустендил, Плевен, Б. Слатина, Нова Загора.[447] Од друштвото во Шумен било испратено писмо[448] до

---

[443] Важни разпоредби на Илинденската Организация, *Пиринъ*, II, 30 Мартъ 1924, 25, 3.

[444] АМ. ф. 151, оп. 1, ае 353.

[445] Исто.

[446] Нашето възмущение До Господина Прѣдседателя на Министерския Съвѣтъ, *Пиринъ*, II, 9 мартъ 1924, 22, 1.

[447] Исто., 2.

[448] Исто., II, 16 Мартъ 1924, 23, 3.

минситерот за внатрешни работи и народно здравје Ив. Русев, од кое копија била упатена до весниците "Пирин", "Независна Македонија", "Утро" и "Зора". Незадоволството било уште поголемо бидејќи затварањата биле тројно поголеми од затварањата кои биле извршени за време на Ал. Стамболиски.[449]

Наскоро потоа бил зададен нов удар на организацијата на илинденците. На 10 април 1924 год. со официјално писмо од министерот за внатрешни работи Ив. Русев било забрането излегувањето на в. "Пирин."[450] Чинот кој бил извршен "без никакви мотиви и основи", не го поколебал Раководното Тело на организацијата веднаш да започне да издава нов весник, со име на историската дата на Илинденското востание- "20 Јули."[451] Со појавата на новиот весник не бил направен никаков прекин во издавањето на органот на организацијата, бидејќи в. "20 Јули" излегол една недела од излегувањето во печат на последниот број на в. "Пирин." Иако официјално бил именуван како"македонско-одрински лист" в. "20 Јули" фактички бил орган на Илинденската Организација.[452] Во окружното[453] на Раководното Тело до претседателите на илинденските друштва (од 11 април 1924 год.) биле посочени насоките на дејствување во новата ситуација во која се нашла организацијата. На претседателите на друштвата им било препорачано да го искажат своето незадоволство на тој начин што ќе испраќаат "енергични протестни телеграми" на адреса на премиерот Ал. Цанков. "Телеграмите да бидат со копија до македонските пратеници, до шефовите на сите политички

---

[449] Исто., II, 9 Мартъ 1924, 22, 1.

[450] АМ. ф. 151, оп. 1, ае 355.

[451] Исто.

[452] К. Палешутски, *Илинденската* ..,104.

[453] АМ. ф. 151, оп. 1, ае 355.

партии и нивните печатни органи, до извесни општественици и др."[454] Протестите до премиерот против спроведените затварања и сопирање на в. "Пирин" пристигнувале од повеќе делови на државата.[455] Во сите нив било барано повлекување на оваа владина заповед. Друштвото "Илинден" од Ќустендил барало дозвола од премиерот и понатаму неговите членови да ги читат македонските весници "нешто што е дозволено на сите народности во Бугарија, да имаме можност да се учиме преку нив за својата татковина." Делегација на Националниот Комитет и Илинденската Организација на одржаната на 10 април 1924 год. средба со премиерот протестирала заради забраната за излегување на весниците "Пирин" и "Независна Македонија" и за бруталноста со која полицијата ги разграбила весниците од редакциите.[456] Огромното незадоволство предизвикано со владината одлука за забрана на издавањето на в. "Пирин" резултирало со директно обраќање на Раководното Тело на Илинденската Организација до премиерот Ал. Цанков.[457] Со содржината на Меморандумот до претседателот на Министерскиот совет (од 17 април 1924 год.) била запознаена целокупната јавност во Бугарија, бидејќи тој бил објавен во в. "20 Јули".[458] Во Меморандумот откако Раководното Тело истакнувало дека македонското прашање било меѓународно прашање, побарало "еднаш за секогаш да се разбере дека емиграцијата во Бугарија, која дејствува во рамките на "законските можности" на државата, која дала гостопримство, ниту може да оди по политичките

---

[454] Исто.

[455] Протести, *20Юли*, I, 20 Априлъ 1924, 2, 1.; Насилието вѫрху "Пирин", *Земледелско знаме*, Прага, год. 20, 26 Септемврий 1924, 40, 7.

[456] Исто., 8.

[457] АМ. ф. 151, оп. 1, ае 432; АМ. ф. 1932, оп. 1, ае 358.

[458] Меморандумъ до Господинот Претседател на Министерскиот Совет, *20 Юли*, I, 20 Априлъ 1924, 2, 1.

задачи на бугарската држава, ниту може да дава жртви во име на "државни интереси" кога тие жртви се за сметка на развојот на македонското прашање." Истата идеја која челниците на Илинденската Организација пред две години ја објаснувале на тогашниот премиер Ал. Стамболиски за посебноста на бугарскиот и македонскиот патризотизам сега била уште повеќе развиена. "Нека еднаш за секогаш се разбере, дека бугарскиот државен патриотизам, со кој често сакаат да се гордеат бугарските државници од 1890 год. цо денес, и македонскиот патриотизам се две нешта, меѓу кои не само што нема ништо заедничко, туку се во директна спротиставеност, и ете зошто, сите дејствија на бугарските влади, насочувани против самостојноста на македонското прашање и против самостојното движење на емиграцијата, дејствија, иако сокривани зад параванот "бугарски државни интереси"- за нас Македонците биле и се само нови и нови гревови на несреќна Македонија." Во Меморандумот било истакнато дека Бугарија откако докажала дека работи во насока на делба на Македонија, "не може во нашите очи по натаму да минува за носителка на тоа (македонско.-б.м.) прашање." Емиграцијата од Македонија во Бугарија, Романија, Турција и Америка е "носителка на сопствен политички идеал," заради што македонската емиграција"ниту може да оди по политичките задачи на бугарската држава, ниту може да дава жртви во името на "државни интереси", кога тие жртви се на сметка на развојот на македонското прашање." Барајќи ги причините заради кои постоел расчекор помеѓу бугарскиот и македонскиот патриотизам бил истакнат податокот дека бугарски влади во својот стремеж да постигнат зближување со Србија и да излезат на Егејско море се спремни "повторно одат кон нови делби на Балканот, одат следствено дијаметрално спротивно на македонскиот принцип: Независна Македонија." Според авторите на обраќањето главната причина за ваквото однесување на

бугарските влади била "потчинување на македонското прашање и македонската емигрантска дејност на бугарските државни интереси." Понатаму продолжувале: "Истовремено со тоа должни сме да Ви изјавиме, дека во името на нашиот самостоен идеал, кои никој неможе да го поднесуваме во жртва на Вашите државни тенденции, ние еднаш за секогаш треба да бидеме третирани не како дел од бугарската држава, туку како независен политички елемент, иако сме еднопленемици и добри Бугари. Во име на таа независност, ние имаме самостојни права, какви што имат сите гости на бугарската држава: Турци, Ерменци, Руси, Грци и др. (...) ако Нејскиот договор пледира тоа право за нашите собраќа во Србија и Грција, каква иронија на судбината е да ни се одземат тоа тука!"

Толку отворено обраќање до премиерот "со крајно негаторски и предизвикувачки тон кон Бугарија"[459] немало испратено ни една друга македонска организација. Постапката на илинденците која ја шокирало[460] јавноста во Бугарија, кај многу мина предизвикала недоумица. [461] Таа произлегувала од силно изразениот лозунг на независност на Македонија, заради што членовите на Илинденската Организација биле обвинети за"национален сепаратизам, за дејства против државата, за предавство." [462]

Смелото истапување на Илинденската Организација со постапката на испраќање на Меморандум до бугарскиот премиер предизвикала реакција и кај одредени македонски организации во Бугарија.

---

[459] Д. Добринов, *Последнциш цар на ..*, 107.

[460] Исто.

[461] К. Палешутски, *Илинденскаша ...*, 105.

[462] Исто.

## III. 3. ОДНОСОТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА КОН ДРУГИТЕ МАКЕДОНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Друштвото "Илинден" се формирало во време кога процесот на политичко поларизирање и прегрупирање во редовите на македонската емиграција во Бугарија бил во полн ек.[463] Тивката, прикривана војна за придобивање на што поголемо влијание во редовите на македонските емигрантски и бегалски маси веќе со месеци се водела меѓу Исполнителниот Комитет на македонските братства и Времената Комисија на македонската емиграција. Во таа наелектризирана ситуација, кога на секој можен начин се работело за привлекување на секое македонско друштво и братство, појавата на друштвото "Илинден", и покрај тоа што тоа се родило "без шумно и без претензии,"[464] предизвикала значително внимание во редовите на емиграцијата. За да го избегне поврзувањето со било која македонска политичка организација во Бугарија, управата на друштвото уште во првиот број на в. "Илинден" ја запознала јавноста дека членовите на друштвото нема да се мешаат во политичките борби на македонската емиграција и нема да се занимаваат "со никаква политика".[465] Во истиот број била истакната и определбата друшвото да не завзема страна во политичките борби, а неговите членови да не се занимаваат "со никаква политика како колективно цело."[466] Јасното дистанцирање од било какво поврзување со политичките борби на

---

[463] Даринка Пачемска, *Улогата на ВМРО (Обединета) во запознавањето на меѓународното работничко движење со македонското прашање меѓу двете светски војни*, Прилози за Илинден 1979, Скопје, 1983, 205.

[464] В. Чернодрински, Да си помогнем сами, *Илинден* ,II, 12 Май 1922, 19, 1.

[465] Исто., I, 30 Юли 1921, 1, 2.

[466] Исто.

македонската емиграција во Бугарија не го поштедило друшвото од воздржан, дури и непријателски прием од повеќе средини.

Уште пред формирањето на друштвото "Илинден" била критикувана самата помисла да се организираат некогашните македонските революционери. Членовите на Повремената Комисија по организирање на бившите македонско-одрински революционери во друштво "Илинден" во март 1921 год. посветиле посебно внимание на поучувањето и советувањето на членовите на друштвата, на кој начин да се однесуваат кон критиките и нападите[467] упатувани на нивна адреса. Актуелноста на тоа прашање била толку голема што тоа станало честа точка на дневниот ред на првите заседанија на управата на друшвото "Илинден". Во летото 1921 год. тој однос не бил изменет, па сеуште можело да се слушнат "гласови на критика против нас, пак од наши другари."[468] За да го запознаат своето членство со проблемите на кои можеле да наидат, а воедно и да го заштитат од нападите кои доаѓале од надворешни средини на првото собрание одржано од софиското друштво, Ал. Панов, во својство на секретар на Привремената Комисија, објаснил дека "патот на друштвото не е совршено изгладен и прав."[469] Тој присутните членови ги предупредил "дека во почетокот друшвото ќе сретне опозиција од некои средини и лица било од заинтересираност и злонамерно, било од недоверба и заблуда."[470] Зборови на подршка и храбрење на илинденците пристигнале и од стариот македонски револуционер, реонскиот началник во Леринско за време на востанието Георги Поп Христов.[471]

---

[467] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[468] Едно предупреждение, *Илинден*, I, 30 Юли 1921, 1, 4.

[469] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 1.

[470] Исто.

[471] Исто.

Членовите на друштвото "Илинден" одбегнувале да одговараат на упатените напади и критики. Според Георги поп Христов во борбата против непријателите на друштвото било доволно да се истапува со објаснување дека здружувањето на некогашните македонски револуционери не било инспирирано од желбата за слава и чест.[472] Гр. Костов размислувал идентично по тоа прашање. Препорачувајќи лојалност, умереност и молчење, тој ја нагласил штетата која може да ја има д-вото доколку започне расправии со неговите критичари и обвинувачи.[473] Овој став, прифатен од останатите членови бил објавен во печатот,[474] со образложение дека илинденците придржувајќи се на традицијата претпочитале исто како и во минатото нивните дела да ги демантираат сомневањата "и да ги обезоружат нивните злобни намери, ако навистина такви постојат." Останувајќи доследни на овие заложби членовите на друштвото избегнувале да се впуштаат во дискусии со лица надвор од нивните редови,[475] иако во печатот било испратено предупредување дека доколку се продолжи со критики друшвото ќе возврати со иста мерка.[476]

Ставот на друштвото "Илинден" да стои на страна од политичките борби и да ја зачува својата неутралност како што гледаме не го поштедил од напади и обвинувања. Од разни места биле критикувани различни сегменти од неговата работа. На критика бил подложен ставот

---

[472] Исто.

[473] Исто.

[474] Едно предупреждение, *Илинден*, I. 30 Юли 1921, 1, 4.

[475] "Ние ќе молчиме (...) зошто нашата задача е да ги прибереме под знамето на обединување сите наши другари, а не да водиме кавги и полемики, со кои и да било од нив. Нека тие сите дојдат во нашата организација како членови и таму при полна слобода и демократичност кој им ја дава нашиот устав, ќе ги слушаме со внимание да размислуваат, осудуваат, жигосуваат и критикуваат секоја наша постапка."( Исто.)

[476] Исто.

на друштвото за немешање во политика. "Илинденецот не треба да вели дека не се занимава со политика, зошто токму тој ќе се занимава со политика и тоа само со една: слободна и независна Македонија - Македонија за Македонците!".[477] Други пак го напаѓале друштвото токму заради тоа што проследувало политички цели.[478] Парадоксално на отпор наишла дури и одлуката на друштвото материјално да ги помага своите членови. "Тој (илинденецот - б. м.) треба да е беден - гол и бос зошто треба се да дава за Македонија. Нема смисла од взаемна материјална поткрепа."[479] Сликата на идеалниот член на друштвото, очигледно замислена премногу идеалистички,[480] и без да се води сметка дека станувало збор за бивши револуционери, покажувала дека појавата на друштвото предизвикала извесен степен на нервоза во одредени кругови на македонската емиграција. Доста распространето било стравувањето друштвото да не се претвори во "група, повикана да игра фашистичка улога во политички живот на Бугарија,"[481] а нејзините членови да не се претворат во наемници.[482] Друштвото "Илинден" било обвинето и дека нема изграден јасен став кон македонското минато.[483] Причината за ова обвинување лежела во постапката на редакциониот комитет на в. "Илинден" на страниците на органот на друштвото да отпечати спомени

---

[477] АМ. ф. 1909, оп.2, ае 164.

[478] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 1.

[479] АМ. ф. 1909, оп.2, ае 164.

[480] "Илинденецот треба да се срами да зборува за Македонија доколку самиот не ја нарами пушката и не отиде таму да умре во борбата заедно со своите браќа и сестри. Неговиот говор треба да биде (...) куршумот, неговите плоштади за митинзи треба да се македонските окрвавени планини и долини." (АМ. ф. 1909, оп.2, ае 164.)

[481] Аресни Јовковъ, Илинденската организация и нейнитѣ отношения, *20 Юлиј*, I, 15 ѓниј 1924,10, 2.

[482] Исто.

[483] За в. "Илинден", *Бюлетин*, Пловдив, 2 Юли 1922, 16, 4.

на лице активен учесник во Врховниот комитет (Белев). Острата и бурна реакција од македонската емиграција на оваа постапка ја принудиле редакцијата на в. "Илинден" отфрлајќи ги нападите да објаснува дека друштвото постојано ги поцртувало и актуелизирало лозунзите на внатрешната организација, а македонската емиграција постојано била повикувана да се врати кон тие лозунзи.[484] Според нивно мислење во пишувањето на органот на друштвото "Илинден" немало никаква нејаснотија бидејќи историјата "одамна си го кажала зборот за врховизмот." Навредени од гестот на уредниците на в. "Билтен",[485] друштвото "Илинден" дури побарало одговор на прашањето "на кое востание ќе ја празнувате годишнината на Џумајското, или на Илинденското, и чие востание е Илинденското?"[486]

Сепак прокламираната неутралност на друштвото "Илинден" како што одминувало времето се потешко се одржувала. Опасностите за нејзиното зачувување биле многу бројни.

## III. 3. 1. ОДНОСИТЕ МЕЃУ ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАНТСКА ФЕДЕРАТИВНА ОРГАНИЗАЦИЈА (МЕФО)

Поголемиот дел од лицата кои ја формирале Привремената Комисија по организирање на старите македонски револуционери во

---

[484] На "Бюлетина" въ Пловдивъ, *Илиндень*, II, 9 Юли 1922, 27, 2.

[485] Повеќе за в. "Билтен"кај Манол Пандевски, *Македонската емиграција во периодот од 1918 д о 1924 г. и победата на Октомвриската револуција*, ГИНИ, 1967, XI/1, 35.

[486] На "Бюлетина"въ Пловдивъ, *Илиндень*, II, 9 Юли 1922, 27, 2.

друштво "Илинден" биле противници на политиката на Исполнителниот Комитет на македонските братства во Бугарија. Активен член на друштвото "Илинден" уште од неговото основање бил еден од главните идеолози на федеративното движење Владислав Ковачев. Во работата на Македонската Емигрантска Федеративна Организација, чие формирање било подготвено од Привремената Комисија на македонската емиграција се ангажирале исто така голем број членови на друштвото "Илинден." На основачкиот конгрес на МЕФО (декември, 1921 год.) учествувал членот на илинденското друштво Гр. Костов,[487] кој бил избран и во неговото постојано биро. [488] Во управата на новата организација биле избрани Владислав (Славчо) Ковачев и Ал. Панов. [489] Општо земено во работата на МЕФО биле ангажирани речиси сите најактивни лица кои ги организирале старите македонски револуционери во друштво "Илинден", какви што биле: Кр. Зографов, Ал. Панов, Ст. Мишев и Гр. Костов. Ова масовно вклучување на членови на друштвото "Илинден" во редовите на новата македонска организација било директно поврзано со меѓусебните односи на друштвото "Илинден" со Привремената Комисија на македонската емиграција. Почетната резервираност[490] кон Привремената Комисија, произлезена од воочувањето дека во нејзините редови се проследуваат повеќе политички интереси и амбиции, "отколку љубов и преданост кон делото"[491] не го спречиле друштвото да не контактира со

---

[487] Ив. Катарџиев, *Борба до победа*, II, 169.

[488] *Автонома Македония*, 8 октомври 1921, 44, 1.; К. Палешутски, *Създаване и дейност на македонската федеративна емигрантска организация (1920-1923 г.)*, Известия на института по история на БКП, 1990, 66, 53.

[489] *Автонома Македония*, 15 декември 1921, 53, 1.; К. Палешутски, *Създаване и дейност на ..*, 55-56.

[490] Нашите отношения към съществуващите македонски организации и групировки, *Илинден*, I, 10 Септември 1921, 2, 3.

[491] Исто.

неа. Како "убеден и фанатизиран заштитник и проповедник на федеративните идеи,"[492] друштво "Илинден" си поставило задача да посредува за обединување на целокупната македонската емиграција. Спремноста на друштвото да посредува во надминување на постоечките недоразбирања меѓу македонските организации била повеќепати искажана од повеќе негови членови. Од тие причини обидите да земе учество во тоа помирување се појавиле набргу по формирањето на друштвото. На собранието на софиското друштво одржано на 21 август 1921 год. Сл. Ковачев го покренал прашањето друштвото да преземе иницијатива за посредување во помирувањето на Исполнителниот Комитет и Привремената Комисија.[493] Според него илинденското друштво имале "најголемо морално право" да ја превземе таа иницијатива. Неговиот обид не наишол на одобрување од останатите членови, бидејќи според Г. Поп Христов предлаганата акција била надвор од ингеренциите на друштвото.[494] Наредното истапување на членовите на друштвото по прашањето за меѓусебниот однос на Исполнителниот Комитет со Привремената Комисија се случил во октомври 1921 год., непосредно по одржувањето на III велик собор на Исполнителниот Комитет.[495] Авторот на објавената во в. "Автономна Македонија" статија, очигледно добро запознаен со состојбата во редовите на друштвото и на Исполнителниот Комитет, истакнал дека друштвото "Илинден" не

---

[492] *Македонско Дело*, 2, 25 март 1927, 38, 10.

[493] АМ. Ф. 1075, оп. 1, ае 1.

[494] Исто. Сл. Ковачев заедно со Ј. Анастасов во декември 1921 г. ја остварил својата намера да започне преговори за надминување на недоразбирањата меѓу ВК и ИК, дури и преговори за обединување, но не како член на друштвото "Илинден," туку како член на МЕФО. ( К. Палешутски, *Създаване и дейност на македонската...*, 54.)

[495] Илинденците и III велик събор на изпълнителния комитет, *Автономна Македония*, I, 24 Октомври 1921, 46, 4.

верувало во можноста за помирување меѓу двете страни. Единствениот излез за надминување на таа состојбата, според него, лежел во постигнувањето на компромис.[496]

Првите проблеми искрснати од напоредното членување во повеќе организации[497] се јавиле во есента 1921 год. За парадоксот да биде поголем поводот за тоа бил даден од претседателот на управата на друштвото Кр. Зографов. Без "да се јави на никого од управата"[498] тој презел мерки кои го компромитирале илинденското друштво. Имено Кр. Зографов станал активен член на нелегална федеративна чета, а заедно со д-р Филип Атансаов, Павел Христов, Христо Цветков, Крсто Љондев во есента 1921 год. заминал за Албанија.[499] Ова однесување кое било мотивирано од желбата да се созададе федеративна револуционерна организација во Западна Македонија,[500] предизвикала директно конфронтирање со ВМРО. Искрснатиот спор на федералистите со ВМРО станал уште посериозен откако во образуваниот во зимата 1922 год. "Централен Федеративен Револуционерен Комитет" заедно со Гр. Циклев, Заре Секулички, Велко Мандарчев, Лазар Фертика влегле и Кр. Зографов и Ал. Панов.[501]

Вклучувањето на овие членови на друштвото во илегалните федеративни чети, од кои едниот бил сеуште претседател на здружението, претставувал тежок удар за друштвото "Илинден".

---

[496] Исто.

[497] Во вториот број на в. "Илинден" било објавено дека "Ние воопшто не можеме да се мешаме во политичкото убедување на нашите членови, тие се слободни да ги исповедуваат каде сакаат и под каква форма сакаат." (*Илинден*, 10 септември 1921, 2, ..)

[498] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 1.

[499] *Правителството на Стамболийски*.., 13.

[500] Жила Л. И, Поповский, В. Т., *Македонский вопрос в документах Коминтерна*, Скопје, 1999, 132.

[501] Исто, 133.

Однесувањето на Кр. Зографов дал непосреден повод за поврзување на сите членови на друштвото со комитските акции кои во тој временски период често се извршувале на територијата на Вардарска Македонија. Повторното претварање на Софија во "главен центар на една оружена и терористичка организација", според мислење на дописникот на "Политика" од Софија Миомир Миленковиќ, било поврзано со појавата на друштвото "Илинден".[502] Организацијата на македонските ветерани во исто светло ја гледале и српските политичари. Министерот за внатрешни работи на Кралството СХС М. Нинчиќ во одржаниот на 25 јули 1922 год. говор[503] пред пратениците на Народното Собрание во делот посветен на односите со Бугарија набројувајќи ги револуционерните комитети кои постоеле во таа држава заедно со "Македонскиот Извршен, Македонскиот Федеративен, Тракискиот и Добруџанскиот комитет" го вброил и друштвото "Илинден."[504] Искажувајќи отворено сомневање кон тврдењето на бугарската влада дека тие комитети се навистина добротворни, министерот ја посочил работата токму на илинденското друштво.[505]

---

[502]Според дописката на М. Миленковиќ повикот да се пријават македонските војводи и четници за да им се даде помош бил испратен со цел тие повторно да се активираат во револуционерното движење. "После конференциите држани со шефовите на организацијата, војводите се обратиле кон своите бивши четници (знаејќи ги сега нивните адреси). А кога така формално била обновена организацијата на четите, тогаш се пристапило кон врбување на нови четници меѓу стотината илјади бегалци од Добруџа, Тракија и Македонија."(Миомир Миленковић, Комитет и партије, *Политика*, Београд, 4860, XVI, 3 Новембра 1921, 1.)

[503] Др. М. Нинчић, *Спољна политика Краљевине Срба, Хрвата и Совенаца у год. 1922-1924.* (Говори и експозе у Народној скупштини), Београд, 1924, 15.

[504] Др. М. Нинчиќ, *Спољна политика Краљевине ...*, 15.

[505] Министерот објаснил дека претседателот на друштвовото Кр. Зографов. "загинал на чело на една разбојничка банда во борба со нашата жандармерија на 4 мај о.г., кај село Кошево во близина на Штип."(Др.М. Нинчиќ, *Спољна политика Краљевине...*, 15.)

Постапката на Кр. Зографов придонела друштвото "Илинден" да се најде во исклучително тешка положба кратко време по своето конституирање. Како прва сериозна опасност за нарушување на авторитетот на друштвото и неговиот устав, станало јасно дека основите на кои тоа било поставено биле многу слаби. Заради искрснатата потреба да се работи за идејно зацврстување на друштвото, многу внимателно се пристапило кон постапката на запознавање на членството со однесувањето на Кр. Зографов. Во октомври 1921 год. илинденците биле предупредени да не прифаќаат никакви предлози да учествуваат во четнички акции превземени во име на друштвото, или на кое и да е лице.[506] На членовите на друштвото им било препорачано да бидат многу внимателни бидејќи друштвото останувало воздржано кон секоја активност што била надвор од кругот на неговата дејност.[507] Објаснувајќи дека секоја постапка на членовите на друштвото треба да биде заснована врз уставот, од нив била побарана дисциплина. "Доколку започнеме да дејствуваме по тој пат, и не обрнуваме доволно внимание на заповедите на нашиот устав, ние ја отвараме широка вратата на лични желби и самоволија, а со тоа можеме да го погребаме и самото друштво." [508] Одлуката[509] друштвото "Илинден" да објави известување-натпис во весниците дека Кр. Зографов повеќе не е претседател на друштвото, ниту е негов член, а неговото претставување било каде во име на друштвото да се смета за лажно, веднаш била реализирана на страниците на органот на друштвото.[510] Исключувањето на Кр. Зографов сепак придонело на површина да се појави известно идејно неединство меѓу членовите. Гр.

---

[506] Съюзен живот, *Илинден*, I, 24 Октомврий 1921, 5, 1.

[507] Исто.

[508] Исто.

[509] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 1.

[510] Сооппшение, *Илинден*, I, 21 Ноемврий 1921, 7, 2.

Костов протестирајќи против решението на собранието со кое претседателот на управата бил исключен од друштвото, објаснил дека заради тоа што собранието не било редовно и било незаконско, и донесеното решение исто така било "незаконско и прибрзано."[511] Неговиот предлог повторно да се гласа по тоа прашање бил прифатен, но резултатот од гласањето бил идентичен со оној од претходното собрание - Кр. Зографов повеќе не бил член на друштвото. Решеноста да се продолжи по патот кој бил набележан во уставот, а членовите на друштвото "да не се подаваат на краткотрајни влијанија од оние средини, които сакат да ја оскрнават нашата неизградена друштвена зграда"[512] бил јасно истакнат во времето пред да се изврши изборот на новата управа на друштвото.

И покрај овој непријатен настан друштвото "Илинден" одржувал блиски контакти со МЕФО. Заеднички учествувале при одбележувањето на значајни настани и годишнини од загинување на познати македонски револуционери и војводи, како и при прославите на Илинден. Во 1922 год. друштвото "Илинден" заедно со Федеративен Комитет (и со Исполнителниот Комитет, Македонската Студентска група, македонското студентско друштво "Вардар", македонското женско друштво, македонскиот младински сговор, читалиштето "Гоце Делчев") испратиле Позив до сите друштва, братства, младински организации и женски добротворни друштва во Бугарија.[513] Како еден од организаторите на прославата двајца претставници на МЕФО одржале говори на манифестацијата што се одржала по улиците на Софија.[514]

---

511 АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 1.

512 Пред избора, *Илинден*, I, 5 Декември 1921, 8, 1.

513 Илинденската панахида, *Автономна Македония*, II, 6 Август 1922, 78, 2.

514 Исто., II, 13 Август 1922, 79, 1.

Меѓусебно добрите односи на друштвото "Илинден" и МЕФО биле ставени на испит со појавата на илегалните федеративни чети, во чие организирање се вклучил и Ал. Панов.[515] Во разгорената во летото 1922 год. борба меѓу четите на ВМРО и на федералистите, неколку членови на друштвото "Илинден", кои истовремено биле активни и во ВМРО, загинале. Меѓу нив биле: Михаил Радев- Странцата, Велин Алајков. Убиството на Михаил Радев-Странцата извршено во септември 1922 год. послужило како повод друштвото "Илинден" да испрати апел да се престане со братоубиствените акции. Без да обвини некоја од инволвираните страни, Ар. Јовков објаснувал дека прибегнувањето кон меѓусебно самоуништување означувало немоќ на идејните основи на двете струи во движењето.[516]

Почетното спротиставување кон примена на сила во искрснатиот спор меѓу спротиставените струи во македонското револуционерно движење друштвото "Илинден" постепено го заменил со отворено напаѓање на илегалните федеративни чети. Според мислењето на Ар. Јовков Илинденската Организација "со својот орган ги растера оние федералисти, кои ја носеа идејата само како маска, а всушност сакаа да го прикачат македонското дело кон нова партиска кола."[517] Активноста на илегалните федеративни чети според мислењето на Г. Занков ја компромитирале револуционерната борба во Македонија и го спречувале обединувањето на македонската емиграција во Бугарија. [518] Односот на друштвото кон федеративните чети станал очигледен на основачкиот

---

[515] Никола Киров-Мајски, *В строя за Македония. исторически факти, бележки и документи*, 6; И. Катарџиев, *Борба до победа*, 173.

[516] Ар. Јовковъ, Стига кърви!.., *Илиндень*, II, 23 Септемврий 1922, 38, 1.

[517] Арсени Јовковъ, Илинденската организация и нејнитѣ отношения, *20 Юлиј*, I, 15 Юний 1924, 10, 2.

[518] *Македонско Дело*, 2, 25 март 1927, 38, 10.

конгрес на Илинденската Организација. Во резолуцијата која тогаш била усвоена се истакнувало дека организацијата иако со симпатии гледала кон новото ослободително движење во Македонија го сметала за штетно секое вмешување на македонската емиграција во тоа движење бидејќи со тоа се внесувал немир во неговите редови.[519] Подржувајќи ја отворено страната на ВМРО во искренатиот негов спор со МЕФО, Илинденската Организација во своето печатно гласило го објавил ултиматумот на Т. Александров.[520] Во специјална декларација МЕФО ги отфрлил[521] обвинувањата изнесени во ултиматумот. Објаснувајќи дека таа никогаш не се занимавала со конспиративни работи, ниту го дала на разбојниците свое име, содејство и план за уништување на ВМРО, во декларацијата од Т. Александров било побарано да ги конкретизира своите обвинувања.

Со специјално окружно бр. 52 МЕФО посебно се задржал на однесувањето на Илинденската Организација. Нејзиното раководство било обвинето дека се однесува непријателски кон Федеративната Организација и преземајќи ја улогата на обвинител. "надмено плука над главите на сомислениците на цела една организација." [522] Уредниците на в. "Илинден" биле обвинети дека иако истапувале во име на една неутрална организација, сепак застапувале партиски цели. Како потврда на ова тврдење била посочена постапката на редакцијата на в. "Илинден", која не го отпечатила демантот- декларација на федералистите. Уредниците на органот на илинденците биле обвинети и бидејќи на страниците на в. "Илинден" се давало голем простор на разни инсинуации и анонимни позиви од провинцијата,[523] во кои постојано се напаѓале федералистите.

---

[519] Думата на Илинденския конгресъ, *Илинден.*, III, 28 Януарий 1923, 4, 1.

[520] Исто., 9 октомври 1922, 49.

[521] АО. ИНИ. Н.К. Мајски, *В строя за..*, 114.

[522] Исто., 115.

[523] Исто.

На крајот окружното завршувало со повикот членовите на Илинденската Организација кои биле сомисленици на МЕФО да го искажат својот став по однесувањето на редакционоит комитет, чии дејствија ја ангажирале целата организација.[524] Ова окружно, со печат на организацијата, иако без потписи[525] било испратено по цела Бугарија.[526] Спротиставувајќи се на обвинувањата Илинденската Организација објаснувала дека не дала никаков повод за такво однесување на МЕФО.[527]

Обединувачкиот конгрес на македонската емиграција (јануари, 1923 год.) ставило крај на непријателствата, иако се уште можело да се најдат поединечни случаи на спротиставување.[528]

## III. 3. 2. ОДНОСОТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА КОН МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАНТСКА ГРУПА ПРИ БЗНС

Во време кога била интензивирана борбата меѓу четите на ВМРО и на федеративниот комитет, во летото 1922 год., на верскиот празник Петровден, била формирана македонска емигрантска група при БЗНС. Групата која била создадена од страна на Земјоделскиот Сојуз,[529] по примерот на Емигрантскиот Комунистички Сојуз,[530] броела околу 80 члена,[531] а дружби биле формирани и во неколку села. Македонската

[524] Исто., 116.

[525] Къмъ македонската Емигрантска Федеративна Организация, *Илиндень*, III, 19 Януарий 1923, 3, 2.

[526] Исто., III, 19 Януарий 1923, 3, 2.

[527] Исто., III, 7 Януарий 1923, 1, 4.

[528] АМ. 471. 28. 4/7.

[529] Алексо Мартулков, *Моето учеството револуцио.ерните борби а Македонија*, Скопје, 1954, 345.; АО. ИНИ. Крсте Гермов-Шакир, *Спомени*, Скопје, 1967, 105-106.

[530] Исто.

[531] АМ. ф. 1932, кут. 4.

емигрантска група издавала два весника-"Испаден земјоделец" и "Емигрантска Мисла",[532] од кој за првиот се знае дека бил печатен во печатницата на "Земјоделски Народен Сојуз."[533] Главен организатор на формирањето и најактивен во работата како претседател на емигрантската група бил еден од основачите на друштвото "Илинден" - Ал. Панов. [534] Со неговото влегување во БЗНС, посебно откако ја напишал биографијата на Ал. Стамболиски,[535] неговите односи со власта станале многу блиски. [536]

Ставот на друштвото "Илинден" кон македонската емигрантска група при БЗНС бил изнесен неколку недели по нејзиното формирање, на конференцијата на илинденците (август, 1922 год.). Јасно изнесениот став кон активноста на групата бил инициран и од фактот што нејзиниот претседател Ал. Панов сеуште бил член на друштвото "Илинден". Во говорот на Петар Ацев одржан пред присутните делегати било забележано дека "Било која рака која ќе се обиде да се меша во движењето, кое се создаде и се создава внатре, ние немилосрдно ќе ја пресечеме."[537] Овие остри зборови биле упатени до Ал. Панов,[538] кој како делегат присуствувал на конференцијата. Натамошното однесување кон

---

[532] Крсто Гермов-Шакир, *Спомени*, 106.;Владимир Картов, *Ангел Динев-живот и дело*, Скопје, 1983, 69.

[533] *Правителството на Стамболийски...*, 15.

[534] АМ. ф. 1932, кут. 4. Останатите лица од раководството на групата биле следните: Антон Јанев од Гевгелија-долгогодишен администратор на 11 дивизија- бил потпретседател, а Палазов од Кукуш-секретар)

[535] Ал. Панов, *Александър Стамболийски в политическия живот на България*, София, 1921

[536] Ал. Панов од страна на градоначалникот на Софија Крум Попов бил назначен за управник на Столичната бања.(АМ. М- 4258.; *Правителството на Стамболијски*..,15.)

[537] АМ. ф. 1932, кут. 4.

[538] Исто.

него го потврдува непријателскиот став на илинденското друштво кон целокупната акција на формирање емигранстки групи. На 3 август 1922 год. на Ал. Панов му била пренесена веста дека бил исклучен[539] од друштвото, иако таа одлука била донесена уште во м. јуни.[540] Официјален повод за таа постапка била наводната проневера на пари.[541] Заради тоа што не им било дадено право на обвинстите Ал. Панов и И. Личев да се бранат, некои членови на друштвото, како на пример Сл. Ковачев,[542] го обвиниле Управниот совет дека нема право да исклучува било кој член без за тоа да се изјасни општото собрание по тоа прашање и без Контролната Комисија да регистрира злоупотреба на пари.

Напуштајќи го на таков начин друштвото, без да му се даде право да се брани на официјалното обвинување, Ал. Панов уште од првиот број на в. "Испаден земјоделец" (чиј редактор бил тој самиот) започнал една вистинска печатна кампања против Раководното Тело на друштвото "Илинден". Огорченоста заради неговото исклучување од друштвото била сеуште присутна кога на страниците на в."Испаден Земјоделец" тој го обвинувал претседателот на друштвото Г. Занков дека сака да создаде партија и да прави сопствена кариера од друштвото. Според мислењето на Ал. Панов неутралитетот на друштвото бил во сериозна опасност од активноста на разни агенти на политички партии и на македонски "конспиративни" организации, кои сакале да тргуваат со споменот на борците од македонското минато и "да го употребат д-вото, како

---

539 Бележки и отговори, *Прокуден земеделец*, I, 10 септември 1922, 5, 1. На општо друштвено собрание биле исклучени членовите на Софиското друштво:Никола Карасанов, Илија Биолчев, Тодор Бакалов, Илија Личев и Александар Панов. (АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.)

540 Бележки и отговори, *Прокуден земеделец*, I, 10 септември 1922, 5, 1.

541 АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

542 Исто.

инструмент на своите лични цели и каузите на круговите на кои служат".[543] На истото место Ал. Панов нудел и решение на кој начин да се стави крај на оваа состојба. "Отстранетете ги од раководните улоги и раководните места сите тие агенти и партизани, начело со вашиот претседател." На крај илинденците ги предупредувал: "Доколку не успеете да ги отстраните, вашето друштво ризикува да се компромитира и да ги изгуби симпатиите кои објективно сега ги ужива меѓу емиграцијата."[544]

Уште во август 1922 год. членовите на македонската емигрантска група имајќи ја поткрепата од Владата се обиделе да растурат неколку собранија на илинденците во Пловдив.[545] Според информациите кои биле дадени во в. "Илинден" од емигрантската група била мобилизирана и испратена вооружена чета на чело со Ал. Панов во Трново,[546] на 17 септември 1922 год.[547] В. "Илинден" кон емигрантската група при БЗНС ја вбројувала и четата (најверојатно истата) која го извршила убиството на Михаил Радев-Странцата.[548] Неговото вклучување во илегалните федералистички чети според мислењето на Ал. Панов не бил вистинскиот мотив за исклучувањето, туку тоа што тој заедно со уште двајца лица депозирал до управниот совет едно излагање[549] во кое ги разоткривал "темните работи на Занков", во кое тој бил обвинет дека тргува "со

---

[543] Хроника, *Прокуден земеделец,* I, 16 август 1922, 1, 2.

[544] Исто.

[545] АМ. ф. 1932, кут. 4.

[546] Г-нъ Стамболийски и ние, *Илиндень*, II, 19 Ноемврий 1922, 46, 1.

[547] Исто., II, 9 Декемврий 1922, 49, 1.

[548] Исто.

[549] Членовите на друштвото Думбалаков, Ал. Панов и Илија Личев испратиле писмо до Управниот совет на друштвото го обвиниле претседателот Г. Занков.(АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.)

друштвото на бившите револуционери, за лична сметка" и е еден од лидерите на либералната партија.[550]

Пресметката со Управниот Одбор на друштвото, и главно со неговиот претседател Г. Занков, продолжила се до насилната смрт на Ал. Панов. На почетокот на октомври 1922 год. врз него бил извршен атентат, од чии последици на 4 истиот месец тој починал.[551] Според повеќе извори убиството на Ал. Панов бил логичен крај на целокупната негова активност. Како негов недостаток бил сметан тоа што тој не бил доволно тактичен, и што предизвикувал политички средини многу посилни од себе.[552] Човекот кој го извршил атентатот и кој бил уапсен на местото на настанот бил син на прославениот Питу Гули-Никола Гулев. И покрај тоа што кај него била најдена членска книшка од Софиската земјоделска дружба, и што пред полициските органи како причина за убиството го навел податокот дека убиениот одбил да му даде работа, било јасно дека убиството било извршено по наредба на ВМРО.[553] По смртта на Ал. Панов излегол двоброј на "Испаден земјоделец" (целосно посветен на убиениот редактор) по што весникот престанал да излегува. Македонската емигрантска група, исто како и весниците ("Испаден земојоделец" и "Емигрантска мисла") под притисок на амбасадата на Кралството на СХС[554] биле запрени од премиерот Ал. Стамболиски.[555] Во зимата 1922 год. во отпочнатите преговори на Панчо Михајлов и

---

[550] Бележки и отговори, *Прокуден земеделец*, I, 10 септември 1922, 5, 1.

[551] Исто. I, 26 октомври 1922, 8 и 9,1.

[552] Ново убийство, *Автономна Македония*, II, 6 октомври 1922, 84, 2.

[553] Како потврда може да послужи податокот што Никола Гулев, кој веднаш се предал на полицијата, со помош на "другари" успаел да избега од затворот. (Ив. Михайловъ, *Спомени II*, 212.)

[554] АО. ИНИ. Крсто Гермов-Шакир, *Спомени*, 106.

[555] Исто.

министерот за одбрана Константин Томов по повод заземањето на Ќустендил, како еден од условите поставени од ВМРО бил и Владата да ја "распушти новоуредената емигрантска организација кон БЗНС."[556] Во почетокот на јануари 1923 год. привржаници на Ал. Панов пребегнувајќи од Неврокопско, Мелничко, Петричко сеуште можеле да се сретнат во Софија,[557] без притоа да претставуваат некој посериозен фактор во македонската емиграција.

Односот на Илинденската Организација кон македонската емигрантска група при БЗНС, како и кон било која македонска организација создадена од бугарска политичка партија, бил претставен на нејзиниот основачки конгрес. Зборовите кои по тој повод ги искажал пред конгресистите Христо Ал. Божков на најдобар можен начин го отсликувале ставот на илинденците кон сите македонски организации создадени под надворешно влијание. Тој став кој бил отворено негаторски произлегувал од јасно искажаната желба да не се предизвикува поделба на македонската емиграција. " Како граѓани на државата, која ни го укажала свое гостопримство, ние имаме свои права и задолженија, заради што секој од нас има свое политичко убедување. Но кон Македонија ние имаме врховен долг - единство на емиграцијата, а не нејзино разединување."[558]

## III. 3. 3. ОДНОСОТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА КОН ЕМИГРАНТСКИОТ КОМУНИСТИЧКИ СОЈУЗ (ЕКС)

---

[556] Васил Ат. Василев, *Последният опит за споразумение между БЗНС и ВМРО*, МП, XIV, 1991, 3, 39.

[557] АМ. М- 4258.

[558] Хр. Ал. Божковъ, *Македонското освободително движение*, София, 1923, 24.

Во времето кога се формирало друштвото "Илинден" Емигрантскиот Комунистички Сојуз (ЕКС) ја живеел првата година од своето организационо постоење.[559] Замислен како организација на комунистички групи, Сојузот претендирал во своите редови да ги привлече бегалците од Македонија, Тракија, Добруџа и западните покраини. [560] По својот состав и цел ЕКС бил "типична комунистичка организација." [561] Како секција на БКП (т.с.),[562] ЕКС работел во редовите на сиромашните бегалци потполно "во духот на максималната партиска програма."[563] Толку јасно дефинираната идејна насоченост на ЕКС придонел неговото влијание да не продре масовно меѓу македонските емигрантски и бегалски маси. До основачката конференција (мај, 1921 год.) бројот на формираните групи изнесувал 20, со околу 1. 800 членови.[564]

Појавата на друштвото "Илинден" го привлекло вниманието на ЕКС. Ставот кон новата македонска организација прв пат бил изнесен за време на одбележувањето на годишнината од Илинденското востание во 1921 год.[565] Заедничкото учество на илинденското друштво и на

---

[559] Основите на организацијата биле поставени од БКП неколку месеци по распуштањето на Привременото Претставништво во мај 1920 г.

[560] ЕКС никогаш не профункционирал онака како што бил замислен. Г. Димитров во 1927 г. истакнува дека ЕКС воопшто не бил сојуз,"туку само комисија по водење на комунистичка пропаганда меѓу македонската емиграција."(Г. Димитров, *Съчинения*, том осми, София,1953, 322.; Жила, Поповский, *Македонский..*, 610.)

[561] Васил Ат. Василев, *Българската комунистическа партия и македонският въпрос (1919-1934)*, Изследвания по българска история, т. VIII, София, 1986, 187.

[562] Иван Катарџиев, *Борба до победа*, II, 146.

[563] Васил Ат. Василев, *Българската комунистическа партия и македонският въпрос (1919-1934)*, 187.

[564] *Освобождение*, 7, 22 VI. 1921, 1.; *Документи и материали за историята на българския народ*, София, 1969, 439.

[565] *Освобождение*, II, 6 август 1921, 13, 2.

Исполнителниот Комитет на прославата на Илинден во 1921 год., за членците на Сојузот, бил сигурен показател дека новото друштво се наоѓало под влијание на Исполнителниот Комитет. Искажувајќи ја својата разочараност што друштвото "Илинден" неуспеало да се оформи како самостојна организација на македонска основа, ЕКС го искажал своето мислење дека иднината на друштвото веќе била позната.[566]

Односот на друштвото "Илинден" кон ЕКС бил во согласност со прокламираната неутралност кон сите постоечки македонски емигрантски организации. Според зборовите на редакторот на в. "Илинден" Ал. Панов тој однос "не може да биде друг, освен однос на совршена незаинтересираност."[567] И покрај искажаното разбирање за сите лица кои верувајќи во новиот комунистички поредок влегле во ЕКС, сепак било истакнато дека неговите водачи преку комунистичките групи настојувале да придобијат "партизани за својата (комунистичка-б.м.) партија[568] исто онака како што со други или слични средства сите политички партии во Бугарија ја експлоатираат нашата несреќа."[569] Реакцијата на ЕКС на ова размислување била многу остра. Посебно ги погодило изедначувањето со останатите политички партии, заради што редакцијата на органот на друштвото била обвинета дека пројавила потполно непознавање и неразбирање на "големата и длабока принципиелна разлика меѓу комунистичката партија и сите останати буржоаски партии."[570] Органот на друштвото "Илинден", по нивно

---

[566] Исто.

[567] *Илинден*, I, 10 Септември 1921, 2, 3.

[568] Тоа впрочем било мислење и на чл. на Сојузот А. Мартулков. (Алексо Мартулков, *Моето учество*.., 345.)

[569] *Илинден*, I, 10 Септември 1921, 2, 3.

[570] Отзиви, *Освобождение*, II, 1 октомври 1921, 20, 4.

мислење, се карактеризирал со голема противречност.[571] Како пример за тоа било истакнато размислувањето на друштвото "Илинден" дека ослободувањето на Македонија ќе биде остварено по пат на "буржоаска демократија". Овој став дал повод на друштвото да му се сугерира дека во тој случај нема никаква потреба од негово одделно постоење, зошто во спротивен случај може да послужи како место во кое ќе дејствуваат приврзаници на разни политички партии и на разни револуционерни комитети.[572]

Острицата на ЕКС била насочена да докаже пред македонската општествена јавност во Бугарија дека друштвото "Илинден" не е неутрално во своето однесување. Сомневањето во вистинската неутралност била изразувана во речиси секое истапување на членовите на Сојузот. Неговиот орган в. "Ослободување" отпочнувајќи "бесна борба" против илинденските друштва, на своите страници ги забележал сите проблеми и неуспеси на кои тоа наишло во почетниот период на своето конституирање. Така бил регистриран податокот за неуспешниот обид да се формира илинденско друштво во Крџали,[573] што се случил на 20 јуни 1921 год. Според мислењето на уредниците на в."Ослободување" панахидите, утрата и вечеринките организирани од друштвото "Илинден" биле слабо посетени[574] од народот. Било забележано дека на нив присуствувала "само онаа"емиграција" која добро се средила во престолнината со по неколку куќи, со трговија, банки, претпријатија и

---

[571]Исто., II, 24 септември 1921, 19, 2.

[572] Исто.

[573] На повикот за формирање друштво "Илинден" во тој град, според дописникот на весникот, не се одзвал ниту еден бивш револуционер.(Лордъ Кърцонъ, На край земя сме, но съ "идеи" живѣемъ, *Освобождение*, II, 3 юлий 1921, 8, 2.)

[574] Исто., II, 6 август 1921, 13, 2.

високи државни служби."[575] Жестината со која се нафрлиле на друштвото зборувало дека тие во него гледале голема опасност. Исплашен од можноста Илинденската Организација да стане "орган на бугарската буржоазија за успешно спроведување на нејзината "македонска" политика и да ја употребат како орудие во своите внатрешни политички борби". ЕКС агитирајќи меѓу револуционерните дејци да не се запишуваат за нејзини членови повикал да се бојкотира оваа организација.[576] Било оспорено правото друштвото да се обраќа до разни конгреси,[577] а јавно било покренато прашањето од каде потекнувала иницијативата друштвото "Илинден" да се ангажира во кампањата против воведувањето на новиот бугарски правопис. [578] Отпорот кој го чувствувале кон илинденското друштво бил толку голем што самоубиството на некогашниот костурски војвода и активен член на друштвото Иван Попов било искористено да се упати порака до читателите на в. "Ослободување" тие "да се наредат час по скоро под знамето на комунизмот."[579] Пораката била испратена од роднина на починатиот, кој несреќниот крај на бившиот македонски револуционер го посочил како логичен крај на сите оние кои нема да пристапат кон ЕКС.[580]

Сите овие постапки укажувале дека ЕКС го согледал значењето на друштвото "Илинден."[581] Релативно брзото раширување на организационата мрежа на илинденските друштва во Бугарија бил уште еден доказ дека станува збор за сериозен противник во борбата за

---

[575] Исто.

[576] Алексо Мартулков, *Моето учество..*, 348.

[577] *Освобождение*, III, 4 юни 1922, 6, 2.

[578] Исто.

[579] *Освобождение*, II, 1 октомври 1921, 20, 2.

[580] Исто.

[581] Алексо Мартулков, *Моето учество..*, 347.

придобивање на македонската емиграција. Стравот илинденците да не ја придобијат сиромашната македонска бегалска и емигрантска маса бил огромен. Од тие причини членовите на Сојузот своето внимание посебно го насочиле кон сиромашните македонски емигранти, кон кои често пати биле упатувани апели да не се зачленуваат во друштвото "Илинден". "Секој бегалец треба да запомни, дека сите тие прослави, утра, вечеринки и други патриотарски манифестации имаат само една цел: да го заблудат, да го замаглат неговото сознание, за да се служат со него како и до сега."[582] Наполно сообразувајќи ја своата активност со БКП чиј однос кон македонското прашање "до крајот на 1922 год. имал доктринарен карактер",[583] ЕКС не постигнал позабележителен успех во настојувањето да го прошири своето влијание кај поголем дел од емиграцијата. Промена на ставот на ЕКС кон друштвото настапил со промената на односот на БКП кон македонското револуционерно движење. Во февруари и март 1923 год. по иницијатива на Комунистичката Партија биле свикани две конференции[584] со претставници на ЕКС, на кои било покренато прашањето за вклучување на комунисти во редовите на македонското револуционерно движење.[585] Овој предлог[586] на БКП упатен до македонските комунисти уште во пролетта 1923 год. бил прифатен заради што тие започнале да стануваат членови на македонските братства и друштва,[587] и да земаат учество во разни манифестации кои тие ги

---

[582] *Освобождение*, 13, 2.

[583] Поповски, Жила, *Македонското...*, 885.

[584] Жила, Поповский, *Македонский...*, 21.

[585] Исто., 22.

[586] Исто., 26.

[587] Исто., 22. Во некои градови комунистичките групи престанале да постојат покасно. Во Плевен тоа се случило при крајот на 1923 г. Пред тоа друштвото "Илинден"(со неговиот претседател проторej ,Дим. Ташев) водело вистинска борба против

одржувале. Придржувајќи се на директивата на БКП, членовите на ЕКС започнале масовно да навлегуваат во друштвото "Илинден", уште пред Сојузот да биде распуштен. (август, 1923 год.).

## III. 3. 4. ОДНОСОТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА КОН ИСПОЛНИТЕЛНИОТ КОМИТЕТ И НАЦИОНАЛНИОТ КОМИТЕТ

Со основањето на Исполнителниот Комитет на македонските братства бугарската државна политика формирала организација од редовите на македонската емиграција која доследно работела за остварување на нејзините интереси. Својата пропагандна активност во Бугарија и Европа Исполнителниот Комитет ја започнал во услови кога Бугарија неможела да води ревизионистичка политика за промена на границите потврдени на Париската мировна конференција. Државниот статус кој го имал Исполнителниот Комитет (чие главно задолжение било објавување на весници и друг печатен материјал во кои македонското прашање секогаш било разгледувано од големобугарски гледишта) го потврдувале и лицата кои влегле во неговите редови-сите веќе оддамна биле вклучени во дипломатскиот и образовниот апарат на Бугарија. Во настојување да ја придобие македонската емиграција Исполнителниот Комитет пројавил активност да ги организира македонските емигрантски и бегалски маси во братства. Друштвото "Илинден" работел за организирање на некогашните македонските револуционери во друштва. Начините на кои и двете организации настојувале да ги организираат своите членови се одвивале преку свикување собранија, одржување реферати, сказки, вечеринки, концерти, собирање добротворни прилози.

---

емигрантската комунистичка група, предводена од С. Каравасилев, Коца Луканова и Д. Аврамов. (АМ. М-4261. )

Од овие причини, а и заради тоа што Исполнителниот Комитет бил главен претендент на местото претставник на македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија тој пројавил посебен интерес кон појавата на друштвото"Илинден". Прашањето во кој правец ќе се одвива неговата активност ја зголемувала заинтересираноста на членовите на Исполнителниот Комитет. Сомневањата дека здружението на македонските ветерани нема да стои настрана од политичкиот живот на македонската емиграција во Бугарија не можеле да бидат отстранети од честопати истакнуваниот од страна на илинденците неутралитет на друштвото. Мотивите за недовербата и воздржаниот однос кон новото македонско здружение биле разбирливи доколку се знае дека поголемиот дел од лицата кои се ангажирале за неговото основање и подоцна станале негови членови дотогаш биле активно вклучени во македонското револуционерно движење застапувајќи неретко дијаметрално различни ставови од оние на Исполнителниот Комитет. Доста голем дел од членовите на илинденското друштво само неколку години пред неговото формирање (во периодот непосредно по завршувањето на Првата светска војна) ги застапувале ставовите на главниот непријател на Исполнителниот Комитет- Привременото Претставништво. Двајца од вкупно 6-те членови на Привремената Комисија по организирање на македонските революционери во друштво "Илинден"- Ал. Панов и Гр. Костов биле потписници на резолуции со кои подржувајќи ја активноста на Привременото Претставништво,[588] била критикувана работата на Исполнителниот Комитет. Активен член на друштвото станал и еден од "шестмината расколници"[589] (како што Исполнителниот Комитет ги нарекувал членовите на Привременото Претставништво) Петар Ацев, а

---

[588] *Бюлетинъ*, 21 Юний 1919, 5, 6-7.

[589] *Лисш за македонскаша емиграция*, 16 юли 1919, 2.

потписници на резолуции во кои остро се напаѓала дотогашната дејност на Исполнителниот Комитет биле повеќе членови на друштвото (Борис Груев,[590] ѓакон Евстатиј, [591] Илија Христов.[592]) Наведените примери покажуваат дека стравувањата пројавени од одредени членови на Исполнителниот Комитет околу прашањето во кој правец ќе се одвива активноста на друштвото не биле без основа. Загриженоста уште повеќе била зголемена од одредени изјави на припадници на друштвото, во кои се изразувала надежта дека тоа "ќе ја избегне тажната судбина (...) на македонските друштва, кои ја претставуваат *целата* македонска емиграција, а всушност изнемоштуваат со мал број членови, кои не го исплатиле својот членски внос, слабо посетени собранија, запишани "заради срам"."[593] Овој став кон друштвото "Илинден" веројатно уште повеќе се зацврстил по веста која во август 1922 год. била објавена во органот на обединетата Народно прогресивна партија. На страниците на в. "Ден" имено можело да се прочита дека претседателот на Управниот одбор на друштвото Г. Занков во говорот кој го одржал на конференцијата на илинденците истакнал дека "сојузот (мисли на Илинденската Организација-б.м.) е една легална организација, која има за цел да ги обедини сите македонски организации во едно."[594] Иако се поставува прашање дали тоа воопшто било кажано , бидејќи во в. "Илинден" не се среќава слична информација опасноста од постоење на такви претензии сепак била присутна.

---

[590] АО. ИНИ. Никола Киров Мајски, цит. дело.

[591] *Бюлетинъ*, 21 Юний 1919, 5, 8-9.

[592] Исто.

[593] *Илинден*, II, 12 Май 1922, 19, 1.

[594] *Денъ*, XI, 5 август 1922, 428 (3249), 2.

Друштвото "Илинден" од почетокот на своето формирање пројавил забележителен интерес да воспостави добри односи со Исполнителниот Комитет. Во в. "Илинден" биле пренесувани податоци за одржување на собранија на братствата и собири на Сојузот на македонските братства. Повеќе македонски добротворни братства, какви што биле солунското, леринско, костурско, паланечко, радовишко, дебарско, прилепско, кумановско, струмичко, штипско, велешко, тиквешко, ресенско, ломско и смилевско, на страниците на органот на друштвото постојано пренесувале податоци за одржување на свои годишни и редовни собранија. Братствата преку в. "Илинден" ги повикувале своите членови да земат учество на организираните вечеринки, а во истиот весник биле објавувани и известувања за веселбите кои по разни празници ги приредувале македонски добротворни братства во бугарската престолнина. Реканското, дебарското и крушевското братство редовно пренесувале податоци за организираните излети во околината на Софија. Од весникот можеле да се добијат и податоци и за акциите кои Исполнителниот Комитет ги преземал пред меѓународните институции.[595] Придржувајќи се на заложбата да има добри односи со сите македонски организации, друштвото "Илинден" го поздравило излегувањето на официјалниот орган на македонската емиграција в. "Македонија." Убавите зборови кои биле искажани по тој повод зборуваат за искрените желби на илинденците издаваниот од Исполнителниот Комитет весникот да прерасне во лист кој ќе пополни "една голема празнина во културните потреби на македонската

[595] Во в. "Илинден" било забележано: испраќањето на проф. Јордан Иванов за Париз, кој имајќи полномоштие на Исполнителниот Комитет имал задолжение да ги запознае членовите на блиско-источната конференција по македонското прашање "доколку се покрене таму."(*Илиндень,* II, 28 Януари 1922, 4, 2.); обраќањето на Исполнителниот Комитет до Ценовската конференција во вид на Мемоар (Исто., II, 22 Април 1922, 16, 2.)

емиграција во Бугарија." Јасно била искажана надежта дека "Во него ќе земат учество видни наши литератори и општественици, со што списанието ветува дека ќе биде поставено на добра основа (...) Иницијативата е за пофалба; посакуваме широко распространување меѓу емиграцијата."[596] На ист начин биле пречекани и останатите весници кои Сојузот на македонската емиграција ги издавал. Новиот орган на македонската емиграција во Бугарија в. "Независна Македонија" бил препорачан од редакциониот комитет на в. "Илинден", со упатување на апел до своите читатели да го поткрепат.[597] Добри препораки не изостанале ниту за "Слободна Македонија", појавен по конфискувањето на "Независна Македонија".[598]

Исполнителниот Комитет не пројавувал сличен интерес да воспостави блиски односи со друштвото "Илинден". Веста за формирањето на здружението на македонските ветерани била објавена во органот на Сојузот на македонските братства со неколку месечно задоцнување.[599] Поводот своите читатели да ги запознае со појавата на новото друштво редакторите на в. "Македонија" ја виделе во заедничкото учество на Исполнителниот Комитет и друштвото "Илинден" на илинденската прослава во 1921 год. Активноста на друштвото индиректно била пренесена во даденото известување[600] за начинот на кој била организирана годишнината од Илинденското востание во Софија. Тогаш воедно и бил објавен податокот дека претседателот на друштвото Г.

---

[596] Исто., II, 22 Януари 1922, 3, 2.

[597] *Илиндень*, III, 25 Февруари 1923, 8, 3.

[598] "Му посакуваме на нашиот идеен собрат уште поголем успех." (*20 Юлий*, I, 20 Априлъ 1924, 2, 3.)

[599] *Македония*, II, 24 юлий 1921, 158, 2.

[600] Исто., II, 7 август 1921, 160, 3.

Занков во одржаниот говор ја истакнал "грандиозноста на македонската крвава епопеја, како и нејзиното национално и меѓународно значење."[601] Прославата на Илинден во 1921 год. не бил единствениот случај на заедничко настапување на друштвото "Илинден" и Исполнителниот Комитет. Годишнините на Илинденското востание во 1922 год., 1923 год. и 1924 год. биле само еден пример на нивно заедничко здружено дејствување. Во годините што следеле тие се јавиле како иницијатори и организатори на повеќе прослави и манифестации, свикани по различен повод. Двете организации, заедно со Студентско друштво "Вардар", биле иницијатори[602] за организирање на македонски протестен ден на 15 април 1923 год. заради извршените убиства во с. Гарван. Пред големиот број манифестанти[603] со своите говори настапиле претседателите на Националниот Комитет и Илинденската Организација Вл. Кусев и Г. Занков, и редакторите на нивните печатни гласила П. Мрмев и Ар. Јовков. Одржувањето на основачкиот конгрес на Илинденската Организација само неколку дена пред свикувањето на обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија, со што конгрес на илинденците подготвил "благопријатна почва за општомакедонскиот конгрес",[604] бил уште еден доказ за синхронизираното дејствување на овие две македонски организации. Големиот ентузијазам на членовите на

---

601 Исто.

602 *Независима Македония*, I, 19 априлъ 1923, 9, 1. (Вистинскиот иницијатор да се организира протестно собрание на 15. 4. (Томина недела) бил македонското Студентско друштво "Вардар". Членовите на студентското друштво до Управниот одбор на друтвото "Илинден"испратиле писмо во кое ги повикувале да учествуват на собранието. На посебно заседание на Управниот Одбор било решено друштвото "Илинден" да земе учество со Националниот Комитет и Студентското друштво "Вардар." (ф. 1075, оп.1, ае 2.)

603 Бројот на присутните манифестанти бил околу 40. 000 (АМ. ф. 1932, кут. 1)

604 *Чехословашки извори...*, 176.

илинденските друштва со кој го пречекале обединувачкиот конгрес на македонската емиграцијаја се гледа од телеграмите со поздрави кои неколку друштва (од Св. Врач и Петрич) ги испратиле до конгресот.[605] Заедничката активност придонела двете организации да наидуваат на слични проблеми во нивното организационо живеење. Нивните печатни гласила со владини одлуки биле конфискувани два пати од две различни влади. Против редакторите на нивните весници бил покренат судски процес. Блискоста која ја чувствавале членовите на овие две македонски организации била очигледна кога дел од илинденците била интернирани во внатрешноста на Бугарија. Во Русе и Стара Загора интернираните членови на друштвото биле помагани од македонските братства во тие градови. [606]

Здруженото истапување по разни поводи не значело дека Илинденската Организација и Исполнителниот Комитет и подоцна формираниот Национален Комитет имале идентични ставови по сите прашања. Во повеќе случаи тие иако преземале на прв поглед идентични постапки, всушност проследувале различни сфаќања. Исполнителниот Комитет во август 1921 год. протестирал против примената на новиот бугарски правопис до министерот за просвета Ст. Омарчевски.[607] Друштвото "Илинден" ист таков чекор презело една година подоцна. Она што го привлекува вниманието во овие два протеста е разликата во нивната содржина. Зад заедничкото негодување од опасноста од наложување на новиот бугарски правопис, двете организации искажале различни мотиви заради кои не ја одобрувале владината реформа. Во протестот на Исполнителниот Комитет не станувало збор за никаков

---

[605] *Независима Македония*, I, 21 февруари 1923, 1, 4.

[606] АМ. ф. 1932, кут. 1.

[607] *Македония*, II, 7 август 1921, 160, 2.

македонски правопис." Оваа организација решително се заложила против примената на правописната реформа заради стравот воведувањето на новиот правопис да не го наруши духовното единство на бугарскиот народ. Во органот на Сојузот на македонската емиграција повторно по истото прашање било објавено дека јазикот на кој пишувале Св. Климент, Черноризец Храбар бил старобугарски, а бугарскиот народ ја дал писменоста на словенскиот свет.[608]

Постојаното зголемување на бројот на илинденските друштва предизвикало вознемиреност во редовите на Сојузот на македонската емиграција. Јордан Анастасов, поранешен секретар на оваа организација пред делегатите на нејзиниот II конгрес (февруари, 1924 год.) со загриженост констатирал дека бројот на илинденските друштва бил многу поголем од оној на македонските братства и друштва.[609] Податокот кој тој го изнел пред присутните конгресисти за соодносот на друштвата бил следниот: Илинденската Организација имала 76 друштва во провинцијата, наспроти 49 братства и друштва. [610] "Нешто по куриозно - Илинденци имаат во 51 населени места 51 друштва со 3. 510 членови, каде ние не само што немаме ниту едно братство, туку не сме сметале за нужно барем да се заинтересираме има ли таму емиграција, каква е таа, колку е и т.н."[611] Посебно интересен е изнесениот податок од Ј. Анастасов дека членовите на Илинденската Организација биле само Македонци, а не и луѓе од Тракија и стара Бугарија. "Доволно е да се фрли само еден бегол

---

608 Исто., II, 3-13 юлий 1921, 155, 1.

609 Юрданъ Анастасовъ, *Рефератъ по организиране на македонската емиграция,* София, 1924, 6.

610 Исто.

611 Исто., 6-7.

поглед на нивните списоци, за да се види дека масата е македонска."[612] Речиси истовремено кога било воочено дека бројот на илинденски друштва постојано зголемувајќи се започнал да се доближува до бројот на братствата, појава која била следена и од бројот на членството на двете организации (Братствената организација тогаш имала 6.000-7. 000 членови, додека ИО 5.000-6.000 членови[613]), било покренато прашање за издавање на еден македонски дневен весник.[614] Причините за издавање на само еден македонски весник биле барани во искрснатите проблеми околу плаќањето на претплатата за македонските весници и во констатацијата дека македонските организации имаат премногу весници: "Независна Македонија", "Илинден", "Устрем".[615] Истиот автор своето размислување го испратил и во редакцијата на в. "Пирин".[616] Иако лицето кое го покренало тоа прашање никаде не настапил отворено со своето име и презиме, бидејќи во весниците се потпишувал со потписот "патриот," може да се претпостави дека бил член на Сојузот на македонските братства. Само месец подоцна откако се јавила таа идеја во весниците, на II конгрес на Сојузот и официјално било поставено прашањето за издавање на само еден македонски дневен весник. Појавата на ова размислување во момент кога органот на Илинденската Организација имал тираж кој неколкупати го надминувал тиражот на сите останати весницици од другите македонски организации,[617] а кога се

---

[612] Исто., 7.

[613] К. Палешутски, *Илинденската* .., 107.

[614] Ю. Анастасовъ, *Рефератъ по* ..., 7.

[615] Родолюбецъ, Едно напомнюване към македонската емиграция, *Независима Македония*, I, 12 Януари 1924, 40, 4.

[616] *Пиринъ*, II, 13 Януари 1924, 14, 4.

[617] Весникот "Независма Македония" имал тираж од 6. 000 броја (Боро Мокров, *Македонскиот печат*.., 45.

поотворено започнале да се пројавуваат разликите во ставовите меѓу Националниот Комитет и Илинденската Организација, може да се разбере единствено како желба за негово укинување или барем за негово ставање под контрола.

Меѓусебните односи на Илинденската Организација и Националниот Комитет започнале да се влошуваат од есента 1923 год. Прво отворено спротиставување забележано во нивните органи се случило во декември 1923 год. Поводот за острото реагирање на членовите на Илинденската Организација[618] бил даден со отпечатувањето на дописката на К. Делјанов од Пловдив[619] во органот на македонската емиграција. Револтот доаѓал од таму што авторот на дописката го претставил илинденското друштво од тој град како "некакo друштво, кое ги врбува своите членови од средината на емиграцијата." [620] На страниците на в. "Пирин" истовремено биле отфрлени како неосновани и тврдењата дека друштвото "Илинден" и емигрантското друштво "Гоце Делчев" се обединиле во едно заедничко емигрантско друштво. Податоците што П. Ацев бил претседател на двете друштва и што одреден број лица истовремено биле членови на двете друштва, според нивно мислење не значел дека било извршено слевање на двете друштва. Во пролетта 1924 год. меѓусебните разлики на овие две македонски организации веќе станале очигледни. Апсењата на нивните членови извршени во март посредно придонеле да се појави огромниот јаз меѓу нив околу начинот на кој тие протестирале до највисоките државни лица. Двете организации презеле енергичен мерки на протест до највисоките државни лица. Претставници на Националиот Комитет и на

---

[618] *Пиринъ*, I, 6 Януари 1924, 13, 3.

[619] *Независима Македония*, 21. XII. 1923, 37.

[620] *Пиринъ*, I, 6 Януари 1924, 13, 3.

Илинденската Организација на 12 април 1924 год. оствариле средба со премиерот Ал. Цанков, на која протестирале заради затварањето на нивните членови и конфискувањето на нивните весници. По два дена Националиот Комитет испратил писмен протест до премиерот и министерот за Внатрешни работи и Народно Здравје.[621] Илинденската Организација до премиерот испратил Меморандум, кој истовремено бил објавен во вториот број на в. "20 Јули".[622] Оваа нејзина постапка предизвикала бурна реакција на Националиот Комитет. Имено Меморандумот веднаш бил оквалификуван како "еден дипломатски акт од политички карактер,"[623] кој можел да предизвика недоразбирање во општеството и емиграцијата. Националниот Комитет Меморандумот го сфатил како обид Илинденската Организација да ја преземе улогата на претставник на македонските интереси во Бугарија. Без да се задржат на барањата што биле истакнати во Меморандумот, и без да го кажат својот став кон нив, членовите на Националниот Комитет остро истапиле против илинденците. Во в. "Слово" било отпечатено Комунике на Националниот Комитет, во кое се истакнувало дека само тој има право да ја претставува македонската емиграција во Бугарија и странство и да ја насочува нејзината официјална мисла и дејност за постигнување на слободата на Македонија. "Имајќи го тоа во предвид сите други сродни македонски организации се должни да ја поставуваат својата дејност во полна хармонија со политиката на националниот комитет." [624] Илинденската Организација била повикана да работи во рамките на својот устав,[625] и да

---

[621] *Отчетъ за дейностьта на Националния Комитетъ прѣдъ годишния редовенъ конгресъ на Македонскитѣ Братства, свиканъ за 14, 15 и 16 феврауарий 1925*, 2.

[622] *20 Юли*, I, 14 Априлъ 1924, 1, 1.

[623] *Отчетъ за* .., 3.

[624] *Отчетъ за* .., 3.

[625] *Независима Македония*, II, 2 май 1924, 56, 3.

не навлегува во компетенциите на другите македонски организации. Членовите на организацијата биле предупредени дека единствено Националниот Комитет ги води македонските емигранти.[626] Жестоката реакција на Националиот Комитет по повод појавата на Меморандумот го принудила Ар. Јовков да објаснува дека "еден протест, еден меморандум (...) не е политички акт." Однесувањето на Националиот Комитет кај илинденците предизвикало "чудење и тага"[627] заради содржината и брзината со која тоа соопштение било распространето до сите весници. Негаторскиот однос кој притоа бил пројавен според нивно мислење бил во спротивност со интересите на македонската емиграција. Отворено било поставено прашањето дали НК "Кој му пречи на Комитетот да ја објави своја "политика" и тоа "официјално," па за илинденците и сите други сродни организации да останат само да се присоединат "неофицијално." Тој меѓутоа молчи, а потоа се лути, што други не наоѓаат за потребно да молчат (...) Ние-илинденците не мислиме да правиме ниту официјална, ниту неофицијана политика, и уште помалку мислиме да го оспоруваме правото на Националниот Комитет да ја претставува емиграцијата. Братствената организација сме ја ценеле и ја цениме како политичка организација. Многумина од нас се нејзини членови и не мислиме да ја напуштаме, ниту да ја разрушуваме. Но тоа не му дава за право на Националиот Комитет да взстава против слободното искажување на *болки* и *идеи* од страна на која и да било емигрантска организација." На страниците на в. "20 Јули" биле отфрлени нападите упатени до претседателот Г. Занков со објаснување дека тој не припаѓал на ниедна политичка партија (се мисли на Националн-либералната) веќе

---

[626] Исто., II, 9 май 1924, 57, 3.

[627] 20 *Юлий*, I, 4 Май 1924, 4, 3.

две години.[628] Истовремено било осудено однесувањето на сите Македонци кои учествувале во работите на бугарските политички партии и во македонските емигрантски организации. "Можеме ли на едно место да мислиме за искористувањето на македонското дело за партиски интереси, за изборни денови, за политички борби со противници, а во македонските собранија да говориме за самостојност на македонските работи? Можеме ли во својот партиски клуб да слушаме и да ракоплескаме на фразата за обединувањето на бугарското племе во граници Дунав, Шар и Бело Море, а на македонските конгреси да потпишуваме резолуции за независност на Македонија? Можеме ли да бидеме на едно место бугарски државни патриоти, а на друго македонски автономисти, на едно место идеолози, министри, пратеници, новинари на бугарски државни разбиранија, а на друго место за балканска федерација со Македонија во средина?"[629] Според мислењето на Ив. Аговски[630] искрснатата полемика меѓу органите на НК и ИО била излишна и морало да биде прекината, бидејќи Меморандумот на ИО бил наполно во духот на братствената организација. Објаснувајќи дека не е доволно само да се сака својата татковина без да се бара "*по кои патишта треба да се оди за да се постигне таа желба.*" Заклучувал дека (алудирајќи на чл. на НК) "не секој кој говори и пишува за слободата и независноста на Македонија, може да биде ратник на Македонија."

Заострените односи меѓу двете македонски легални организации биле забележани и надвор од границите на Бугарија.[631] Во М-вото за надвор. работи на Кралството СХС биле запознаени со постоечкиот

---

628628 Исто., I, 11 Мај 1924, 5, 3.

629 Исто.

630 *20 Юлий*, I, 19 Май 1924, 6, 1.

631 АО. ИНИ. ф. Кралско Посл..., к. XXX/16, ред. бр. 160.

антагонизам меѓу друштвото "Илинден" и Сојузот на македонските б-ва. Тие односи се заостриле уште повеќе со наближувањето на терминот кога бил закажан првиот конгрес на ИО. Ожесточена борба меѓу приврзаниците на двете идејни струења во македонската емиграција отпочнала уште на предконгресното собрание на софиското илинденско д-во, [632] (на кое се одредувале делегатите), а својата кулминација ја доживеала на првиот конгрес на ИО. Атмосферата во која се одржувал конгресот на илинденците била "парлива и преситена со експлозив."[633]

На конгресот од страна на делегатот на НК П. Мрмев било побарано ИО да го промени св. држење кон буг. влада и да ги прекине сите контатктi со комунистите и земјоделците.[634] Ова барање било одбиено од страна на П. Ацев со образложение дека во иднина мак. осл. движење во борбата за ослободување на Мак. ќе добива помош од надворешни фактори (Советскиот Сојуз). Обидот на конгресот да биде сменето дотогашото раководство на ИО бил неуспешен, но и покрај тоа по завршувањето на конгресот станало јасно дека одредени кругови во мак. емиграција во лицето на ИО гледале "конкурентка на б-вената организација."[635] Непријателското расположение кое таа го предизвикала, според Ар. Јовков, била логична последица на нејзината активност. Организацијата на илинденците споед негово мислење прежела на многумина не заради тоа што била партизирана, туку зошто не била партизирана. Според Јовков непријателското расположение "се нејзино достоинство." [636] На сите оние кои се погласно изјавувале дека нема потреба да постои ИО одговарал дека таа "ниту ја исцрпила својата

---

[632] АМ. ф. 151, оп.1, ае 64.

[633] Исто.

[634] АО. ИНИ. ф. Кралско Посл..., к. XXXVII/17, ред. бр. 234.

[635] *20 Юлий*, I, 15 Юний 1924, 10, 2.

[636] Исто.

улога за да умре, ниту престанала потребата од нејзиното постоење, така како што не престанале да постојат и оние услови, кои ја создадоа неа, нејзината дејност и нејзиниот печат." Прославата на Илинден во 1924 г. била одраз на состојбата меѓу овие две организации. Како никогаш порано станале видливи разликите меѓу двете организации(посебни позиви). Додека НК ги повикувал да протестираат против жестокостите кои српската и грчката власт ги спроведувала во Македонија,[637] ИО го повикал народот да го прослават "тој голем македонски датум и споменот на загинатите борци."[638] На илинденската манифестација, по настапувањето на претседател на НК Вл. Кусев, секретарот на НК Булов, претставник на ИО Сл. Ковачев, за прв пат била усвоена и резолуција во која се протестирало пред Големите Сили и сите општествени фактори и хуманитарни организации за насилствата во Македонија, се барало ОН да формира анкета која ќе ги забележи сите злосторства извршени во Македонија и барала спроведување на плебисцит во Македонија. Со тоа прославата на Илинден била сведена на редовно заседание на НК, бидејќи вакви резолуции биле истакнувани на секое собирање на НК. Воочувањето дека прославата на Илинден во 1924 г. била "една голема патриотска манифестација не само на Македонците, туку и на Бугарите"[639] била согледана и во Кралството СХС. Според нив учеството на Добруџанци и Аромани во манифестацијата покрај Македонците докажувало дека не се бара само независна и слободна Македонија, туку и слободна Македонија и Добруџа во состав на Голема Бугарија.[640]

---

[637] *Независма Македония*, II, 2 августъ 1924, 69, 1.

[638] *20 Юлий*, I, 13 Юлий 1924, 14, 3.

[639] АО. ИНИ. ф. Кралско Посл.., к. XXXVII/17, ред. бр. 244.

[640] Исто.

Во такви затегнати односи двете организации го дочекале септември 1924 г., месец во кој биле одиграни исклучително драматични настани со далекусежни последици за македонското ослободителното движење, но и за натамошната активност на ИО.

## III. 3. 5. ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВМРО

ВМРО не бил исклучок од останатите македонски организации по начинот на кој ја прифатил појавата на друштвото "Илинден". Како организација која самата се идентификувала со историската ВМОРО на Гоце Делчев и Илинденското востание, ВМРО пројавила голем интерес кон друштвото "Илинден". Непријателскиот став кон новопојавеното здружение на некогашните македонски револуционери произлегувал од стравот тоа да не прерасне во организација каква што своевремено претставувала Привременото Претставништво,[641] "а можеби и нешто постршно од тоа зло."[642] Некои членови на ВМРО во почетниот период од постоењето на друштвото "Илинден" го одрекувале правото организираните македонски ветерани, да го користат името "илинденци". "Не, Илинденецот, револуционерот, војводата, четникот може да се кити со тоа (...) само ако уште продолжува да носи пушка, ако уште продолжува да е борец, инаку тој врши предавство."[643] Отворено било пројавено и незадоволство од опсегот на дејствување на илинденските друштва, кои според мислење на одредени членови на ВМРО воделе "бесмислен живот."[644] Силно изразената недоверба кон новото

---

[641] АО. ИНИ. Н.К. Мајски, цит. дело, 129.

[642] Исто.

[643] АМ. ф. 1909, оп.2, ае 164..

[644] Исто.

македонско здружение, кое според Георги п. Христов било создадено "против волјата на Александровци",[645] влијаела претседателот и секретарот на софиското друштво (Кр. Зографов и Г. п. Христов) во септември 1921 год. да испратат писмо до членот на ЦК на ВМРО генерал Ал. Протогеров, [646] во кое барале мислење за проект-уставот на друштвото и за излезените неколку броја од неговиот орган- в. "Илинден". Настојувајќи да ги елиминираат сите сомневања дека Ал. Протогеров бил против постоењето на друштвото (кои се темелеле од изјави на блиски до него лица) илинденците директно му се обратиле. "Ние не можеме да поверуваме, дека мислите поинаку и се однесувате одрекувачки кон нашето дело." Непријателскиот став кон друштвото "Илинден" постепено бил ублажен,[647] а во август 1922 год. (на конференцијата на илинденците) било воочено дека расположението во неговите редови не било против ВМРО,[648] ниту против активноста која таа организација ја спроведувала во Македонија.

Посебно внимание и заинтересираност кон работата на друштвото "Илинден" пројавил неофицијалниот водач на ВМРО Т. Александров. Паричната помош која тој во износ од 100. 000 лева ја дал на илинденското друштво,[649] го поставило последното во посебен однос кон дарителот. Т. Александров со водењето на една постојана дописка со претседателот на друштвото Г. Занков започнал да дава совети, да оценува постапки и акти на друштвото. Воспоставувајќи толку блиски односи со илинденците и истовремено насочувајќи ја на тој начин

---

[645] АО. ИНИ. Н.К. Мајски, цит. дело, 129.

[646] АМ. М-4251. Копија од истото писмо била испратена и на вториот член на ЦК ВМРО Т. Александров.

[647] АО. ИНИ. Н.К. Мајски, цит. дело, 129.

[648] АМ. ф. 1932, кут. 4.

[649] Иван Катарџиев, *Борба до йобеда*, 159.

работата на друштвото, Т. Александров одиграл важна, ако не и пресудна, улога за политичко активирање на друштвото. Понатаму речиси сите постапки на Илинденската Организација биле извршувани со негова согласност. Првото истапување на друштвото "Илинден" против владата на Ал. Стамболиски,[650] станало само два месеци по упатувањето на писмото[651] на Т. Александров до претседателите на сите културни и професионални националистички здруженија во царството Бугарија. Во тоа писмо, со дата од 2 април, друштвата биле повикани морално и материјално да го помогнат започнатото "големо и свето дело"[652] за ослободување на Македонија. Очигледно одговарајќи на овој повик друштвото "Илинден" се почесто почнало да пројавува политичка активноство редовите на македонската емиграција. Управниот совет во посебна декларација[653] најавил посебна "културно-просветна мисија" на друштвото, на тој начин што неговите членови би отпочнале активност со цел да го издигнат култот кон татковината повисоко отколку култот кон партиите. Времето која друштвото ја прифатило оваа "мисија" се совпаднал со периодот кога ВМРО водела вистинска војна со земјоделската влада на Ал. Стамболиски. Ангажирањето на ВМРО да воспостави целосна контрола врз пиринскиот дел на Македонија друштвото наполно го подржувало. Нај очигледен пример било однесувањето на членните на друштвото кон акцијата на автономистичките чети за завземање на Неврокоп и Ќустендил. Во в. "Илинден" било отпечатено излагањето на ВМРО, во кое биле изложени престапите направени од група луѓе кои живееле во Ќустендил и Софија.

---

650 *Илинден*,, 3 юни 1922, 22, 1.

651 Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, *Из архивното наследство на Тодор Александров,* Известия на държавните архиви, София, 1990, 60, 231-234.

652 Кр. Гергинов, Ц. Билярски, *Из архивното...*, 233.

653 *Илинден*, 18 юни 1922, 24, 1.

Акцијата на ВМРО на страниците на органот на друштвото била претставена како неповрзана со политичките и меѓупартиските борби во државата, а одговорноста за завземањето на Ќустендил била префрлена на Владата која се мешала во македонските работи. Редакторите на в. "Илинден" под изговор дека исполнуваат "еден новинарски долг", а истовремено "сметајќи дека со тоа допринесуваме на вистината" го објавиле и говорот кој кочанскиот војвода Панче Михајлов (началник на одредот кој го зазел градот) го одржал во Ќустендил.[654] Со сите овие постапки станало јасно дека гледиштата на ВМРО започнале да се застапуваат не во органот на македонската емиграција, туку во органот на друштвото "Илинден." Координираната активност на илинденското друштво и ВМРО продолжила и понатаму. Изборот на в. "Илинден" како место каде бил објавен Ултиматумот [655] на Т. Александров (во кого биле истакнати шесте услови[656] кои требало да бидат исполнети од сите лица кои се бореле против ВМРО) не бил случен. Илинденската Организација прекршувајќи го принципот за немешање во политичките борби на македонските организации дури одбила да го отпечати одговорот на

---

[654] *Илиндень*, III, 7 Януарий 1923, 1, 1.

[655] АО. ИНИ, Никола Киров-Мајски, цит. дело, 111-112.

[656] Тие биле: -секој член на федеративните чети да испрати молба за помилување до ЦК ВМРО потпишана од двајца гаранти од емиграцијата; -да им ги предадат печатите на "Македонската Револуционерен Федеративен Сојуз" и "Македонскиот Револуционерен Федеративен Комитет" и по примерок од позиви, устави, правилници; -Стојан Мишев и Сл. Иванов да ги доставаат подправениот печат на ЦК ВМРО и фалсификуваните печати на Струмички, Скопски и др. революционерни реони, со чија помош одзеле 140 лири организациони пари од струмички. околиски војвода Георги Вндев; -да престанат сами да влегуваат во Македонија и да престанат да пишуваат писма против организацијата; -да прекинат да служат на бугарската влада и на Федеративната емигрантска организација; -да се повлечат од пограничните околии и окрузи на Македонија и од Софија ако дадат докази дека се поправиле.

МЕФО на ултиматумот на Т. Александров. Декларацијата[657] која МЕФО ја предала на редакцијата на в. "Илинден",[658] "со молба тој да се помести во најблискиот број на весникот,"[659] не била отпечатена.

Однесувањето на раководителите на друштвото "Илинден" било прифатено со задоволство од страна на водачот на ВМРО Т. Александров. Во посебно писмо испратено до Г. Занков тој испратил пофалби до илинденците за пројавената храброст. "Восхитен сум од доброто составување на в. Илинден-особено од последните негови броеви."[660] Меѓусебните односи на Илинденската Организација и ВМРО станале исклучително блиски, за што најголема улога имале нивните водачи Т. Александров и Г. Занков. Одржувајќи постојан контакт со Раководното Тело на Илинденската Организација Т. Александров бил запознаен со најважните документи кои друштвото ги усвојувало. Пред да биде поставен на гласање пред делегатите на основачкиот конгрес уставот на организацијата бил предаден на разгледување на водачот на ВМРО. Мислењето на Т. Александров за најважниот законски документ на организацијата бил позитивен.[661] Сериозноста со која Т. Александров настапувал во односите со илинденците произлегувала од јасно изразената желба да обезбеди сојузници во започнатата акција "за заздравување на тукуштo оживеаната ВМРО."[662] Затоа не изненадува неговата постапка заедно со испраќањето на својата оценка по уставот, да ги испрати и задолженијата за неофицијалната тајна работа на Илинденската Организација. Од организацијата било побарано: 1.) Да ја популаризира

---

[657] АМ. 1. 471. 3. 108/997-999.

[658] АМ. 1.471. 3. 108/997. ; АО. ИНИ. Н. К. Мајски, цит. дело, 113.

[659] АМ. 1. 471. 3. 108/997.

[660] *Македноско Дело*, 2, 10 март 1927, 37, 11.

[661] Исто.

[662] *Македонско Дело*, 2, 10 март 1927, 37, 11.

борбата за слобода. 2.) Да пронаоѓа и создава совесни борци за слобода, кои ќе ги препорача на ВМРО. 3.) Да следи и спречува секаква злоупотреба на името ВМРО. 4.) Да пронаоѓа лица, кои на ВМРО ќе им подарат пушки, патрони, револвери, бомби и друго. 5.) Правилно да запознава бугарскиот и странскиот печат по македонското прашање.[663] Овие задачи ги надминувале рамките на претходно веќе одобрениот Устав, и биле уште една потврда дека Т. Александров во членовите на организацијата гледал вистински сојузници во започнатата борба. Од Илинденската Организација биле побарани "големи и одговорни задолженија, спроведени со ризици."[664] Понудената соработка членовите на Раководното Тело не ја отфрлиле.[665] Задоволството од отпочнато заедничко истапување било взаемно. Со очигледен ентузијазам Т. Александров во писмо 1923 год. на раководителите на друштвото испратил отпечатени и потпишани потврди и формулари со цел да ја забрзат својата работа.[666] Координираните постапки на двете организации, кои произлегувале од меѓусебните блиски односи, придонеле широко да се распространи мислењето дека в. "Илинден" бил орган на ВМРО. Префрлања се пројавиле и од членови на организацијата. Илинденската Организација во март 1923 г. била обвинета за одржување на премногу тесни врски со ВМРО од членот на софиското друштво Христо Ал. Бошков. Според она што било објавено во в. "Епоха"[667]

---

[663] ЦДИА, ф. 396, оп. 2, а.е. 54.

[664] *Македонско Дело*, 2, 10 март 1927, 37, 11.

[665] Исто.

[666] Исто.

[667] *Епоха*, I, 20 март 1923, 221, 1.

авторот под изговор дека го напаќа редакторот Ар. Јовков,[668] се искажал за в. "Илинден" како орган на ВМРО.[669]

Блиските односи на двете организации не значеле дека тие имале идентични ставови по сите прашања. Некои постапки на членови на илинденските друштва, очигледно преземени без претходен договор со ВМРО, не биле одобрени од ВМРО. Активирањето на илинденското друштво во акцијата за обединување на македонската емиграција дала повод за појава на спротиставени мислења. Ставот на илинденците дека наложувањето на било која идеја по пат на сила "значи немоќ на проповедуваната идеја," [670] придонел друштвото да се активира во надминување на искрснатите недоразбирања меѓу членовите на ВМРО и МЕФО. Според редакцијата на в. "Илинден" македонските крвопролевања морале веднаш да престанат и заради тоа што никогаш ниедна идеја не била прострелана со куршум. Наполно во склад со ова размислување била и одлуката на Управниот одбор на друштвото, илинденците да преземат иницијатива за смирување на спротиставените струи во движењето. Оваа одлука, и подоцна нејзината примена во дело, предизвикала на адресата на друштвото да биде упатен строг укор. Членовите на друштвото дури биле ставени во ситуација, оправдувајќи ја својата акција, пред Ал. Протогеров да објаснуваат дека "Во многу случаи ја поткрепувавме В.Р.О."[671] Незадоволството од однесувањето на друштвото било поврзано од постапката на Раководното Тело на Илинденската Органзиација да избере специјална комисија[672] со задолжение да интервенира и настојува пред рреспективните места за

---

[668] АМ. М-4267.

[669] Исто.

[670] *Илиндень*, II, 23 Септемврий 1922, 38, 1.

[671] АМ. М-4255.

[672] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2. .

помирување на непријателските страни. Во средината на октомври 1922 год. членови на оваа комисија, Ар. Јовков и резервниот полковник Климент Крстев, мотивирани од желбата да се сретнат со Т. Александров и "да се обидат да го омилостиват по однос на федералистите", заминале за Горна Џумаја.[673] Надежта дека ќе бидат надминати сите препреки кои го попречувале започнувањето на разговорите за смирување ја црпеле од фактот што отцепниците биле некогашни блиски соработници на Т. Александров. Испратената делегација неуспеала да се сретне со водачот на ВМРО,[674] кој во тој период отсуствувал од Г. Џумаја, па својата молба "во писмена форма" ја предале на негови блиски луѓе - Михаил Монев и Иван Караџов.[675] Позитивен одговор на оваа акција изостанал. "Не бевме слушнати, не бевме разбрани.(...) Таа помирувачка иницијатива на Илинденската Организација беше таксувана за опасна, па е најдено за потребно да ни се упати дури официјално строго опоменување."[676] Незадоволството од преземената иницијатива за помирување на ВМРО со "отцепените разбојници" Т. Александров го искажал и во посебно писмо[677] испратено до раководството на организацијата, во кое било потенцирано дека "Голема одговорност преземаат посредниците за помирување пред Организацијата и историјата."

Наредниот случај кога меѓусебните односи биле ставени на проба биле парламентарните избори во Бугарија во пролетта 1923 год. Со покренувањето на прашањето за формирање македонски листи[678] на

---

[673] В. Василев, *Правителството на БЗНС..*, 139.

[674] *Македонско Дело*, 2, 25 март 1927, 38, 11.

[675] В. Василев, *Правителството..*, 139.

[676] *Македонско Дело, 2,* 25 март 1927, 38, 11.

[677] Исто.

[678] Иван Катарџиев, Обиди за конституирање на македонска политичка партија по Првата светска војна, *Историја*, XVIII, Скопје, 1982, 1-2, 37.

претстојните парламентарни избори во Бугарија, илинденците повторно дале повод за реагирање на ВМРО. Во излагањето[679] на редакторот на в. "Илинден" македонскиот избирач бил повикан да престане да гласа за политички партии на кои не им е туѓа мислата за распарчување на нивната татковина. "Само Македонецот е повикан да ги штити македонските интереси, да се бори и да придонесе за менување на својата судбина." Ар. Јовков повикал да се отвори еден легален фронт против сите поробувачи на Македонија кој би бил остварен по пат на партиско-политичко групирање и преку "елиминирање на присуството на политичките партии на потисничките држави од сопствената средина."[680] Повторувајќи ја и овој пат често пати истакнуваната од Илинденската Организација теза дека Македонците не треба да се мешаат во работата на политичките партии на балканските држави, "бидејќи Македонија е предодредена да биде самостојна, треба да ја стави и основата на единствената за сега ослободителна партија", го поставил прашањето "Зошто, таму Македонецот ќе членува во таа или онаа партија кога тоа не се партии на идната независна Македонија туку на Бугарија?"[681] Во наредната статија[682] објавена од Ар. Јовков на исто место и по ист повод било допрецизирано неговото размислување во врска со формирањето македонски листи. Според него "Македонецот треба да стои во парламентот како жив протест кон распарчувањето на неговата татковина онака како што стоеја Полјаците во австрискиот, германскиот и рускиот парламент, а Унгарците во романскиот, српскиот и австрискиот

---

[679] *Илинден*, III, 10 Март 1923, 10, 1.

[680] Иван Катарџиев, *Обиди за ...*, 37.

[681] Боро Мокров, *Арсени Јовков..*, 100-101.

[682] *Илинден*, III, 18 март 1923, 11, 1.

парламент итн."[683] Имајќи ги во пред вид блиските односи меѓу Илинденската Организација и ВМРО се поставува прашањето дали со оваа иницијатива на членовите на организацијата бил запознаен водачот на ВМРО. Тоа најверојатно не бил случај бидејќи во неговото писмо до Г. Занков (одговор на писмото на Занков од 24 март 1923 год.) во кое објаснувал дека нема ништо против кандидирањето на Г. Занков за пратеник го искажал својот револт од постапката на Ар. Јовков. Заслужува да биде забележана причината за тоа незадоволство. "Голема грешка направи Јовков, што излезе да пишува по едно деликатно прашање пред да завршат тајните испитувања и да се оформи едно гледиште. Со тоа самиот се изложи и го подби доброто име на весникот."[684] Незадоволството на Т. Александров произлегувало од таму што оваа идеја била објавена без претходно да се испита како таа ќе биде примена во јавноста. Од литературата која по 1924 год. била издадена од ВМРО се гледа дека Т. Александров воопшто не ја подржувал оваа идеја. Како потврда се користат информациите предадени во спомените на И. Михајлов за остварените средби на Т. Александров со Г. Занков[685] и со Ар. Јовков,[686] во кои А. Јовков не ја добил очекуваната подршка за потфатот.[687] Општо земено според она што било напишано во литературата идејата за формирање посебна македонска партија било

---

[683] Размислувањето на Ар. Јовков изнесено во в. "Илинден" предизвикало реакција во печатот во Кралството СХС, Грција и Бугарија, а органзиацијата била обвинета дека ги надминала границите на својот устав. Весниците "Мир" и "Ден" во оваа постапка виделе "сепаратизам и предавство на бугарското племе."(К. Палешутски, *Илинденската..*, 95.)

[684] *Македноско Дело*, 2, 25 юни 1927, 44, 10.

[685] Ив. Михайловъ, *Спомени*,, 233.

[686] Исто., 307.

[687] Исто., 309.

едно "недоразбирање,"[688] која дури му припаѓала на премиерот Стамболиски.[689]

Односите меѓу Илинденската Организација и ВМРО влегле во нова фаза по извршувањето на 9 јунскиот превrат во 1923 год. Навестување дека тие можат да се влошат се јавиле уште на истиот ден кога била соборена владата на Ал. Стамболиски. Во разговор меѓу Г. Занков и Г. Атанасов, последниот го искажал своето мислење дека повеќе нема потреба да постои Илинденска Организација, заради што таа треба да се растури.[690] Главна причина за појава на првите недоразбирања било незадоволството на илинденците од премногу блиските врски кои Т. Александров ги воспоставил со новата бугарска влада. По 9 јуни 1923 год. станало јасно дека водачот на ВМРО имал проблеми при обидот да ја насочува работата на илинденците. Тоа прв пат било забележано со приближувањето на годишнината на Илинденското востание во 1923 год. Претседателот на Илинденската Организација Г. Занков се консултирал (што најверојатно се практикувало и во претходните години) со Т. Александров околу прашањето за начинот на кој ќе биде одбележан тој празник. Советот кој при тоа бил добиен ги изненадил илинденците. Човекот кој редовно се воодушевувал од нивното храбро однесување и постојано ги подржувал во опстојувањето на тој курс побарал 20 годишнината на Илинденското востание да се одбележи "не многу бучно".

---

688 *Правителството на Стамболийски...*, 33.

689 Исто., 33-34. Причината за тоа размислување лежело во разговорот кој Г. Занков го водел со Ал. Стамболиски, во кој премиерот го советувал Македонците да создадат "парламентарни групи во Белград, Атина, па ако сакате и во Софија." Во натамошниот тек на разговорот Стамболиски дури рекол "ако сум сигурен, дека Петричко нема да се окупира од соседите, објавете таму репубика и јас нема да ви пречам."(*Македонско Дело*, 2, 25 април 1927, 40, 11.)

690 Исто., 2, , 10 май 1927, 41, 11.

При организирањето на илинденската прослава овие препораки меѓутоа не биле земени во предвид. Од таму произлегувало и незадоволството на Т. Александров[691], кој препорачувал в. "Илинден" да биде повоздржан во нападите против Кралството на СХС. По одржувањето на утрото на 5 август станало јасно дека советите на Т. Александров не биле земени во предвид. Натамошната преписка на релација ВМРО -Илинденска Организација главно се состоела по упатување препораки, но се почесто и прекори, од страна на Т. Александров.

Се поочигледното поврзување на ВМРО со новата бугарска влада предизвикало кај членовите на организацијата незадоволство од ангажирањето на Т. Александров во закрепнувањето на "положбата на деветојунците."[692] Во воведна статија[693] во в."Илинден" бил искажан ставот на организацијата околу односот на ВМРО со владата на Ал. Цанков. Вмешувањето на ВМРО во владините работи според илинденците отварало пат кон наемништво. Различни мислења се јавувале се почесто. Т. Александров не ја одобрил одлуката за натамошно издавање на весникот на Илинденската Организација и покрај тоа што Владата дала наредба за негово сопирање.[694] Меѓусебните односи дополнително се влошиле[695] во есента 1923 год. со приближувањето на парламенатарните избори во Бугарија. На релација на овие две организации биле разменети "писма и усни објаснувања, кои веќе ги прекинале секакви другарски односи меѓу нив."[696] Камен на сопнување

---

[691]Исто., 12.

[692] Исто., 2, 10 јуни 1927, 43, 9.

[693] *Илинден*, 26, 9 септември 1923, 1.

[694] *Македонско Дело,* 43, 10 юни 1927, 11.

[695] К. Палешутски, *Македонското освободително движење след Първата сетовна . војна (1918-1924)*, София, 1993, 151.

[696] *Македонско Дело,* 2, 25 юни 1927, 44, 8.

било наводното учество на челниците на Илинденската Организација во предизборната кампања на Народнолибералите. Според извори[697] на ВМРО, организацијата со окружно препорачувала нејзините друштва да гласаат за народнолибералите. Во окружното[698] на ЦК ВМРО (од 10 ноември 1923 год.) упатено до времените задгранични претставници и до Пунктовите началници на ВМРО било испратено предупредување до Илинденската Организација да влезе во рамките на својот устав. Управниот одбор на посебно собрание решил како одговор на ова писмо-окружно на ВМРО да издаде едно предупредување до илинденските друштва, во кое ќе се одговори детално на окружното. Истовремено била избрана делегација составена од Вл. Георгиев, М. Иванов и Сл. Абазов усно да го објасни писмото-окружно со задграничното Претставништво на ВМРО.[699] Овие постапки меѓутоа не ја постигнале својата задача. Т. Александров во писмото до Раководното Тело на Илинденската Организација[700] (од 22.11. 1923) го искажал своето нездоволство што "Демантирањето, кое го печатите во последниот број на "Пирин" е провокаторско кон ВМРО."[701] Било побарано раководството да излезе со окружно во кое ќе биде истакнато дека Илинденската Организација нема ништо заедничко со ВМРО и "Пирин"; 2. Дека в. "Илиден" не е орган на ВМРО. Постапувајќи како што и било препорачано илинденците во специјално соопштение објасниле дека секогаш наоѓајќи се настрана од политичките борби во Бугарија таа не давала мандат на било која бугарска политичка партија. Во в. "Пирин" било отпечатено окружно во кое се негирало тврдењето дека организацијата давала наредби околу

---

[697] АМ. ф. 1932, кут. 5.

[698] Исто.

[699] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[700] Л. И. Жила, В. Т. Поповский, *Македонский...*, 608-609.

[701] Исто., 608.

изборите и одлучно било изјавено дека организацијата не дозволила нејзините редови да бидат партизирани. До ЦК на ВМРО било испратено писмо,[702] во кое било укажано дека активноста на одделни лица, кои дури не биле ни припадници на друштвото, но се служеле со името "илинденци", не можело да се поврзува со Илинденската Организација. Посочувајќи ги уште еднаш целите кои биле поставени пред организацијата било истакнато дека "ЦК ВМРО може да биде убеден, дека во иднина уште повеќе ќе ја истакнуваме пред светот разделеноста на двете организации, зошто ние уште помалку сакаме да бидеме сметани за револуционерна организација." Постапувајќи според писмото на Т. Александров на собранието на Управниот одбор од 28 ноември 1923 год. било решено да се издаде окружно со кое ќе се соопшти на општеството дека Илинденската Организација нема ништо заедничко со ВМРО, а весниците "Пирин" и "Илинден" не се органи на ВМРО, соопштението било подготвено од Ар. Јовков и се реши да се напечати во таа седмичниот број на "Пирин."[703] По само два дена Раководното Тело на организацијата издало окружно[704] до претседателите на друштвата во кое било истакнато дека Илинденската Организација нема ништо заедничко со ВМРО. Со тоа сепак проблемите не биле елиминирани. Паралелно со зачестената комуникација меѓу ЦК ВМРО и Раководното Тело на Илинденската Организација се појавило прашањето за ангажирањето на органзиацијата во снимањето на филм исцело посветен на Македонија. Ентузијазмот со кој бил прифатена идејата за собирање на слики од македонските градови, села, македонски носии, македонски

[702] К. Палешутски, *ВМРО (1918-1924)*, 113.

[703] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 2.

[704] АМ. ф. 151, оп.1, ае 348.

револуционери[705] била голема кој членовите на Илинденската Организација. Дополнително филмот бил сфатен како извор на материјална и морална корист.[706] Во филмот биле поместни и снимки од пренесувањето на коските на Г. Делчев од домот на М. Чаков до канцеларијата на организацијата, и од прославата на 20 годишнината на Илинденското востание во Софија.[707] Проблем искрснал кога од ВМРО било побарано да достават слики од револуционерните чети со своите војводи. Во посебно писмо[708] испратено до Г. Занков, кое носи дата од 30. 9. 1923 год., Т. Александров го искажал своето негодување заради тоа што сликите од четите на Брљо-Л. Велков биле снимени на кинометографски филм. Незадоволството од таа постапка доаѓала од таму што според Т. Александров ВМРО немала потреба од пропагирање преку филм, а добиените материјални средства не вределе колку што бил голем ризикот за таа постапка.[709] Т. Александров во истото писмо му сугерирал на Г. Занков овој филм најпрво да биде испратен во Америка, а подоцна да биде прикажан во Бугарија. Потсетувајќи го дека во ВМРО била формирана комисија која требало да изработи план за снимање на филмови побарал од Занков илинденците да престанат со снимањето, а лентите од дотогаш снимените материјали во Ќустендил да ги предаде на комисијата на ВМРО.[710]

---

[705] *Пиринъ*, II, 3 Февруари 1924, 17, 1. Според Ташев Занков и Јовков очекувале да добијат 10. 000 лева од доброволни прилози во Плевен, сума што била потребна за македонски филм. (АМ. М-4261.)

[706] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 1.

[707] *Пиринъ*, II, 3 Февруари 1924, 17, 1.

[708] Жила, Поповский, *Македонский...*, 606-607.

[709] Исто., 606.

[710] Исто., 607.

Одржувањето на I конгрес на Илинденската Организација ги појавил на површина сите недоразбирања кои постоеле меѓу Илинденската Организација и ВМРО. Свикан во Пловдив во мај 1924 год. во време кога Т. Александров бил отсутен од Бугарија, конгресот ги изострил до крајна граница меѓусебното недоразбирање. Непосредно пред одржувањето на конгресот за да се исплашат илинденците И. Михајлов наредил да биде убиен Милан Грашев,[711] автор на брошура против Т. Александров и Ал. Протогеров. Со цел да се расчистат меѓусебните недоразбирања со ВМРО пред одржувањето на конгресот Г. Занков, Ар. Јовков, Сл. Пирчев, Сл. Абазов и Мих. Чаков оствариле средба со ЦК на ВМРО (Ал. Протогеров, Алеко Василев и Г. Атанасов).[712] На оваа средба претставниците на ВМРО го подржале Меморандумот на илиндеците. Но и покрај тоа на конгресот Јордан Чкатров со своите приврзаници отворено дејствувал на делегатите да не го избираат старото раководство. П. Мрмев дури испратил отворена закана кон раководителите на Илинденската Организација. И покрај тој притисок во новото Раководно Тело биле реизбрани повеќе членови од старото раководство ( претседател П. Ацев, потпретседател Г. Занков, секретар Д. Антонов, касиер Славчо Абазов и членови Сл. Пирчев, Михаил Чаков и Владислав Георгиев.[713]) По Пловдивскиот конгрес Илиндеската Организација била третирана како непријателска организација на ВМРО. Сериозноста на ситуацијата во која се наоѓала Илинденската Организација придонела во печатот да се појави строг укор упатен до оваа организација. Ако се знае дека негов автор бил човекот кој за помалку од два месеца ја зазел клучната позиција во ВМРО и кој долго

---

[711] АМ. Спомени бр. 2120 (на Петар Шанданов), 44.

[712] К. Палешутски, *Илинденската* ..., 108.

[713] *Илиндень*, V, 17 юли 1925, 1.

време нема да ја напушти таа положба -И. Михајлов ова истапување може да се сфати како последно предупредување до Илинденската Организација. Само еден месец по одржувањето на Пловдивскиот конгрес И. Михајлов во посебна статија во в. "Независна Македонија"[714] алудирајќи на Илинденската Организација објаснувал дека додека во Македонија се води борба за ослободување на Македонија, во Бугарија не за прв пат се давале рецепти за "самото внатрешно дело." Според него Ар. Јовков заговарал принципи "со кои е согласен секој Македонец, кои легнале во духот и буквата на сите македонски Устави, кои се пропити во душата на македонското население, но кои како само за г. Јовков се сеуште растегливи и му дозволуват едно лутање налево-надесно." Она што очигледно му сметало на И. Михајлов било што редакторот на органот на Илинденската Организација "ја монополизирал за себе целата македонска остроумност, жар, патриотизам и совест" и покрај тоа што "македонски принципи подобро ги знаат и заштитуваат од него други Македонци." Во статијата биле наброени ред грешки (според мислењето на Михајлов) направени од редакторот Ар. Јовков. Меѓу грешките кои биле забележани биле [illegible]: покренувањето на прашањето за создавање македонска група, однесувањето на Илинденската Организација кон владата на Ал. Цанков ("Голема грешка е ако нашите расправии со Стамболиски се земат за норма на общото сакан однос, кое ние треба да го имаме кон која и да е денешна или утрешна бугарска власт. Навистина има луѓе, кои сакат нашите борби тука непрекинато да следат во истото темпо, но ние своите позиции ќе ги избираме со оглед на нашите разбирања и интереси."), начинот на кој бил пишуван в. Илинден".

---

714 *Независима Македония*, II, 27 юни 1924, 64, 2.

Само по два и пол месеци по ова истапување во крвавите септемвриски настани кои се случиле во Г. Џумаја и Софија међу настраданите македонски революционери имало и членови на Илинденската Организација. Изговорот за нивното ликвидирање бил пронајден во нивните контакти со бугарските комунисти и со нивното никогаш докажано учество во заговорот против Т. Александров.

## III. 4. ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ГОРНОЏУМАЈСКИТЕ НАСТАНИ ОД 1924 ГОДИНА

Нерешеното македонско прашање го свртило вниманието на Советска Русија при крајот на 1922 г. Промената на односот на Советите кон македонското ослободително движење била толку голема што тоа веднаш било забележано од странските претставници во Бугарија.[715] Уште пред да отпочне дипломатската офанзива на СССР на Балканот (во 1923 г.) од страна на ВМРО бил направен обид да воспостави контакт со претставници на Советска Русија.[716] Следниот чекор за реализирање на таа цел бил преземен од советска страна со отпочнување на преговори со членови на Македонската федеративна организација.[717] Со посредство на

---

[715] "Во крајот на таа година(1922-б.м.) престана острата болшевичка кампања во печатот против мак. движење."(*Чехословашки извори...*, 313.)

[716] За време на одржувањето на европската економска конференција во Ѓенова ( пролетта 1922 г.) со посредство на Димитар Влахов била остварена средба на Ал. Протогеров и Н. Томалевски со советскиот претставник Крсто Раковски. (Димитар Влахов, *Мемоари*, Скопје, 1970, 219.; Михајло Миновски, *Дејноста на Димитар Влахов за воспоставување надворешни врски на македонското национално ослободително движење (1924-1934)*, Историја, Скопје, 1992, год. 90-91, XXVI-XXVII, 1-4, 40.)

[717] подетално кај: Даринка Пачемска-Петреска, *Македонската федеративна група во Виена и весникот "Македонско сознание" во периодот 1923-1925 година,* ГИНИ, XXXI/2, Скопје, 1987, 122-123.

членот на Федеративната организација Павел Шатев Советите во мај 1923 г. понудиле отпочнување на преговори и на водачот на ВМРО Т. Александров.[718] Соочен со се поголемата опасност да го изгуби влијанието меѓу мак. емиграција во Буг. но и во сопствената органзиација Т. Ал-в понудената помош, во пари и оружје[719] ја прифатил. Брзината со која започнале да се одвиваат настаните, откако при крајот на месецот биле определени делегатите на ВМРО кои требало да заминат за Москва, зборувала дека и двете страни биле навистина заинтересирани за воспоставување на меѓусебни контакти. Претставниците на ВМРО Д. Влахов и М. Монев во летото 1923 год. заминале за Москва,[720] каде останале повеќе од 45 дена.[721] Почетната точка од која тргнувале овие преговори била остварување на единство на македонското револуционерно и ослободително движење. За Советите посебно интересен бил одговорот на прашањето за односот на ВМРО кон бугарската влада, федералистичките чети, БКП и останатите комунистички партии.[722] Истиот одговор се барал и од делегацијата на Федеративната организација (Филип Атанасов и Славе Иванов) чиј престој се поклопил со престојот на претставниците на ВМРО. И од двете делегации било побарано да ги прекинат меѓусебните обвинувања и пресметки, да престанат да прифаќаат помош од реакционерни балкански фактори, да се поврзат со другите балкански угнетени

---

[718] АМ. ф. РСВР 1979, материјал број 18, Изјава на Шатев Поце Павел од 2. 2. 1950, 24.

[719] Исто.

[720] Д. Влахов, *Мемоари*, 143.; Д. Добринов, *ВМРО и събитията в България през 1923 година,* МП, XIV, 1991, 3, 69.

[721] *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, София, 1998, 136.

[722] Д. Влахов, *Мемоари*, 143.

народи.[723] Разговорите со претставниците на ВМРО завршиле со заклучокот започнатите разговори да продолжат со посредство на советски претставник во Виена, заради што кај Д. Влахов се јавил впечатокот дека Советска Русија ВМРО ја смета за "единствената револуционерна сила на Балканот, ако не и во цела Европа."." [724] Со цел да се зацврстат меѓусебните односи во договорена форма, и да се разгледа можноста да се разменат меѓусебни претставници со право претставникот на СССР да учествува во дипломатската и воената работа на ВМРО без право на мешање во внатрешниот живот на Организација; а претставникот на ВМРО да учествува во работата на Комитетот на Дејствија истовременно со претставникот на МФРО,[725] во декември 1923 г. биле водени директни преговори на Т. Александров со претставникот на СССР Андреев. При крајот на тој месец како резултат на овие преговори бил направен проект[726] за договор меѓу ВМРО и советската влада, кој бил потпишан од Т. Александров. Со овој документ ВМРО откако била призната од Руската советска република за "единствен изразувач на суверената волја на Македонија" добила задолжение да соработува со останатите револуционерни организации на Балканот. Двете страни зачувувајќи ја самостојноста во внатрешната и во надворешната политика, можеле да преземат конкретни заеднички акции, според политичките околности. Било планиарно ВМРО да прифати материјална, дипломатска и морална поткрепа од Советска Русија.[727]

---

[723] Даринка Пачемска-Петреска, *Македонската федеративна група во Виена и весникот "Македонско сознание" во периодот 1923-1925 година,* 123.

[724] *БКП, Коминтернът и македоснкият въпрос (1917-1946)*, 143.

[725] Жила, Поповский, *Македонский..*, 113.

[726] *Македония, сборник от документи и материяли*, София, 1978, 676-677.

[727] Исто.

Проектот бил однесен во Москва од страна на Д. Влахов,[728] а неговото доаѓање било искористено да се одржи "Советување по Македонија",[729] на кое учествувале И. С. Уншлихт, М. А. Трилисер, Г. В. Чичерин, И. А. Пјатницки и В. П. Коларов. Според протоколите кои останале по ова заседание се гледа дека В. Коларов посебно се задржал на условите кои требало да бидат побарани да ги исполнат автономистите и кои во еден збор означувале подршка на ВМРО на БКП. Уншлихт побарал тежината на барањата на Т. Александров да бидат пренесени од воената на политичко поле. Истовремено во Москва пристигнал и опширниот извештај на Андреев од разговорот со Т. Александров (декември, 1923 г.).[730] Во пролетта 1924 г. биле водени преговори во Виена кои завршиле со потпишување на декларација (29 април, потпишана од членовите на ЦК ВМРО), договор за обединување на македонското революционерно движење (30 април, потпишана од членовите на ЦК на ВМРО и на Федеративната организација), Манифест кон македонскиот народ (6 мај, потишан од А. Протогеров и П. Чаулев, потписот на Т. Александров со негово полномошно го потпишал А. Протогеров.) На тој начин бил успешно завршен првиот дел од акцијата за воспоставување единство на македонското революционерно движење.

Нагорната линија по која се движеле македонско-советските односи била прекината со објавувањето на Мајскиот манифест. Обелоденувањето на резултатите од водените преговорибез притоа да се има дозвола од сите лица кои го потпишале манифестот, неминовно го покренува

---

[728] Рита Гришина, "*Македонский вопрос" в Коминтерне (по документам российских архивов начала 1920-х годов*, България в сферата на съветските интереси, София, 1998, 272.

[729] Исто.

[730] Исто, 273.

прашањето дали преговорите биле водени за остварување на организационо и акционо единство на македонското ослободително движење или нивна главна цел била да се дисквалификува водачот на ВМРО пред бугарската и меѓународната јавност и да се преземе на тој начин раководството на ВМРО во раце на левицата на органзиацијата. По активното учество на ВМРО на Т. Александров во задушувањето на Септемврискoто востание во 1923 г. идејата преговорите да послужат како можност за отстранување на Т. Александров од редовите на ВМРО се јавила кај членовите на Задграничниот Комитет на БКП.[731] Во време кога македонско-советските преговори биле во полн ек во весниците издавани од Балканската Комунистичка Федерација(БКФ) често пати можело да се сретнат статии (сите напишани од Г. Димитров) во кои насекаде за Т. Александров се зборувало како за човек од кого ВМРО треба што поскоро да се ослободи. Оваа акција која наликувала на вистинска медиумска кампања била водена преку в-ците: "Работнически Вестник" (Виенско издание),[732] Bulletin der Balkanfoderation.[733] Во ист тон биле и писмата кои Г. Димитров ги испраќал во Москва на адреса на бугарскиот комунист В. Коларов (во тој период генерален секретар на Исполнителниот Комитет на Коминтерна(ИККИ)).[734] Повеќе извештаи на советски претставници запознати или директно вклучени во преговорите меѓутоа демантираат постоење на задача за дисквалификација на водачот на ВМРО. Претставникот на КИ во Австрија и Балканот Владимир Павлович Миљутин во март 1924 г. го критикувал однесувањето на Г. Димитров, а во својот извештај испратен

[731] *БКП, Коминтернът и..*, 147.

[732] Исто., 147-149.;

[733] Исто, 174-175; 250.

[734] Исто, 149-150; 180-181; 237-238; 250-251.

до Президиумот на КИ ја прогласил за "неправилна нашата (советска-б. м.) позиција."[735] Истиот В. П. Миљутин во почетокот на 1924 г. повторно во извештај до ИК КИ забележал дека би се направило непростлива грешка доколку Русија се произнесе против борбата за независна Македонија.[736] Високиот претставник на СССР Андреев кој директно ги водел преговорите за соработка со водачот на ВМРО (декември, 1923 г.) бил на мислење дека за советските интереси на Балканот било од непроценливо значење "самата ВМРО да остане во целост во рацете на Александров. Неговото убиство ќе внесе раздор и со тоа ВМРО како целосен фактор-ние нема да го добиеме."[737]

Каде во сите овие активности на поврзување на македонското ослободително движење со Советите се наоѓала ИО? Дали нејзиното раководство било запознато со текот на преговорите и нивните резултати? Според Ив. Михајлов, кој иако секратар на Т. Александров не бил информиран за текот на преговорите во Виена,[738] значаен дел од обидите за насочување на македонското движење кон "новата ориентација" им припаѓал на Занков и Јовков.[739] Овие членови на раководството, повторно според негово мислење, биле најзаслужни што Илинденската Организација за неколку месеци ги надминала своите уставни рамки и ја изопачила "нејзината физиономија во очите на општеството."[740] Како трет член на организацијата кој имал влијание за преземањето на "новата ориентација" на организацијата И. Михајлов го

---

[735] Исто, 181.

[736] Тоа било кажано во извештајот до ИККИ (од почетокот на 1924) (Исто., 187)

[737] Жила, Поповский, *Македонский...*, 128.

[738] Владо Поповски, Ленина Жила, *Македонскошо йрашање...*, 1164-1165.

[739] Иван Михайлов, *Сйомени*, III, 690.

[740] Исто, 688.

посочил Сл. Ковачев.[741] Остварените контакти на овие илинденци со бугарските комунисти бил клучниот доказ со кој И. Михајлов го потврдувал нивното предавство.[742] При тоа меѓутоа вешто било избегнувано секакво спомнување за контактите кои Т. Александров ги имал со советските претставници.

До пролетта 1923 год. односите меѓу илинденците и бугарските комунисти се карактеризирале со голема меѓусебна недоверба. Обвинувањата кои често пати се објавувале во нивните печатни гласила најдобро ги опишувале затегнатите односи. Посебно критички истапувала БКП. Поводите за напаѓање на Илинденската Организација, комунистите ги гледале во нејзината поврзаност со блокарските партии,[743] во нејзината неспособност да се ослободи од влијанието на управувачката и опозиционата бугарската буржоазија.[744] Искрснатиот спор[745] меѓу весниците "Работнички Весник" и "Илинден" наполно се надоврзувал на крајно спротиставените меѓусебни односи. Пресвртен момент да дојде до смирување на страстите одиграл променетиот однос на Советите кон македонското ослободително движење. Иако помеѓу овие два фактори (ИО и БКП) сеуште постоеле извесни недоразбирања,[746]

---

741 "За пишувањето на в. "Илинден" и за новата ориентација на македонското движење со Занков секогаш беа согласни Ар. Јовков и Сл. Ковачев" (Исто, 694.)

742 Исто.

743 Како доказ за таква поврзаност бил наведен податокот дека билети од друштвото "Илинден" биле депозирани за пласирање во генералната банка, чија цена била фиксирана, но било додадено, дека "слободни доброволни прилози се примаат со благодарност" и двојно шпекулираат, като ги продават по произволни цени. Нека блокарите пак одрекуваат, дека банките не ги подржувале акциите на тие орг-ции."( *Рабошнически Вѣсшникъ*, XXVI, 1 февруари 1923, 185, 6)

744 Исто., XXVI, С., 20 јануари 1923, 176, 2.

745 Исто., XXVI, 5 март 1923, 212, 1.; Исто., XXVI, 8 март 1923, 215, 1.

746 Исто., XXVI, 12 април 1923, 243, 2.)

бугарските комунисти протестирале[747] заради извршените во мај 1923 г. апсења на членови на ИО. Според "Работнички Весник" преземените затварања на илинденците биле во директна спротивност со правата на граѓаните загарантирани со уставот на државата. Во органот на БКП било забележано дека посегнувањето врз ИО било посегнување врз правото на здружување, додека забранувањето на весниците "Илинден", "Автономна Македонија", "Слово", "Епоха" и др. било грубо посегнување врз слободата на печатот.[748] Настапувајќи како заштитник на дотогаш постојано напаѓаната ИО, БКП ја предупредила бугарската влада дека патот кој го избрала "да растури една легална организација, да го погази уставното право, слободата на печатот и личната неприкосновеност на десетици бугарски граѓани" не можел да стави крај на немирите во Петричко. Напоредно со оваа промена на БКП било воочено дека во в. "Илинден" започнало да се објавуваат статии "пишувани во прогресивно-революционерен дух,"[749] а неговиот редактор А. Јовков (заедно со војводите Панчо Михајлов и Иван Брло "во последно време (...) се за едно [наполно] заедничко дејствување со Бугарската и Српската Комунистички партии."[750] Текот на преговорите создал услови за уште поголемо зближување на двете организации. Сообразувајќи се со решението[751] на ЦК на БКП од 6 август 1923 г., во редовите на македонските емигрантски организации започнале да навлегуваат македонски комунисти.[752] Идејата за влегување на комунистите и нивните сомисленици од средината на македонската емиграција во легалните

---

[747] Исто., XXVI, 9 мај 1923, 26, 1.

[748] Исто.

[749] Жила, Поповский, *Македонский.*., 20.

[750] Исто.

[751] Васил Коларов, *Спомени*, София, 1968, 539.

[752] Алексо Мартулков, *Моето учество*..., 361.

македонски организации била усвоена од БКП уште во пролетта 1923 г.[753] Придржувајќи се на тоа решение членови на ИО станале Крсто Гермов - Шакир, Димо хаџи Димов,[754] иако последниот кон таа организација се "држал негативно и критично од самото нејзиното основање."[755] Новите членови имале многу амбициозни планови,[756] а Димо хаџи Димов започнал редовно да соработува во в. "Илинден." Неговото познанство со редакторот А. Јовков, кое датирало од порано,[757] сега било обновено. Дури од членовите на БКП се дошло до заклучокот дека А. Јовков бил "голем сочувственик на комунистичкото движење."[758] Сепак воспоставените блиски односи не значеле дека настапило стопување меѓу ИО и БКП. Во пролетта (април) 1924 г. ЦК БКП забележал дека во организацијата на илинденците имало лица кои "се најразлични по политички убедувања и самите [се] славољубиви. Сакаат да зачуваат извесна самостојност во македонското движење...."[759] Воочливо е дека бугарските комунисти имале проблем да определат дали членовите на ИО треба да ги третираат како левица или центар во македонското ослободително движење.[760]

---

[753] Жила, Поповский, *Македонский..*, 26.

[754] За да се оствари толку големо свртување претходно требало да се надминат многубројни пречки, кои често пати доаѓале од комунистите. Така приклучувањето на на Димо Хаџи Димов во Илинденската Организација не било прифатено од Д. Благоев. (АО. ИНИ. Крсто Гермов-Шакир, *Сйомени*, 105.)

[755] АМ. ф. 151, оп. 1, ае 396.

[756] Имало план Димо хаџи Димов да стане претседател на ИО (АО. ИНИ. Крсто Гермов-Шакир, *Сйомени*, 105.)

[757] Од 1902 г. (АМАНУ, ф. Ар. Јовков, ае 10.)

[758] А. Мартулков, цит. дело, 361.

[759] Жила, Поповский, *Македонский..*, 178.

[760] Владо Поповски, Ленина Жила, *Македонскоѿо ӣрашање...*, 877

РТ на ИО било запознато со текот и резултатите од водените преговори во Виена.[761] Според податоците пренесени од Г. Занков тој во пролетта 1923 г. го советувал Т. Александров да оствари контакт со комунистите.[762] Заедно со членот на ВМРО К. Прличев, А. Јовков присуствувал на средбата[763] која двајцата претставници на ВМРО (Д. Влахов и М. Монев) ја имале со претставниците на БКП непосредно пред нивното заминување за Москва. Останало забележано дека сите присутни на состанокот нашле "заеднички јазик."[764] Како вистински подржувачи на идејата за постигнување македонско-советски договор за соработка, некои илинденци посредувале за одржување на контактите меѓу комунистите и автономистите. А. Јовков во летото 1923 г. го известил Т. Александров дека делегација на ЦК БКП сака да оствари средба со него.[765] Запознаеноста на РТ на ИО со резултатите на преговорите во Виена најдобро се гледа од однесувањето на илинденците непосредно пред и за време на одржувањето на Пловдивскиот конгрес. Пред неговото одржување имено биле водени посебни преговори во Г. Џумаја во кои биле вклучени: Г. Занков, А. Јовков, (Ив. Михајлов), П. Шанданов, (М. Чаков, Сл. Абазов, Сл. Пирчев), Протогеров, Алеко Василев, Г. Атанасов.[766] На посебна средба било нагласено незадоволството на некои членови на ВМРО од начинот на кој бил уредуван в. "Илинден". Одговорот на Г. Занков се состоел во објаснување дека в. "Илинден" пишувал во согласност со "решенијата во Виена, за кои до тој момент не

---

[761] АМ. Спомени бр. 2120 (на Петар Шанданов), 44; Од спомените на Петар Шанданов, подготвил: д-р Зоран Тодоровски, Нова Македонија, 5 февруари 1996, бр. 2.

[762] *Македонско Дело*, 2, 25 април 1927, 40, 10.

[763] В. Коларов, *Спомени*, 542.

[764] Исто.

[765] *36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев*, София, 1999, 448.

[766] АМ. Спомени бр. 2120 (на Петар Шанданов), 44

знаевме ништо, ниту јас, ниту Алеко и Атанасов." [767] И покрај тоа што пред Т. Ал-в и А. Протогеров да заминат за странство било договерно во раководството на ИО да не бидат избрани Г. Занков и А. Јовков на конгресот во Пловдив тоа не било сторено. Своето незадоволство од она што се случувало на конгресот на илинденците и посебно од однесувањето на А. Протогеров (кој исто така агитирал за повторно избирање на Г. Занков и А. Јовков) Т. Александров го искажал во писмо[768] испратено до К. Прличев го искажал незадоволството од она што се случило на Илинденскиот конгрес и за однесувањето на А. Протогеров.

Настаните кои следеле во периодот по потпишувањето на Мајскиот манифест покажале дека ВМРО тогаш ги поминувала најкритичните моменти од својата историја.[769] Задачата да ги запознае своите војводи и четници со постигнатите резултати во Виена му припаѓала на Т. Александров. Објавувањето на Мајскиот манифест на 15 јули 1924 г. во в. "Балканска Федерација"[770] и во новопојавениот в. "Илинден",[771] драматично ја комплицирало ситуацијата. Публикувањето на манифестот предизвикал "ефект на ненадејно експлодирана бомба со исключителен

---

[767] Исто.

[768] *36 години във ВМРО...*, 467.

[769] Стефан Троебст, *Фашистичка Италија и ВМРО (1922-1925 г.)*, Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, 403-404.

[770] *La Federation Balcanique*, I, 1, 15 юли 1924, 12-16.

[771] *Илинден*, I, 66, 2 август 1924, 3. Заради тоа што тој број на весникот веднаш "бил конфискуван од полицијата" организацијата "излегла со нов број, идентичен со конфискуваниот, со таа разлика, што на местото на манифестот бил отпечатен изработениот од Христо Матов во 1903 г. "Общ план и цел на Илинденско-Преображенското въстание."(Кр. Гергинов, Ц. Билярски, *Меморандумът на ЦК на ВМРО от август 1924 г. до Обществото на народите*, Известия на държавните архиви, 58, 123.) В."20 Јули" во кој бил објавен манифестот излегол наместо во 14. 000 примероци во 4. 000, од кои 3. 000 броја биле конфискувани. (Жила, Поповский, *Македонский..*, 360.)

одзвук не само во Бугарија и на Балканот, туку и во цела Европа."[772] Според сеќавањето на Г. Занков, обелоденувањето на манифестот предизвикало вистинска тревога во редовите на многу средини во Бугарија."Само оној, кој не беше во Софија не може да го разбере страшниот, дури смртен страв и во Владата, и во банкарите и чорбаџиите, па дури и во мафијата-кариеристи околу ВМРО."[773] Мајскиот манифест бил примен како документ со силно потцртана "анти бугарска тенденција", [774] во кој македонското ослободително движење многу јасно се дистанцирало од Бугарија, го најавило неговото поврзување со комунистички средини од балканските држави и многу јасно биле потцртани разликите меѓу Бугарите и Македонците.

Предизвикувајќи цела бура од реакции Т. Александров и А. Протогеров со декларација 772 на ЦК на ВМРО од 1 август 1924 г., откажувајќи се од Мајскиот манифест го објавувале истиот за "комунистичка мистификација". Била отфрлена поврзаноста на ЦК ВМРО со публикуваниот манифест.[775] Посебно интересен е начинот на кој се дошло до оваа декларација. Откажувањето од своите потписи станало како резултат од притисокот на бугарската влада.[776] Клучна улога за извршување на таа операција одиграл францускиот воен аташе во Бугарија.[777] Со негово посредство, и Н. Томалевски како посредник-преведувач, Т. Александров бил разубеден да ја потпише декларацијата.

---

[772] Васил Ат. Василев, *Майският манифесӣ на ЦК на ВМРО оӣ 1924 ӷ.-обсӣановка, ӣреӷовори и ӣоследици,* ИП, 1980, 5, 39.

[773] К. Палешутски, *ВМРО (1918-1924)*, 120.

[774] Д. Добринов, *Последниоӣ цар на ...*, 116.

[775] *Илинден*, IV, 2, 9 август 1924,1; *Независма Македония*, II, 70, 9 август 1924, 3; Veritas, *Македония ӣод..*, 474-476.

[776] Д. Косев, *Оӣношенията между Бълӷария и Сърбо-Хърваӣско-Словенскоӣо кралсӣво оӣ 9 юни 1923 до 1925 ӷ.* ИБИД, XXXV, 1983, 214.

[777] Од спомените на Петар Шанданов, *Нова Македонија*, LII, 17616, 6 февруари 1996.

Несогласувањето со оваа наложена постапка може да се види и од неговиот коментар даден на П. Шанданов наскоро по ставањето на својот потпис на декларацијата. "Добро, ете, денес ја потпишавме декларацијата со која се откажавме од Манифестот. Се надевам дека сите ќе бидете задоволни."[778] Овие зборови на Т. Александров укажуваат дека тој за склучените договори во Виена не ја добил очекуваната подршка од членовите на ВМРО. Во почетокот на август 1924 г. во ЦК на БКП било забележано дека Т. Александров започнал да го губи влијанието во редовите на ВМРО."[779]

Водачот на ВМРО од најсложената политичка игра која што ја водел во животот[780] не успеал да излезе неказнет. Бил убиен на 31 август 1924 г. од двајца војводи од неговата организација- Штерју Влахов (војвода на Горноџумајската чета) и Динчо Вретенаров (Св. Врачки војвода). Нарачателите на ова убиство долго време останале не познати, што било и разбирливо ако се знае дека убиството по налог на м-рот на одбрана Влков го извршил И. Михајлов.[781]

Убиството на Т. Александров послужило како изговор да се започне вистинска војна со идејните противници на новата струја во ВМРО на чие чело застанал И. Михајлов и неговите млади сомисленици. ИО имала значајно место во таа необјавена војна. Претходно најавуваната средба на која требало да биде решен спорот со ИО постоела уште пред убиството на Т. Александров,[782] а по неговото убиство И. Михајлов ја

---

[778] Исто, 7 февруари 1996, LII, 17617.

[779] *БКП, Коминтернът и..*, 310.

[780] Дечо Добринов, *Майският манифест и създаването на ВМРО (Обединена) 1924-1925 г.*, Известия на института за история, София, 1983, XXVI, 226.

[781] Стефан Троебст, *Фашистичка Италија и..*, 404.

[782] *Изменниците на македонското дело*, 78.; *36 години във ВМРО...*, 478.; Последната исповед.., (10), Нова Македонија, 19 ноември 1997, 16.

искористил како изговор. Само неколку часа по погребувањето на Т. Александров И. Михајлов пред Алеко Василев објаснил дека треба да се средат односите со ИО. "Таа не оди по добар пат. Јас сум спремен пред очите на нејзините раководители да ги изнесам сите податоци за нивните грешки." [783] Предлогот на И. Михајлов бил прифатен, при што биле определни судии кои ќе определат дали обвинувањата се оправдани (Ѓурков, П. Михајлов и П. Шанданов.)[784] Наскоро потоа за замислената средба биле известени и членовите на РТ на ИО.[785] Официјалното писмено известување дека ќе се одржи средба во Г. Џумаја илинденците го добиле од И. Михајлов на 9 септември 1924 г.[786] Наредниот ден Михајлов испратил белешка[787] до Занков во која го известувал дека треба да понесе и неколку примероци од в. "Илинден." Не обрнувајќи доволно внимание на предупредувањето на Димо хаџи Димов кој уште на 2 септември ги советувал да не одат на никаква средба[788] (заради можноста таа да биде искористена како замка за нивно ликвидирање) ниту на недовербата на П. Ацев,[789] за Г. Џумаја заминале сите членови на РТ на ИО. Пресудна улога за одлуката А. Јовков да замине за Г. Џумаја, и покрај овие предупредувања, одиграл Панчо Михајлов.[790] Имено А. Јовков слушајќи ги советите на Димо хаџи Димов, кој го посетил во неговиот дом на 11 септември, одлучил да не ја напушта Софија. Од тие причини иако

---

[783] Ив. Михайлов, *Спомени, III*, 36. Во своите спомени тој искрено забележува дека "Интимната намера ми беше не да ги средувам илинденските работи, кои беа збркани од Алековци, тие веќе не ме интересираа. (Исто)

[784] Исто, 37.

[785] *Македонско Дело*, 50, 25 септември 1927, 12.; К. Палешутски, *Илинденска..*, 111.

[786] Исто.

[787] Исто.

[788] Жила, Поповский, Македонский.., 374.

[789] Исто., 374, 375.

[790] АМАНУ, ф. Ар. Јовков, ае 10.

наредниот ден одбил да замине со РТ на ИО, во последен момент ја променил својата одлука. Причината за таа ненедајна промена била посетата на сопругата на П. Михајлов, која на Јовков му врачила писмо од својот сопруг, во кое тој го известувал дека неможе да ја гарантира неговата сигурност и живот во Софија.[791] Во тој случај Јовков заминал за Г. Џумаја.

За жал на договореното место не била одржана никаква средба, тоа впрочем не ни било планирано. Изборот на лицата кои било планирано да одат во Г. Џумаја бил направен од Задграничните претставници Г. Баждаров и К. Прличев.[792] Одбрани биле П. Шанданов, К. Дрангов, Ј. Ѓурков, П. Михајлов и др. четници,[793] кои требало да ја исполнат пресудата. Ив. Михајлов под изговор дека е болен не пристигнал на договорената средба.[794] Според А. Џолев по пристигнувањето на Алеко во Г. Џумаја градот бил опкружен од месниот гарнизон,[795] а за планираната акција бил запознаен и м-рот за одбрана.[796] На тој начин бугарската администрација и војска односно самата бугарска држава "која преку своите м-ри се спротиставуваше на вооружените акции дури во

---

[791] Околу прашањето дали Панчо Михајлов искрено истапувајќи до Јовков едноставно бил искористен за да се убие Јовков или смислено го насочил во Џумаја, ќерките на Јовков од кои и потекнува овој податок, се на мислење дека е во прашање првата солуција. "Неразбравме и до сега, колку бил искрен Панчо Михајлов кон нашиот татко, но по доцнежното убиство на истиот може сепак да се семтне, дека и тој не бил можеби наполно ориентиран кон Иван Михајлов и сие."(Исто.)

[792] АМ, ф. 589, ае1.

[793] *Изменицише на македонскошо дело, Праīа, 1926,* 79.

[794] Ив. Михайлов, *Сйомени, III*, 45.

[795] Последната исповед.., (6), Нова Македонија, 14 ноември 1997, 14.

[796] АМ. М- 4252.

Македонија под српска и грчка власт" презела улога "во својата сопствена територија да ја спасува револуционерна организација."[797]

Раководителите на ИО ( П. Ацев, Г. Занков, А. Јовков, Мих. Чаков и Вл. Георгиев) пристигнале во г. Џумаја на 12 септември кон 6 часот попладне.[798] Акцијата започнала околу 9 часот со убиство на Алеко Василев, полковникот Г. Атанасов се обидел да избега, но утредента бил фатен и убиен додека го спроведувале до кон околиското управление. Запознати со се она што се случило илинденците наредниот ден (13 септември) се обиделе со посредство на еден офицер да го напуштат градот.[799] Офицерот, инаку стар пријател на Г. Занков, со цел да ги заштити ги одвел во касарната, но таму откако пристигнале "началниците на гарнизоните во Г. Џумаја и Дупница", настапила промена во однесувањето кон илинденците. Офицерот-заштитник известувајќи ги дека повеќе неможат да останат во касарната, ги насочил да заминат од градот. Илинденците се нашле во возот кој заминувал за Софија дознавајќи притоа "дека била дадена заповед-од истата воена власт- на началникот на возот да чека на станица Кочериново малку повеќе од вообичаеното време (за да успеат убијците да ги фатат бегалците)."[800] За да го спасат сопствениот живот илинденци го напуштиле возот на станицата Струма, [801] односно пред тој да пристигне на станицата Кочериново. Оваа постапка не ги затекнало неспремни убијците. Наоѓајќи се во два автомобила и забележувајќи ја постапката на членовите на РТИО тие започнале да пукаат по нив. Резултатот од оваа

---

[797] *36 години във ВМРО...*, 131.

[798] *Измениците..*, 79-80.

[799] ЦПА. 2120, Спомени на Шанданов, 105.; *La Federation Balcanique*, I Annee, 15 Decembre 1924, 10, 132.; *Измениците на ..*, 81.

[800] ЦПА, 2120, Спомени на Шанданов, 105.

[801] *La Federation balcanique*, 10, 132.

хајка бил следниот: П. Ацев кој бил ранет во ногата бил фатен, исто како и А. Јовков и М. Чаков. Од нив само А. Јовков бил однесен во Г. Џумаја, [802] додека другите биле ослободени. Единствено Г. Занков и В. Георгиев успеале да побегнат, а кога се спуштила ноќта преку Рила, Самоковско поле и Витоша стигнале во Софија.[803] Г. Занков сеќавајќи се на тие тешки моменти забележал дека "Видов како во Дупничко, Самоковско, Софиско слободно се движеа вооружени банди да не бараат, па дури и по врвовите и полита на Витоша и Рила, при полна согласност со властите.(...) Какви грешки имаме ние пред бугарските закони тоа треба да ни каже, но да ги убива лојалните бугарски граѓани како кучиња, тоа е прашање, кое општеството треба да го оцени и протестира."[804] В. Георгиев откако се пријавил бил пуштен на слобода,[805] додека Занков успеал да се скрие и долго време не било познато што се случило со него.[806] Отако А. Јовков бил фатен во Горна Џумаја пристигнал И. Михајлов кој лично учествувал во неговото мачење и убиство.[807] Неговото семејство не добило никакви информации дали тој е убиен или избеган.[808] Истовремено во Софија биле

---

[802] *Изменниците на...*, 81-82.

[803] ЦПА, 2120, Спомени на Шанданов, 105.

[804] *La Federation balcanique*, 10, 132.

[805] *А. Б. В.*, 193, 16 септември 1924, 3.

[806] Исто, 3.

[807] ЦПА, ф. 2120, Спомени на Шанданов, 106.

[808] Постоеле разни противречни податоци за судбината на Г. Занков и А. Јовков."Пријателите допускат тие да станале жртва на преследването, предприето против многумина членови на Иллинденската организација" ( *А.Б. В.*, 193, 16 септември 1924, 3.) Присеќајќи се на тие моменти нег. ќерки велат"Долго време сметавме дека тој избегал во Виена и од таму во Москва. Од време на време добивавме во плик само пари, без писмо и подадел. Бевме уверени дека тоа се од него и немавме начин да разбереме нешто повеќе.(...) Подоцна почнавме да добиваме писма од Георги Занков-Виена. Во нив тој се чудеше како до сега не сме разбрале дека е убиен. Тогаш си објаснивме дека материјална помош била испраќана од нег. другари во Виена."(АМАНУ, ф. Ар. Јовков, ае 10.)

убиени Димо хаџи Димов и Сл. Ковачев. Нивните смртни пресудни заради "учество во заговорот против ВМРО и интелектуално учество во убиството на членот на ЦК Т. Александров" биле готови уште на 7 септември. За извршител на пресудата врз Димо хаџи Димов бил определен Владимир Димитров,[809] а за Сл. Ковачев Мирчо Кикиритков.[810]

Со овие настани бил ставен крај на една етапа од развојот на организацијата на илинденците. ИО пред и по септември 1924 г. веќе не била иста организација. Ист бил случајот и со ВМРО.[811]

---

[809] АМ. ф. 1932, оп. 3, ае. 64.

[810] Исто.

[811] Стефан Троебст, *Фашистичка Италија и ...*, 404.

# ГЛАВА IV

# АКТИВНОСТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1924-1934 ГОДИНА

## IV. 1. ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ПО ГОРНОЏУМАЈСКИТЕ НАСТАНИ

До денот кога Раководното Тело на Илинденската Организација исцело попаднало "под влијание на Ив. Михајлов",[812] односно до 26 септември 1924 год., на страниците на в. "Илинден" неможело да се прочита никаква информација која би го поврзала раководството на оваа организација со заговорот против Т. Александров. [813] Во посебно комунике Раководното Тело[814] ги прогласило за неточни "лансираните во некои весници и устно пренесувани гласови, дека Илинденската организација била замешана во заговорот против В.М.Р.О."[815] Спротиставувајќи се на обидите за негово поврзување со убиството на водачот на ВМРО раководството на илинденците, избегнувајќи да ги посочи конкретните обвинувања на кои тоа било подложено, се оградило од "личните дејствија на некои членови од Раководното тело или од организацијата." Промена во ставот на раководството кон двајцата активни членови на организацијата Г. Занков и А. Јовков, и нивно обвинување за вмешаност во заговорот,[816] настапил со испраќањето на

---

[812] К. Палешутски, *Илинденскаѿа* .., 112.

[813] *Илиндень*, IV, 20 септемврий 1924, 7, 1-2.

[814] Во Раководното Тело на Илинденската Организација од 15 септември 1924 г. биле присоединити двајца нови членови. (Исто., IV, 17 окт-ј 1924, 11, 3.)

[815] Исто., IV, 20 септемврий 1924, 7, 2.

[816] Двајцата раководители биле обвинети дека го туркале македонското ослободително движење "во услуга на туѓи и далечни каузи", се мешале во работата на ВМРО, и со

окружното бр. 976.[817] Овие членови на Илинденската Организација прв пат биле посочени како учесници во заговорот против Т. Александров во средината на септември во доверливото писмо[818] на ЦК ВМРО испратено до Комитетите на револуционерните окрузи и до ЗП на ВМРО во Македонија. Преземајќи го овој став на ВМРО во окружното на Раководното Тело на Илинденската Организација Г. Занков и А. Јовков биле исклучени од редовите на организацијата.[819] Истовремено било конституирано ново Раководно Тело, на чие чело како претседател бил избран Димитар Иванов. Од раководството избрано на Пловдивскиот конгрес останале: секретарот Дим. Антонов, благајникот Сл. Абазов, и членовите Вл. Георгиев и Сл. Пирчев (и покрај тоа што последните двајца имале добиено укор за своето однесување). Нови членови во Раководното Тело биле претседателот Д. Иванов и сметководителот Антон Јанев.[820]

Заради тоа што новото Раководно Тело не било конституирано на конгрес бил вложен посебен напор тоа да се наложи врз членството на организацијата. За да се сврти јавното мислење против целокупната дотогашна активност на Илинденската Организација, но и за да се изврши притисок врз нејзините членови, само два дена пред одржувањето на првото собрание на софиското друштво, во печатот било објавено дека "во тоа подло убиство усно и писмено преку печатот се вмешуваат, како соучесници во заговорот, некои членови на раководното тело на

---

своето дело вршеле конспирација со уставот на Илинденската Организација (Исто., IV, 27 септемврий 1924, 8, 3.)

[817] Исто.

[818] АМ. ф. 1932, оп. 3, ае 63.

[819] *Илиндень*, IV, 27 септемврий 1924, 8, 3.

[820] Исто., IV, 4 октомврий 1924, 9, 2.; Отчетъ на Ръководното тѣло на Илинденската Организация прочетенъ на II редовенъ Конгресъ, който се състоя въ София на 12 и 13 юли 1925 г., *Илиндень*,V, 17 юли 1925, 28, 1. Биле прифатени оставките на Мих. Чаков и П. Ацев.

Илинденската организација и бившиот редактор на в. "Илинден".[821] Напоредно со тоа од страниците на органот на Илинденската Организација било побарано илинденците сочувувајќи го полното спокојство и единомислие, да престанат да претендираат "за водство од првите фронтови линии" во македонското ослободително движење. Мачната, напната атмосфера во која се одржувале првите три собранија на софиското друштво "Илинден", јасно може да се долови при читањето на записниците објавени во печатот.[822] Како испрашувачи кои требало да ја утврдат индивидуалната одговорност на секој поединец од раководството фигурирале Александар Ефтимов[823] и Марко Иванов,[824] додека однесувањето на Велко Думев прилегало на однесување на судија.[825] Обидите да се избегне и прекине крајно понижувачката положба во која биле поставени илинденците завршиле со неуспех. Од страна на В. Думев не бил прифатен предлогот на некогашниот претседател на органиацијата Петар Ацев само тој да одговара на поставените прашања за настаните што се случувале додека тој раководел со организацијата. Подеднакво остро и одлучно бил одбиен (повторно од В. Думев) предлогот на Сл. Пирчев илинденците да одговараат за своите постапки на конгресот. Остарените македонски револуционери биле ставени во ситуација да објаснуваат од кои причини не се спротиставиле на сменетото раководство. Во каква атмосферата се одржувал состанокот најдобро зборува емотивниот настап на П. Ацев. "...доколку има и мало

---

[821] Исто., IV, 27 септемврий 1924, 8, 1.

[822] Исто., IV, 4 октомврий 1924, 9, 2.; IV, 10 октомврий 1924, 10, 3.; IV, 17 октомврий 1924, 11, 3.

[823] Исто., IV, 10 октомврий 1924, 10, 3.

[824] Исто.

[825] Исто.

сомневање, дека сум заговарал против В. М. Организација, бидете безмилосни кон мене. Сакам меѓутоа, да бидете објективни."[826] Под закана на смртна казна македонските ветерани еден по еден започнале да даваат навистина тажни објаснувања. Додека Вл. Георгиев оправдување за своите постапки наоѓал во стравот да не предизвика расцеп во Раководното Тело,[827] Михаил Чаков одговарал дека не сфаќал дали во в. "Илинден" се пишувало "во десно или во лево (...) Покренато беше тоа прашање, но мнозинството настојуваше, дека тој треба и понатаму да се уредува."[828] Од некои тогаш дадени изјави може да се заклучи дека остарените македонски револуционери немале целосно јасна претстава за положбата во која ненадејно се нашле. Пред лицата кои ја сметале идејата за нова ориентација на македонското ослодително движење за најголема ерсс и кои негирале секакви обиди за поврзување на ВМРО со таа ориентација, Сл. Пирчев зборувал дека односот на ВМРО кон Илинденската Организација и кон т. н. "нов пат" небил доволно јасно дефиниран. Како потврда на ова тврдење тој ги известил присутните дека на остварената средба на членови на организацијата (Сл. Абазов, Чаков и тој самиот) со Ал. Протогеров и Алеко Василев, последните немале никакви забелешки за однесувањето на Г. Занков и Ар. Јовков.[829] Обидот да се бара "оправдување" во ВМРО веднаш бил прекинат од В. Думев. Како лица кои цело време опстоиле на "правиот пат", но неуспеале да го наложат своето влијание врз другите илинденци, биле посочени само благајникот Сл. Абазов и секретарот Д. Антонов. Меѓу оние кои настојувале да се рехабилитираат со објаснување дека превземале

---

[826] Исто., IV, 4 октомврий 1924, 9, 2.

[827] Исто., IV, 10 октомврий 1924, 10, 3.

[828] Исто.

[829] Исто.

определени мерки да ги запознаат останатите членови со акциите на Г. Занков и А. Јовков биле Ал. Ефтимов и М. Иванов. Собранието завршило со усвојување на резолуција во која дури 6 члена на поранешното Раководно Тело биле обвинети за отклонување на Илинденската Организација од нејзиниот устав. Лицата Г. Занков, П. Ацев, М. Чаков, Вл. Георгиев, Сл. Пирчев, Ар. Јовков биле обвинети за своето однесување за време на конгресот во Пловдив, бидејќи дозволиле објавување на комунистички статии и отпечатување на Мајскиот манифест, но и заради тоа што воспоставиле врски со "предавници и непријатели на македонското револуционерно дело." [830] Од горе наведените причини била упатена јавна критика на П. Ацев, М. Чаков, В. Георгиев, Сл. Пирчев. На собранието не било покренато прашањето околу начинот на кој се постапило кон Раководното Тело на Илинденската Организација во Горна Џумаја. Морално скршени и исплашени македонските ветерани не нашле доволно сила и храброст да го постават прашањето дали со наведените неправилности во работењето на Илинденската Организација можело да се оправдат убиствата на членови на организацијата.

Коренито променетата ситуација во која се нашло македонското ослободително движење по извршените убиства во септември 1924 год. и дефинитивното напуштање на идејата за т. н. "нова ориентација" на движењето, се одразила врз натамошната активност на Илинденската Организација. Со постапката на избирање на нејзиното ново Раководно Тело биле ставени основите на потполно друга организација. Иако старата Илинденска Организација не била растурена "бидејќи тоа ќе беше јавно провокаторство кон македонските маси, туку ја пленија откако ги

---

[830] За одбележување е што во иднина целата вина за отклонувањето на Илинденската Организација од својот устав била префрлена само на Јовков и Занков.

убија нејзините водачи",[831] ново поставениот претседател Д. Иванов неколку години подоцна објаснувал дека "по септемвриските Горно Џумајски настани нашата организација беше мртва."[832] Обидот на исклучениот потпретседател Г. Занков да воспостави врска со членовите на организацијата и на тој начин да им вдахне храброст[833] во тие тешки времиња бил неуспешен. Неговото писмо од 1 октомври 1924 год. до илинденците,[834] кое било испратено до редакциите на весниците во Софија,[835] не било објавено во печатот.[836] На тој начин ова писмо, во кое Г. Занков објаснувал дека убиството на Т. Александров не било извршено по наредба на Коминтерна, не стигнало до местото каде било упатено. Откако станало јасно дека противниците на Г. Занков и Ар. Јовков ја презеле контролата во Илинденската Организација по неколку месечно криење во Бугарија, Г. Занков емигрирал во Западна Европа.[837]

Примарна задача на новото Раководно Тело била преземањето на контролата врз организацијата. Специјални мерки биле превземени за да се разубедат илинденците дека не постои никаков нов пат [838] по кој може да се стигне до конечната цел-слобода на Македонија. Сите лица кои се спротиставиле на новото раководство биле прогласени за лица кои не се запознаени со минатото на македонското ослободително движење, "макар

---

[831] *МакедонскоДело*, 46-47, 8.

[832] *Илиндень*, V, 17 юли 1925, 28, 2.

[833] К. Палешутски, *Македонското освободително движение 1924-1934*, 17.

[834] Исто.

[835] *La Federation Balcanique*, Ier Annee, 15 Decembre 1924, 10, 134.

[836] Големо влијание да дојде до тоа одиграло однесувањето на лицето Кољо Божинов кој од име на ВМРО ги предупредил сите редакции да не објавуваат ништо што не потекнува од ВМРО. Од тие причини за писмото на Занков излегле "плашливи бележки на "А.Б.В." и "Отзив". (*La Federation Balcanique*, 15 Decembre 1924, 10, 134.)

[837] К. Палешутски, *Македонското освободително...*, 18.

[838] *Илиндень*, IV, 4 октомврий 1924, 9, 1.

и да претендираат, дека се со "созреано, израснатото македонско сознание". Членот на РТ Д. Антонов со задача да го објасни местото и улогата на Илинденската Организација посетил повеќе емигрантски центри.[839] Стравот работите да не излезат надвор од контрола влијаел конституираниот од крајот на септември 1924 год. нов редакционен комитет на в. "Илинден", во состав Д. Иванов, В. Думев и главен редактор Хр. Шалдев,[840] да добие задолжение поважните статии да ги дава на увид на Раководното Тело,[841] пред тие да бидат објавени во печат. Главната обврска која новото раководство си ја поставило за исполнување било организацијата да дејствува во своите уставни рамки. Во склад со тоа Илинденската Организација престанала да се интересира за политичкиот живот во Бугарија, а прашањето за односот на бугарските влади кон македонското прашање веќе не се поставувало од раководителите и од членовите на организацијата. Постојаното истакнување на потребата илинденците да се придржуваат кон уставните задолженија, како членови на културно-просветна и добротворна организација, сепак не го попречило нејзиното Раководно Тело постепено да започне да покажува знаци на политичко активирање. Започнувајќи од усвоената резолуција[842] на III конгрес (1926 год.) Илинденската Организација на секој нареден конгрес протестирала пред Општеството на Народите и владите на Големите сили победнички заради состојбата во Македонија.[843] Доста

---

[839] Отчетъ на Ржководното тѣло на Илинденската Организация прочетенятъ на II редовенъ Конгресъ , *Илиндень*, V, 17 юли 1925, 28, 1.

[840] Исто.

[841] Исто.

[842] *Илиндень*, VI, 16 юли 1926, 27, 3.

[843] *Илюстрация Илиндень*, 1, 2 Августъ 1927, 4, 17.; *Македония*, I, 16 юлий 1927, 227, 3.; АМ. 1042. 3. 11/ 41.; *Македония*, III, 16 юлий 1929, 826, 1.; *Илюстрация Илиндень*, 4, Септемврий 1931, 5 (35), 4.; АМ. 471. 9. 37/979-980.; *Илюстация Илиндень*, 5, Ноемврий 1932, 2 (42), 9.

воинствено во 1927 год. било навестено дека доколку не прекинат жестокостите кои биле применувани од Србите и Грците во Македонија, членовите на организацијата со сета своја сила и енергија ќе ја поткрепат започнатата борба за ослободување на Македонија. [844] Обезличувањето на Илинденската Организација придонело во 1931 год. и 1932 год. нејзиното Раководно Тело да испрати апел до бугарската влада, [845] во кој било побарано таа поенергично да ги застапува "правата на потчинетите Бугари и нивното покровителствување во Грција и Југославија", а од бугарските новинари по остро да ги застапуваат "правата на поробените Бугари."[846] Кулминација на претварањето на ИО во чиста спротивност од она што таа пред тоа претставувала била кога нејзиниот претседател Кирил Христов во 1932 год. изјавил дека членовите на оваа организација се спремни да ја чуваат самостојноста на Бугарија и по цена да го жртвуваат сопствениот живот.[847] Ваквиот развој на настаните покажал дека Илинденската Организација (како и сите останати македонски организации) ја прифатила наметнатата од Националниот Комитет улога на претставник на интересите на македонскиот народ во Вардарска и Егејска Македонија пред меѓународната јавност. Затоа сите објаснувања за наводната акција за враќање на организацијата на илинденците во

---

[844] *Илюстрация Илиндень*, 1, 2 Августъ 1927, 4, 17.

[845] Исто., 4, Септемврий 1931, 5 (35), 4.; АМ. 471. 9. 37/979-980.; *Илюстрация...*, 5, Ноемврий 1932, 2 (42), 9. Колку голема промена имало во однесувањето на Илинденската Организација најдобро се гледа доколку се направи споредба на овие две резолуции со резолуцијата која била усвоена на основачкиот конгрес на организацијата (1923 год.). Во првата резолуција била побарана помош од бугарското општество кое "повеќе или помалку било туѓо на грешните политички комбинации на бугарската држава." ( *Илиндень*, III, 28 Януарий 1923, 4, 1.)

[846] *Илюстрация...*, 4, Септемврий 1931, 5 (35), 4.; АМ. 471. 9. 37/979-980.; *Илюстрация...*, 5, Ноемврий 1932, 2 (42), 9.

[847] *Вардаръ*, X, София, Мартъ 1932, 11, 2.

своите уставни рамки[848] неможат да се земат како сериозно објаснување. Однесувањето на оваа организација по септември 1924 год. покажало дека единствената причина за насилното преземање на Раководното Тело било нејзиното дисциплинирање и претварање во послушна организација.

И покрај тешките обвинувачки зборови кои постојано биле упатувани на адреса на поранешното раководство, неможел да се игнорира податокот дека Илинденската Организација "неоспорно е една организација симпатична на масата од македонските емигранти и на бугарското општество."[849] Обидите да се обвинат нејзините поранешни водачи како лица кои ја пасивизирале организацијата биле без реална основа. Иако на II конгрес (1925 год.) било истакнато дека нивното однесување "ја уби онаа восхитеност, со која Илинденската организација беше длабоко заседаната во срцето и во душата како на македонската емиграција, така и на општеството тука и во Америка" [850] стварноста зборувала поинаку. Вистинското пропаѓање на организацијата настапило токму по септември 1924 год. Новото Раководно Тело затекнало организација со вкупно 79 друштва.[851] До одржувањето на II конгрес (јули, 1925 год.) биле создадени уште 2 друштва, со што бројот на друштвата се зголемил на 81.[852] Одлуката на новата управа друштвата да се ослободат од членството кое не било спремно да ја подржи новата ориентација на

---

[848] Иван Михајлов во јуни 1924 год. обаснувал дека "Илинденската организација си има свое место, но луѓе како г. Јовков не го гледаат. Значењето на една организација не се повдига преку многуте политички слова, кои ќе ги изрече, туку преку правилното организирање во името на посочените од уставот цели." ( *Независима Македония*, I, 27 юни 1924, 64, 2.)

[849] *Илиндень*, IV, 20 септемврий 1924, 7, 2.

[850] Исто., V, 17 юли 1925, 28, 1.

[851] Отчетъ на Ръководното Тѣло на Илинденската Организация ..., *Илиндень*, V, 24 юли 1925, 29, 2.

[852] Исто. ; Зоран Тодоровски, *ВМРО 1924-1934*, Скопје, 1997, 42.

организацијата, била главна причина да се започне вистинска чистка во редовите на друштвата. Голем број илинденци биле исклучени или доброволно ја напуштиле организацијата, а еден дел од нив молчаливо биле отстранети.[853] Отворено во јавноста се изнесувал податокот дека речиси половина од составот на илинденските друштвата коренито се промениле на тој начин што новозапишаните ја пополниле празнината на исфрлените членови.[854] Посебно значајна улога при воспоставување на дисциплината во друштвата според мислење на претседателот на Раководното Тело на организацијата Д. Иванов одиграле "десетарите."[855] Ним им припаѓала најголемата заслуга не само за дисциплинирањето, туку и за "прочистувањето на нејзините редови од незаслужни и недостојни членови." Процесот на отстранување непожелни членови на друштвата "Илинден" се одвивал и со други методи. Основачот и претседателот на илинденското друштво во Плевен од периодот септември 1922 год. до октомври 1924 год. протерej Димитар Ташев (посебно активен во работата на организацијата пред септември 1924 год.) заради тоа што бил обвинет за разни малверзации бил исклучен од организацијата во 1926 год. Објавувањето на специјалната брошура[856] во која тој одбивајќи ги сите обвинувања ја запознавал општествената јавност со неправдата која му била нанесена, не го спасила од исклучување од друштвото. Заради масовно распространета практика на отстранување на "несигурни" членови, било логично што бројот на илинденските друштва забележан во 1925 год. - 81 бил максимумот кој некогаш бил постигнат. Дури и тогаш толку големиот број друштва само

---

[853] Отчетъ на Ржководното Тѣло..., *Илинденъ*, V, 10 юли 1925, 27, 2.

[854] Исто.

[855] *Илинденъ*, V, 12 юни 1925, 23, 2.

[856] АМ. М-4261.

привидно зборувал за силно разгранета организациона мрежа. Дијаметрално друга претстава за организацијата се добива доколку се знае дека само 43 друштва (од вкупно 81) одржувале контакт со Раководното Тело.[857] Бројот на друштвата до јули 1931 год. постојано се намалувал (1926-80,[858] 1927-70,[859] 1928-36,[860] 1929-48,[861] 1930-44,[862] 1931-47 [863]), а од таа година се поретко биле објавувани податоци за нивниот бројот. Намалувањето на бројот на членовите на друштвата било забележано и надвор од редовите на организацијата. Членот на ЦК БКП П. Искров во извештај испратен до Задграничното претставништво на БКП и ИККИ забележал дека бројот на членовите на Илинденската Организација бил намален по септември 1924 год.,[864] додека претплатниците и читателите на в. "Илинден" опаднале.[865]

Доследното придржување на определбата да се исчистат редовите на Илинденската Организација од сите идејни противници на нејзината нова идејна поставеност[866] предизвикало нов проблем. Се поголемото оретчување на друштвата или не било навремено воочено од раководството на организацијата или опасноста од потенцијалните нелојални членови била толку голема што тоа долго време било

[857] Отчетъ на .., *Илиндень*, 29, 2.

[858] Отчетъ на Ръководното Тѣло на Илинденската Организация за 1925-1926 година, *Илиндень*, VI, 16 юли 1926, 27, 2.

[859] ЦДИА, ф. 1932, оп. 3, ае 277.

[860] АМ. М-4273.

[861] Исто.

[862] Исто.

[863] Исто.

[864] В. Поповски, Л. Жила, *Македонското прашање во документите на Коминтерна*, 1169.

[865] Исто.

[866] *Илиндень*, V, 12 юни 1925, 23, 2.

игнорирано. Втората варијанта станува по основана доколку се знае дека појавената апатија забележана на II конгрес, и покрај тоа што влијаела по неговото одржување Раководното Тело да побара од претседателите на друштвата сите илинденци да се запишат и да влезат во организацијата,[867] истовремено да побара да се отстранат лицата кои сакале да внесат немир во нивните редови. Стравот дека во илинденските друштва има лица кои не го подржувале Раководното Тело бил присутен и во 1926 год. кога П. Мрмев сеуште не бил сигурен "Дали во тие друштва имало вистински илинденци."[868] Контрадикторното однесување на Раководното Тело на организацијата, кое откако избркало голем број членови на друштвата, започнало да повикува за сплотување на редовите на организацијата и да апелира да се запишуваат нови членови во неа, придонело јавно да се постави прашањето дали Илинденската Организација нуди некаква заштите на своите членови или секој кој ќе пројави самостојност со ризикувал сопствениот живот.[869]

Одбивањето вистински да се соочат со вистината за се помалиот број членови отишло до таму што на сите конгреси на Илинденската Организација кои биле одржани до 1934 год. (II-1925 год.; III-1926 год.; IV-1927 год.; V-1929 год.; VI-1931 год.; VII-1932 год.; VIII-1933 год.) отсуствувале податоци за бројниот состав на организацијата. Обид да се истапи пред делегатите на II конгрес со точен број на членови бил направен неколку месеци пред неговото одржување, со испраќање на окружното бр. 180.[870] Неуспехот кој притоа бил забележан (откако не

---

[867] Исто., V, 14 августъ 1925, 32, 3.

[868] Исто., VI, 16 юли 1926, 27, 2.

[869] *Македонско Дело*, 2, 10 август 1927, 46-47, 8.

[870] *Илинденъ*, В, 30 априлъ 1925, 17, 3. Во окружното се барало одговор на следните прашања: 1.) колку членови брои нивното друштво; 2.) од нив колку се дејствителни, а колку помошни; 3.) Какво намалување или зголемување на членови има во изминатат

биле добиени податоци на поставените прашања) редовно почнал да се повтара во наредните години. Неизвесност околу бројниот состав на организацијата постоел и после покренатата акција на презапишување на членовите на друштвата.[871] Резултатот и од оваа акција не бил задоволителен. [872] Останал познат единствено бројот на членовите на софиското друштво, кој според расположливите податоци постојано се зголемувал, од 597 члена 1924 год.,[873] до 843 члена во 1930 год.[874]

Сепак општата тенденција да се намалува членството на Илинденската Организација свои рефлексии имало и врз ново усвоените законски акти на организацијата. Додека со уставот од 1921 год. било потребно едно илинденско друштво да брои најмалку 20 члена,[875] со уставот од 1926 год. тој услов бил намален на најмалку 10 члена.[876] Постојаното намалување на членството се одразило и врз начинот на кој биле избирани делегатите на конгресите на организацијата, регулирано со чл. 40 од уставот. Во 1921 год. еден делегат се избирал од 20 члена,[877] (2 делегата од друштво до 60 члена; до 100 члена-3 делегати), а со уставот од 1926 год. друштво кое брои најмалку 6 члена избирал еден делегат.[878]

---

година; 4.) Колку членови на посмртната каса имате; 5.) Какво зголемување или намалување на последните имате во тековната година.

[871] Акцијата за презапишување на членови на Илинденската Организација била покрената во јуни 1928 г. од претседателот Д. Иванов. ( *Македония*, II, 11 юний 1928, 499, 3.)

[872] Бидејќи само 650 члена се презапишале. (Исто.)

[873] Отчетъ на Ржководното тѣло на Илинденската Организация .., *Илиндень*, V, 24 юли 1925, 29, 2.

[874] АМ. М-4273.

[875] ЦДИА, ф. 151, оп. 1, ае 340.

[876] ЦДИА, ф. 1932, оп. 3, ае 274.

[877] ЦДИА, ф. 151, оп. 1, ае 340.

[878] ЦДИА, ф. 1932, оп. 3, ае 274.

Сите наведени податоци зборувале за се поголемото пропаѓање на Илинденската Организација. Мора да биде забележано дека идеите за кои оваа организација се залагала пред септември 1924 год. и за кои неколкумина илинденци ги дале своите животи биле прифатени од македонската емиграција. Меморандумот на организацијата до бугарскиот премиер бил објавен во повеќе весници на македонската емиграција во Бугарија.[879] Пред јавноста Меморандумот бил посочуван како "историски документ" кој докажувал "дека опасностите од вмешување на бугарските влади во македонските работи доведувале и доведуват до огромни штети на македонското дело.".

## IV. 2. ОДНОСИТЕ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА СО ДРУГИТЕ МАКЕДОНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

По септември 1924 год. Илинденската Организација одржувала добри односи со останатите македонски легални организации во Бугарија. Поставено во ситуација да ја докажува својата преданост кон ослободителното движење, Раководното Тело на сите конгреси на организацијата ја искажувало својата спремност за соработка. Уште во својот прв писмен извештај за работата во периодот 1924/25 год. раководството истакнало дека организацијата "по долг и симпатија треба да сочувствува и морално да ги поткрепува (...) сите непартиски, националистички и хумани организации."[880] Во годините кои следеле било забележано "полно разбирање и взаемно дејствување"[881] на сите

---

[879] *Македонско единсшво*, Врана, I, 16 януарий 1932, 2, 1-2.; *Македонска йравда*, I, 1 октомврий 1933, 5, 2.

[880] Отчетъ на Ржководното Тѣло..., *Илиндень*, V, 24 юли 1925, 29, 2.

[881] Исто., VI, 23 юли 1926, 28, 1.

македонски асоцијации. Илинденците дејствувале "секогаш во полно разбирање, едногласност и согласност. Имале взаемна доверба и почитување."[882] Колку големо значење се придавало на овие односи се гледа и од таму што според Е. Спространов воодушевувањето и верата на присутните делегати на III конгрес на Илинденската Организација (1926 год.) било најголемо токму во време кога се читале поздравните телеграми, [883] кои вообичаено биле испраќани од разни организации. Сите овие изливи на воодушевување и радост од меѓусебно блиските односи (редовно искажувани во извештаите за работата на Раководното Тело на организацијата) кои воопшто не се разликувале од извештаите на останатите македонски легални организации,[884] одразувале вистинска меѓусебна усогласеност на нивните постапки. На разните манифестации организирани по разни поводи македонската емиграција во Бугарија секогаш настапувала заеднички. Илинденската Организација не била исклучок од таа појава. Уште пред нејзиното Раководно Тело да побара од претседателите на илинденските друштва секогаш кога требало да се направи нешто во корист на заедничката кауза, да соработуваат со македонските братства и младинската организација[885], тоа се применувало во секојдневниот живот. На траурната манифестација приредена на 18 септември 1924 год. по повод убиството на Т. Александров, претставникот на Илинденската Организација Димитар Антонов настапил заедно со

---

[882] ЦДИА, ф. 1932, оп.3, ае 277.

[883] *Илиндень*, VI, 16 юли 1926, 27, 1.

[884] Националниот Комитет на пример зборувал за: "најсрдечен и близок контакт"(*Отчетъ за дейностьта на Националния Комитетъ, представенъ на V-редовенъ годишенъ конгресъ на Македонскитѣ братства*, свиканъ въ София на 19, 20 и 21 февруари 1927, София, 1927, 1.); "најблиски врски"( Исто., 1928, 15); "братски врски"(Исто., 1929, 8), "хармонија"( Исто., 1932, 2); "одлични односи"(Исто., 1933, 7; 1934, 8).

[885] *Илиндень*, V, 14 августъ 1925, 32, 3.

претставниците на Националниот Комитет и Младинскиот сојуз.[886] Затоа и постапката на Национиониот Комитет, кој во летото 1925 год.[887] ги поканил членовите на Илинденската Организација и на Македонските младински организации на "заедничка дејност и соработка" може да се протолкува како потреба да потенцира дека само тој, како раководно тело на Сојузот на македонската емиграција, го има правото и обврската да раководи со нивната натамошна активност. Имено Илинденската Организација одамна станала редовен учесник на секоја поголема манифестација на македонската емиграција во Бугарија. Стопувањето било толку големо што кај одредени странските набљудувачи во Софија се јавил заклучокот дека Илинденската Организација "за легална, пропагандистичко публицистичка (акција-б.м.) е премногу потчинета на македонскиот Национален Комитет."[888]

И другите активности преземани од Илинденската Организација биле во содејство со останатите легални македонски организации. Претставници од оваа организација активно учествувале во неколку фондови[889] со кои се настојувало да се подобри животот на македонската емиграција, а редовно присуствувале и на заседанијата на кои се разгледувало прашањето за црковно-училишните имоти во Македонија под грчка власт.[890] Како и пред септември 1924 год. проблемите на

---

[886] *Независима Македония*, II, 26 септември 1924, 77, 1.; *Устремъ*, II, 1 октомври 1924, 4, 1.

[887] *Отчетъ за дейностьта на Националния..*, 1926, 10.

[888] АМ. 1042. 3. 39/158.

[889] Учествувале во основаниот во пролетта 1925 г. во Пловдив "фонд за постројка на Македонски Дом" (*Илиндень*, V, 3 априлъ 1925, 14, 1-2.; *Устремъ*, II, 14 мартъ 1925, 29, 4.) и во основаниот во есентта 1924 г. комитет "фонд Т. Александров"(АМ. 471. 17. 1/1-24.)

[890] ЦДИА, ф. 403, оп. 3, ае 316.; ЦДИА, ф. 403, оп. 3, ае 134.; *Македония*, I, 6 априлъ 1927, 146, 1.; *Македония*, I, 14 априлъ 1927, 152, 1.

македонските бегалци Илинденската Организација не ги поставувала на разгледување пред своите членови. Донесениот на II конгрес заклучок дека тоа прашање не било во компететенција на Илинденската Организацијата "туку на Исполнителниот комитет, кој ја изразува волјата на целокупната емиграција и кој ја води политиката на македонското движење надвор од Македонија",[891] постојано бил потврдуван на наредните конгреси на организацијата.[892] Строго внимавајќи да не навлезат во туѓ делокруг на дејствување, илинденците секое натамошно ангажирање за разрешување на ова прашање го поврзувале со Националниот Комитет. Така Илинденската Организација, по покана на Националниот Комитет, испратила специјални делегати пред пратениците на Општеството на Народите,[893] кои ги застапувале интересите на бегалците. "Два пати ние го направивме тоа, а после по пријателско договарање меѓу Националниот Комитет и Раководното Тело на Илинденската Организација такви делегати повеќе не се бараа, ниту се испраќаа." Активноста на организацијата станала до таа мера контролирана што и начинот на кој се пишувало во нејзиниот орган бил определен со посебен договор со Националниот Комитет.[894] Координирани биле и акциите преземани пред меѓународните институции во заштита на "бугарското малцинство" во Македонија. При крајот на

---

[891] *Илинденъ*, V, 17 јули 1925, 28, 2.

[892] Според извештајот на Раководното Тело од 1926 г. Илинденската Организација "била само во помош на Националниот Комитет и на официјалните власти."(Отчетъ на Ржководното Тѣло..., *Илинденъ*, VI, 23 јули 1926, 28, 1.) Наредната година (1927 г.) било дополнително објаснето дека Илинденската Организација дејствувала "секогаш во согласност со Националниот Комитет , кој ги поткрепувал сите акции за решавање на бегалското прашање. "(ЦДИА, ф. 1932, оп.3, ае 277)

[893] Отчетъ на Ржководното Тѣло на Илинденската.., *Илинденъ*, V, 17 јули 1925, 28, 2.

[894] По барање на Раководното Тело многу илинденски друштва и членови на друштвата се ангажирале во отпочнатата дејност на Националниот Комитет. (Исто.)

1925 год. Раководното Тело на Илинденската Организација, заедно со Националиот Комитет, Сојузот на македонските младински организации, македонското студентско друштво "Вардар", испратило резолуција до Општеството на Народите по положбата на Бугарите од Македонија под грчка власт,[895] и под југословенска власт.[896] Организацијата на илинденците испратила и резолуција против обидите за ликвидирање на народните имоти во Македонија.[897] Од сета ова активност на организацијата не зачудува заклучокот на дописникот од Софија на Централното Пресбиро од Белград дека организацијата редовно се појавувала "во сите прилики кога треба да се истапи против нас (Југославија-б.м) и Грција (...) И таа е неуморна во поглед на изработка и испраќањето на меморандуми."[898]

Манифестацијата на толку голема усогласеност на сите македонски легални организации сепак не била одеднаш појавена. Нивното координирано истапување бил процес за чие зацврстување и одржување било потребно постојано да се работи. Опасноста од појава на меѓусебни несогласици не била потполно елиминирана и знаела да се појави во моменти кога тоа најмалку се очекувало. Така одговорот на в. "Устрем" на в. "Наши дни", по повод убиството на Никола Милев, послужил како изговор органот на ИО да даде сопствено видување[899] за улогата на

---

[895] АМ. 471. 6.13/53; 471. 15. 18/238-239. Користејќи го како повод инцидентот кој се случил во Лерин, кога експлодирал еден детонатор, до Општеството на Народите била испратена молба да преземе енергични мерки и да се направи невозможно натамошното гонење на "бугарското население" од Грција, што претпоставувале дека може да се случи како последица на тој инцидент.

[896] АМ. 471. 15. 18/240-241.; 471. 12. 29/575-578. Во неа било истакнато дека во последните месеци теророт во Македонија посебно во окрузите лево од Вардар бил зголемен.

[897] *Македония*, I, 4 май 1927, 168, 1.

[898] АМ. 1042. 3. 39/147-164.

[899] *Илиндень*, V, 28 февруарий 1925, 9, 3.

починатиот во македонското ослободително движење. Редакторите на "Илинден" искажувајќи чудење зошто во весникот на македонските младински организации Н. Милев бил изедначен со Димо Хаџи Димов, Г. Делчев и Д. Груев., објасниле дека Милев бил реален политичар кој македонското прашање го гледал низ призмата на постоечките објективни политички услови. "Друго е на пример доколку Милев се визира како бугарски државник. Но и во тој случај редакторите на "Устрем" треба да знаат, дека сега скоро сите бугарски општественици го споделуват автономниот принцип на македонскиот проблем и дека Милев и како бугарски државник не е туѓ на тоа сфаќање."[900] Во добиениот одговор од уредниците на в."Устрем" отворено се префрлало за некогашното однесување на илинденците. "Доколку "старите " и "искусни" редактори на "Илинден" сакаат да продолжат една неодамнешна традиција на нивниот весник, кој го предизвика и в. "Независна Македонија" (...), како што денес е случај со нас - може да продолжат, но да знаат, дека ќе сретнат само наше молчање."[901] Колку и да бил инцидентен овој настан, тој сепак укажал на неопходноста од преземање дополнителни мерки за неутрализирање на Илинденската Организација. Начинот на кој тоа било спроведено го одредил Националниот Комитет само еден месец по оваа случка, при крајот на април 1925 г. Повикувајќи се на долгот кон татковината, Националниот Комитет во специјално окружно[902] побарал сите членови на илинденските друштва да влезат во македонските братства. Дополнително било објаснето дека Илинденската Организација "*само преку учеството на своите членови Маедонци во братствената организација допринесува*

[900] Исто.

[901] *Устремъ*, II, 7 мартъ 1925, 28, 3.

[902] *Независима Македония*, III, 8 Май 1925, 108, 2.

*во политиката на последната."* Од илинденците се барало да станат членови на Сојузот на македонската емиграција, и да агитираат истото да го сторат и останатите македонски емигранти. Потребата од таков чекор според Националниот Комитет произлегувала од неопходноста сите Македонци да бидат организирани Братствената и Илинденската организација. Само со влегувањето на илинденците во братствената организација, според мислењето на Националниот Комитет, можело да "се постигне единството на македонската емиграција, како организирана сила и хармонијата меѓу братствената организација и таа на илинденци." Речиси истовремено кога била покрената оваа акција, во 1925 год. повторно се поставило прашањето[903] за обединување на весниците "Илинден", "Независна Македонија" и "Устрем." Условот кој требал да биде исполнет за да започне да излегува новиот дневен весник бил идејата за негова појава да "биде прифатен(а) од редовните или вонредните конгреси на трите организации."[904] Македонскиот младински сојуз се изјаснил за издавање на новиот весник по пат на референдум. Обидот тоа да го направи и Илинденската Организација бил неуспешен. На упатената молба на Раководното Тело (окружно од 22 март 1926 год.) преку референдум сите илинденски друштва да се изјаснат по тоа прашање, бил добиен неочекуван одговор. Имено "софиското, пловдивското, варненското, бургаското и др. ( илинденски друштва- б. м.) искажале мислење да се издава дневен весник, но да постои и в. "Илинден" како неопходен за организацијата."[905] Оваа одлука, која го поставила Раководното Тело "во неможност да го реши конечно прашањето",[906]

---

[903] *Отчетъ за дѣйностьта на Национаялия Комитетъ прѣдъ годишния редовенъ конгресъ на Македонскитѣ Благотворителни Братства,* София, 1926, 28.

[904] Исто., *Илиндень,* VI, 16 юли 1926, 27, 2.

[905] Исто.

[906] Исто.

придонела истото прашање да биде поставено на разгледување на III конгрес. Следејќи го примерот на Националниот Комитет, кој имал конгресно решение за издавање на новиот весник, на III конгрес била усвоена резолуција со која Илинденската Организација се присоединила кон иницијативата за формирање нов дневен весник.[907] Начинот на кој било постигнато прифаќањето на оваа идеја, го објаснил неколку години подоцна В. Думев. Тој, според сопствено мислење, толку силно се залагал за спојување на сите македонски весници, што Раководното Тело на Илинденската Организација писмено му изјавило дека ги предал интересите на организацијата.[908] Незадоволството од прекинувањето на издавањето на органот на организацијата било големо. П. Ацев на конгресот го искажал своето негодување заради тоа што раководството без да го консултира членството ги започнало и ги водело преговорите за појава на новиот весник. "Раководното Тело требаше претходно да не сондира, па после да преговара". Исто така бил незадоволен и бидејќи редакторот на органот на организацијата работел за уништување на в. "Илинден."[909] Сето тоа зборувало дека спојувањето на македонските весници, односно укинувањето на органот на Илинденската Организација, не било во вистинска смисла прифатено, туку било наложено.

Весникот "Македонија" започнал да излегува од 11 октомври 1926 год., со што "најпосле се реализира големата идеја-да има емиграцијата своја секојдневна трибуна."[910] Новиот весник, замислен како "дневник за

---

907 *Илиндень*, VI, 16 юли 1926, 27, 3.

908 АМ. 471. 7.9/893. Редакторите на "Илинден" и "Независна Македонија" Думев и Мрмев, по мислењето на Думев, "најсилно ја поткрепивме идејата за сливањето на весниците, за кое Раководното Тело на Илинденската Организација писмено ми изјави, дека јас сум ги предал интересите на организацијата."

909 *Илиндень*, VI, 16 юли 1926, 27, 2.

910 *Независима Македония*, IV, 1 октомврий 1926, 178, 1.

политика, културен живот и информации"[911] требал да ја покрива активноста на Илинденската Организација, Националниот Комитет и Младинскиот сојуз. Ако подетално се разгледа новиот весник меѓутоа се забележува дека на неговите страници отсуствувале информации за активноста на Илинденската Организација. "Воопшто во колоните на в. "Македонија" за дејноста на Илинденската Организација царува полно мртвило." [912] Во весникот не можеле да се пронајдат податоци кои редовно биле пласирани во в. "Илинден", какви што биле вестите за тоа колку собранија одржало Раководното Тело, информации за изборот на новите управни тела на друштвата, објавување окружна итн. Доведувајќи ја под сомневање веродостојноста на податоците кои биле изнесени на конгресот на организацијата во 1927 год., а кои зборувале за голем број собранија и силна организациона активност, уредниците на в. "Македонско Дело" дури дошле до констатација дека "Или извештајот точно ја изразувал стварноста, или в. "Македонија" ги саботирал соопштенијата од животот на илинденските друштва."[913] Најверојатно како резултат од оваа појава се среќава и податокот дека во Илинденската Организација било покренато прашањето повторно да започне да излегува нејзиниот орган в. "Илинден." [914]

Потребата да се контролира работата на Илинденската Организација останала долго време по извршената промена во нејзиното раководство. Станало навика со приближување на терминот на одржување на конгресите на организацијата во разни средини на македонската емиграција да се зголемува интересот за илинденците. На

---

[911] *Македония*, I, 11 октомврий 1926, 1, 1.

[912] *Македонско Дело*, 2, 10 август 1927, 46-47, 8.

[913] Исто.

[914] Исто.

страниците на в. "Независна Македонија" непосредно пред одржувањето на II конгрес на организацијата (1925 год.) откако бил искажан респект кон големото искуство, такт и умеење на членовите на Илиндеската Организација се предвидувало дека тие "отстранувајќи ја малата тиња, која се беше појавила над илинденските води ќе ја завршат својата работа така, како што диктираат интересите на нашата Татковина."[915] Пораката "Патот е единствен за сите. По него ќе одиме сите." [916] која била објавена во органот на македонската емиграција може да се сфати единствено како предупредување дека од Илинденската Организација се очекува потполна преданост кон делото. По правило заинтересираноста за работата на организацијата секогаш била пропратена со повторното навраќање на податокот дека во одреден период нејзините редови биле зафатени со криза. "Имаше моменти, кога авантуристички елементи се обидоа да ја вовлечат Илинденската Организација во правец и задачи туѓи или спротивни на нејзини чисти, благородни цели."[917] Овие пораки секогаш стигнувале до местото каде биле испраќани, заради што илинденците со своите постапки настојчиво се обидувале да ја избришат "темната дамка"[918] која стоела врз нивната организација.

По септември 1924 год. целокупната активност на Илинденската Организација била контролирана од ВМРО. [919] По преземањето на контролата врз Раководното Тело, кое било извршено со директното мешање при изборот на управата, организацијата на илинденците која во извесен период била "духовен водач на македонските емигрантски борби

---

915 *Независима Македония*, III, 10 юлий 1925, 117,1.

916 Исто.

917 *Македония*, I, 11 юлий 1927, 223, 1.

918 *Илиндень*, V, 17 юли 1925, 28, 1.

919 З. Тодоровски, *ВМРО...*, 39.

и буден стражар на македонската совест",[920] била претворена во додаток на ВМРО на И. Михајлов.[921] Иако наложувањето врз раководството на Илиденската Организација се вршело со посредство на Националниот Комитет, сепак организацијата одржувала тесни врски со ВМРО. Во в. "Илинден" биле објавени сите позначајни документи усвоени од страна на ВМРО, како и најзначајните настани од нејзината активност. Веста за изборот на новиот ЦК на ВМРО[922] го предизвикала вниманието на уредниците на весникот. Со желба да го запознаат своето членство со дејноста на ВМРО редакторите на в. "Илинден" ги објавиле: првата декларација[923] на ЦК на ВМРО, која всушност претставувала "програмска и политичка платформа на ВМРО";[924] декларацијата на ЦК на ВМРО[925] издадена по повод склучувањето меѓусебни пактови и сојузи на балканските држави. Појавениот спор меѓу Ив. Михајлов и Ал. Протогеров, кој кулминирал со убиството на Протогеров, според српски извори, се одразил врз работата на организацијата на илинденците. "ИО тешко ја погодил расцепот на ВМРО", и покрај тоа што било регистрирано дека "во ИО за сега посилни се приврзаниците на Ив. Михајлов." [926] Отвореното подржување на раководството на Илинденската Организација на И. Михајлов не било изненадување, доколку се знае претходната активност на оваа организација. Нејзиниот орган имено имал голем удел при промовирањето на И. Михајлов за водач на ВМРО. Веста за извршениот избор на новиот ЦК на ВМРО во в.

---

[920] *Македонско Дело*, 2, 10 август 1927, 46-47, 8.

[921] К. Палешутски, *Илинденската ...*, 112.

[922] *Илиндень*,V, 20 февруарий 1925, 8, 3.

[923] Исто., V, 14 мартъ 1925, 11, 2.

[924] З. Тодоровски, *ВМРО 1924-1934*, 32.

[925] *Илиндень*, 10 септемврий 1926, 35, 1.

[926] АМ. 1042. 3. 39/ 147-164.

"Илинден" била пренесена со забелешка дека за разлика од Г. п. Христов и А. Протогеров, кои добиле гласови од мнозинството од делегатите, И. Михајлов ги добил сите гласови.[927] Редовно биле објавувани и интервјуата кои И. Михајлов ги давал на странските дописници,[928] при што секогаш тој бил претставуван пред читателите како водач на ВМРО. Убиството на членот на ЦК ВМРО А. Протогеров, за кое повторно како и во септември 1924 год. изговор бил поврзаноста во заговорот и убиството на Т. Александров, придонела Националиот Комитет да преземе конкретни мерки за придобивање на сите македонски легални организации. Останало забележано дека во овие крајно драматични моменти кога отпочнале македонските убиства претседателот на Илинденската Организација Дим. Иванов не го свикал Раководното Тело на собрание на кое би бил заземен став на организацијата за настаните. Присвојувајќи го правото да ја претставува целата организација Д. Иванов учествувал, заедно со претставникот на Македонската младинска организација Петар Ацев, на неколку заседанија[929] свикани од страна на Националниот Комитет. Главна тема на овие заседанија, одржани во периодот август-октомври 1928 год., била уредувачката политика на редакторот на в. "Македонија" Г. Кулишев. Претседателот на Илинденската Организација пред присутните на првото заседание на кое учествувал (7.8.1928)[930] објаснувал дека "и ние решивме, дека спасот е во полниот неутралитет. В. "Македонија" е језик на Националиот Комитет, на Илинденци и на Младинците и г. Кулишев треба да ги изразува нивните мисли. Изјавувам: дека ако г. Кулишев продолжува да пишува така, ние ќе почнеме да го

---

[927] *Илиндень*, V, 20 февруарий 1925, 8, 3.

[928] Исто., IV, 14 ноемврий 1924, 15, 1. ; Исто., V, 29 май 1925, 21, 3.

[929] АМ. 471. 7. 9/844-893.

[930] АМ. 471. 7. 9/844.

издаваме в. "Илинден" и ќе кажеме, дека в. "Македонија" е личен орган на г. Кулишев." Дури на третото по ред заседание[931] на кое присуствувал Д. Иванов и кое се одржало по речиси три месеци од првата средба тој изјавил дека не бил во можност да го свика Раководното Тело. Податокот дека не било консултирано раководството на организацијата и не бил слушнат нејзиниот став кон уредувачката политика на в. "Македонија", не ги спречило присутните на заседанието претставникот на Илинденската Организација П. Мрмев да го изберат во новиот редакционен комитет на в. "Македонија".[932] Ваквото однесување на претседателот на организацијата придонело да се рашири убедувањето дека се избегнува одржувањето на секој јавен собир на македонската емиграција од страв од начинот на кој таа ќе се однесува.[933] Не само што била одложена прославата на Илинден,[934] туку недостасувала храброст да се свика и конгресот на Илинденската Оранизација. Петиот редовен конгрес на илинденците кој требал да се одржи на Петровден 1928 год. бил одложен.[935] Како изговор зошто конгресот не бил одржан ниту по 6 месеци од планираниот термин послужило одлуката на провинциските илинденски д-ва конгресот да се одржи на Петровден 1929 год.[936] Кога конечно во јули 1929 год. се одржал конгресот на илинденците претставникот за печат на Југословенското Кралско Посланство во Софија дошол до заклучокот дека "со михајловистите тргнала и скоро целата "Илинденска Организација".[937] И покрај оваа констатација

---

[931] АМ. 471. 7. 9/888.

[932] АМ. 471. 7.9/893.

[933] *МакедонскоДело*, 3, 10 ноември 1928, 77, 8.

[934] Исто.

[935] АМ. М-4273.

[936] Исто.

[937] АМ. 1042. 3. 11/32.

незадоволство од политиката на Управниот Одбор имало и понатаму.[938] Во започнатата дискусија на конгресот покрај делагатите кои повикувале да се осудат сите лица кои во Софија "водат револуција" зошто "нивната работа не е ништо друго освен предавство" (Вл. Куртев),[939] и кои ги обвинувале задграничните претставници на ВМРО дека со својата активност носат штета на движењето (Георги Белев),[940] имало и дискутанти кои апелирале за единство, договор и измирување на македонските борци (Еф. Спространов).[941] Спространов се искажал против идејата Илинденската Организација да презема улога на судија во искрснатите македонски борби.[942] Ова размислување го споделувал и Ив. Нелчинов.[943]

Неколку месеци по убиството на Ал. Протогеров Илинденската Организација презела акција за помирување на двете струи во ВМРО,[944] што може да се заклучи дека најголемиот дел од членовите на организацијата се залагал да се смират работите меѓу двете спротиставени страни. Во октомври 1928 год. била формирана седмочлена комисија во состав: И. Х. Николов, Н. Пушкаров, Д. Лазаров, М. Матов, П. Ацев, М. Чаков и К. Христов,[945] чии помирувачки акции со цел да се зачува "престижот на организацијата пред надворешниот свет и спокојството и

---

[938] АМ. 1042. 3. 11/37.

[939] АМ. 1042. 3. 11/35.

[940] Исто.

[941] АМ. 1042. 3. 11/38.

[942] *Вардаръ*, I, 18 августъ 1929, 1, 3.

[943] Исто.

[944] Првиот неуспешен обид да дојде до помирување на двета струи во ВМРО бил направен во август 1928 г. од страна на Македонската парламентарна група. (З. Тодоровски, *ВМРО..*, 222.)

[945] *Свобода или смъртъ*, януарий 1931, 115, 3.

единодушноста на македонската емиграција", не покажале резултати.[946] По овој неуспешен обид сите раководни тела на Македонската парламентарна група, Националниот комитет на македонските б-ва, Илинденската организација, Македонскиот младински сојуз и Македонското студентско друштво "Вардар" веќе го зазеле ставот на Ив. Михајлов. На почетокот на ноември 1928 год. раководствата на овие македонските организации испратиле писмо до "групата на ВМРО": Г. П. Христов, П. Шанданов, Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски, во кое, тие биле замолени да ја прекинат својата дејност и да се "повлечат од ВМРО."[947] Нов обид да се стави крај на македонските убиства бил направен при крајот на август 1929 год. кога една група јавни работници испратила апел[948] двете фракции на ВМРО да престанат со самоистребувањето. Меѓу потписниците се наоѓале и претседателот на Раководното Тело на Илинденската Организација - Д. Иванов, потпретседателот Лазар Томов, и членовите Еф. Спространов, Мих. Чаков, Кир. Христов.

До 1930 год. Илинденската Организација се обидувала да ја зачува неутралноста во разгорената борба меѓу спротиставените струи во движењето. Во септември 1929 год. илинденското друштво од Варна присуствувало на погребот на убиените од михајловистите Георги Баждаров и Вулкан Милев.[949] Од наредната година Илинденската Организација меѓутоа целосно застанала на страна на михајловистичката струја. Нејзин претставник (Панчо Тошев) зборувајќи на погребот на

---

[946] З. Тодоровски, *ВМРО*...,222-223.

[947] Исто., 223.

[948] АМ. 1042.3.36/ 136-137.

[949] *Вардаръ*, I, 25 септемврий 1929, 6, 1. На погребот на Васил Пундев на 5 март 1930 г. не учествувала Илинденската Организација. (Исто., I, 9 мартъ 1930, 30, 1.)

еден од атентаторите на Н. Томалевски - Андреј Манов, [950] починатиот атентарот го претставил како херој кој го жрвувал својот живот за слободата на Македонија. Претставници на Илинденската Организација учествувале и на јавното протестно собрание заради постапката на Гена Велева од Скопје на 4 јануари 1931 год.,[951] а по повод убиството на Јордан Ѓурков Раководното Тело издало посебен некролог[952] во кој биле повикани сите илинденци да присуствуваат на погребот.

## IV. 3. КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНО И ДОБРОТВОРНА АКТИВНОСТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Прославите на годишнините од Илинденското востание, во чие организирање и изведување Илинденската Организација играла посебно значајно место и улога, по 1924 год. започнале да се истиснуваат од нов празник. Со воведувањето на Денот на Македонија, Илинден "врховниот празник на Македонците (...) кој сјаје начело на нашата народна поворка кон висините на нашето човечко издигање" и "нај-македонскиот и најсветлиот"[953] празник кој воедно бил симбол на незапирливиот стремеж на македонскиот народ кон слободата бил сведен само во патронен празник на Илинденската Организација. [954] Материјалната корист која Националиот Комитет планирал да ја оствари со ново воведениот празник на македонската емиграција (откако било планирано наложување на обврската секој Македонец преку македонските братства да ја внеси

---

[950] *Македония*, V, 6 декемврий 1930, 1242, 1.

[951] АМ. 1042. 6.3./6-9.; *Македония*, V, 3 Януари 1931, 1265, 1.

[952] Исто., 10 февраурий 1931, 1293, 3.

[953] *Устремъ*, II, 1 августъ 1925, 49, 1.

[954] *Илиндень*, V, 24 юли 1925, 29, 3.; Исто., V, 7 августъ 1925, 31, 1.

"својата еднодневна плата или својата еднодневна печалба."[955]) била главната наведена причина за појавата на новиот македонски празник. Од окружното[956] на Национналниот Комитет од јули 1925 год., меѓутоа се оцртува и друг мотив за воведување на Денот на Македонија. Пренебрегнувајќи го податокот дека Илинден во претходните години од македонската емиграција во Бугарија бил доживуван и одбележуван како "симбол на македонската борбеност"[957] и "македонски ден",[958] НК во окружното забележал дека Илинен "за Илинденската Организација го симболизира нај-големиот момент во историјата на Македонското ослободително револуционерно движење."[959] Неговото оградување од ваквото размислување на илинденците, зборувало за потребата Националниот Комитет преку новововедениот празник да даде ново видување за значењето на Илинденското востание. Тенденцијата да се минимизира и истисне Илинден, како симбол и спомен на "бескрајна преданост кон татковината",[960] била јасно изразена во новиот начин на организирање на годишнините на Илинденското востание. Прославата на Илинден во 1925 год. најмногу наликувала на илинденските прослави организирани во претходните години. Со заедничко учество на претставниците на управите на Илинденската Организација, Националиот Комитет, Сојузот на македонската младина, на студентското друштво "Вардар" и задругата на македонските девици била осмислена програмата на прославата, по што следело издавање на позивот до емиграцијата, како

---

955 *Отчетъ за дѣйностьта на Националния Комитетъ...*, 1926, 11.

956 *Независима Македония*, III, 31 Юлий 1925, 120, 1.

957 *Илинденъ*, II, 31 Юли 1922, 30, 1.; Исто., IV, 9 Августъ 1924, 2, 1.

958 Исто., II, 16 Августъ 1922, 32, 1.

959 *Независима Македония*, III, 31 Юлий 1925, 120, 1.

960 *Устремъ*, II, 1 августъ 1925, 49, 1.

и на одделните позиви.[961] По отслужената панахида во црквата "Св. Софија", од име на Националиот Комитет зборувал П. Мрмев, а претставникот на Илинденската Организација В. Думев зборувал пред гробовите на Ефрем Чучков, Тодор Лазаров, Б. Сарафов и И. Гарванов, и на незнајниот четник (Могила на знајните и незнајни илинденци). Празникот бил одбележан и во повеќе градови во внатрешноста на Бугарија.[962] Според мислењето на бугарските комунисти прославата на Илинден во Софија во споредба со претходните години била доста скромна.[963] Недостатокот на "сугестивноста и расположението од другите години" било забележано и од членовите на Македонскиот младински сојуз.[964] Од страниците на в. "Устрем" било побарано во иднина организаторите на прославите да не се помируваат изговорот дека не може да се празнува Илинден бидејќи властта забранувала прослави. Во 1926 г. Илинден повторно бил прославен со одржување на панахида во црквата "Св. Софија" и со посета на т. н. "братска могила на сите знајни и незнајни борци-светци, загинати за слободата на Македонија." [965] П. Мрмев и В. Думев повторно зборувале за Илинден, додека во внатрешноста празникот бил одбележан во Пловдив.[966] Реакција на целокупниот третман на годишнините на Илинденското востание се

---

[961] Исто.

[962] Прослави на Илинден илинденските друштва организирале во градовите Ќустендил ( *Илиндень*, V, 14 августъ 1925, 32, 1); Русе (Исто.; Исто., V, 21 августъ 1925, 33, 3.); Плевен (Горна Ораховица, Пловдив, Радомир, Шумен) (Исто.); Варна (Исто., V, 27 августъ 1925, 34, 3.; Исто., V, 11 септември 1925, 36, 2.) ; Своге, Пашмакли (Исто.)

[963] В. Поповски, Л. Жила, *Македонскошо...*, 1177. Според истиот извор на прашањето зошто не учествуваат на прославата некои Македонци одговориле дека "не ни треба манифестација приредена од полицијата."

[964] *Усшремъ*, II, 8 августъ 1925, 50, 1.

[965] Исто., III, 5 августъ 1926, 48, 1. ; *Независима Македония*, IV, 6 августъ 1926, 170, 1.

[966] Исто., IV, 13 августъ 1926, 171, 3.

насетува во 1927 год. Во испратениот од "Илустрација Илинден" повик членовите на Илинденската Организација биле поквикани да го одбеелжат најсвечано "празникот на борбена Македонија."[967] Оваа постапка на илинденците била изненадувачка, доколку се знае дека НК веќе неколку години го наметнувал Денот на Македонија како единствен празник на македонската емиграција, кој требал да прерасне и во ден на македонската борбеност.[968] Во сличен тон, со јасно изразена желба да се потенцира значењето на Илинден, како симбол на величествен хероизам и на бескрајна љубов кон татковината и кон слободата бил и настапот на потпретседателот на младинската организација Георги Николов пред гробот на П. Јаворов. [969] Промени во програмата на празникот и оваа година немало.[970] Спојувањето на македонските легални организации, кое по тој повод било манифестирано, било толку големо што веќе тешко се одредувало кој ги претставува организациите на илинденската прослава. Така во еден број на "Македонија" бил пренесен податокот дека пред црквата од име на Илинденската Организација зборувал П. Мрмев , а на гробиштата Еф. Спространов настапил од име на Националниот Комитет,[971] но веќе во наредниот број на истиот весник било објавено дека од името на илинденците зборувал Еф. Спространов. [972] Илинден било масовно одбележан и во внатрешноста на државата.[973]

---

[967] *Илюстрация Илиндень*, I, Юли 1927, 3, 16.

[968] *ОтЭетъ за* ..., Илюстрация..., Ноемврий- Декемврий 1933, 1-2, (51-52), 9.

[969] *Македония*, I, 3 августъ 1927, 242, 1.

[970] Била дадена панахида за загинатите, се посетила братската могила, а попладнето се одржала народна веселба во Градскиот парк. ( *Македония*, I, 28 юлий 1927, 237, 3.)

[971] Исто., I, 2 августъ 1927, 241, 3.

[972] Исто., I, 3 августъ 1927, 242, 1.

[973] Во Пловдив се одржало панахида, по што следел говор на претседателот на друштвото "Илинден" Тод. П. Антов, македонска средба. ( *Македония*, I, 4 августъ

Организирањето на илинденската прослава во 1928 год. било одложено заради настаните кои се случиле со убиството на Ал. Протогеров. Иако подготовките на илинденците веќе биле започнати и било решено празникот да биде одбележан не само во местата каде имало илинденски друштва туку и таму каде немало такви друштва,[974] а Раководното Тело веќе имало испратено окружно[975] до месните друштва, заради развојот на настаните биле прекинати подготовките. Раководното Тело со окружно[976] ги запозна своите членови со одлуката на Комитетот за одбележување на 25 годишнината на Илинденското востание да биде одложено празнувањето, а да се даде само една заупокојна служба. Раководното Тело организирало панахида во црквата "Св. Спас" на 2 август,[977] во присуство на членот на Раководното Тело на Илинденската Организација, Националниот Комитет, секретарот на Младинскиот сојуз, управното тело на Женскиот сојуз, управата на студентското друштво "Вардар", претставници на братствата и емигранти.[978] Одложување на посвечано одбележување на Илинден за "поповолно време" било направено и во наредната 1929 год.[979] Во годините 1930, 1931, 1932 по повод годишнините на Илинденското востание биле давани само панахиди.[980] Кога во 1933 год. било решено да се организира свечана прослава на Илинден, со учество на сите македонски организации од провинцијата, иницијативата веќе не

---

1927, 243, 3.), Ќустендил (Исто., I, 5 августъ 1927, 244, 2.); Русе, Св. Врач (Исто., I, 244, 3.); Шумен, Станимака, Петрич (Исто., I, 245, 2), Сливен (Исто., I, 245, 3).

[974] АМ. М-4273.

[975] АМ. М-4273.

[976] *Македония*, II, 24 юлий 1928, 535, 1.

[977] Исто., II, 31 юлий 1928, 541, 1.

[978] Исто., II, 2 августъ 1928, 543, 3.

[979] АМ. М-4273.

[980] *Македония*, IV, 31 юлий 1930, 1136, 1.; АМ. М-4273.; *Македония*, IV, 8 августъ 1932, 1732, 3, 1.

доаѓала од Илинденската Организација, туку од Националиот Комитет.[981] Илинденската Организација била определена да биде "центар на празнувањето", заради што раководството на таа организација дури почувствувало потреба да се заблагодарува. "ние сме должни да изразиме нај-голема благодарност на Македонскиот Национален комитет за големата чест и за вниманието, кое беше спремно да ја изрази кон илинденците."[982] Иако власта повторно го забранила одржувањето на прославата на Илинден, заради што празникот и таа година бил одбележан на ист начин како во претходните,[983] било јасно дека Националиот Комитет успеал да ги разбие македонските собирања по повод Илинден, кои биле единствена можност за зајакнување на македонскиот дух. На тој начин бил направен силен притисок да се отргне македонската емиграција од споменот за големиот подвиг на македонскиот народ.

Се поставува прашањето како местото на Илинден можело да биде заземено од ден кој "со ништо не ги поврзува, не ги обединува, не ги воодушевува Македонците"[984] и кој бил "едно отклонување од македонскиот ослободителен пат."[985] Новиот празник бил наложен со силна надворешна помош. Прославите на Илинден и Денот на Македонија биле организирани на различни начини, при што речиси постојано било забранувано свечано одбележување на првиот празник, додека вториот не наидувал на слични проблеми. Напротив, Денот на Македонија се

---

[981] АМ. М-4273.

[982] Отчетъ за..., *Илюстрация...*, 5, Ноемврий- Декемврий 1933, 1-2 (51-52), 26.

[983] *Илюстрация...* Септемврий-Октомврий 1933, 9-10 (49-50), 20.; *Македония*, VII, 10 августъ 1933, 2040, 4.; Исто., VII, 11 августъ 1933, 2041, 4.; Исто., VII, 15 августъ 1933, 2044, 4.

[984] *Македноски Вести*, I, 12. VI 1935, 21, 12.

[985] Исто.

организирал со изведување на манифестациии по улиците на Софија, со учество на македонските братства и нивните членови, за кои "присуството на сите и тоа семејно е задолжително."[986] Илинден по правило се одбележувал во црква, пред ограничен број на присутни. Идејата за празнување на Денот на Македонија која се јавила во почетокот на јуни 1925 г.,[987] прв пат била реализирана на 5 јули 1925 г.[988] Почнувајќи од наредната година (1926 год.) религиозниот празник Духовден бил определен како ден на кој ќе се слави Денот на Македонија.[989] Изборот на Духовден кој бил голем религиозен празник почитуван од сите христијани, но кој не содржел ништо специфично македонско за да биде избранза Ден на Македонија самиот по себе зборува дека со новиот празник се настојувало "да се убие верата на народот во самиот него и да ослаби неговата борбена волја."[990] Националиот Комитет кој целосно ја презел одговорноста при организирањето на новиот македонски празник го замислил Денот на Македонија како ден на протест[991] против тиранијата вршена во Вардарска и Егејска Македонија. Од таму произлегувал и стремежот манифестациите организирани на тој празник да импонираат " на месните и главно на странските дописници кои ќе ги соопштат во весниците своите впечатоци од таа манифестација."[992] Понесен од желбата Денот на Македонија да се претвори во најголем празник, во што според нивно мислење успеале дури во 1928 год.,[993] НК

---

[986] *Македония*, II, 2 юний 1928, 4932, 2.

[987] *Независма Македония*, III, 26 юний 1925, 115, 3.

[988] *Илиндень*, V, 2 юли 1925, 26, 1.

[989] *Независима Македония*, IV, 12 мартъ 1926, 150, 1.

[990] *Македонски Вести*, I, 12. VI 1935, 21, 12.

[991] Иван Катарџиев, *Македонската национална политичка мисла меѓу двете светски војни*, Скопје, 1991, 228.

[992] Исто., 227.

[993] *Отчетъ за..*, 1929, 14.

презел акција да организира "негово по-совршено отпразнување",[994] со испраќање на делегати по големите емигрантските центри.[995] Денот на Македонија во 1925 год. бил организиран со давање на панахида за мртвите и молебен за живите революционери.[996] Иако административната власт наложила "извесни ограничувања," Денот на Македонија во 1926 год. бил "отпразнуван особено свечано."-со молебен, полагање венци на спомен плочата на Св. Климент Охридски и на споменицитe на бугарските революционери Васил Левски, Хр. Ботев, Ив. Вазов.[997] На ист начин бил одбележан и во наредната година.[998] Илинденските друштва заедно со младинските организации и женските друштва учествувале како помошници при припремите на Денот на Македонија во 1927 год.[999] Од 1929 год. Раководното Тело Илинденската Организација повеќе да не земало учество на прославата како самостојна единица, заради што своите членови ги поканило да земат учество во манифестацијата секој во неговото соодветно братство.[1000]

Напоредно со тенденцијата за потиснување на значењето на Илинден одело и преземањето на претходните заслуги на Илинденската Организација. Филмот за Македонија, за чие осмислување и реализирање, нејзиното Раководно Тело неколку пати доаѓало во отворен судир не само со Националниот Комитет, туку и со ЦК ВМРО, бил присвоен токму од најогорчените противници на неговото снимање и прикажување.

---

[994] *Отчетъ за* ..., 1927, 12.

[995] Л. Киселинчев и Н. Томалевски ја посетиле Варна, В. Думев-Т. Пазарџик, Кондв-Плевен, П. Мрмев-Горна Ораховица и Трново, В. К. Булов-Самоков, С. Пармаков-Кавакли. (*Отчетъ за* ..., 1927, 12.)

[996] *Илиндень*, V, 10 юли 1925, 27, 3.

[997] *Отчетъ за* ..., 1927, 12.

[998] *Македония*, I, 11 юний 1927, 198, 1.

[999] Исто.

[1000] Исто., [illegible], 22 юниј 1929, 808, 3.

Филмот кој во февруари 1924 год. по наредба на премиерот бил забранет за прикажување,[1001] сега од страна на Националниот Комитет и Раководното Тело на Илинденската Организација бил најавен[1002] дека ќе се прикажува на Св. Никола во "Модерен Театар." Податокот дека автор на филмот (на кој биле додадени единствено снимките од манифестацијата одржана по повод убиството на Т. Александров) бил Ар. Јовков вешто бил избегнат. За да биде иронијата поголема во печатот било објаснето дека "Филмот е "уреден" со прекумерни грижи и со тешки средства од Националниот Комитет и од Раководното Тело на Илинденската Организација и сите приходи, добиени од неговите претстави, ќе бидат употребени за добротворни културно-просветни цели на тие организации."[1003] Потполно сменетиот однос кон филмот се гледа и од таму што во печатот било одбележано дека "Филмот е уметничка работа и во него се представени нај-живописните градови и месности на Македонија и нај-големите фигури на борците за македонското ослободително дело во минатото. Тој филм има големо воспитно значење за подигање на националниот дух на младината и треба да се види од сите."[1004] Ова однесување укажувало дека единствена причина заради која на времето се истапувало против идејата Илинденската Организација да го снима и прикажува филмот бил стравот организацијата на илинденците да не зајакне премногу и да не прерасне во центар на македонската емиграција. Со цел да ги организира илинденците и да го претстави "Македонскиот филм" во поважните градски центри секретарот на

---

[1001] АМ. ф. 1075, оп.1, ае 1.

[1002] *Независима Македония,* II, 5 Декември 1924, 87, 3.

[1003] Треба да се одбележи дека Илинденската Организација до 1923 г. за изработувањето на филмот имала дадено 50. 000 лева, (АМ. 471. 28. 9/15) а од приходите кои планирала да ги добие сакала да изгради Илинденски дом во Софија. (АМ. 471. 28. 9/15)

[1004] *Илиндень,* V, 14 мартъ 1925, 11, 3.

Раководното Тело на Илинденската Организација Дим. Антонов на почетокот на 1925 год. заминал за северна Бугарија.[1005] Филмот забележал голем успех. Во Плевен се прикажувал 5 дена, а сите претстави биле масовно посетувани од народот. Со долготрајни овации гледачите го проследувале секое појавување на ликовите на македонските револуционерни дејци. [1006]

Напоредно со излегувањето на в."Македонија" од април 1927 год. започнал да излегува и списанието "Илустрација Илинден". Замислено како архив, хранилиште на македонската револуција, списанието било планирано да одигра голема улога за зачувувањето на револуционерните традиции и спомени од револуционерното минато. На неговите страници биле објавувани спомени на повеќе учесници во македонското ослободително движење, како за нивното учество во движењето, спомени за време на Младотурската револуција, за учебното дело во разни македонски краишта. Можело да се пронајдат и податоци за недоволно познати македонски револуционери, давани претежно од Ст. Аврамов, Бојан Мирчев, Никола Киров Мајски. Префрлањата дека списанието не се пишувало на македонска линија започнале отворено да се јавуваат во 1935 г.[1007] Тиражот во кој излегувало списанието било голем, и варирала од 4. 000 до 5. 000 примероци.[1008]

Добротворната дејност на Илинденската Организација и во променетите услови останала непроменета. Тешката материјална положба во која се наоѓале илинденците влијаела оваа дејност и понатаму да зазема главно место во работата на организацијата. Дополнителен

---

[1005] Исто., V, 30 януарий 1925, 5, 3.; Исто., V, 28 февраурий 1925, 9, 3.

[1006] Исто., V, 27 марть 1925, 13, 3.

[1007] *Македонски Вести*, I, май 1935, 17, 4.

[1008] ЦДИА, ф. 1932, оп. 3, ае 277.

проблем бил што во касата на Илинденската Организација немало доволно средства. Главна причина за оваа појава која и јавно била искажана на V конгрес (1929 год.) од страна на Е. Спространов бил "убиенот ентузијазам и убиената вера."[1009] Главно задолжение на Раководното Тело било помагање при вработување на илинденците. За да се олесни работата на Раководното Тело по ова прашање, на посебно собрание[1010] на софиското друштво во јануари 1926 год. било образувано информационо биро од 3 члена, кое требало да пронаоѓа слободни места. Во мај 1926 год. било формирано и "Македонско работно биро",[1011] кое добило задолжение да воспоставува контакт со сите државни, окружни и општински установи, претпријатија, да бара и наоѓа работа за невработените емигранти, и посебно за лицата кои имале големи заслуги за македонската кауза. Работното биро при Илинденската Организација, во кое имало претставници од сите организации, постигнало позначителни резултати, така што во периодот 1925/26 год. успеало да вработи повеќе од 400 лица. Во просек до 1929/30 г. бирото успеало да вработи годишно околу 450 лица.[1012] Акцијата за населување на илинденци продолжила преку Градежна задруга при софиското друштво. Главна задача на кооперацијата била да посредува меѓу Софиската општина и членовите на Илинденската Организација кооперанти заинтересирани да градат,[1013] да дејствува да се раздават градежни места,

---

[1009] *Вардаръ,* I, 18 августъ 1929, 1, 3.

[1010] *Илиндень,* VI, 22 Януари 1926, 3.

[1011] Исо., VI, 21 май 1926, 19, 3.

[1012] ЦДИА, ф. 1932, оп. 2, ае 277.

[1013] АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 27.; *Македония*, I, 18 августъ 1927, 255, 3.; *Илиндень*, V, 13 февуарий 1925, 7, 1.; Исто., V, 20 февруарий 1925, 8, 1. ; *Македония,* I, 1 септември 1927, 267, 3.; Исто., I, 3 септември 1927, 269, 3.

да учествува при раздавањето на дадените парцели,[1014] да одели заеми за градба,[1015] да помага при градбата.[1016] Во јули 1925 год. Градежаната задруга испратила писмо[1017] до градоначалникот на Софија во кое откако бил доставен список на 179 бивши македонски революционери, бездомници, било побарано за потребите на овие лица да бидат отпуштени нај-малку 20 кредити по 150. 000 лева или вкупно 3 милиони за постројка на економски живеалишта на членови на Илинденската Организација. Кредитот кој бил отпуштен на задругата за изградба на економски живеалишта, во износ од 100. 000 лева, сепак се покажал како "недоволен."[1018] Од тие причини задругата во писмо до гардоначалникот Софија од август 1925 год., побарала уште 1. 600. 000 лева.[1019] Резултатите кои задругата ги постигнала биле сообразени со условите во државата. До 1928/29 год. од кога софиската општина прекинала да дава места и кредити на илинденците, биле раздадени 20 парцели, во наредната 1925/26 г. биле снабдени со место 20 лица, а бил даден заем од 50. 000 -150. 000 лв. (досега се построиле 12 лица).[1020] Почнувајќи од 1928/29 г. веќе неможело да се најдат никакви податоци за работата на гардежната задруга.

Спроведуваната помош при смртни случаи на членови на Илинденската Организација и натаму се давала, иако како што се намалувал бројот на членови се потешко се собирале парите. Со цел да се олесни начинот на собирање парични средства Раководното Тело

---

1014 *Илиндень*, V, 20 февраурий 1925, 8, 3.

1015 *Македония*, I, 7 септември 1927, 272, 3.

1016 АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 27.

1017 Исто.

1018 АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 27.

1019 АМ. ф. 1075, оп. 1, ае 27.

1020 ЦДИА, ф. 1932, оп. 3, ае 277.

извршило неколку измени и дополнувања на правилникот на посмртната каса, кои биле изгласани на II и III конгрес на организацијата. Се позачестената практика членови да одбегнуваат да се запишуваат во посмртаната  каса придонело во јавноста (октомви, 1927 год.) да се потсетува дека според уставот секој член задолжително бил и член на касата,[1021] заради што треба да внесува 10 лева за секој смртен случај, за неговото семејство да добие 6. 000 лева помош.

1021 *Македония*, I, 19 октомври 1927, 307, 2.

# ГЛАВА V

# АКТИВНОСТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1934-1941 ГОДИНА

## V. 1. ПРЕВРАТОТ ВО БУГАРИЈА ОД 19 МАЈ 1934 ГОДИНА И НЕГОВИОТ ОДРАЗ ВРЗ МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ

Државниот преврат од 19 мај 1934 год. имал далекусежни последици за политичкиот живот во Бугарија, бидејќи со неговото извршување бил "отворен патот за фашистичка диктатура"[1022] во државата. Од пресудно значење да дојде до повторно неуставно преземање на власта било незадоволството од пројавената неефикасност на хетерогените бугарски влади и на се пораспространетиот страв од револуционизирање на општеството. Последната причина-одбрана на државните институции од револуционерна опасност, била повод да се изврши и деветојунскиот преврат во 1923 год. Покрај сите напори кои биле вложени за време на осум годишното владеење на Демократскиот Сговор, тој неуспеал да го намали влијанието на комунистичкото и земјоделското движење меѓу народот. [1023] Двете сговористички влади, на Ал. Цанков (јуни, 1923 - јануари, 1926) и на Андреј Љапчев (јануари, 1926 - јуни, 1931) исто така тешко се справувале со финансиската и економската криза во државата,[1024] уште повеќе влошена од големата светска економска криза.

---

[1022] Илчо Димитров, *Бългѓарскаѿа демокраѿична обЌесѿвеносѿ, фашизмълѿ и војнаѿа 1934-1939*, ГСУ ФИФ, 1970, LXIV, 2, 22.

[1023] *Краѿка истроия на Българил ...*, 350.

[1024] види кај: Даринка Петреска, *Буѓарија од крајоѿ на Прваѿа свеѿска војна до крајоѿ на Вѿораѿа свеѿска војна,* Прилози за наставата по историја во основата и во средното образование, Скопје, ноември 1992, 2, 185.

Двата кредита (бегалскиот и стабилизациониот) добиени за време на владата на А. Љапчев доплонително ја задолжиле државата, така што при крајот на 1931 год. средната задолженост по глава на жител во Бугарија била 7. 500 лева.[1025] Огромното народно незадоволство резултирало со изборен пораз на Демократскиот Сговор. Победникот на парламентарните избори од јуни 1931 год., опозициониот Народен Блок составил Влада во која партиципирале претставници на Демократската партија, дел од БЗНС, Либаралната и Радикалната партија, а на чие чело застанал водачот на Демократската Партија Ал. Малинов. Настојувајќи да ја рехабилитира граѓанската демократија во земјата, новата коалициона влада ја зголемила улогата на Народното собрание, ги раширила граѓанските слободи и спровела политичка амнестија.[1026] Ширењето на демократските права во државата, кои не биле следени со решавање на главните економски проблеми, придонело уште повеќе да се појават сите слабости на граѓанската демократија. Големата расцепканост на политичките сили, која кулминирала во моментот кога биле регистрирани 40 политички партии и групи,[1027] предизвикала незадоволство кај одредени политички средини во државата. Посебно критички расположен кон владата на Народниот Блок бил политичкиот круг "Звено" кој како политичка групација бил создаден како последица од незадоволството од неуспешниот обид на Демократскиот Сговор да воспостави силна власт. Звенарите настојувајќи да се стави крај на духовното разделување на нацијата се залагале за групирање на поблиските политички партии.[1028] Оправдување за насилно соборување на

---

[1025] Иван Катарџиев, *Македонија сйрошиu Вшораша свешска војна*, Скопје, 1999, 137.

[1026] *Крашка исшория.*., 352.

[1027] И. Димитров, *Българската демократична общественосш, фашизмът и войнаша*, 14.

[1028] Кратка история.., 354.

Владата слично како при државниот превrat од 1923 год. повторно било пронајдено во опасноста од евентуален "револуционерен излез од кризата".[1029] Главен организатор и овој пат бил Воениот Сојуз, сега во соработка со политичкиот круг "Звено." Користејќи ја политичката криза пројавена од дадената оставка на премиерот Н. Мушанов, на 19 мај 1934 год. бил извршен државен удар. И однесувањето на цар Борис III било идентично како пред 11 год. Повторно потпишал два указа, со кои ја ослободувал од одговорност владата на Н. Мушанов, и ја назначувал новата влада на чело со Кимон Георгиев..

Воспоставувањето безпартиска власт била главна задача која си ја поставила новата Влада. Иако формално не била поништена Трновската Конституција (која претставувала основа на државното устројство) со новововедените акти бил ликвидиран парламентарно-демократскиот државен систем во Бугарија. Со "наредбата -закон" од 14 јуни 1934 год. биле забранети сите политички партии во државата. Народното собрание исто така било распуштено, а неговите функции биле префрлени врз Владата. [1030] Со "наредбата-закон" биле засегнати и македонските организации. ВМРО била забранета,[1031] а веднаш биле преземени енергични мерки за одземање на оружјето и за затварање на членови на ВМРО вмешани во убиствата.[1032] Било забрането излегувањето на печатните органи на ВМРО- весниците "Слобода или смрт" и "Македонија",[1033] но и организирањето на манифестации на македонската

---

[1029] *История на България*, 270.

[1030] И. Димитров, *Българската демократична общественост, фашизмът и войната 1934-1939*, 36.

[1031] З. Тодоровски, *ВМРО..*, 235.

[1032] АИНИ, ф. ЦП, к. XXXVII/13, бр. 25.

[1033] Исто.

емиграција.[1034] На почетокот на август 1934 год. софиската полиција, откако при извршен претрес на членови на Националниот Комитет нашла компромитирачки материјал[1035] уапсила 5 од вкупно 7 -те члена на комитетот, кои подоцна биле интернирани.[1036] Третманот на власта кон приврзаниците на убиениот А. Протогеров не бил ист како со михајловистите. Блиските контакти кои протогеровистите ги одржувале со групата "Звено" и Воениот Сојуз уште пред да биде извршен државниот удар придонеле протогеровистите да остварат превласт во раководствата на поголемиот број македонски братства,[1037] но и исцело да ја добијат управата на избраниот во почетокот на септември 1934 год. привремен Национален Комитет,[1038] кој иако званично растурен во годините кои следеле делувал тајно.[1039] Новиот Комитет на чие чело застанал Д. Мирчев ги запознал претседателите на македонските братства за сите неправилности во работата на претходниот Национален Комитет. Податоците изнесени во окружното бр. 140[1040] зборувале за незаконско работење на претходната управа на Сојузот на македонските братства. На новиот Комитет им била предадена само книговодствената книга за 1934 год. "Останатите книговодствени книги за минатите години не се најдоа и не се предадени до денес (мај 1935 год.-б.м.). Тие беа изнесени, а можеби и уништени, за да не се даде можност на емиграцијата да види, како се трошеле сумите, кои таа ги делела од својот сиромашен залак, за да го подржи народното дело."[1041] Затекнатата финансиска положба била

---

[1034] З. Тодоровски, *ВМРО..*, 237.

[1035] АМ. 1042. 7. 58/128.

[1036] З. Тодоровски, *ВМРО...*, 237.

[1037] Исто., 238.

[1038] АМ. 1042.7. 59/129.

[1039] АМ. 1042.7. 102/220-221.

[1040] АМ. 471. 27. 84/721.

[1041] Исто.

многу лоша. Биле затекнати само 28 лева, и еден долг од 1. 800. 000 лева. Главен недостаток на претходната управа сепак било тоа што таа располагајќи со многу парични средства, многу и трошела, при што бил наведен примерот дека месечно само на име на плати биле трошени 72. 250 лева, сума која била многу голема во споредба со тоа што новиот Националниот Комитет ја трошел за истите цели- 6. 000 лева.

Новиот однос кон македонското прашање (директно поврзан со надворешно политичката ориентација на Бугарија-зближување со Југославија и Франција) се одразила и врз начинот на кој се прославувал Денот на Македонија. Со приближувањето на денот кој бил определен за да се одбележи државните власти ја забраниле прославата. [1042] Националниот Комитет на Сојузот на македонските братства во Бугарија (сеуште стариот на чело со Н. Кондов) во посебно окружно бр. 2048 [1043] (кое било дополнување на окружното бр. 2015) во мај 1934 год. побарал од претседателите на македонските братства да го одбележат празникот со одржување само на молебен во црква и говор, без да се организираат манифестации. "Го користам случајот да ги поканам б-вата да не се подаваат на алармистички гласови и злонамерни сугестии, туку да продолжат со својата работа-со истата свест за светоста на нашиот идеал, со истата братска едногласност и со мудроста и почитувањето на редот и законитоста во државата, со кои се одликуваа секогаш до сега." Според извештајот[1044] на дописникот од Софија испратен до Централното Пресбиро во Белград прославата на Денот на Македонија, не само што била одржана на 31 мај 1934 год., туку голем дел од учесниците на прославата се обиделе да манифестираат по улиците, при што биле

---

[1042] АМ. 1042. 7. 51/ 121.

[1043] Ам. 471. 11. 3/7-14.

[1044] АМ. 1042. 7. 51/ 121.

спречени од полицијата.[1045] Во внатрешноста на државата (Перник, Неврокоп и Г. Џумаја) при интервенцијата против учесниците на прославата учествувала не само полиција, туку и војска.[1046] Реакцијата на НК по овие настани била искажана во окружното бр. 2289[1047] од 2 август 1934 год. Со ова окружно претседателите биле укорени бидејќи и покрај тоа што биле предупредени уште во мај 1934 год. да не се дават "на алармистички гласови (...) истите злонамерни гласови продолжуват" заради што Националиот Комитет почувствувал потреба да изјави уште еднаш дека не мислела да се спротиставува" на дело и волјата на бугарските институции по уредбата на бугарската држава." [1048] Македонските братства биле повикани да ја "продолжат спокојно и нескршнувајќи својата културна, легална и народно корисна работа."

## V. 2. ДЕЈНОСТА НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ДО ПОЧЕТОКОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Државниот удар од 19 мај 1934 год. се одразил и врз работата на илинденските друштва. Илинденската Организација не била распуштена, но опасноста од таков чекор постоела многу години по извршувањето на превратот. Податокот дека организацијата се уште постоела во 1938 г.

---

[1045] Според истиот извор 2 манифестанти загинале, а значителен број биле ранети. Неколку знамиња на македонските братства биле скршени од полицијата, а говорот на претседателот на Националниот Комитет Г. Кондов не бил пуштен од цензура. (АМ. 1042. 7. 51/121.)

[1046] Исто.

[1047] АМ. 471. 11. 3/14.

[1048] Исто.

бил сметан за најголем успех на илинденците.[1049] Регистрираното во таа година намалување на недовербата и непочитувањето кон Илинденската Организација придонело да се појави дури заклучокот дека опасноста од распуштање на организацијата веќе е надмината.[1050] Надежите и желбите дека постепено ќе се обезбедат вистински услови за извршување на секојдневните активности на членовите на организацијата сепак не се оствариле. Во 1939 г. и 1940 г. ИО продолжила да работи во многу тешки услови.[1051] Во таква ситуација конгресите на организацијата, вообичаено одржувани секоја година, веќе не можеле да се одржуваат заради тоа што од државните власти не се добивало дозвола за нивно одржување. Во периодот од 1934 г. до 1941 г. биле одржани само 3 конгреси IX (18-19. 4. 1936 г.); X (28-29. 3. 1937 г.) и XI (29-30. 1. 1939 г.). Заради овие околности избраното РТ на VIII конгрес било сменето дури по две и пол години од неговиот избор. Тенденцијата РТ долго време да раководи со организацијата продолжила и по одржувањето на IX конгрес. Избраното во април 1936 г. РТ во состав: претседател Дим. п. Пандов, потпретседател Милан Матов, секретар Дим. Спространов, касиер Антон Кецкаров и советници Лазар Киселинчев, Лазар Гошев и Дим. Лазаров,[1052] бил реизбран и на X.[1053] Дури во јануари 1939 г. на XI конгрес било избрано ново РТ во состав: претседател Л. Томов, потпретседател Хр. Танушев, секретар Лука Групчев, касиер Ант. Кецкаров, библиотекар Т. Крчов,

---

[1049] Отчетъ на ръководното тѣло на Илинденската организация, *Илюстрация.*., XI, Януарий 1939, 1 (101), 7.

[1050] Исто.

[1051] Исто., XII, януарий 1940, 1 (111), 2.

[1052] АМ. М-4267.

[1053] Исто.

советници Дим. Лазаров и Лазар Гошев.[1054] Од 1936 г. кога бил постевен за редактор на Илустрација Илинден не бил променет Кирил Христов.

Неповолните услови за работа се одразиле врз активноста на организацијата. Посебно отежнувачки околности за работа настапиле откако во летото 1935 г. биле внесени измени во наредбата-закон за растурање на политичките организации,[1055] со кои се забранувало свикување на собранија, советувања и агитации, спроведување на пропаганда (усна и писмена), испраќање на циркулари, писма, позиви и др. Од тие причини и посетите кои членовите на РТ ги оствариле на неколку илинденски д-ва во внатрешноста во 1935 г. (какви што биле посетата на секретарот на РТ на Перник и Ќустендил, и на претседателот на Разлог) завршиле без да свикаат собранија.[1056] До 1939 г. членовите на раководството на организацијата не биле испраќани во обиколка на илинденските друштва во внатрешноста на државата. Дури од таа година претседателот Л. Томов ги посетил Видин, Лом, Русе, Варна, Поморие, Бургаз, Јамбол, Ст. Загора, Софија. [1057] Делокругот на работа на Раководното Тело во такви услови бил сведен на комуникација со д-вата преку испраќање окружна во кои се апелирало за позасилена организациона работа, засилување на материјалните средства на организацијата и за распространување на Илустрација Илинден. Почнувајќи од 1938 г. во извештаите за работата на Раководното Тело се среќаваат податоци кои зборуваат дека биле испраќани писмени наредби,

---

[1054] Отчетъ на..., *Илюстарция...* XII, януарий 1940, 1 (111), 1.

[1055] Илчо Димитров, *Българската* ...., 68.

[1056] Отчетъ на Ржководното тѣло на..., *Илюстарция..*, VII, септемврий-октомврий 1935, 9-10, (69-70), 16.

[1057] Отчетъ на.., *Илюстрация..*,, XII, януарий 1940, 1 (111), 2.

окружна и писма до илинденските д-ва за да ја засилат својата работа.[1058] Неможноста Раководното Тело да контактира со друштвата придонеле за целиот овој период да не може да се определи бројот на илинденските друштва. Последниот податок за нивниот број кој датирал од 1934 г. зборувал за постоење на 48 друштва.[1059] Наредната информација за нивниот број која била дадена дури во 1938 г. била поразувачка. Илинденската Организација во таа година имала податоци само за 4 друштва (Софија, Плевен, Русе и Варна).[1060] Следната 1939 г. дејност пројавиле 12 друштва (софиско, русенско, плевенско, варненско, пловдивско, бургаско, старо-загорско, ќустендилско, г. џумајско, симитлијско),[1061] иако од сите нив само варненското и плевенското дале полни и исцрпни податоци.[1062] Во 1940 г. дејност пројавиле 12 друштва (софиско, варненско, пловдивско, ќустендилско, ст. загорско, г. џумајско, симитлиско, русенско, плевенско, сливенско, видинско, бургаско), од кои најредовно ги расчистиле своите сметки само 4 друштва (варненско, софиско, плевенско и старозагорско).[1063] Околу бројот на членови исто така имало тешкотии. Во 1938 од расположливите податоци се гледа дека вкупниот број изнесувал 282 члена,[1064] во 1939 г. 463, од кои 161 нередовни,[1065] во 1940 г. 485 члена.[1066] Најмалку тешкотии имало околу одредувањето на точиот број на членовите на софиското друштво, кое во

---

[1058] Отчетъ на .., *Илщстрация...*, XI, Януарий 1939, 1 (101), 8.; Исто., XII, януарий 1940, 1 (111), 1; Исто., XIII, Януарий 1941, 1 (121), 1.

[1059] Исто., VI, Октомврий 1934, 10 (60), 7.

[1060] Исто., XI, Януарий 1939, 1 (101), 7.

[1061] Исто., XII, януарий 1940, 1 (111), 2.

[1062] Исто.

[1063] Исто., XIII, Януарий 1941, 1 (121), 2.

[1064] Исто., XI, Януарий 1939, 1 (101), 7.

[1065] Исто., XII, януарий 1940, 1 (111), 2.

[1066] Исто., XIII, Януарий 1941, 1 (121), 2.

просек имало околу 200 члена, од кои приближно половината не биле редовни.

По 1934 г. РТИО се соочил со големи финансиски тешкотии. Приходите во 1934/35 г. биле за 2 1/2 пати помали од оние во 1932/33 г.[1067] Посебно поразувачки бил податокот дека приходите биле најслаби од членскиот внос и 30% од вкупниот приход на провинциските друштва, што впрочем било и реален одраз на положбата во редовите на организацијата. Во новата ситуација Раководното Тело се обидувало да ги поврати средствата кои ги должеле илинденските друштва и поедини лица. За таа цел биле испратени многу писма до должниците, без притоа да се постигнат резултати. Во 1936 г. заради побарување на сума од 702. 745 лева биле испратени 746 писма на стари должници. [1068] Одговориле само 113 од нив, од кои малкумина признавајќи го долгот го исплатиле истиот. Заради тоа што останатите должници не постапиле така од бараните 702. 745 лева биле собрани само 39. 000 лева.[1069] Откако овој план не успеал и соочен со се поголеми тешкотии на финансиски план Раководното Тело било принудено да започне да штеди во трошењето на парите. Бил пронајден поефтин стан во кој се преселила канцеларијата на организацијата, архив-сметководителот започнале да не го плаќаат, бил намален бројот на испраќаните гратис книги од списанието.[1070] Финансиските тешкотии на Илинденската Организација свој одраз имале врз добротворната дејност на организацијата. Посмртната каса која требало да помага во најтешките моменти на семејствата на илинденците се соочувала со уште поголеми проблеми од порано. Иако во 1935 г.

---

[1067] Исто., VII, септемврий-октомврий 1935, 9-10 (69-70), 17.

[1068] Исто., Декемврий 1936, 10 (80), 4.

[1069] Исто.

[1070] Исто., VII, септемврий-октомврий 1935, 9-10 (69-70), 17.

според расположливите податоци во посмртната каса членувале 422, биле редовни само 199, што не било случај со останатите 223 членови.[1071] Откако Раководното Тело раководено од чл. 26 од уставот и чл. 17 од правилникот за посмртаната каса ги исклучил нередовните, останале само 199 членови. Со оваа постапка посебно се заострило прашањето од каде да се позајмуваат во иднина средствата за исплаќање на посмртната помош во износ од 6. 000 лева за секој покојник. Тој проблем кој бил присутен од порано "до пред 1-2 год. остатокот на премијата од 4. и повеќе илјади лева се набавуваше од др. параграфи на буџетот и главно од илустрација Илинден и "подароци" во последните 2 години тој извор пресушил." Раководнотот Тело пројавувало и активност на посредување пред надлежните органи за подобрување на положбата на илинденците. Специјално назначена комисија на министрите од Владата ја предала резолуцијата на IX конгрес на Илинденската Организација , во која се барало членовите на организацијата да ги имаат истите привилегии кои ги користеле членови на останатите патриотски организации во Бугарија.[1072] На ова барање бил добиено само ветување дека тоа прашање ќе биде разгледувано во иднина. Сличен одговор добиле и на барањето упатеното до Министерството на просвета со кое барале децата на членовите да се ослободат од училишни и универзитетски такси, а крајно сиромашните да се примат во пансиони. [1073] Во 1938 г. продолжила спроведуваната и во 1937 г. акција за посредување да се отпушти место на Софиските гробишта за братска могила на покојните илинденци.[1074] По остварената средба со градоначалникот на општината, успеале да добијат ветување од

[1071] Исто., VII, септемврий-октомврий 1935, 9-10 (69-70), 17.

[1072] Исто., Декемврий 1936, 10 (80), 3.

[1073] Исто., 4.

[1074] Исто., XI, Януарий 1939, 1 (101), 8.

помошник градоначалникот дека тој лично ќе се застапува пред општинскиот совет да им се додели посоченото место. Паричната помош која се давала била многу помала од онаа што порано се давала на илинденците. Во 1936 г. биле дадени 4. 834 лева,[1075] во 1938 г. 10. 020 лева.[1076] За споредба средствата кои порано биле раздавани за истите цели, биле многу поголеми. Во 1934 г. била дадена помош во износ од 32. 434 лева на 390 лица.[1077]

Тешките години за Илинденската Организација се јавиле и на други полиња. Во 1935 г. за прв пат била оспорена улогата на чувар на револуционерните македонски традиции. Незадоволството произлегувало од начинот на кој се одбележувал Илинден. "Таа славна македонска дата до сега се потценуваше, се засенуваше. Се празнуваше од илинденци како патронен празник; се празнуваше одделно и од крушевци исто како таков. Но Илинден не е ниту само на илинденци, ниту само на крушевци, туку на сите Македонци."[1078] Кукушкото братство со преземањето на иницијативата за прогласување на Илинден за Ден на Македонија дал непосреден повод за оспорување на местото на Илинденската Организација во редовите на македонската емиграција. Со цел Илинден да се празнува како како "македонски национален празник" на 9 јуни 1935 г. во Крушевскиот дом во Софија била свикана специјална конференција на претставници на неколку македонски добротворни братства,[1079] на која била донесена одлука за формирање на иницијативен (Илинденски) комитет. Раководното Тело на Илинденската Организација иако било

[1075] Исто., Декемврий 1936, 10 (80), 7.

[1076] Исто., XI, Януарий 1939, 1 (101), 9.

[1077] Исто., VI, Октомврий 1934, 10 (60), 11.

[1078] *Македонски Вести*, I, 10. VII. 1935, 25, 7.

[1079] Исто., I, 12. VI. 1935, 21, 10.

покането да учествува на конференцијата, не присуствувало на истата.[1080] На две одржани средби со претставниците од Илинденскиот комитет челниците на Илинденсакта Организација се нашле во ситуација да објаснуваат дека нема потреба од постоење на комитет за отпразнување на Илинден, бидејќи организацијата на тој празник "по устав и традиција е право на Илинденската Организација."[1081] Овој став на раководството не бил променет ниту откако го сослушале размислувањето дека Илинден не било дело "единствено на живите и сега организирани илинденци", туку и на оној дел од македонскиот народ кој не зел учество во борбите за ослободување. Раководното Тело негативно одговорил и на писмото кое м го испратиле претставнивниците на Илинденскиот комитет во кое ги канеле да учествуват во органзиирањето на прославата на Илинден.[1082] Неприфаќањето на понудениот предлог од страна на Раководното Тело влиаjело илинденскиот комитет јавно да ја дискредитира Илинденската Организација. Обвинувањата искажани во изложението[1083] биле посебно тешки и се однесувале на тврдењето дека Раководното Тело работи против македонските интереси. "позициите на илинденското раководство се фракционерски и продуктивни од антимакедонски побуди." Ова свое тврдење го потврдувале со податокот дека "тие кои се спротиставуват под предлог на некакви причини од формална природа, се носители на туѓи немири." Изложението завршувало со повик сите членови на организацијата , како и сите Македонци, да пристапат кон Илинденскиот Комитет.[1084] Повикот да се напушти Илинденската Организација бил образложен со изнесената констатција дека "македонското единство е

---

[1080] Исто., I, 10. VII. 1935, 25, 6.

[1081] AM. M-4267.

[1082] Исто.

[1083] *Македонски Вести*, I, 20. VII. 1935, 26, 7.

[1084] Исто.

нереално под знамето на раководството на Илинденската организација, зошто тоа раководство е рожба на една епоха на терор и носи белег на една фракција, чија идеологија е откажана и од емиграцијата."

Само месец пред овој настан управата на Илинденската Организација исто така "се почувствува потценета"[1085] заради тоа што Кукушкото братство не ја поканила на прославата на годишнината од убиството на Г. Делчев (Гоцев ден). Претседателот на Кукушкото братство Никола Манолов од име на управата се извинил на страниците на "Македонски Вести",[1086] заради направениот пропуст. Иако како изговор била посочена брзината со која се подготвувало Гоцевото утро, податокот што Н. Манолов не заборавил да покани одделни стари илинденци, самиот по себе зборувал дека не било случајно тоа "заборавање." Потценувањето на Илинденската Организација сепак не доаѓало само што не бил испратен повикот, туку и од активноста на Кукушкото братство. Можеби уште поголем удар од непоканувањето, било што братството пред одбележувањето на годишнината на убиството на Г. Делчев во посебен апел до македонската емиграција во Бугарија[1087] објаснувал дека борбата водена од поробувачите на Македонија ја најавила потребата од повторно свртување кон делата на Г. Делчев. "Денес Гоце претставува знаме, околу кое се наредуват негеовите следбеници за изградување на единството на македонското движење за самостојната македонска борба; за борба против надворешното влијание. Денес условите ни налагаат повеќе од кога и да било да се сплотиме околу идеите и делата на Гоце Делчев, кои единствено правилно не водат кон слободата (...) Да се сплотиме под знамето на Гоце во името на

---

[1085] Исто., I, май 1935, 17, 4.

[1086] Исто, I, май 1935, 16, 9.

[1087] Исто., 4.

самостојната македонска борба, во името на слободата на Македонија, во името на благосостојбата на македонскиот народ." Потребата Кукушкото братство да повикува на враќање кон принципите и идеите на Гоце Делчев, како човек кој "го издигна лозунгот за чистата самостојна борба "[1088] бил голем удар за Илинденската Организација, бидејќи била обвинета за предавство на македонските идеали. Можноста да биде остварена една македонска кохезија и обединување на македонските организации била испуштена и јасно се покажала според начинот на кој се однесувала организацијата пред одржувањето на Илинден. Во време кога не биле изгубени сите надежи од постигнување на македонското обединување во списанието "Македонски Вести" бил отпечатен говорот на претседателот на илинденското друштво во Пловдив Кирјак Шкутов [1089] одржан на 2 декември 1934 г. на конференцијата во Пловдив. По се она што следело по одржувањето на Гоцевото утро иако од претседателот на илинденското друштво во Пловдив било побарано да ги испрати своите спомени во "Македонски вести", тие биле објавени неколку години подоцна во Илустрација Илинден.[1090] Обидот да се привлече Илинденската Организација испаднал неуспешен бидејќи за такво свртување немало расположение кај нејзината управа. Не поминало многу време и во МВ се излегло со една статија со која директно се оспорувала улогата на организацијата како репрезент на "големите илинденските маченици." На страниците на "Македонски Вести" било поставено прашањето дали "*беспогрешно и бескористно*"(курзив во оргин.-б.м.) се следи патот за ослободување на Македонија. "Да се запрашаме: го следат

---

[1088] Исто., I, май 1935, 16, 5.

[1089] Исто., I, 29. V. 1935, 19, 6-7.

[1090] Исто., 12. Спомените на Шкутров биле отпечатени неколку години подоцна во Илустрација Илинден. ( *Илюстрация..*,, XII, февруарий 1940, 2 (112), 8-10; 3 (113), 9-11; 4 (114), 8-11; 5 (115), 9-11; 6 (116), 11-12; 7 (117), 8-10.)

ли тој повик денешните официјални илинденци? Погледнете ја илустрација "Илинден" и видете: кого таа величи и кого исмејува?"[1091]

Посебно загрижувачко за Раководното Тело на Илинденската Организација било однесувањето на некои нејзини членови. Старите илинденци Анастас Лозанчев, Никола Петров Русенски, Михаил Чаков не само што учествувале на организираниот Гоцев ден, туку заедно со Атанас Мурџев, Божин Димитров, Никола Паунчев, Иконом Саев и Тома Крчов биле членови на почесното биро.[1092] М. Чаков поздравувајќи ги присутните "од името на онаа генерација, која ги постави основите на внатрешната македонска револуционерна организација" повторно пред нив ги обновил своите спомени за убиството и погребувањето на Г. Делчев. [1093] Некои од членовите на организацијата започнале да објавуваат и спомени во неофицијален орган на ВМРО (о.) "Македонски Вести". Посебна активност на тој план забележал Ал. Ефтимов, кој во тој весник ги објавил своите спомени од Илинденското востание,[1094] за начинот на кој била организирана ВМРО во Битолскиот вилает,[1095] за времето на Младотурската револуција.[1096] Бившиот организатор и војвода на II револуционерен област Никола Петров исто така ги објавил своите

---

[1091] *Македонски Вести*, I, 12. VI. 1935, 21, 9.

[1092] Исто., I, май 1935, 16, 4.

[1093] Исто., 6.

[1094] Исто., I, февруариий 1935, 4, 6-7. Истиот имал објавено дел од спомените за револуционерните борби во Преспанско за време на Илинденското востание во Илустрација Илинден. ( *Илюстрация...*, VIII, Октомврий 1936, 8 (78), 26.)

[1095] *Македонски Вести*, I, 10. VII. 1935, 25, 3-5.; Исто., I, 20. VII. 1935, 26, 3-5.

[1096] Исто., II, 4. III. 1936, 46, 3-4.

спомени во "Македонски Вести",[1097] иако пред и после тоа објавувал дел од нив и во Илустрација Илинден.[1098]

По извршувањето на државниот преврат во 1934 г. годишнините од Илинденското востание и натаму продолжиле да се одбележуваат на ист начин. Илинденската Организација во 1934 г. и покрај тоа што сите манифестации и утра биле забранети сепак успеала да добие дозвола софиското друштво да приреде утро на кој за знажењето на Илинден зборувал Хр. Силјанов.[1099] Самото одбележување на годишнината на Илинденското востание во Софија и внатрешноста било "многу скромно."[1100] На ист начин Илинден бил одбележан во 1935 г.[1101], во 1937 г.[1102], и во 1938 г.[1103]. Единствено во 1936 г. било дозволено да биде одржано предилинденско утро,[19] кое во присуство на претставници од сите патриотски организации и "многу видни наши општественици" било отворено од претседателот на Илинденската Организација Дим. П. Пандов.[1104]

Промена на начинот на одбележување на годишнината на Илинденското востание настапила во 1939 г. Се понагласено започнало да се зборува дека Илинденското востание бил посебно значаен настан од бугарската национална историја.[1105] Иако во Софија и оваа прослава на

---

[1097] Исто., I, 18. IX. 1935, 33, 5.; Исто., I, 25. IX. 1935, 5.; Исто., I, 2. X. 1935, 35, 5.; 16. X. 1935, 36, 5.; 23. X. 1935, 37, 3.

[1098] *Илюстрация...*, 3, април 1930, 5, 20.

[1099] Исто., VI, Октомврий 1934, 10 (60), 9.

[1100] Исто., 10.

[1101] Исто., VII, май-юний 1935, 7-8 (67-68), 24.

[1102] Исто., IX, августъ 1937, 7 (87), 5.

[1103] Исто., XI, Януарий 1939, 1(101), 10.

[19] Исто., VIII, Септемврий 1936, 7 (77), 10.

[1104] Исто, 11.

[1105] Исто., XI, септемврий 1939, 7 (107), 1.

Илинден била одбележана "скромно".[1106] (со панахида и молебен), во Варна таа била најсвечано отпразнувана.[1107] На Илинден во тој град заедно со претставниците на сите патриотски организации, женски и младински здруженија, братства, биле присутни и официјални лица (градоначалникот на градот, училишниот инспектор, варненскиот народен претставник). [1108] Претседателот на друштвото "Илинден" Хр. Настев по повод празникот бил поздравен од градоначалникот. Со овие постапки на Илинден започнало да му се придава обележје на државен бугарски празник. Во наредните години тоа станало вообичаена појава. Причината за ваквата промена кон односот на прославите на Илинден лежела во политичката ситуација во Европа. Можноста Бугарија да ги реализира своите територијални претензии, во кои Македонија заземала главно место, станала подостапна по склучувањето на Минхенскиот договор. Во настојување да го убеди светското јавно мислење дека бугарските претензии кон Македонија се праведни и оправдани посебна важна улога била дадена на Илинденската Организација. Оваа организација веќе одамна била спремна да ја одигра таа улога.

---

[1106] Исто., XII, януарий 1940, 1 (111), 4.

[1107] Исто., XI, септемврий 1939, 7 (107), 3.

[1108] Исто.

# ЗАКЛУЧОК

Меѓу многуте македонски легални организации кои биле формирани во Бугарија по завршувањето на Првата светска војна посебно место завзема Илинденската Организација. Како организација составена од културно-просветни и добротворни друштва во кои членувале некогашни учесници во македонското револуционерно ослободително движење, нејзина примарна задача била подобрување на материјалната положба на своите членови. Според Уставот друштвата "Илинден" имале задача да ги заштитуваат правата и интересите на своето членство, парично да ги помагаат своите материјално најзагрозени членови, да организираат свечен погреб и да го чуваат споменот на починатите илинденци. Посебно важно место во работата на Илинденската Организација била активноста за зачувување на револуционерните традиции на Илинденското востание. Активно вклучувајќи се во организирањето на манифестациите по повод годишнините на Илинденското востание, Илинденската Органзиција станала македонска асоцијација која најмногу придонела за афирмирање на илинденските револуционерни традиции. Како иницијатор и организатор на одбележувањата на значајни настани од македонската историја и личности од револуционерните борби за ослободување на Македонија, Илинденската Организација посебно придонела да не се прекине духовната врска на македонскиот народ со Илинден.

Согласно со целите и задачите кои биле поставени пред друштата "Илинден", Илинденската Организација од почетокот на своето формирање настапила како организација која ќе стои настрана од политичките борби на македонската емиграција во Бугарија.

Придржувајќи се на оваа определба, Илинденската Организација дозволувала нејзините членови да членуваат во останатите македонски емигрантски легални организации, без притоа да можат да ги наложуваат нивните ставови по било кои прашања во илинденските друштва. Настаните покажале колку оваа замисла тешко се спроведувала во реалност. Отпочнувањето на меѓусебната борба на илегалните федеративни чети со четите на ВМРО се поклопило со времето кога Илинденската Организација започнала да ги прави првите чекори во своето политичко активирање. Отворено заземајќи ја страната на ВМРО во борбата која таа ја отпочнала против илегалните федеративни чети, Илинденската Организација ги подржувала акциите на автономистичките чети во Вардарска Македонија. Заради цврстата убеденост во неопходноста ВМРО да воспостави целосна контрола во Пиринска Македонија, членовите на Илинденската Организација акциите преземни од четите на ВМРо за завземање на градовите Неврокоп и Ќустендил (октомври и декември 1922 година) ги прифатиле како нормална реакција предизвикана од однесувањето на административната власт и федеративните чети во пиринскиот дел на Македонија. Потпишувањето на Нишкиот договор во март 1923 година од страна на владите на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и Бугарија со кој се регулирале границите меѓу двете соседни држави било непријателски дочекано од Илиндеската Организација. Од летото 1922 година кога Раководното Тело на организацијата се обратило до бугарскиот премиер Александар Стамболиски со барање бугарската влада и бугарските политички партии да престанат да се мешат во работата на македонската емиграција во Бугарија, Илинденската Организација започнала вистинска печатна кампања против владата. Претварајќи се во најголем критичар на земјоделската влада оваа организација на страниците

на својот орган весникот "Илинден" отворено започнала да ја напаѓа владината подршка на федеративните чети.

И покрај оваа силна подршка на ВМРО и нејзиниот неофицијален водач Тодор Александров илинденците ги осудиле убиствата на Ѓорче Петров и министерот за одбрана Александар Димитров, извршени по наредба на ВМРО. Обидите на членовите на организацијата да придонесат во помирување на спротиставените струи во македонското ослободително движење биле непријателски пречекани од раководството на ВМРО. Овие податоци зборуваат дека не ја подржувале во се ВМРО. По насилното соборување на земјоделската влада на Александар Стамболиски извршено со 9 јунскиот преврат во 1923 година настапила нова ера во меѓусебните односи на ВМРО и Илинденската Организација. Блиските контакти кои Тодор Александров ги остварил со извршителите на државниот преврат и делумното учество на неговата организација во акцијата за соборување на легитимно избраната бугарска влада, го поставиле во посебен однос со новата влада на чие чело бил Александар Цанков. Незадоволството во редовите на Илинденската Организација од однесувањето на Тодор Александров отворено започнало да се искажува во весникот "Илинден." Учеството на ВМРО во задушувањето на септемврискиот востание во 1923 година, со што јавно било прекршен основниот принцип на македонското ослободително движење-самостојноста, посредно предизвикало илинденците оваа органзиација да ја обвинат дека оди кон наемништво. Пред одржувањето на парламентарните избори во ноември 1923 година уште повеќе се заостриле меѓусебните односи на овие две организации. Од критика не била поштедена ниту новата влада на Александар Цанков, а како одговор на оваа нејзина активност бугарската влада (исто како и владата на Александар Стамболиски) спровела затварања на членови на

организацијата, го конфискувала и го забранувала за печатење нејзиниот печатен орган. Санкциите кон илинденците не влијаеле оваа организација да го прекине своето смело дејствување. Напротив храброто истапување пред владата на Александар Цанков и отвореното спротиставување на Нациналиот Комитет на македонските братства и на извесни членови на ВМРО во еден кус временски период ја довеле во центарот на политичките борби во редовите на македонското ослободително движење. Со постапката на испраќање на Меморандум до претседателот на Министерскиот Совет на Бугарија (април, 1924 година) управното тело на Илинденската Организација побарала бугарската влада да престане да се меша во политичкиот живот на македонската емиграција и истата да не ја користи за остварување на државните цели на Бугарија. Укажувајќи дека сите дејствувања на бугарските влади биле насочени против самостојноста на македонското прашање и против самостојното движење на македонската емиграција било побарано да не се преземаат репресивни мерки против Илинденската Организација. Објаснувајќи дека македонската емиграција во Бугарија, Романија, Турција и Америка била носителка на сопствениот политички идеал, било побарано да не бидат третирани како дел од бугарската држава, туку како "независен политички елемент." Во име на таа независнот било во Меморандумот било укажано дека Македонците треба да поседуваат исти права какви што имале сите гости во Бугарија: Турци, Ерменци, Руси, Грци и други. Ова истапување во бугарската општестевна јавност било примено како предизвикувачка постапка против Бугарија. Заради силно изразениот лозунг на независна Македонија, членовите на Илиденската Организација биле обвинети за "национален сепаратизам." Обидот да се дисциплинира организацијата на македонските ветерани кој бил направен на нејзиниот конгрес во Пловдив од страна на ВМРО бил неуспешен. Нејзиното ново

Раководно Тело целосно го подржал Меморандумот испратен до бугарскиот премиер Александар Цанков. Единствениот начин оваа организација да се потчини на интересите на ВМРО бил со примена на сила.

Убиството на водачот на ВМРО Тодор Александров, извршено на 31 август 1924 година, послужило како поволна можност да се преземе раководството на Илинденската Организација. Наводната никогаш не докажана поврзаност на нејзините раководители со заговорот и убиството на Тодор Александров бил главниот изговор заради кој во Горна Џумаја во септември 1924 година било убиено и пасивизирано раководството на Илиденската Организација. Начинот на кој било преземена управата во месните илинденски друштва во внатершноста на Бугарија повторно бил насилен. Сите лица кои на го прифатиле новото Раководно Тело на Организацијата биле отстранети од друштвата "Илинден." На тој начин бројот на илинденските друштва постојано започнал да се намалува, исто како и бројот на членовите на организацијата. Наполно обезличена Илинденската организација била претворена во инструмент на ВМРО на чие чело застанал Иван Михајлов. Организацијата на остарените илинденци станала инструмент за манипулација со историските стремежи на македонскиот народ.

## ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

I. Необјавени извори

**Архив на Македонија**

фонд: 1042; ф. 976; 1002; 471; 1037.

Микрофилмови: 4327; 4252; 4253; 4254; 4255; 4264; 4265; 4268; 4294; 4267; 4250; 4251; 4257; 4258; 4259; 4261; 4263; 4294; 4273.

**Архив на Институтот за национална историја**

ф. Кралско посланство во Лондон

ф. Централно Пресбиро

Гермов, Крсто-Шакир, Спомени, Скопје, 1967.

Ефтимов, П. Димитър, Борбите на прогресивната македонска емиграция в България. Книга Първа, Варна, 1935.

Киров, Никола-Майски, В строя за Македония.-Исторически факти, бележки и документи, кн. I, София, 1957.

Кои сѫ самозванцитѣ? Едно обяснение на Исполнителния комитетъ на македонските братства, София, 20. V 1919.

**Архив на Македонската академија на науките и уметностите**

ф. Арсени Јовков.

ф. Никола Киров-Мајски

**Централен државен историски архив, Софија**

ф. 403; 1933; 1075; 396; 1932; 151.

II. Објавени извори

*Айелъ къмъ македонското населенние и къмъ емиграцията в България*, прилог кон брошурата "Назадъ къмъ автономията", 1919.

*Долкадъ на Карнегиевата комисия по войнитѣ прѣзъ 1912 и 1913 година,* Авторизиранъ прѣводъ отъ френското издание, София, 1914.
Veritas, *Македония под иго 1919-1929. Документи и свидетелства,* София, 1931.
Изменниците на македонското дело, Прага, 1926.
Попов, Георги, *Към въпроса за бежанците в Бургаски окръг през 1920-1923 г.*, Известия на държавните архиви, София, 1971, 21.
Жила, Л. И., В. Т. Поповский, *Македонский вопрос в документах Коминтерна,* Скопје, 1999, том I, Часть 1: 1923-1925.
Поповски, Владо, Ленина, Жила, *Македонското прашање во документите на Коминетрна*, том I, Дел 2: 1923-1925. Скопје, 1999.
*Чехословашки извори за българската история*, I, София, 1985.

Литература

Аврамовски, Живко, *Некои аспекти на македонското прашање во односите на Југославија со Грција и Бугарија од 1918 година до 1925 година,* ГИНИ, XVI, Скопје, 1972, 1.
Битоски, Крсте, *За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година)*, ГИНИ, VI, Скопје, 1962, 1-2.
*Бѣжанскиятъ въпросъ въ България*, София, 1925.
*Бежанския въпросъ въ Народното Събрание.* Речь отъ народния представителъ Д. х. Димовъ произнесена на 3 юли 1924 г. София. (s.a ).
*Бѣжанцитѣ и условията на труда въ България*, София, s.a.
Василев, Васил, *Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения,* София, 1991.
Василев, Васил, *Последният опит за споразумение между БЗНС и ВМРО,* МП, XIV, 1991, 3.
Влахов, Димитар, *Мемоари*, Скопје, 1970.

Георговъ, Ив., *Днешното положение въ Македония подъ сръбска и гръцка властъ и Обществото на народитѣ,* София, 1925.

Димитров, Георги, *Бежанският проблем при управлението на БЗНС (1920-1923г.)* ИП, 1979, 1.

Димитров, Георги, *Настаняване и оземляване на българските бежанци (1919-1939),* Благоевград, 1985.

*История на България*, том трети, София, 1964.

*Икономикатата на България до социалистическата революция*, София, 1969.

Јелавич, Барбара, *Историја на Балканот. Дваесетти век,* том II, Скопје, 1999.

Картов, Владимир, *Неколку документи за отпорот на Македонците против политиката на "доброволно" иселување на населението помеѓу Грција и Бугарија во 1920-1922 год.*, Историја, XXI, Скопје, 1985, 1.

Катарџиев, Иван, *Борба до победа*, II, Скопје, 1983.

Катарџиев, Иван, *Македонија спроти Втората светска војна*, Скопје, 1999.

Катарџиев, Иван, *ВМРО и македонското ослободително движење од крајот на Првата светска војна до распаѓањето на монизмот (1919-1990)*, Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, Скопје, 1994. Киселиновски, Стојан, *Грчката колонизација во Егејска Македонија (1913-1940,* Скопје, 1981.

Коларов, Васил, *Спомени*, София, 1968.

Косатев, Тодор, *Аграрната политика на българските правителства по бежанския въпрос в периода 1919-1932 г.*, Изследвания по българска история, т. V,

Мартулков, Алексо, *Моето учество во револуционерните борби на Македонија*, Скопје, 1954.

Милетичъ, Л., *Гръцкитѣ жестокости въ Македония прѣзъ гръцко-българската война,* София, 1913.

Миљковиќ, Ѓорѓе, *Илинденските револуционерни знамиња*, ГИНИ, Скопје, 1993, 37, 1-2.

Миновски, Михајло, *Дејноста на Димитар Влахов за воспоставување надворешни врски на македонското национално ослободително движење (1924-1034),* Историја, Скопје, 1992, год. 90-91, XXVI-XXVII, 1-4.

Михайловъ, Иванъ, *Спомени II Освободителна борба 1919-1924 г.*, 1965.

Мокров, Боро, *Арсени Јовков, журналистика*, Скопје, 1988.

*Национално-револуционерните борби на македонскиот народ 1876-1912,* Публикација со текст, фотографии и документи, Скопје, 1968.

*Отчетъ за дѣйностьта на Националния Комитетъ прѣдъ годишния редовенъ конгресъ на Македонскитѣ Благотворителни Братства, свиканъ въ София на 31.I., 1 и 2. II. 1926 год.,* (s.a.) , 12.

Палешутски, Костадин, *Илинденската организация (1921-1924 г.),* Известия на института по история на БКП, София, 1988.

Палешутски, Костадин, *Македонското освободително движение след Първата световна война(1918-1924)*, София, 1993.

Петреска-Пачемска, Даринка, *Македонската федеративна група во Виена и весникот "Македонско сознание" во периодот 1923-1925 година,* ГИНИ, XXXI/2, Скопје, 1987.

Петрова, Димитрина, *Самостоятелното управление на БЗНС 1920-1923 година.* София, 1988.

*Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение,* Май, 1923.

Ристовски, Блаже, *Процеси од македонската литературна и национална историја,* III, Скопје, 1990.

*Сборникъ на българската академия на наукитѣ,* книга XXIV, клонъ историско-филологиченъ и философско-общественъ, София, 1931.

*Селско-стопанско настаняване на бѣжанцитѣ 1927-1932.* София, 1932.

Симовски, Тодор, *Атлас на населените места во Егејска Македонија*, Скопје, 1997.

Стамболийски, Александър, *Избрани произведения*, София, 1980.

Тодоровски, Зоран, *Дејноста на Илинденската организација за зачувување на самостојноста на македонското национално ослободително движење*, Прилози за Илинден, VII, Крушево, 1993.

Тодоровски, Зоран, *ВМРО 1924-1934*, Скопје, 1997.

Todorović, Desanka, *Jugoslavija i Balkanske države 1918-1923,* Beograd, 1979.

Troebst, Stefan, *Фашистичка Италија и ВМРО (1922-1925 г.)*, Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание, Скопје, 1994.

Цветковска, Надежда, *Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година*, Скопје, 1990.

Хаџиниколов, В. и др., *Нова и най-нова стопанска история,* София, 1966.

Хисарлъшка-Танова, Спаасина, Стоян Н. Танов, *Изселвания и бежанци от Пиринския край след Кресненско-Разложкото въстание*, Исторически Преглед (ИП), 1980, 4.

Христов, Христо, *България и Парижката конференция за мир през 1919 година,* Военноисторически сборник (ВИС), 1980, 1.

Христов, Христо, *България, Балканите и мирът 1919*, София, 1984.

**Весници**

*Автономна Македония*

*Бюлетинъ*

*Денъ*

*Епоха*

*Илиндень*

*Македония*

*Пиринь*

*20 Юли*

*Миръ*

*Народность*

*Независима Македония*

*Освобождение*

*Работнически вестник*

*Политика*

*Време*

СОДРЖИНА

ВОВЕД........................................................................................................1

ГЛАВА I

ПОЛОЖБАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ БЕГАЛСКИ И ЕМИГРАНТСКИ МАСИ ВО БУГАРИЈА ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА........................................................................................................3

ГЛАВА II

ФОРМИРАЊЕ И РАЗВИТОК НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

II. 1. Активност на Привремената комисија по организирање на бившите македонско-одрински революционери во друштво "Илинден"..................23

II. 2. Проширување на друштвата "Илинден" во внатрешноста на Бугарија........................................................................................................ 29

II.3. Цели и задачи на Илинденската Организација..................................35

ГЛАВА III

АКТИВНОСТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1921-1924 ГОДИНА

III. 1. Односот на Илинденскта Организација кон владата на Александар Стамболиски........................................................................................54

III. 2. 1. Превратот од 9 јуни 1923 година и Илинденската Организација ........................................................................................82

III. 2. 2. Илинденската Организација за време на владата на Александар Цанков........................................................................................................92

III. 3. Односот на Илинденската Организација кон другите македонски организации........................................................................................106

III. 3. 1. Односот на Илинденската Организација кон Македонската Емигрантска Федеративна Организација ...............................................110

III. 3. 2. Односот на Илинденската Организација кон Македонската Емигрантската Група при БЗНС...........................................................119

III. 3. 3. Односот на Илинденската Организација кон Емигрантскиот Комунистички Сојуз........................................................................124

III. 3. 4. Односот на Илинденската Организација кон Исполнителниот Комитет и Националниот Комитет на македонските братства........................................................................................124
III. 3. 4. ИлинденскатаОрганизација и ВМРО..........................................145
III. 4. Илинденската Организација и Горноџумајските настани од 1924 година........................................................................................................162
ГЛАВА IV
АКТИВНОСТ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1924-1934 ГОДИНА
IV. 1. Состојбата во Илинденската Организација по Горноџумајските настани...............................................................................................180
IV. 2. Односите на Илинденската Организација со другите македонски организации.......................................................................................193
IV. 3. Културно-просветна и добротворна активност на Илинденската Организација ..........................................................................208
ГЛАВА V
ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ ПО 1934 ГОДИНА
V. 1. Превратот во Бугарија од 19 мај 1934 г. и неговиот одраз врз македонското ослободително движење......................................................221
V. 2. Дејноста на Илинденската Организација до почетокот на Втората светска војна................................................................................................226
ЗАКЛУЧОК...................................................................................................239